# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
од Третото продолжение на 45-тата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 12.12.2003 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1 со почеток во 13,10 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжуваме со работа, до пауза по 45-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратенците Иљаз Халили, Трифун Костовски, Јани Макрадули, Елеонора Петрова - Митевска, Славица Грковска, Игор Ивановски, Сашко Дохчев, Ангел Димитров, Ангелка Пеева - Лауренчиќ, Андреј Жерновски, Ванчо Георгиев, Али Ахмети, Абдулаќим Адеми, Назми Беќири, Слободан Даневски, Ванчо Стаменков, Ристо Пеовски, Петар Наумовски, Љубчо Георгиевски, Љубе Бошковски, Никола Груевски, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата, иако некој видов дека се дојдени.

Пред да продолжиме со претресот, јас на крајот од вчерашното продолжение ги замолив пратеничките групи да донесат став во врска со предлогот кој сега ќе го формулирам.

Предлагам да се работи и по 18,00 часот до исцрпување на дневниот ред. Од кои причини?

На дневниот ред воглавно освен Законот за основање на третиот државен универзитет се Предлог закони, другите се одлуки за избори и именувања кои се усогласени по самите комисии.

Мора да ја завршиме оваа седница поради тоа што треба да се остави простор да работат комисиите за седница која денеска ја закажав за 26 декември кога ќе се работи на Буџетот и на законите од децентрализацијата.

Предлогот кој го формулирав на овој начин. . .

Процедурално г-динот Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе, сметам дека не треба да продолжуваме по 18,00 часот, бидејќи сметам дека не е толку итно донесувањето на овој закон, треба да ни се овозможи да работиме во нормално време иако во некои дискусии со вас, не е ова злоупотреба, но рековте дека ќе се работи до 24,00 и после тоа, сметам дека после тоа било што да се понуди може да се изгласа бидејќи луѓето физички нема да бидат присутни да бидат способни рационално да размислуваат и затоа ние бараме оваа седница да си трае онака како што е предвидено до 18,00 часот иако вие како мнозинство имате право, имате можност, можете доа да го донесете, меѓутоа, ние како ВМРО-ДПМНЕ изразуваме несогласување со тоа и бараме да ни излезете во пресрет.

Благодрам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Предлогот што јас го формулирав и го предложив, го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 66 од кои 45 гласале за, 4 воздржани, 17 против.

Со тоа заклучувам дека предлогот е усвоен.

Од редоследот кој остана од вчера следниот дискутант е господинот Невзат Бејта а нека се подготви пратеникот Слободан Чашуле.

(Реакција од страна на пратеникот Ана Андова, бара реплика.)

Ќе се обидам технички тој проблем да го решам, репликите да бидат посебно регистрирани.

Пратеничката Ана Андова има реплика.

На кого?

Значи на колегата Тасев.

Имате три минути.

АНА АНДОВА:

Благодарам господине пртседателе,

Почитуван колега Тасев, го почитувам демократското право на секој пратеник да зборува за секоја тема вклучително и вашето и моето, се разбира.

Ги искажавте вашите видувања по точката за која расправаме и немам намера истите да ги коментирам. Пристојно опозиционо ги обоивте како што е редот, тоа е ваше право, се разбира. Меѓутоа, вие зборувавте за принципи, за вредности, за еваулација на некои други искажани во однос на темата образование и тогаш, барем елементарно, треба да имате и свои лични за повреди, диверзии, фактори на изненадување, тоа се ваши зборови, вие ги употребивте, не се мои, а се во контекст на образованието, вие имавте, не многу одамна јавна презентација и демонстрација на истите во пракса.

Ако бев на местото на вашиот координатор, се разбира немам претензии, извинете г-дине Трајановски, би ви сугерирала на кои теми да не зборувате.

Сега ќе престанам со асистенција затоа што не ви е потребна, вие многу често постигнувате автогол, целите честопати на спротивните стативи. Бидејќи, покрај се другото сте и по фудбалот, ме разбравте, се надевам.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За контра реплика се јавува Орданчо Тасев.

ОРДАНЧО ТАСЕВ:

Многу рече, малку разбравме, меѓутоа до колку пратеничката Андова алудираше на состојбите, односно на настаните во Неготино, повторно да и кажам дека тоа што го тврди дека таму се правени диверзии, исто е како јас да тврдам кога таа си оди од овдека од Собрание во Кавадарци, после 10,00 часот оди во хотел Балкан и чека ноќни пријатели.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се јавува пратеникот Коце Трајановски процедурално.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Господине претседателе, немав намера да се јавам меѓутоа расправата тргна во еден непожелен тек. Би сакал да кажам дека вие направивте еден престап во смисла на тоА што не принципиелно беше што дадовте реплика вчера, бидејки имавме ние во текот на вчерашниот и завчерашниот ден после паузата не дозволивте реплика на тие дискутанти што беа пред паузата дискутанти. Затоа сметам дека не требаше да дадете реплика, со оглед на тоа што последниот дискутант беши и министерот.

ЉУПО ЈОРДАНОВСКИ:

За да ги стишиме малку страстите, јас сега ќе дадам реплика и на министерот, затоа што министерот одговори на одредени прашања и јас сега само на министерот давам реплика. На никој друг.

Каде е процедурата прекршена.

Процедурално се јавува г-динот Зоран Томиќ.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Процедурата не е прекршена, меѓутоа, дигнитетот на Собранието сериозно е доведено во прашање.

Господине претседателе, ние као пратеничка група се оградуваме од последната реплика. Мислам дека е надмината секоја можна граница на толеранција и е повредено правото на секој од нас овдека.

Поради тоа , бараме јавно извинвуање од колегата Тасев.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господинот Блаже Стојановски има реплика на министерот од три минути.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе, со оглед на тоа што министерот беше последен дискутант во вчерашниот ден и дискутираше до 18,00 часот, фактички ние немавме можност да дадеме реплика на неговата дискусија и од тие причини се пријавив за денешниот ден за реплика на таа дискусија.

Би сакал да му искажам неколку факти на министерот, кој што и тој самиот ги потврди во неговата дискусија.

Прво, факт е дека министерот кажа дека се предвидени 2 милиони евра за реализирање на малоречанскиот универзитет. Исто така, со ништо не демантира дека за Штуловиот универзитет се инвестирани досега 60 милиони евра. Значи нема никаква смисла да се основа нов универзитет, со средства од 2 милиони евра, во ситуација кога имаме оснвоано универзитет во кој што досега се вложени 60 милиона евра. Особено, ако се има предвид тоа дека стандардот на студентите, односно стандардот кој што го има во макеоднскит еуниверзитети во Битола, во Скопје, навистина не може да се спореди со потребите кои што ги имаат студентите за нормално студирање.

Од друга страна, единствено со овој Предлог закон за основање на тетовски универзитет, кој што е само на 2 километри од постојниот Штулов универзитет, единствено што се прави се прави да се покачи рејтингот на ДУИ, кој што е драстично опаднат, затоа што кога не се обезбедени финансиски средства, ког ане постојат минимални стандарди за студирање на овој универзитет во оснвоање, апсолутно со ништо не може да стане збор за решавање на правото за високо образование на албанците на мајчин јазик, туку напротив, се девалвираат тие потреби на албанците за високо образование, а истовремено се политизира дополнително ова прашање и единствено се предизвикува штета на стандардот на постојните унвиерзитети. Значи, нема проект нема обезбедени средства, нема утврдени образовни стандарди. На овој начин не се основа универзитет, туку единствено се задоволуваат политичките потреби на СДСМ и ДУИ.

Благодарам.

За реплика се јавува госпоѓа Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Јас би сакала само да му укажам на министерот Положани врз основа на тоа што тој го кажа вчера  дека во претходната Влада на ВМРО-ДПМНЕ имало генерална согласност од Министерството за финансии за оснвоање на Универзитетот во Штип. Меѓутоа, сигурно тогашната Влада утврдила дека бројот на универзитетите со Штипскиот доколклу биде основан би бил 4, покрај Скопје, Битола, Штуловиот универзитет и

Штипскиот универзитет. И Владата утврдила дека бројот на кадрите и квалитетот на бројот на кадрите кои ќе излезат од сите тие ќе бидат всушност, квантитативен број, кој за Република Македонија  претставува преголем број на студенти и она што тие ќе го научат на овие 4 факултети, сигурно дека со оглед на економијата која постои во  Република Македонија  нема да можат практично да го применуваат. Значи претходната Влада утврдила дека имаме само квалитативно зголемвување на бројот на студентите, а по однос на практичната примена и каде тие луѓе високо образовани кадри ќе бидат присутни и дали ќе можат практично да го применат она што го научиле на факултетите, сигурно било причина да не се продолжи со овој концепт за признавање на Штипскиот универзитет.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Процедурално се јавува госпоѓата Теута Арифи.

ТЕУТА АРИФИ:

Почитуван претседателе, мислам дека и верував кога се кандидатирав како жена на овој Парламент дека ова е местото каде се чува дигнитетот, односно личниот дигнитет на луѓето кои зад себе имаат мандат да ги претстават граѓаните.

Мислам дека не е праведно и не е дозволиво навредата на личниот дигнитет на ниеден на овој Парламент од нашите колеги, а уште помалку на жените чиј процент со наши големи напори сме го постигнале и присуството на жените на овој Парламент го покажува нивото на оваа држава и на нашето ниво независоно од етничка припадност.

Тргнувајќи од ова што се случи пред малку, што не му служи на чест на овој Парламент на сите нас , барам 15 минути пауза, сите малку да изнајдеме начин, како да излеземе од ова и како да го вратиме начиот човечки дигнитет и парламентарен.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Објавувам пауза до 15,00 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,05 часот)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Почитувани пратеници, пред да започнеме со претресот, би сакал да го кажам следново:

Овој Парламент и сите ние парламентарци, како највисок законодавен дом сме почестени да ги претставуваме граѓаните на РМ. Затоа таа привилегија треба чесно, одговорно и со дигнитет да ја извршуваме. Заради тоа во иднина нема да толерирам никакви непромислени и навредливи испади  или обраќања упатени кон поединецот, групата или колективитет по било која основа. Ценам дека со зашита на дигинтетот на Собранието на РМ се штити и дигнитетот на секој граѓанин на нашата држава.

Тоа беше мојата, можете да ја сватите како изјава, по повод оној немил инцидент што се случи претходно и поради што се побара и пауза.

Процедурално за збор се јавува господинот Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Сакам од името на пратеничката група да зе извинам на колешката Ана Андова и воедно би сугерирал понатака, да се внимава и при нашите дискусии и при нашите реплики, бидејќи нон стоп тука се обвинуваме за криминал и слично. Господинот Орданчо Тасев е на судски процес и сигурно тоа влијаело за неговата реплика. Меѓутоа, јас, еве се извинувам јавно.

Меѓу другото, исто така да кажам пред неколку дена колегата пратеник Тасим Сулејмановски искажа една толку вулгарна работа на наша колешка  кога дискутираше, и тоа на глас се искажа, што јас и реагирав процедурално, меѓутоа никој не најде за  сходно да го повика и да му укаже и тој да се извини. Меѓутоа ние како пратеничка група го кажавме ова.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Процедурално за збор се јави госпоѓа Цветанка Иванова.

ЦВЕТАНКА ИВАНОВСКА:

Почитувн претседателе, почитувани пратеници,

Јас денес сум трогната од настанот што се случи, сигурно во негативна смисла затоа што мислев дека овој дом треба да има високо ниво, голем рејтинг и едно високо ниво на комуникација, барем меѓу нас пратениците.

Јас навистина не бев во можност да ја слушнам репликата на колегата и и се извинувам на колешката и на сите жени во овој Парламент, што навремено не реагирав. Меѓутоа, никогаш не е касно да се искаже ставот.

Парламентот, навистина е место каде што ние неможеме на пратениците да им забраниме, и според Уставот го имаат правото да дискутираат и да го изнесуваат своето мислење и став. Меѓутоа сметам дека на едно вакво ниско ниво не смееме да комуницираме.

Ние жените од СДСМ и од ЛДП, сигурна сум дека ќе ни се приклучат и сите жени парламентарки, во иднина нема да толерираме ваков однос.

Во знак на протест, во иднина, секој колега пратеник, без разлика на која политичка партија и припаѓа, доколку навредливо се произнесе по однос на личноста на жена, без разлика на која жена пратеник станува збор, од која политичка опција, ние жените од Коалцијата "За Македонија заедно", во знак на протест ќе ги напуштаме седниците и до крајот на мандатот, на сите колеги пратеници кои така ќе се произнесуваат за жените, нема да присуствуваме на нивните дискусии до крајот на мандатот ќе ги напуштаме пленарните седници и до крајот на мандатот нема да се обраќаме со почитуван колега, затоа што сметам, доколку така настапува, и не го заслужува тој епитет. Се надевам дека кон овој мој апел ќе се придружат сите жени, пратенички без разлика од која политичка провиниенција е. Еднаш засекогаш веќе треба да градиме ниво на комуникација, ниво на однесување и да изградиме достоен дом, како што прилега на нашата држава, затоа што народот нас не прати тука за тоа.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓа Ганка Самоилова-Цветановска.

ГАНКА САМОИЛОВА-ЦВЕТАНОВСКА:

Почитувани колеги, во целост се согласувам со дискусијата на колешката од СДСМ и мислам дека со извинувањето на координаторот на пратеничката група на ВМРО-

ДПМНЕ, ставот во однос на она што пред малку се случи во ова собраниска сала, очигледно е многу јасен и дециден. Но, во однос на дискусијата на мојата почитувана колешка, пред малку, се надевам дека таков принципиелен однос, кога е во прашање личната навреда упатена до било кој пратеник кога е доведен во прашање неговиот интегритет и дигнитет, кога е доведна во прашање навредата на неговото семејство или било кој други лични релации, мислам дека треба да имаме принципиелен однос и не треба да се делиме само на пратеници жени и мажи, туку треба таков однос да имаме кон секој пратеник  во овој законодавен дом, со една единствена цел, да го зачуваме дигнитетот, како на Собранието на РМ, така и на секој пратеник во ова Собрание кој го добил мандатот од граѓанинот на РМ.

Уште еднаш кажувам дека ставот на Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ е исклучително јасен во однос на тоа што предмалку се случи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Процедурално за збор се јавува господинот Кирил Дојчиновски.

КИРО ДОЈЧИНОВСКИ:

Со целата поддршка на се ова што досега го слушнавме како предлог, јас сакам да дадам една конкретна сугестија што може, на некој начин да го претвори во живо тоа што сега го кажав.

Ние не сме овде дојдени да напуштаме седници, заради некои непромислени гестови.  Тоа е наше работно место. Од тие причини не сакам нашите колешки и ние во иднина да ја напуштаме седницата, бидејќи не сме за тоа тука. Ова беше страшно голема работа што не сакаше да ја прифати колегата, да се извини, и можеби немаше да дојде до напуштање. Но тоа не се случи, во иднина предлагам да го воведеме институтот суспензија на пратеникот што направи такви гафови и на неколку седници да биде отстранет од Парламентот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тоа предложете го, за измена на Деловникот. Сега не може.

Процедурално за збор се јавува господинот Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Господине претседателе, јас ќе се обратам лично до вас, затоа што репликата која беше упатена, воопшто не беше за она што треба да се направи реплика. Значи да се дискутира за дискусијата на колегата што ги искажа своите факти и аргументи. Тука во таа дискусија се изнесе нешто што не беше воопшто ни тетовски универзитет, ни законот за тетовскиот универзитет. Таа беше причина за да можете вие да интервенирате. Кога некој дава реплика, се дава реплика за она што ние го говориме како факти и аргументи изнесени од секој од нас како пратеник. Во случајот само се испровоцира нешто што во дадениот момент веќе по пети пат ја кажа истата работа на било која проблематика за која пратеникот Орданчо Тасев говори.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас мислам дека сите се согласивме околу едно дека треба да се чува и негува дигнитетот на ова Собрание и не само на ова Собрание туку на сите граѓани на РМ и на самата наша држава.

Продолжуваме со расправата по законот.

Збор има господинот Невзат Бејта.

НЕВЗАТ БЕЈТА:

Моето излагање ќе го почнам со една филозофска изрека на еден филозоф од античко време кој вели: "Херојот не се плаши, тој што знае не се буни, хуманистот не се вознемирува".

Јас се чудам опозиционите пратеници зошто денес се толку вознемирени што денес пред нас имаме еден многу значаен закон кој нашите граѓани го очекувале цела една деценија. Тоа е Законо за основање на државен универзиетр во Тетово.

Да се говори за Универзитетот претставува задоволство, а да се говори против него значи да си против самиот себе, затоа што се работи за една институција каде се стекнува знаење, наука, култура. Оние кои студираат на тие универзитети посегнуваат да станат професионалисти во разни професии. како такви тие ќе дадат голем придонес во напредокот и развојот на граѓаните и државата.

Сакам да направам една споредба со цел да кристализирам некои работи кои не сме успеале да ги искристализираме.

Да видиме прво кои биле главните пречки за формирање на образовните институции, за основање на универзитетот. Ќе се вратам на средниот век.

Средниот век за Европа беше време на декаденција и темнина. Во тоа време разните свештени лица од различни вери, без разлика од која, сите дејствувале исто, во соработка со феудалната класа, тотално неписмена, биле против образованието на населението. Сето тоа го правеле со цел населението да остане неписмено за да можат максимално да го експлоатираат и да си ги исполнат своите индивидуални интереси и едновремено, земајќи ги парите од народот, да ги трошат истите тие пари. На овие феудалци и свештени лица им се спротивставиле луѓе кои знаеле и се знае како тие завршиле. Се завршило со доживотна робија. Ќе спомнам неколку познати имиња на такви научници и тоа Никола Коперник, Џордано Бруно, Галилео Галилеј и многу други интелектуалци од средниот век.

Овие свештени лица, феудалци се бореле против образовните институции и против основањето на универзитетите. Ова почитувани колеги се случило во средниот век, од 11 до 15 век.

Меѓутоа, јавноста не може да разбере, ниту ние како пратеници, да се биде против Универзитетот, на почетокот на 21 век тоа е нечовечно и нехумано.

Јас ќе спомнам неколку универзитети кои се постари. Првиот е Универзитетот во Каиро во 970 година, на Болоња 1880, Оксфорт 1600, Виена 1365, Истанбул 1453, Мадрид 1508. Ги спомнв овие универзитети од средниот век со цел да направиме споредба каде се наоѓаме ние. Ние градиме државен универзитет на почетокот на 21 век.

Кога овие универзитети се отворени во средниот век, феудалците и свештените лица се бореле со разни форми да ги затворат користејќи најсурови средства.

Денес родителите од сите места се борат да ги пратат своите деца на универзитети. Оние родители кои успеваат да ги запишат своите деца на универзитети имаат посебно душевно задоволство, а неможе да се опиште задоволството на тие деца кои успеале да се запишат на тие универзитети. Меѓутоа јас верувам дека ќе дојде време кога, оние кои се против денес, ќе се радуваат кога нивните деца ќе се запишат на Тетовскиот универзитет.

Ќе го спомнам Виенскиот универзитет. На Универзитетот во Виена не учат само децата на австријците. Таму учи и детето на албанецот, на македонецот, на англичанецот, на французинот. Значи универзитетот никаде во светот не претставува место за раздор, туку место кое соединува и е од корист на оние кои одат и следат настава таму.

Понатаму ќе го спомнам случајот од 19 век, Белградскиот универзитет, Загребскиот универзитет, Љубљанскиот универзитет. Во 20 век, во педесетите години. Во 20 век, во педесетите години Универзитетот во Тирана и ќе запрам на Приштинскиот универзитет, затоа што и јас таму сум ги завршил студиите.

Ве молам за малку трпение господине Мендух Тачи.

Значи, ќе запрам малку на Приштинскиот универзитет, како стана државен универзитет. Имено со Филозофскиот факултет во 1961 година. Истата година е отворен и Правниот и Економскиот факултет во 1965 Техничкиот факултет, во 1969 Медицинскиот факултет.

По отворањето на овие факултети на состанокот на сите собори на тогашното Собрание на Косово, на 15 февруари 1970 година се основаше највисоката институција на науки од Приштинскиот факултет. Денес ние дебатираме тоа да го направиме во нашата држава, да го основаме Државниот тетовски универзитет. Значи сега да застанеме малку на нашата држава, како почна високото образование во Македонија. И македонските грашани немале универзитет. Во периодот на Кралството на Југославија 1938 година и тие протестирале и се бореле против Универзитетот, да основаат Универзитет. Меѓутоа не успеале. После тоа тие успеале да го направат после Втората светска војна. И така високото образование во Македонија, за македонците почнало со Филозофскиот факултет во Скопје, во 1946 година. Една година подоцна основан е Медицинскиот факултет и Факултетот за шумарство и земјоделие. Со три факултети се основаше Универззитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје.

Прво требаше да се донесе законот за високо образование, закон за кој ние имаме посебна почит, затоа што од универзитет не излегуваат неписмени луѓе туку писмени, а и нивната писменост зависи од тоа колку работат. Затоа сите луѓе не се исти. Денес овој

универзитет има 28 факултети, 6 виши школи, 8 независни научни институции. Исто така, во 1989 година основан е Битолскиот универзитет во Битола.

Спиро Мавровски реагира, Битола е Битола, Македонски манастир, е манистир како албански, така македонски, треба да се направи истражување од кој јазик потекнува. Првиот доктор на науки од Свети "Кирил и Методиј" излезе 1952 година и до денес, сигурно, нивниот број се зголемува затоа што продолжуваат да студираат. Овие податоци ги спомнувам да не се грижат пратениците од ВМРО-ДПМНЕ затоа што овој закон не е против школувањето на Македонците, туку е во прилог на образованието на Албанците на нивниот мајчин јазик. Тие што одат во нашите универзитети во државата, ќе не носат во насока на Европа.

Сега ќе направам разлика меѓу државниот и приватниот универзитет. За приватниот универзитет малку вчера говорев во мојата реплика, тоа е Универзитетот на Југоисточна Европа - наречен Штулов универзитет, за кој ние имаме посебна почит, го почитуваме секој универзитет, професорите, студентите, меѓутоа, ќе се обратам на албанската опозиција дека многу говоревме за Универзитетот на Југоисточна Европа, а заборавиле дека цела една година тие вршеа еден политички маркетинг на основање на овој универзитет. За тоа, имаме податоци било во весниците, стенограмите, сите пратеници кои го усвоиле тогашниот Закон за образование.

Доколку тогаш вие сте делувале добро, тогаш немаше да дојде сега до оваа точка на дневен ред, меѓутоа вие не најдовте заеднички јазик со вашиот коалиционен партнер, за да направите еден државен универзитет. Во многу ваши излагања не сте ја кажале вистината така како што требало да ја кажете. Велите дека правиме приватен универзитет, а не државен. Вие го велите тоа, а за ова имам доказ од студентите на тетовскиот универзитет, од раководството на тетовскиот универзитет, од родителите кои организирале митинг, голем митинг, не против Штуловиот универзитет, туку поради нерешавањето на нивниот проблем. И, мотото било, ние сме за тетовски универзитет со државно финансирање.

И, некој вели, дека ги рушиме тврдините а градиме кули, Замир вели дека прават универзитет со три страни, а тоа е закон, тоа има 5 члена. Тука е господине Замир, затоа го зедов со себе, туку пред мене е проектот, Влада на Република Македонија,

Министерство за образование и наука, Проект - основање на тетовскиот универзитет, Скопје, ноември, 2000 година. Тука е целата содржина.

Јас те почитувам како професор, имам почит кон тебе, не зборувај од место, ако сакате да видите дојдете, тоа Владата го има подготвено. Ние сме заедно во таа Влада со нашите коалициони партнери.

Основањето на тетовскиот универзитет како државен универзитет, ние тоа го правиме, затоа што тоа го бараат нашите граѓани, затоа што граѓаните ни ја дале нивната доверба и ние не кажуваме многу зборови, туку правиме дела. ДУИ е претставник на мнозинството на албанците во Македонија од 15 септември минатата година и затоа ќе зборувам во име на ДУИ, кој го реализираше барањето на сите албанци во Македонија, вклучително и вашето. Ја реализираше желбата на раководството на тетовскиот универзитет, на родителите и на студентите, оние дипломирани и оние кои сеуште ја следат наставата.

Јас се чудам како може пратениците да зборуваат против основањето на државниот универзитет. Во државниот тетовски универзитет ќе студираат и припадници од други заедници, таму ќе се зближат независно на кој јазик ќе учат. Некој ќе учи на албански, некој на македонски. Тие заедно ќе учат и англиски и француски, германски. Само со образовани луѓе кои излегуваат од разните универзитети, посебно од тетовскиот универзитет и другите универзитети кои ги имаме во државата, нам ќе ни се отвори портата, не вратата, врата е премалку, големата порта и ќе одиме кон Европа и ќе ја почувствуваме светлината на човештвото.

Третиот државен универзитет ќе биде универзитет на знаењето, науката и на културата, а не како што некои албански политички партии тоа го сакаат, цел живот да се занимаваат со универзитетот, а да не го решат. Десет години се занимаваат со тоа и не го решиле. Дојде ДУИ и го реши тоа прашање. Тетовскиот универзитет ќе биде универзитет на науката, а не на политиката.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Ве молам, кој има реплика нека се пријави.

Полека, ве молам полека.

Прво за реплика се пријави господинот Мендух Тачи.

Повелете, три минути.

МЕНДУХ ТАЧИ:

Многу трагикомична дискусија, немој тука да ни го спомнуваш средниот век, ние ги знаеме работите. Тоа го спомна твојот премиер Бранко Црвенковски во 1994 година, се обиде да го затвори универзитетот, ги масакрираше албанците и ги уби албанците за тетовскиот универзитет.

Второ, немој да манипулираш вака. Не е тетовскиот универзитет, туку универзитетот во Тетово. Државен универзитет во Тетово е нешто друго. Треба малку на министерот, да разбере македонски, манипулацијата е многу јасна, немојте да говорите во име на тетовскиот универзитет, можеби сега Ќе се навредите, не сакам никој да се навреди, вие манипулирате со 13 илјади студенти. Врз основа на ова вие треба да легализирате 200 студенти, треба да ја кажеме реалноста. Вашиот универзитет кој вие сега го правите, тоа е многу, многу поприватен од Универзитетот на Југоисточна Европа. Ние имавме законска основа каде за одредено време им овозможувавме на сите студенти да се префрлат на универзитетот на Југоисточна Европа. Вам, сите студенти ви се на улица или во кал.

Ние имавме спротивни ставови со Фадил Сулејмани за неговите тенденции за приватизација на високто образование на албански јазик, и срамота е да им се нуди на албанците нешто е псевдо квалитет. Каде е меѓународната поддршка од Светската банка и ММФ. Зошто не ја кажете реалноста? Ќе им овозможат на албанците да регистрираат 300, 500 правници. Има правила. Кои се правилата што треба да се почитуваат. Зошто вие го поддржувате Штуловиот универзитет. Тука ја имаш Теута, таа е професорка. Ќе го смени местото Теута и да предава во државниот универзитет во Тетово? Не, нема да го смени местото. Нормално е. И јас не би го сменил. Има 800 - 1000 евра плата. Тука ќе земе 200 евра. Што сакате да правите. Ова е само еден измислен успех за ДУИ.

Имате голем рејтинг. ИРИ го покажува, меѓутоа да ве потсетам. Ја почнавте војната за правата на албанците. ДПА, според ИРИ, имаше 13,6%, не 8%. Кога вие ја започнавте

војната да ги реализирате правата на албанците и вие и г. Гзим Острени ги демобилизиравте припадниците, рековте, вие кај сакате одите, затоа што јас ги имам гласовите на 12 -те илјади студенти.

Ќе ги легализирате овие 12 илјади студенти или само ги манипулирате?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Немате право госпоѓа Теута, контра реплика.

Немате право на контра реплика.

Господинот Бејта има право на реплика, една минута.

НЕВЗАТ БЕЈТА:

Благодарам.

Јас мислев дека ќе ми реплицира на моето излагање, меѓутоа немаше ништо од моето излагање, вистина е тоа дека тетовскиот универзитет се официјализира денес, меѓутоа вистина е дека имало жртви, без жртви во животот ништо не може да се постигне и нема да се постигне. Меѓутоа, тоа претставува дел од историјата. Ние дури сме биле и во вооружен конфликт, сме учествувале, меѓутоа дојде до договор и го добивме гласот на народот и денес го имаме мандатот на народот. Ова го правиме во име на тој народ.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Реплика има Џазаир Шаќири.

Повелете три минути.

ЏЕЗАИР ШАЌИРИ:

Благодарам господине претседател, сакам да му реплицирам на господинот Бејта само на местото кога вели дека ДУИ го легализираше тетовскиот универзитет. Јас не се согласувам со неговото мислење затоа што бев сведок тогаш, во тоа време кога Невзат Бејта не знам каде беше. ДУИ не го легализира тетовскиот универзитет. Да запреме малку и да не се фалиме туку така, легализацијата на тетовскиот универзитет, ја направи

измената на преамбулата во тоа време кога албанскиот народ стана државотворен, а не граѓанин на Република Македонија кога таму беше сведок Ален Лероа, Али Ахмеит, Насер Зибери, јас и верувам дека откако гледам колку се фалат, ако премногу се фалат со тоа ќе ги дадам овие докази пред јавноста.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине министре, вие имате збор.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Без навлегувам во непотребни полемики, само објаснување, се работи денеска, со закон се основа државен универзитет. Името на универзитетот се уредува со статут кој што како основач ќе дојде пак тука да се завери, кога ќе му дојде време.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Бејта вие имате една минута контра реплика.

Повелете.

НЕВЗАТ БЕЈТА;

До пратеникот Џезаир Шаќири, би сакал да го потсетам г. Џезаир дека ние сме дел на Владата и како таков дел на државата и ние партиципираме како ДУИ. Во текот на изборите ДУИ го доби мандатот од народот и за тоа сноси одговорност и делува. Меѓутоа, во текот на предизборните активности никогаш не спомна дека ќе прави универзитет. Ние тоа го правиме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, веќе реплики нема.

(Некој од пратениците бара реплика).

Не можете вие реплика, на реплика.

Госпоѓо Теута не можете да реплицирате, на реплика, вие имате збор. Ве молам, сега, да не правиме итрини, затоа што тоа ќе биде пракса. Имате збор, ќе го кажето тоа што треба да го кажете.

Господинот Блаже Стојановски е на ред.

Се извинувам, јас ќе ви дадам да реплицирате, но штом ќе оценам дека тоа е реплика на господинот Тачи, јас ќе ве прекинам, договорено. (Се согласува). Добро. Повелете.

ТЕУТА АРИФИ:

Јас не реплицирам на репликата, овој пат, само сакам да реплицирам на дискусијата на господинот Невзат Бејта, и сакам да кажам дека универзитетите не им припаѓаат на политичките партии, ниту универзитетите ги поседуваат политичките партии, ниту оние кои работат на универзитетите не работат во универзитетите на политичките партии. Напротив, законодавците само гласаат за закони со кои се основаат универзитетите и се развиваат независно од нивниот статус.

Тргнувајќи од ова сакам само да го привлечам вниманието, да укажам за сите пратеници, гледам дека има голема тенденција да се водат дискусиите на разни начини, да кажам дека оние кои се пратеници тука фактички од аспект на создавање на законите, пред се, имаат обврска да гласаат за законите. Затоа, како професор, Теута Арифи, независно каде работи, како пратеник на својот народ таа ќе гласа за тетовскиот универзитет денес.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Блаже Стојаноски.

(Збор бара г. Тачи)

Не оценив дека е тоа така. Ве молам, јас овде водам седница и јас оценувам. Ве молам, ќе добиете збор.

МЕНДУХ ТАЧИ:

Барам збор процедурално.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете, процедурално.

МЕНДУХ ТАЧИ:

Господине претседател, сепак ова беше реплика на мојата дискусија. Теута, Штуловиот универзитет да беше мој и на ДПА, ти никогаш немаше да работиш таму.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г. Блаже Стојановски, реплика на господинот Бејта.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Благодарам господине претседателе,

Претходниот пратеник од ДУИ зборуваше за универзитети од средниот век кои биле адекватни на овој универзитет кој се предлага да се основа во Тетово и направи навистина добра компарација. На тој начин можеме да видиме за какви стандарди во образование зборува ДУИ кога зборува за овој универзитет, за какви стандарди зборува Владата на Република Македонија кога ни предлага донесување на ваков закон.

На ДУИ и на СДСМ не им е важно што ќе научат идните албански студенти, не им е важно какви кадри ќе излегуваат од факултетите. Ним им е важно само да студираат на албански јазик, а тоа го имаат на универзитетот на Југоисточна Европа кој е само на 2 км од овој кој е протежиран. И, за нивна несреќа тој располага и со просторни капацитети распоредени на 19 хектари земјиште, тој располага со кадровски потенцијал за квалитетни студии, на него учат над 3000 студенти на албански, англиски и македонски јазик..

Штуловиот универзитет е проект за целосно решавање на прашањето на високото образование на албанците, а не само на јазикот на кој се студира. И најпосле тој е целосно поддржан и од меѓународната заедница. Затоа апелирам да се престане со демагогија затоа што тетовскиот универзитет кој што се предлага не е потребен ниту на

албанците, ниту на македонците, ниту на другите етнички заедници во Република Македонија.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Бејта имате минута контра реплика или не.

Една минута за господинот Бејта.

НЕВЗАТ БЕЈТА:

Нема да навлезам во работата на универзитетот.

Што се однесува до условите колегата не е запознаен во какви услови работеле универзитетите од светски карактер во почетната фаза. Оние кои читале знаат дека студентите, првите студенти на првите универзитети учеле на слама. Немале клупи, немале каде да пишуваат. Меѓутоа, ги слушале предавањата со голема концентрација. Без белешки станале универзитетски професори.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете господине Чашуле.

Потоа нека се подготви пратеникот Иван Анастасовски.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Благодарам господине претседател.

Почитувани колешки и колеги,

Јас се надевам дека ќе имате малку трпение и ќе ми дозволите лично малку да застранам од темата, но сметам дека е тоа многу значајно.

Со инцидентот што го имавме денеска и смелиот настап на нашите колешки од двете страни, се понадевав дека го разоружавме политичкиот дискус во ова наше Собрание и се надевам дека од овој момент натаму, со должен респект ќе се однесуваме едни кон други.

Меѓутоа, и сега се враќам на темата како ќе успееме некои глави да ги разоружаме од идеи што не припаѓаат на ова време, а тие се многу поопасно оружје од празниот ама лош збор. Оваа наша досегашна расправа околу една извонредно многу деликатна тема, а таа не е образованието, а уште помалку образованието на подмладокот на албаската заедница, туку е легализација на една институција или квазиинституција. Со разни обиди правиме напор овде да го дефокусираме вниманието од вистинскиот проблем и со падови или не се враќаме назад на темата, ама денеска ценетиот колега Бејта ги постави работите на свое место. И, рече дека ова е универзитет на една политичка партија. Госпоѓата Теута Арифи се обиде тоа да го ублажи и тој исто така, меѓутоа дојдовме конечно до демистификација. Правиме напор да озакониме беззаконие оти е потребо во даден политички момент на него да се поентира за сметка на 12 илјади студенти кои не знаат каде се и тие се сите албанци.

Кажете ми со што и на кој начин универзалното право на наука е оспорено? А, јас ќе ви докажам дека 13 години со него се манипулира. И тука Ќе ја кренам дискусијата од среден век до овој наш, претходен век во кој се родивме и најверојатно се формиравме и ќе ви искажам една голема научна мисла на господинот Шау Ми Јан кој заврши во Сибир оти му рече на Сталин “тој што ја контролира науката, го контролира општеството”. И сега, ако ја поставиме работата вака, задскриени зад идејата дека го браниме, а не е точно, правото на албанците да се образуваат на албански јазик, создаваме политички универзитет во кој што како политичка партија ќе манипулираме со подмладокот и на тој начин ќе се обидуваме да ја контролираме албанската заедница која во нашава држава функционира како општество.

Второ прашање, зарем не чувствувате дека, наместо сите заедно овде да се бориме да го дигнеме квалитетот и тука има универзитетски професори, со сиот мој респект, на целокупното образование, најмногу на високото, ние се бориме на кој јазик неквалитетот, што сеуште ни е некаде присутен, ќе го предаваме или ќе го слушаме? Сте ја погледнале ли, и не сакам да бидам погрешно сфатен и ќе ми дозволите да спомнам едно име на неприсутен човек, но тој ја решава ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Немојте ве молам, ќе бидете подоцна прозвани.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

... визијата, ректорот на универзитетот поранешен на Тетово, како го нарекувате,. Сте ја виделе ли неговата научна библиографија? А тој човек, од името на незнам кој авторитет ја определува програмата на која албанскиот подмладок, кој јас сакам да го видам заедно со моите деца во 21 век се образува, па јас не можам да прифатам да изгласам закон со кој ќе озакониме сталинизам на албански јазик. Па, тоа е противно и на вашата програма. Ова го зборувам консеквентно. Тука има, меѓу вас, присутни сведоци, уште веднаш по тешките настани во Гостивар, во кои луѓето јадеа ќотек и на таа расправа на интелектуалците, и покрај тоа што си се разликуваме дијаметрално во некои работи, политички, неетнички, јас најднов сила да се извинам за жртвите и за ќотекот. Но, исто така да укажам дека неможам да прифатам дека е прогрес да не се бориме заедно на двата јасици за светско образование, туку да се бориме за ова образование за кое сите велиме дека му треба реформа, да се бориме за овој неквалитет да биде предаван на два јазици. И тогаш го реков и сега го тврдам и за жал душа ме боли кога гледам, и, простете на емотивноста, дека ништо не се менува.

Второ нешто, како ќе објасниме ние на таа Европа што толку прижелно и се подаваме, дека сме држава во која беззаконието го озаконуваме, па еден поранешен министер рече дека е тоа “приватна журка”. Ама, таа “приватна журка” однесе еден живот и му донесе на Гостивар невиден ќотек. И сега, ние, со овој закон ја правиме државна свадба која треба да падне на грбот на даночните обврзници на оваа сиромашна земја, а најмногу на албанците. Кога ќе стапи на сила законот за финансирање на локалната самоуправа дури тогаш албанските граѓани во оваа држава, кога ќе падне товарот на ваквите партиски експерименти на нивен грб, ќе сфатат колку скапо чини таа свадба. И јас незнам дали ќе имаат сили да ја финансираат.

Нам ни треба квалитетно образование. Нашата Влада, пред тоа, донесе Закон со кој и покрај сите усилби за време на конфликот образованието не се дигна на нивото на спор за кој што се гине. Донесовме закон во кој стоеше дека ќе се озаконат дипломите на луѓето кои зареди еден долгогодишен след на несреќни околности студирале на

универзитетот во Мала Речица. И рековме дека со тој закон ќе овозможиме високо образование и на јазиците на нашите заедници, а доминантната заедница, покрај македонската е албанската. Тоа значи и на граѓаните кои како втор службен јазик го говорат албанскиот јазик.

И, се создаде Ван Дер Штул-овиот универзитет, како признание на Европската унија на Меѓународната заедница дека решението што го донесовме во законот што сега ќе го фрлиме на бuniште со ова е добро. Тоа ни ја отвори вратата на Европа. Зарем не сфаќате дека поголема контрибуција на Европа во иднината на оваа држава од високообразовна институција нема?! Тоа е блескав универзитет, ретка научна установа на која навистина се предава и што е најважно од албанци, македонци заедно, европска наука. А ние, сега, што озаконуваме? Ние формираме нов универзитет во кој ќе вградиме нови критериуми или приватната журка да ја направиме сега државна? Дајте да ги расчистиме работите. Има ли оваа држава сили, има ли албанската популација сила, утре кога ќе падне на нејзин товар да издржи, покрај потребите што произлегуваат од здравствена заштита, инфраструктура, расчистување на комуналните потреби во сите општини каде што се доминантно население?

И, друго нешто. Убаво кажа господинот Бејта, во Виена сите заедно студираме ама на германски. Оној кој трага по наука, а јас завршив на неколку јазици, не трага по јазик, туку трага по науката. И да вредеше Скопскиот универзитет, децата сами ќе се решеа да одат таму, како што се решаваат македонци и албанци да одат во Ван Дер Штул-овиот универзитет и наспроти сите стравови на нас возрасните, патуваат по тој пат каде што некогаш имаше заседи, одат на школо, се враќаат назад и еден ден очекуваат дека ќе влезат во Европа, бидејќи тие се попаметни од нас па сфатија дека тоа е пасошот за во Европа. Таму се стекнуваат квалитетите, на тоа ниво на знаење. А, таму се предава на англиски, на француски, на македонски, на албански и никого не го боли глава што е така, бидеји се дојдени таму не по поени и не по средновековно истакнување на својата посебност што во науката те геотизира, бидејќи учиш само на еден јазик, туку одат таму затоа што им се отвара мултикултурата на Европа, на оние јазици со кои располага оваа наша јадна Македонија во моментот кога одат да го постигнат тоа свое образование.

Господа, дајте да размислиме уште еднаш. Дајте да ги туриме работите на место. Да провериме дали ни се исплати како последица на еден пуч што и денеска трае, што го гледаме во репликите и дискусиите на претставниците на албанската заедница овде, ќе го крунисаме со уште еден заеднички пораз. Нема да се реши проблемот на образованието на албански јазик со ваква арбитрарна постапка што треба само да ги расчисти сметките меѓу двата чинители во албанската заедница ДПА и ДУИ.

Се се сведува на тоа. Денеска беше кажано. И репликите и контрарепликите говорат дека ние сега треба константното долготрајното непочитување на законите на оваа држава, која е толку албанска колку и македонска, турска, ромска, српска, бошњачка, може да стане закон ако си доволно упорен, ако си доволно гласен, ако знаеш да манипулираш, ако знаеш да уценуваш, ако знаеш да се наметнуваш. А, резултатот од тоа што е? Тие кои учат во Ван Дер Штул-овиот универзитет ќе продолжат да учат таму, тие албанци кои учат на тие универзитети што им се достапни ќе учат таму, а сите тие што ќе можат од ова лудило да побегнат ќе студираат во Виена.

Според тоа, да го преиспитаме законот, да престанеме со политичката манипулација во која жртви на нашите меѓусебни пучеви се децата и можеби да најдеме некое поумно решение. Оти, еден универзитет не значи само зграда. Еве, една се узурпира. Што можете да узурпирате? Но некој треба да ја одржува. Потребни се лаборатории, потребни се книги, потребни се инструменти. Тие се обновуваат секоја година. Тоа е константна инвестиција од која не треба да бегаме. Но, зошто да не направиме на попаметен начин? Го имаме Ван Дер Штул-овиот универзитет, па да поделиме стипендии на 12 илјади деца, па нека учат таму. Поевтино е отколку од пепел, бидејќи тоа што се нарекува универзитет Мала Речица е пепел. Тоа е политички пустош. И вие сега на него ќе треба да градиме нов универзитет, а имаме еден. Дајте да ги финансираме тие деца, дајте да се бориме, во ова Собрание да донесеме закон што ќе им овозможи на нашите деца во странство да се школуваат. Знаете ли како влезе Словенија или Словачка во Унијата? Со армија млади луѓе во Брисел, со армија млади луѓе по разни - разни универзитети, а ние овде се бориме да докажеме кој е посредновековен. Кој полесно манипулира со науката. Кој преку манипулацијата со знаењето, која е моќ, сака да ја контролира својата заедница.

Јас не сум од тие, јас би сакал да ги видам нашите деца во Виена, да ги видам во Мадрид, да ги видам во Прага, во Краков.

И, колку за крај господине Бејта, постар од Каирскиот универзитет е Универзитетот на Плаушник. Културата почнала овде. И него сфаќајте ова како брутален национализам, туку како стварност. И, нема да речам која нација тоа го направила, го направиле умни луѓе. Меѓутоа, дојде една освојувачка цивилизација која сите вас и нас, како староседелци не потомори, ни ги уништи универзитетите и нашиот во Плаушник и вашиот во Круи и не доведе до тоа на почетокот на 21 век да водиме војна едни против дрги околу средновековни вредности. Не господо, на таков начин не се оди во Европа.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Кој бара реплика?

Госпоѓа Теута Арифи има право на реплика од три минути.

ТЕУТА АРИФИ:

Само една реченица господине Чашуле рече дека универзитетот во Тетово е пепел . Јас сакав да кажам само дека денес, со голема одлучност го правиме него феникс, затоа што феник заживува од пепелта. Така што имајте малку повеќе доверба во овој универзитет.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Чашуле една минута.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Не Теута, науката да ја дигнеме од пепелот во кој ја турнавме уште оној момент кога полицијата на Република Македонија уби човек во Тетово и од тој ден до денеска манипулираме со неа и со децата. Дајте, науката како феникс да ја кренеме, оти и вашата

нација и мојата нација биле источници на вредни култури. Ај да им бидеме на нив достоинствени.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господинот Рафис Алити има право на реплика од три минути

РАФИС АЛИТИ:

Ве поздравувам сите.

Претходниот говорник, господинот Слободан Чашуле спомна дека со децентрализацијата на власта, дури тогаш ќе се види колку албанците ќе ги чини оваа свадба. Јас ќе го потсетам господинот Слободан дека тој е доста возрасен и знае за минатото дека албанците платиле многу нечии туѓи свадби, така што може сега и своја свадба да платат.

Што се однесува до стандардите и квалитетот на тетовскиот универзитет и за тоа нека не се секира многу, затоа што тој универзитет, од денот кога  основна наша цел беше и ќе остане, а верувам дека многу македонски интелектуалци ќе ни помогнат во таа насока тој да стане храм на знаењето.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута има господинот Чашуле.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Е сега ја чув правата мисла. Благодарам. Значи, не правиме албански универзитет, правиме македонски универзитет.

Јас сум доктор на науки на Католичкиот универзитет во Перу. Се надевам дека новата управа на тој факултет од областа хуманитарни науки семјотика и семјолија ќе ме покани да бидам професор, а јас незнам албански и додека не го научам можам да предавам на шпански, на англиски, на португалски, на италијански. Ако ви е тоа целта, ве поддржувам.

Инаку свадба, рече некој друг. А јас уште тогаш велев дека треба да се направи образовен систме на кој наша заедничка македонска наука од европско ниво ќе се предава на сите јазици. А, сите ние свадбата ја плаќаме прескапо.

А, кога ја употребивме метафората мислев на тоа дека моментот кога доаѓа да се плаќаат сметките, а ова е сметка, тоа мора да се финансира, е отрезнувачки момент. Тогаш ќе треба да објасните што сте барале.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам една минута измина.

Господинот Невзат Бејта има реплика,  три минути.

НЕВЗАТ БЕЈТА:

Ве поздравувам.

Мислам дека сте интелектуалец, рековте дека знает емногу јазици. Знаете албански? Е тука имаш голем недостаток се додека не го научиш јазикот на својот сограѓанин, тогаш имаш недостаток, оптоварен.

Го спомнавте Гостивар. Вистина е дека имаше жртви. Се жртвуваа многу интелектуалци и граѓани. Меѓутоа, жртвата ја направија во интерес на своите граѓани, така како што тоа се случо 2001 година, затоа што албанците биле дискриминирани.

Јас незнам како можете да говорите вака без контрола. Тоа е ваше право, затоа што Деловникот тоа ви го овозможува. И, рековте дека ДУИ, универзитетот на ДУИ, незнам точно како рековте, ДУИ е политичка партија, има своја пратеничка група. Вие сте пратеник на една политичка партија. Другите пратенци се пратеници на други политички партии.

ДУИ, господине, го реализираше барањето на граѓаните. Не на штета на другите граѓани, туку во корист на албанските граѓани и македонските граѓани. И тетовскиот универзитет е универзитет на сите граѓани.

Уште еднаш ќе спомнам, како секој универзитет и тетовскиот универзитет е универзите на знаењето, на науката и културата, а не на политиката. Доста веќе се правеше политички маркетинг со универзитетот и со жртвите на албанците. Албанците ќе

живеат заедно со македонците, недискриминирани, само едно, рамноправни. И, научете го албанскиот јазик, ве молам.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете една минута г. Чашуле.

КОЛЕ ЧАШУЛЕ:

Затоа ни треба реформа на образовниот систем за да ги учиме јазиците едни на други. Меѓутоа, вака како сме тргнале вие ќе си зборувате албански, ние ќе си зборуваме македонски и еден ден нема да се разбереме воопшто, а особено децата кои ги гетоизираме во јазички заедници, а не ги интегрираме во науката.

Инаку, г. Бејта кога беше, да ви објаснам зошто не го знам јазикот, ова, а сега да ви објаснам нешто за што вие не знаете. Кога вие се подготвувавте за вашата кариера, нема да кажувам каква, оти рековме денеска дека нема да се нарекуваме ни криминалци ни терористи, јас бев во Албанија. 90 дена работев во Кукс, во Елбасан, во Фир, во Тирана, научив 500 албански зборови, помагав да се направи медијски систем. Кога се вратив дома како награда за тоа беше стрелањето на мојот устав.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ви истече минутата,

Збор има пратеникот Иван Анастасовски, а нека се подготви пратеникот Џевдет Насуфи.

ИВАН АНАСТАСОВСКИ:

Почитуван претседателе, колеги пратеници,почитуван министре,

Можеби ќе беше полесно да зборувавме за екологија овде, но добро е, треба да се помине и преку вакви теми.

Од преписката што ја слушнав помеѓу пратеинците од албанскиот блок и јас дојдов сега во една дилема каде е, тетовски ли е, во Тетово ли е, околу Тетово ли е универзитетот, меѓутоа најверојатно ќе се разреши и таа дилема.

Проблемот со високото образование на заедниците во Република Македонија датира од самото осамостојување на Република Македонија  и мое мислење е дека е време да се донесе до еден крај. Тетовскиот парауниверзитет како популарно се нарекува знаеме дека е основан 1994 година во Република Македонија како приватна иницијатива или незнам што и покрај тоа што тогаш имаше интервенција од полицијата, беа апсени носителите на некои функции на таа високообразовна институција, тој не престана со својата работа. И тоашната и претходната Влада не успеаа да го затворат како таков. Значи , тој продолжи да работи, продолжи да егзистира. Со самото тоа достигна вредна бројка од 14 илјади студенти денеска, ако не се лажам, кои се присутни на таа високообразовна институција. И покрај тоа што некој овде стално се повикува на тоа дека постои друга високообразовна институција на три километри, на два километри од тетовскиот универзитет тоа е Штуловиот универзитет, сепак тоа претставува само една високообразовна институција која е донирана од страна на ЕУ и која можеби ги задоволи, можеби не ги задоволи потребите на студентите албанци во Република Македонија , еве се наметна потреба за легализирање на парауниверзитетот во Тетово.

Пред малку напоменав дека 14 илјади студенти, сакам да кажам дека од основањето до денеска бројката, ако не се лажам и по сето она што го имам читано и слушано за тој парауниверзитет секоја студиска година се зголемуваше и сега достигна висока бројка на студенти кои студираат таму.

Потребите и желбите на младите генерации од заедниците кои живеат во Република Македонија да се школуваат на високообразовни институции-државни во Република Македонија беа изразени и сигурно беше еден од фактите што придонесе бројот на студенти на тој универзитет расте , потребата од формирање на Штуловиот универзитет исто така привлекува голем број албански студенти кои студираат таму, сето тоа придонесе денеска да зборуваме за затворање на тој проблем со основање на тој тетовски парауниверзитет или легализирање во една државна високообразовна институција која, како што напоменав на почетокот, трае 10 години.

Меѓутоа, она што успеавме да го слушнеме овие денови колку време расправаме за овој закон колегата Вејсели во својот говор напомена дека војната или конфликтот го направи овој универзитет. Тогаш регионот ќе беше на ниво на Сорбона, на Кембриџ, според таа логика, значи секаде каде беа конфликти требаше да никнуваат како печурки универзитети. Не, јас би кажал можеби конфликтот само го забрза процесот на легализирање или основање на универзитетот.

Многу малку од дискутантите го кажаа фактот дека имаме мислење од Одборот за акредитација, што е еден од условите за основање на државен универзитет или високообразовна институција. Со самиот факт што Одборот даде свое мислење за основање на трет државен универзитет во Република Македонија  и со сите препораки кои се содржат во тоа мислење, мислам дека се созреани условите за легализирање и основање на трет универзитет во Тетово, тетовско или околу Тетово, како што ги слушнав колегите од албанскиот блок.

Стравот кој се јавува кај најголемата заедница кај македонците, според мене може да е оправдан, може да не е, меѓутоа, јас не верувам дека ќе резултира со градење на стабилни меѓуетнички односи во Република Македонија . Не треба секогаш да се стравува премногу.  Како што имаше некои пароли дека е премнонгу, еве секогаш ние како најголемата заедница  во Република Македонија  правиме големи отстапки спрема албанската заедница, меѓутоа, да, треба да се биде претпазлив во сето тоа колку, како и до каде. Јас мислам дека со затворањето на Рамковниот договор тука некаде ќе се заврши таа приказна и ќе се свртиме кон нешто друго,  кон нешто подобро како што реков на почетокот ќе разговараме за екологијата, за тревата, за економијата и други нормални теми кои се разговараат во развиените европски држави.

Легализирањето всушност претставува ставање под контрола на овој универзитет односон да се стави во законска рамка некоја појава, во конкретниот случај тоа е тетовскиот парауниверзитет. Со овој чекор со право треба да се очекува дека и другата страна , условон кажано, навистина ќе ги отвори вратите на тој универзитет за сите етнички заедници и како овде се кажа од разни дискутанти дека ќе се држи настава и на македонски и на албански и англиски и на германски и на било кој друг јазик. Јас навистина искрено се надевам во тоа, беше истакнат срам од дел од пратениците кои се

овде универзитетски професори од кои еден сум јас, јас не гледам срам, јас како универзитетски професор ќе го поддржам законот за основање на тетовскиот универзитет,немам намера да се срамам од сето тоа .

На крај, за да навистина и вниманието и времето многу потрошивме за сето ова, а гледам и по редоследот на пријавени уште многу ќе потрошиме да дебатираме за овој закон, незнам до каде ќе стигнеме, незнам со какви навреди ќе продолжиме во дискусиите, би сакал да го лцитирам претседателот на Одборот за акредитација, не спомнувам имиња, во едно негово интервју од поодамна дека “на крајот на краиштата ова прашање мора да се отвори и во Бугарија, Албанија и Грција. Се поставува прашањето зошто другите не го прават, а зошто ние го правиме. Дел од европските стандарди се нормирани во конвенции кои се обврски, а дел се препораки. Тоа е платформата на која Европа се обединува да ги разреши меѓујазичните проблеми и други конфликти. Не е погрешно тоа што Македонија го прави побрзо од другите. Тоа произлегува од нашата реална состојба”.

Јас навистина се согласувам со ова што го кажа претседателот на Одборот кажано во своето интервју и пак ќе повторам не се срамам, ќе гласам за законот за основање на тетовскиот, во Тетово или незнам како.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Реплика г. Караџоски од три минути.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван колега, јас навистина омжам да ги разберам пратениците од ДУИ така жолчно да го бранат основањето односно легализирањето на овој универзитет, ама никако неможам вас да  ве разберам во најмала рака да бидете адвокат на ДУИ, тоа сигурно не значи дека ја сменивте професијата од професор на Факултетот за физичка култура до адвокат на ДУИ.

Почитуван колега би сакал само да ве прашам и да ве потсетам за една работа. На 24.11.2003 година почитуваниот министер се има обратено до вашиот факултет каде што

работите како универзитетски професор со барање да дадете мислење на научно наставничкиот совет од тој факултет да даде мислење дали се согласувате да се отвори факултет за физичка култура во Скопје во рамките на Педагошкиот факултет.

Сега, вие од таа институција на 8.12.2003 година сте дале мислење дека сте против таква работа и објаснувате, јас не би сакал да читам, меѓутоа, би сакал да ве потсетам дека барањето на министерот е таков факултет да се отвори во Скопје и тоа во Сарај со тоа што оној постоечкиот во Дебар треба да се дислоцира токму тука во Сарај. Бидејќи сте толку широкогради кога станува збор за правата на основање на факултети, би сакал да ве прашам, бидејќи работите во таа институција, вие ја поддржувате институцијата на тоа мислење што го дава или поддржувате она што сега го кажавте. Значи, тетовскиот универзитет во рамките на факултетот кој сега го дискутираме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г. Анастасовски, една минута.

ИВАН АНАСТАСОВСКИ:

Јас немам намера да бидам адвокат ни на ДУИ ни на незнам кој, го кажав ова, тоа беше моето мислење по однос на овој закон, меѓутоа, она што во вториот дел колегата Караџоски ми кажа дека имало доставено барање, јас такво барање немам разгледувано, тоа било на 11.03.2003 година, ако не се лажам, но ниту сум учествувал на таков наставно-научен совет на мојот факултет, но во моментот јас ги претставувам граѓаните од општина Куманово, а не како претставник од факултетот за физичка култура.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Реплика од г. Блаже Стојаноски од три минути.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Г-дине Анастасовски вие и вашата партија СДСМ со овој закон не го затворате проблемот на високото образование на албанците ниту им овозможувате на другите граѓани на Република Македонија на овој начин да ги користат услугите на овој

универзитет. Напротив, со ова отворате нови проблеми. Впрочем, прашањето за високото образование на албанците неможе да биде решено без согласност на сите албански политички субјекти. Во случајот единствено што се прави е да се задоволат политичките потреби на ДУИ за да вработат на државна сметка професори, чувари, чистачи, административци на универзитетот кој нема ни кадровски ни просторни ни едукативни можности, а од друга страна ќе беше добро да ги искористите овие 2 милиони евра кои ги плаќаат сиромашните граѓани на Република Македонија и со нив да направите нови домови за студентите, компјутери, наставни, нагледни средства, да обезбедите стипендии, како и да ги намалите цените на услугите на студенските домови и да го зголемите квалитетот на исхраната и сместувањето во нив.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута г. Анастасовски.

ИВАН АНАСТАСОВСКИ:

Во делот што го кажа г. Стојановски што ме повика да ги намалиме цените на студенските домови и сето тоа, тоа не е моја надлежност, тука е министерот, тој може да си каже има програма во самото Министрство за таа намена, така што не е мое да разговарам за зголемување на стандарди или обновување на студенски домови.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-динот Мавровски, реплика.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Г-дине Атанасовски вчера реплициравте за некои говорни проблеми и лингвистички грешки, јас незнам, можеби згрешивте, но неколку пати спомнавте македонска заедница. Јас мислев дека сепак во Македонија сме  ние Македонски народ, Македонска заедница можеме да бидеме во соседните држави, дали беше случајно или намерно, незнам, а дали се консултиравте со граѓаните на Куманово за да го правдаат сето тоа вие најдобро

знаете дали се тие за отварање на универзитетот или не се, бидејќи вие како член на Скопскиот универзитет на Факултетот за физичка култура бидејќи тие се искажаа дека се против отворањето на овој универзитет, мислам дека со граѓаните ако одржавте трибини, сигурно вие знаете најдобро дали се тие за отворање или не на овој универзитет.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Баравте минута, повелете.

ЗАМИР ДИКА:

Добро. Можеби да било лапсуз колега  Спиро Мавровски, јас за тоа ќе се извинам, меѓутоа политиката на образование ја води министерството, а не граѓаните на општина Куманово.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Значи, сега има збор г. Џевдет Насуфи, а нека се подготви господинот Кенан Хасипи.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Дами и господа пратеници, почитуван претседателе,

Вистина е дека образовниот систем за секој народ, нација, друштво, општество е едно од најчувствителните системи. Затоа и решавањето на образованието на секој народ и секоја нација не е политички хоби ниту е дневна политика, туку е проект, севкупен, сенароден и сериозни народи не се однесуваат поинаку. Вие знаете дека албанското образование на овие простори со години беше фронтално напаѓан. Неколку дискутанти го спомнаа Приштинскиот универзитет. Вие знаете со какви  жртви, жртвувања е формиран, основан овој универзитет и тој  се чува како очи во главата. Но, ист процес

на албанците во Македонија започна 1994 година и тогаш беа едногласни албанците кога го основаа тој универзитет во Тетово.

За жал, тој универзитет беше анатемисан до крај и почетокот беше основната причина да се попречат албанците во нивното воспитување и едукација. Дури не сакам да го повторам она што пред малку го спомна господин Тачи, дека за него беше пролеана крв и што уште не. Затоа, ние не можеме да се однесуваме неодговорно во однос на една ваква институција. Јас повторно ше го нагласам фактот дека тој универзитет тогашен, вчерашниот, но и денешниот стана симбол на опстојување, симбол на една глад за рамноправност на албанците во Република Македонија. Сега Владата на Република Македонија зборува дека за легализација дури и претходниот дискутант, навистина жалам што е универзитетски професор, употребува термин легализирање на универзитет. Тоа постојано го употребуваат пратениците на ДУИ. Тоа го спомнуваат печатот под државна контрола и тоа постојано. Но, јас несакам да речам претходон што значи легализирање. Легализација значи нешто да се закони, нешто што е незаконско. Тоа е многу едноставно. Тетовскиот универзитет беше незаконски, нелегитимен. Денеска не се легализира тој. Не се озаконува тој. Ова е факт и ние можеме да поминеме преку овој факт. Ние можеме да зборуваме за други дејствија дали има навистина и причина, или не. Легализирање е озаконување на нешто што не е законско, не е легално, да ставиме нешто што не е во рамките на законот, значи ќе го ставиме во рамките на законот, значи во рамките на законско. Ова што го предлага Владата на Република Македонија, министерот, ова е законски предлог. Но дали е тој универзитет. Мислам дека самата содржина на законот ние не можеме со зборови и политичка демагогија, а најмалку со нетранспарентност и неискреност да се однесуваме и да не речеме дека ова е бело, а ова е црно, бидејќи ние не можеме да ги измениме. Со зборови не можеме да ги промениме. Ние според дикцијата на самиот закон, станува збор за пет факултети за разлика од универзитетот на Тетово, кој што има 13. Значи не се вклучени, не се опфатени уште осум или девет други факултети. Дали има континуитет меѓу тој униврзитет и ова што сега се предлага. Според самиот закон што го разгледуваме денес нема. Значи, член 1 кој што е основен член на Законот, бидејќи останатите пет члена се номо техника, законска, каде што е вообичаено во секој закон на дециден начин ги

набројува факултетите. На тие факултети може да има 300, 500 или 1.000 студенти, но останатите студенти и нивната активност, дејствие, нивната универзитетска работа нема да се легализира. Се легализира само на овој помал дел. Вие на големо се повикувате на член 198, на Законот за високо образование или пак на член 5 од Законот што го предлагате, мислите дека е тоа континуитет или пак легализирање на некој начин на оние што треба да продолжат со настава со процесот на евалуација и тн.

Овој член, кога го усвои тогаш Владата на Република Македонија, законот во кој кај бев член на таа влада, се однесуваше на можноста за отворање на приватен универзитет и на албански јазик, но овој член главно се однесува на студентите на тогашната, но и на сегашните студенти на тетовскиот универзитет. Значи, не е нешто специјално. Не е во функција на континуитет, бидејќи тоа го имаме и заради таа цел е направен. Универзитетот на Штул, универзитетот во Тетово да имаат можност во континутет да ги продолжат студиите, но и да се заврши процесот на евалуација. Затоа, господине министре ова е Парламент, и ние не сме пред ваша лекарска маса по анестезија, да не ги разбереме процесите. Тој процес е многу јасен. Зошто го прави ова Владата и зошто го прави токму ова Министерството за образование. Причината или образложението е во Охридскиот договор и на националниот интерес. Добро, Охридскиот договор има само два елементи што се однесуваат до високото образование го имаме елементот на финансирање на албански јазик на високото образование и елементот позитивна дискриминација. Друго нешто нема. Нема ниту во тетовскиот универзитет, ниту на универзитетот на Југоисточна Европа или пак трет универзитет. И предлог законот со неговата содржина фактички на некаков начин е еден вид конкурент непринципиелно, нелојално на самиот универзитет на Југоисточна Европа господине министре, бидејќи ги отворате истите факултети, тоа е нон сенс. Доколку сега ќе се земе предвид националниот интерес како беше пречекан обидот за отворање на Медицински факултет во Приштина. Значи, навистина на нож така да се рече без оглед дали се од опозиција и позиција. Вие како министер за образование, како албанец во прв ред сте таму да ги решите проблемите на албанското образование. Го реков тоа пред некој ден и повторно ќе го кажам. Доколку Охридскиот договор сме отвориле, позитивна дискриминација, тогаш ќе речеме зошто не предложивте при Медицинскиот факултет во Скопје да се отвори и

настава на албански јазик. Мислам дека албанското население има многу потреба од лекари во овој момент, од фармацевти, од експерти на технички науки, машинисти од електрика и тн., архитектура, градежништво, но доколку ќе се одлучи да се направи универзитет, зошто овие сегменти, овие сектори не се предвидуваат во оној универзитет што го предлага Владата на Република Македонија. Јас разбирам, дека легализација на тетовскиот универзитет на ниту еден начин не би го направил господинот Бранко Црвенковски, бидејќи историската хипотека не го дозволува тоа. Но се чудам зошто тоа вие не го направите. На крајот на краиштата, како министер за образование за национални проекти имавте потреба и било потребно да направите консултација горе - долу, легална консултација за да се дојде до еден потребен консензус, бидејќи универзитетит не се отвораат секој ден. Ниту факултетите се основаат секој ден. Вие го апсорбирате едно основно право на албанците во овој момент и за ова има иста одговорност. Бидејќи ова право фактички, сега не е целосно. Ова има големи недостатоци и одговорноста е ваша.

За да не должам, на крајот повторно на некој начин ДПА го елаборираше своето барање, го елаборираше тоа што е неопходно да се направи. Ова го елаборираше и во амандмани, но ќе повторам неколку прашања за кои господине министер треба тука да се објасниме јавно пред овој аудиториум и оние што не следат. Имаме обврска госпоѓа Теута Арифи во врска со засконот за државјанство кажа еден многу значаен збор, ќе им дадеме државјанство на сите албанци кои имаат потреба од него и кои треба да го добијат. Одговорноста е најзина и на нејзината партија.

Гсподине Положани, вие треба повторно да објасните дали се легализира тетовскиот универзитет или не, конкретно. Господине Положани, вие го видовте буџетот за 2004 година. Вие учествувате во Владата која го усвои тој буџет. Дали забележавте дека во Министерството за образование за околу 100 милиони денари имате недостаток на средства во однос на минатата година. Напротив, на Министерството за полиција и за одбрана кои што имаат многу повеќе отколку претходната година. Потребите на ова Министерство се многу поголеми, бидејќи се основа уште еден универзитет. И сега, дали не ви изгледа како нешто апсурдно, како нешто спротивставено и на крајот што ќе направите со тие 10.000 студенти. Која е нивната судбина. Повторно би било добро денес

да добиеме одговор, дециден одговор на ова. Јас нема да должам повеќе, но тоа е едно барање, како и на моите претходници од мојата партија да ја подобриме грешката амандманите кои што сме ги предложиле да изнајдете сила и волја да ги усвоиме заеднички.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Насуфи.

Бидејќи не го гледам тука господинот Ќенан Хасипи, господинот Китановски. По него нека се припреми пратеникот Никола Ќуркчиев.

ИЛИЈА КИТАНОВСКИ:

Господине претседателе, почитувани колеги, господине министре,

Јас сум еден од повеќето пратеници кои што со целосен респект кон потребата од високо образование за албанците во Република Македонија ценат дека ова прашање сепак на задоволителен начин е решено со отворањето на универзитет на Југоисточна Европа во Тетово, како и со законските измени и со позитивната дискриминација при уписот на припадниците на етничките заедници на двата државни универзитети. Затоа, основањето на државниот универзитет во Тетово кој практично ќе биде достапен само за етничките албанци, а не и за другите етнички групи за македонците нормално, сметам дека е избрзан и политички мотивирано со штетни последици, кои што ќе се обидам накратко да ги елаборирам.

Прво, самиот акт стимулира поделеност и дезинтеграција, а не интеграција на младата популација по етнички принцип.

Второ, дефакто значи легализација на малоречанскиот парауниверзитет окарактеризиран како приватна забава од истата оваа Влада која дури употреби и физичка сила да го спречи неговото формирање на самите почетоци. За опасноста од сериско производство на дипломи, заради недоволниот квалитет во почетокот нормално на секоја основање на институција на наставниот кадар, зборуваа и пртходниците и јас само би рекол дека целото тоа може да води кон девалвирање на самото академско

образование, не само тој универзитет, туку и воопшто на академоското образование во Република Македонија.

Уште една причина повеќе е и тоа што 20% на територијата на Република Македонија постојат два универзитета значи Скопје и Тетово, а сега ќе има уште еден. Значи, ќе ги има вкупно три. Тоа сепак е 20% од вкупната територија на Република Македонија. На останатите 20% на регионот Битола и Охрид постои уште еден државен универзитет, универзитет “Св.Климент Охридски”, додека на останатите 60% од територијата на Република Македонија нема ниту еден универзитет. Дали Владата на Република Македонија има реални проценки. Колку финансиски ресурси, колку пари и колку други ресурси би ги заштедиле граѓаните, државата, институциите, студентие од Источниот дел на Република Македонија, доколку би се основал универзитет во Штип.

Исто така, основањето на државниот универзитет со практична реализација на Малоречанскиот универзитет, значи промовирање на принципот насилство и политиката на свршен чин како најделотворни за реализација на една политичка цел, што исто така не е добро и не праќа добра порака за во иднина.

Друга причина е самата економска состојба во која што се наоѓа државата, значи длабоката економска криза на економска рецесија, отпуштање од работа, намалување на животниот стандард и нормално намалување и на студентскиот стандард на студентите на двата државни универзитети, па и на студентите на Универзитетот Југоисточна Европа во Тетово, а за финансирање на еден универзитет кој што сепак, тврдам практично ќе биде моноетнички, иако можеби декларативно и во самите основачки акти и законските одредби пристапот на припадниците на другите заедници и на македонците не е затворен, меѓутоа, мора да бидеме реални за да сфатиме дека онаму каде што објектите на универзитет ги обезбедуваат разни команданти и каде што се врши упад во туѓи објекти, односно во објекти каде што се сопственици дефинирани или група на граѓани, многу тешко ќе може македонците па и припадниците на другите етнички заедници да се чувствуваат сигурни и безбедни и да им биде овозможено и тие да го чувствуваат тој универзитет како нивен.

ИЛИЈА КИТАНОВСКИ:

Се на се отворањето односно легализирањето на малоречанскиот универзитет во сегашната политичка клима, објективно може да донесе само негативни последици. Доколку е тоа целта, мислам дека таа ќе биде постигната.

Кај македонскиот народ, посебно кај населението во Западна Македонија созрева сомневањето дека легализацијата на овој парауниверзиет е само една алка од еден процес што заедно со новиот закон за територијална поделба ќе ја забрза кантонизацијата на Западна Македонија по етничка основа. Како инаку да се протолкува предлогот за територијална поделба на општините според кои, од Скопје до Охрид во цела Западна Македонија нема да има ниту една општина со доминантно македонско население. Како да се протолкува фактот дека има градови, како Кичево и Струга кои со стотици години наназад имаат доминантно македонско население, им се придодаваат селски рурални општини, како Зајас, Осломеј, Велешта и други . . .

ЉУБЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Китановски, за територијалната поделба ќе зборува подоцна, ќе зборуваме на следната седница.

Ве молам зборувајте за темата што е на дневен ред.

ИЛИЈА КИТАНОВСКИ:

Ваквите недоволно промислени и избрзани потези на Владата носат чувство на несигурност и загрозеност кај македонскиот народ, посебно во западниот дел на Македонија и внесуваат немир во и онака разнишаните меѓуетнички односи меѓу македонците и албанците, што воопшто не води кон добро.

За крај, Охридскиот рамковен договор, мое мислење е дека треба доследно и многу внимателно да се спроведува. Но, не може, секој политички пазар со краткорочни, дневно политички цели меѓу коалиционите партнери, СДСМ и ДУИ, да ни се противставува како дел од Охридскиот договор и како некоја историска работа.

ЉУБЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор пратеникот Никола Ќуркчиев.

НИКОЛА ЌУРКЧИЕВ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници.

Кога би поаѓал исклучиво од некакви дневно политички интереси или тесно партиски мотиви, можеби поочекувано е, јас како пратеник кој припаѓа на парламентарната позиција, освен тоа и македонец по националност, распрвата по оваа точка да ја проследам со дистанца, тивко и без збор, од место. Значи, во стилот, законот најверојатно ќе помине, нека се расправаат тие што сакаат односно во духот на онаа народната “кучињата лаат караванот си врви”.

Почитувани колеги пратеници, почитуван министер, ценам дека на дневен ред имаме значајно, меѓутоа и многучувствително прашање.

Во расправата треба да понудиме аргументи, за или против основањето на трет државен универзитет во Тетово и во тој правец претпоставувам, можам слободно да речам и очекувам, секој пратеник во своите лични човечки, интелектуални, па и идеолошки амбиции, дека може да ја изгради и јавно да ја презентира својата определба, својот став, по однос токму на ова прашање. И да тргнам од една објективна анализа во чија основа се содржани сите аргументи за и против, се разбира, да се направи една критичка и реална проценка за ефектите за кои се определуваме, дали сме за, или против ова прашање што е на дневен ред.

Истовремено, ценам дека не е премногу ако очекувам, дискутирајќи за ова прашање, за основање на трет државен универзитето во Тетово, како пратеници, значи субјект надлежен да ја донесе оваа одлука.

Во нашите настапи , освен секогаш задолжително присутната политичка компонента, овој пат да си имаат предвид процесите кои се над политиката односно државните процеси.

Почитувани колеги пратеници, внимателно ги слушав досегашните дискутанти, а со внимание ги следам и сите настани и процеси по повод ова прашање, и надвор од парламентот. За жал, морам да констатирам дека и надвор и внатре во парламентот, иако се говори за демократија, за права, за безбедност и стабилност, за развојни европски перспективи итн., сепак се останува само на реториката, реторика која во моментот можеби има одредена политичка оправданост. Меѓутоа, нејзините ефекти,

перспективно, дефинитивно ги закопуваат таквите наши амбиции и не затвараат во еден маѓепсан круг на национални фрустрации од кои не може да произлезе ништо друго освен константната недоверба, нетрпеливост и се што е логичен слет на таквото чувство.

Ако сите пратеници, ако политика на сите партии застапениво Парламентот е определба за квалитетно високо образование, особено на етничките заендици во РМ, ако репер во тие напори се европските стандарди, некој колега пратеник ја спомна Болоњската декларација, кој е мотивот, која е оправданоста и најпосле која е крајната цел за да не може да разбереме дека суштината на нашата, ајде да ја наречам борба за национална афирмација, грубо и без алтернативно да ја сведуваме на за или против основање на трет државен универзитет во Тетово.

Во расправата слушнавме повеќе различни мислења што апсолутно е во ред, повеќе спротивставени тези и повеќе дилеми. Веројатно тоа произлегува не само од фактот што сме ние пвоеќе партиски и демократски законодавен дом, туку и од фактот што сакаме да признаеме или не, ова прашање си има свој деграм. Така, ако по суштина, хронолошки ги подредиме само досегашните дискусии и од оваа собраниска расправа односно како политичко прашање, веднаш ќе се наметнат дилемите дали овој проект е политички договор меѓу СДСМ и ДУИ, некој ми се чиниго нарече и многу суров. Дали со овој закон се легализира малоречанскиот универзитет или парауниверзитет, зависи кој како милува да го нарече. Дали со овој закон се решава прашањето за реалните потреби на малите граѓани во РМ, припадници на албанскаста етничка заедница, или пак, како што беше кажано ова е само политичка измама.

Дали Штуловиот или нов тетовски универзитет е вистинското решение за потребите и да не ги наредувам сите тези кои беа кажани? Да не ги споменувам размислувањата и претпоставените варијации околу безбедноста и стабилноста, за кои исто така стана збор за повеќето дискусии.

Почитувани колеги пратеници, ќе се воздржам од анализа и коментирање на сите овие тези и дилеми, меѓутоа морам да нагласам дека, без оглед на нашите индвидуални, политички и национални позиции и чувства, прашањето за кое ние денес се расправаме има свој впечатлив белег врз нашата внатрешна и меѓународно политичка агенда, на која ние сме современици. Ирелевантно е сега да дискутираме за неговата генеза. Меѓутоа,

недопустливо е истата да ја игнорираме. Затоа сметам дека дебатата околу тезите кои што беа поставени во ртазправата и начинот на кој досега течеше таа, изобилуваат со секако вид на разноличност. Меѓутоа, второ, во сите фали оној клучниот, можеби најважниот елемент, проценка на ефектите, како од донесувањето, така и од недонесувањето на оваа одлука. Притоа, кога велам ефектите, воопшто не мислам на политичките ефекти односно моментните поени што одредена партија или поединец во парламентот ќе ги добие или загуби, во зависност од неговата определба за или против овој закон, затоа што се дискутира за стандарди, се дискутира за квалитет на високообразовноит процес. Се прават комперации, како во државни рамки, така и на меѓународно ниво, редовно се апелира на деполитизација на образованието, што значи, можеме да се согласиме дека високото образование не е политичко прашање. Јас се согласувам, меѓутоа, се нема доблест да се признае дека токму политиката е главната фрустрација на образованието за кое денес токму дискутираме.

Основа на сите жолчни дискусии се токму математики и калкулации за тоа колку и што ќе се добие, ако се каже оваа или онаа, од собраниската говорница. Која политика ќе ја стекне славата за одредена одлука, претпоставувам во дискусиите, неслучајно се оди и во блиското минато, со цел, макар и ретроактивно, без разлика каква ќе биде одлуката на Собранието, да се прокниži одреден поен, да се потсети јавноста, кој е повеќе, а кој е помалку заслужен, кој е крив, а кој е прав.

Почитувани пратеници, едно на сите ни е јансо, а тоа е дека овој предлог закон, во овој момент, е податлива материја, за стекнување на дневно политичка слава и за навлегување на јавен гнев. Тој факт стои и е несоборлив. Оттука, јас ја разбирам поединечната, да речеме театралност и патетичност во пристапот на ова прашање. Меѓутоа, на таков начин, верувајте дека од ден на ден од месец во месец, сите овие работи против кои заеднички се определивме дека ќе се бориме, ќе се спротивставуваме и ќе работиме да ги надминеме, само ќе се зголемуваат и мултиплицираат.

Ако сме искрени кога зборуваме за РМ, како место, како културно, би рекол единство и договор, како држава со унитарен карактер, како држава во која треба и мора да владее единството на системот и сите негови потсистеми, држава која мора да биде безбедна и стабилна. И на ова прашање треба да му пријдеме со умисла, со убедување

дека правиме нешто, дека носиме одлуки, прифаќајќи ја моментната можеби цена, меѓутоа знаејќи дека ние, претставниците на легално избраните државни оргни, а не некои други, сме креаторите, управувачите, раководителите на политичките и државните процеси во РМ.

Некој овде рече дека реалноста не ни е розова. Меѓутоа јас би одговорил дека со ретроактивен апортунизам, со игнорирање на реалноста за сметка на сопствените национални или идеолошки преокупации, нема да генерираме перспективност.

Пред да завршам, би сакал да кажам слендово:

Се согласувам дека политиката треба да биде надвор од образованието и се надевам, секој што, навистина држи до таа определба, ќе има сили да го надмине и прагот на декларативност. Од друга страна, сметајќи го образованието од предшколско па до високо, како многу значаен сегмент, за секое, па и за нашето општество, сметам дека истото треба да биде предмет може би на договор меѓу партиите, меѓутоа не во смисла како што прејудицираа некои колеги од опозицијата, туку во правец на негово осовременување, во правец на негово модернизирање, во секој поглед и перманентно подигање на стандардите и квалитетот.

И на крајот, бидејќи јас ќе го поддржам владиниот предлог, се разбира воздржувајќи се од сите лични предрасуди, очекувам дека токму очекувам токму ние како собраниски состав ќе го поминеме прагот на партиски политики за образованието, и посериозно ќе се просветиме на предметот државна политика за образованието, која ги подразбира вкупните потреби и проблеми на младите луѓе, а сите знаеме дека ги има многу и младите и проблемите со кои тие се соочуваат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор пратеникот Блаже Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани пратеници

Пред да почнам со мојот говор се прашувам дали на пратениците им се изгубено сеќавањето кога во Тетово истите овие челници за кои денес треба да гласаме и да ја верификуваме нивнаа упорност, повикуваат на борба против Уставот на РМ и ги повикуваат нивните студенти да земат оружје во рака, со единствена цел, тогашните команданти на ОНА, сегашните пратеници, функционери на ДУИ да дојдат на власт.

Се прашувам дали граѓаните на РМ ќе им дадеа доверба на Бранко Црвенковски и на СДСМ, ако знаеја дека тој и Али Ахмети со нивнот практицизам да дојдат на власт по секоја цена, ќе влезат во сојуз, за разни ветувања на она што единствено му остана на македонскиот народ, националното достоинство.

На СДСМ и на ДУИ не им беа доволни зртвите во 2001 година, не им беше доволно економското уништување на државата, не им беше доволно социјалната беда во која ги доведоа сите граѓани на оваа држава. Ним им е потребен и политички профит и политички договор од кој единствено би профитирале нивните елити, а тој договор е слендиот:

Имајќи ја предвид потребата да го покажи својот рејтинг кај албанците во РМ, се девалвира квалитетот кој беше постигнат со Штуловиот универзитет, се уништува концептот кој е единственоможен концепт за квалитетно и долгорочно остварување на потребите за високо образование на мајчин јазик на албанците, а се создава лажен впечаток дека со основање на нов универзитет во Тетово, ДУИ остварува голема победа за интересите на албанците. Со тоа, а со тоа поддршка на барабаните на СДСМ, ДУИ се надевам на покачување на сопствениот рејтинг кај албанскиот електорат, истиот оној електорат кој го излажаа со големите идеи за национално обединување, а со единствена цел да дојдат на власт и да ги остварат нивните лични потреби. Но, зошто во сето ова и помага СДСМ, каде е неговиот интерес. Не е тешко да се одгатне.

Наредната година следуваат претседателски избори. На тие избори СДСМ треба да истакне кандидат кој мора да добие поддршка од албанците, за да има некакви шанси за избор. Од овие многу прагматични потреби на СДСМ произлегува и поддршката на премиерот за малоречанскиот универзитет. Но, не е само ова што го има ветено премиерот, за да ја добие поддршката од албанците. Допрва ќе бидеме сведоци на неговите политички пазарења со Али Ахмети, за територијалната поделба, за Кичево, за

Струга и за многу други општини. Но, јас сум свесен дека ниту албанците, ниту македонците не можад да не бидат свесни за ова.

Албанците се свесни дека со малоречанскиот унвиерзитет не добиваат ништо друго освен политичка магла. Тие знаат дека за нивните деца да добијат знаења ќе мораат да ги запишуваат на Штуловиот униерзитет каде постои квалитет.

Тие се свесни дека некавлитетот и политичките манипулации не можат да претставуваат иднина за нивните деца студенти, особено што се убедени дека ДУИ е само привремена штета за нивните интереси. И тоа ќе помине, и пак ќе мораат да ги поставуваат своит еинтереси на образовен план со концепт кој долгорочно ќе произведува квалитетни кадри затоа што тоа е нивниот интерес.

Но, што да се каже за нашите поликанти од Владата кои не само што ги нарушуваат и уништуваат интересите на македонците, туку тоа го прават и со интересите на другите етнички заедници. Истите тие кои беа толку загрижени кога ќе се истакнеше некаде знаме кое не е државно, истите тие кои употребуваа сила за да ни докажат пред 6-7 години колкави патриоти се, сега ни кажуваат дека тоа било грешка. Дека било грешка што создаваа конфликти, дека биле грешка нивните тогашни изјави, дека Уставот на Република Македонија бил фабричка грешка. Тие не сваќаат само едно, дека тие се фабричката грешка која ни ги носи сите проблеми и за државвата и за сите што живеат во неја.

Кој може да разбере зошто истите луѓе кои ги создавале грешките, истите функционери од СДСМ за кои Малоречанскиот универзитет бил само приватна забава, истите тие сега мораме да ги слушаме како не убедуваат дека секогаш биле во право, дека сега се во право, само ние не можеме да ја разбереме нивната визија, а таа била дека ние мора да прифатиме тие што и да кажат. Дека, за да владеат со Република Македонија се е дозволено. Не е битно што кажале туку кога. Не е битно што немаат стратегија за иднината, туку дали е политичка потреба за нивната позиција, затоа што нашата судбина била да владеат со Република Македонија , независно што ја водат во стечај.

Кога протестираат студентите тоа било манипулација со нив затоа што тие не смеат да мислат. За нив има кој да мисли. Тоа е авангардата на чело со ДУИ и СДСМ.

Кога се бараат аргумени, критериуми, стандарди, тоа било резултат на некакви националистички гледања кои не можат да го сватат космополитизмот на СДСМ или пак неговите политички потреби во дадениот момент.

На кого му е грижа за што гласале граѓаните? Дали то абило за рамноправност, дали тоа било за заштита на нивните права, дали било за обезбедување на некаква иднина и за луѓето и за државата? Битно е дека изгласале за да дојде на власт СДСМ, но не е битно дека граѓанит ене дале доверба за пазарење со ДУИ, не е битно тоа што тие граѓани не сакаат да им бидат покачени ценит ена основните продукти заради Малоречанскиo туниверзитет или заради некаков промашен Бранков закон. Тие дале доверба за повисок стандард, за подобри услови за студирање на нивните деца, за поквалитетно образование на нивните деца, но тоа за СДСМ не е битно.

На Владата на СДСМ и ДУИ не им е важно мислењето на универзитетскит епрофесори, не им се важни условите во кои го поминуваат студентскиот период идните дипломци, не им е важно каде ќе се вработуваат младите. Нив единствено им е важно да се договорат и од тој договор да произлезе корист за нивните елити, а сето тоа е секако нужност која произлегува или од патот на Македонија кон Евроинтеграциите или од Рамковниот договор.

Највисок закон на Република Македонија стана компромисот постигнат помеѓу СДСМ и ДУИ и сето тоа во интерес на интегративните процеси во интерес на братските меѓуетнички односи, во интерес на опстојувањето на Владата на СДСМ и ДУИ. Тоа е евидентно и во случајот со легализацијата на малоречанскиот универзитет.

За премиерот не беше доволно тоа што Меѓународната заедница вложи 50 милиони евра во Штуловиот универзитет или таканаречен универзитет на Југоисточна Европа, за него не е важно што тој Универзитет претставвуа вистински пример за мултиетничко живеење со изведување на настава на македонски, на англиски и на албански јазик. Со дружењето на студентите од различни етнички припадности, со квалитетна настава од страна на професори со различна етничка припадност.

За премиерот мора да се направи чисто едноетнички универзитет, па макар тој и да живее само неколку месеци. Тоа што се раѓа без претходна анализа, без потенцијал да опстане и да биде од корист на државата не може да трае долго. Овој универзитет ќе

биде многу повеќе приватна забава од онаа приватна забава од пред 8 години, затоа што тогаш беше приватна забава на мал број учесници, а сега е приватна забава на Владата на Република Македонија , приватна забава заради политички интерес на СДСМ и ДУИ.

Ако сакаме да ги поставиме работите по однос на прашањето на правото на високо образование на албанците, треба да ги имаме во предвид следните согледувања:

Прво, потребата на малдите албанци да студираат во нормални услови на мајчин јазик кој ќе им обезбедат стручност и задоволително образовно ниво што е од интерес и за државата и за студентите и за нивните родители. Такви услови постојат во Штуловиот универзитет. Ако таму недостасува одреден сегмент, ако треба да се отвори нов факултет кој во овој момент не егзистира, тоа е потреба која треба да се реализира со обезбедување на просторни, кадровски услови , со финансиски проценки за остварување на таа потреба.

На Штуловиот унверзитет постојат услови за студирање на албански јазик. Штуловиот универзитет располага со професори кои на адекватен начин ги едуцираат нивните студенти. Штуловиот универзитет има просторни можности за изведување на квалитетна настава. Значи, реалните потреби кои ги имаат студентите албанци можат да ги задоволат во рамките на Штуловиот унверзитет или евентуално негово дооформување и со други факултети.

Второ, обезбедување на солиден студентски стандард. Оваа потреба е евидентна и на Скопскиот и на Битолскиот универзитет. Значи, надминувањето на состојбите кои претставуваат секојдневен товар на студентите со оглед на условите за живеење во бараките, тоалетните чворови, видот на исхраната и многу други тешкотии со кои се соочуваат не може да претставуваат еднонационален проблем. Затоа, имајќи предвид дека Владата нема приоритетен однос кон прашањето за подобрување на студентскиот стандард, ниту пак планира или користи средства за негово зголемвуање, со право студентите прашуваат. Зошто 3 милиони евра , а никој за подобрување на условите во кои тие живеат и студираат не дава ни денар?

Трето, образованта политика која треба да ги задоволува потребите на државата за кадри со одредена профилираност. За да се отвори нов универзитет потребна е

анализа и проекција за државните потреби. За малоречанскиот универзитет не е презентирана никаква анализа за тоа какви дипломци, од кои стручни области и во колкав број ќе бидат излезени од овој универзитет. Какви потреби има за нив? Колку сето тоа ќе ја чини државата годишно? Дали завршените студенти ќе можат да се вклучат во надминувањето на економските и вкупните општествени проблеми на државата? Накусо, колку пари државата ќе треба да плати, а колку тие средства ќе треба да и се вратат преку вклучувањето на идните дипломирани студенти во нејзиниот развој?

Четврто што ќе стане со квотите со упис на албанците, затоа што тие квоти за упис дозволуваат привилегија за нив на сметка на можностите за упис на факултет на македонските средношколци кои имаат пвовеќе бодови, а со самото тоа се врши селекција, не врз основа на квалитет, туку врз национална основа.

Петто, дали со овој предлог не се дава потврда за немањето на никакво почитување на законите ког аалбанците сакаат да постигнат одредена политичка цел со прифаќањето од страна на Владата на узурпација на објекти од страна на некакви команданти за кој не важи низакон, ни институции, туку единствено им е потребна поддршката од ДУИ.

Дали тоа не е зелено светло истото да почне да се случува и во средното и во основното образование, се разбира со политички амин на ДУИ, а со премолчена согласност на СДСМ. Навистина многу прашања, а само еден одговор.

За да се реализира спогодба од било каков вид помеѓу СДСМ и ДУИ не важи Уставот, не важат законите. Доволно е тие да се договорат и да најдат дневно политички интерес за одредена работа. Така беше со изборот на Хисни Шакири за потпретседател на Собранието, така беше и сеуште е со Чакала и Бреза, така е и сега со легализацијата на тетовскиот универзитет.Така е кога се на власт лица кои политиката ја сваќаат за приватна забава. Едни кои влегуваат во Владата со оружје, а други со лаги. За жал, нивните приватни забави ги плаќа Македонија. Што е многу, многу е. Цената за вашето владеење станува превисока.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Реплика има господинот Зоран Заев.

Повелте имате три минути.

ЗОРАН ЗАЕВ:

Благодарам, претседателе, почитуваниот колега Стојановски премногу и претерано ја критикува СДСМ и премиерот Бранко Црвенковски во однос на тоа како ја водат политиката. Само да ве потсетам, почитуван колега, дека СДСМ е политичка партија и се бави со политика. И, според јавното мислење СДСМ сепак најуспешно води политика. А, вие , господо од ВМРО-ДПМНЕ, не занејќи да водите политика влеговте во војна. А, последиците денеска сите ги чувствуваме.

Благодарам претседателе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има реплика г-дин Блаже Стојановски.

БЛАЖ СТОЈАНОВСКИ:

Почитуван колега Заев, со вашата реплика навистина ме потсетувате на стариот комунистички режим каде што вие кажувавте што е дозволено, а што не е дозволено. Јас се надевам дека нема да имаме потреба да ни кажувате колку може да ја критикуваме Владата и до каде, затоа што ние ќе ја критикуваме се тотогаш додека не ги штити националните интереси на македонскиот народ и интересите на  Република Македонија .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се јави за реплика г-динот Агим Џелили.

АГИМ ЏЕЛИЛИ:

Почитувани колеги, вие барате албанците да се откажат од тетовскиот универзитет бидејќи го имаат по квалитетен Штуловиот универзитет. Албанците не се новина, но и ние не сме случајни овде во Парламентот, не сме приватен народ, за приватни пазари туку сме составен дел на државата што ни го овозможува Охридскиот договор, позитивните

закони на оваа држава, како и Меѓународните конвенции што ги потпишал или пак усвоил овој Парламент.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута има г-динот Блаже Стојаноски. Повелете.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Благодарам г-дине претседателе.

Јас преку целата моја дискусија сакав да му кажам на пратеникот и на останатите пратеници, за да го решат албанците прашањето на високото образование, не треба да измислуваат топла вода, туку треба да реализираат проект кој што ќе биде заснован на анализа на постојните состојби и од каде што ќе произлезе квалитетно високо образование. Вие, имајќи во предвид употреба на албански јазик што нема врска со правото на високо образование, цело време продавате политичка магла на вашите гласачи, со цел да се реализираат некои ваши политички потреби.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Реплика има г-дин Хусеини Хусеинџевад.

ХУСЕИН ХУСЕИНИЏЕВАД:

Почитуван пратеник, јас со внимание ве сослушав и по се чини дека слушнав еден памфлет кој можат да го разберат само стоте студенти редовни и триста не редовни или пак со коресподенција студенти, но колку и да ја земете елоквенцијата на г-дин Чашуле не можете да убедите никого дека сонцето е штетно за некого.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-динот Блаже Стојаноски една минута реплика.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Само ќе му поставам едно прашање на претходниот пратеник. Не се договоривте ли со СДСМ за Малоречанскио туниверзитет. Дали тоа не е политички договор меѓу ДУИ и СДСМ?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Реплика има пратеникот Апостоловски  Никола.

Повелете, три минути.

АПОСТОЛОВСКИ НИКОЛА:

Почитуваниот колега Стојановски неколку пати спомна приватна забава во режија на СДСМ. Јас можам да му одговорам. Поголема приватна забава не виде македонскиот народ не виде во организација на ВМРО-ДПМНЕ во период 1999-2002 година.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Стојаноски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Се чини заборавивте дека во 1995 година вие и вашата тогашна Влада на Бранко Црвенковски испраќавте полиција во Мала Речица со цел да се спречи основањето на овој Малоречански универзитет дека вие го прогласивте за приватна забава основањето на тогашниот див парауниверзитет кој што истите вие сега ни кажувате дека треба да биде легален, дека имало реална потреба за негово основање.

Мислам, ако треба да зборуваме за доследност тогаш да зборуваме за доследност во изјавите и во ставовите, а тоа  со СДСМ не е случај.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Реплика има пратеничката Љиљана Ивановска.

ЉИЉАНА ИВАНОВСКА:

Благодарм г-дин претседател, почитуван колега Стојаноски вие овде зборувате за бранењето на националните интереси на оваа Влада. Јас вас ве прашувам, дали во својство на Комисијата за човекови права која што денес ја претставувате во Собранието, имавме средба со советодавниот Комитет на Советот на Европа за Рамковната конвенција за малцинските права во кои што нашите гости од странство кажаа дека Македонија е над статусот на европските стандарди за почитување на малцинските права. И, за какво барање на националните интереси зборувате. Едно зборувате, а поинаку настапувате.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Стојаноски, една минута.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Јас само можам да и заблагодарам на колешката за ваквата реплика затоа што факт е дека ако постојат стандарди кои што се дефинирани со Рамковниот договор и со Уставот на Република Македонија , зошто тогаш се основа овој паралелен универзитет.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, бидејќи завршивем со реплики, збор требаше да има г-динот Назми Бекири, но тој не е тука.

Повелете г-дине Хисни Шакири, а по него нека се подготви пратеникот Аднан Јашари.

ХИСНИ ШАКИРИ:

Почитуван претседателе, почитувнаи пратеници, навистина човек е тешко да се концентрира на она што во моментот е непознато, непотребно, но мислам дека само вака гледам дека ако се концентрираме, насочиме, кон вистинскиот пат секогаш ќе имаме резултати. Ова е навистина сосема точно, кое што е потврдено и од многу закони, но сепак, за жал, со жалење можам да констатирам зошто не сме во состојба да ја

запознаеме добро реалноста, да бидеме во функција за она што не избра народот, за што дојдовме да работиме,а во реалност се обидуваме по секој услов и во овие многу сериозни моменти, значајни моменти бидејќи решаваме за едно многу значајно прашање, јас не гледам таква сериозност , по се се зборува за историски настани, повеќе и филозофија, повеќе политика.

Ве молам, историјата ја пишуваат историчарите, но ние сме така да речам законодавен дом кој на дневен ред го има Законот за официјализирање или пак за оснвоање, ве молам, не ми кажувајте со раце, со прсти, имајте трпение, јас мислам дека имам. Ве молам немојте да се однесувате така. Јас верувам дека не можам, јас суммногу толерантен за работи кои што не се во согласност со човечкиот кодекс, јас имам внимание кон сите и мислам дека сум принципиелен и ве молам немојте да ми забележувате. Немојте да реагирате, ќе го добиете зборот и ќе си кажете. Ве молам. (Им се обраќа не некои од пратениците).

Јас ви велам со целосна одговорност се што беше кажано досега во некои маратоснки дискусии, верувајте дека многу малку имаше дискусии за значењето на овој универзитет.

Почитувани пратеници, овој универзитет не е само интерес на албанците, туку тој е државен интерес, интерес за сите граѓани на Македонија. Вака треба да се разбере. Секој пратеник кој што не е во состојба да го разбере ова прашање на ваков начин, мислам дека не е на вистинскиот пат и не придонесува за вкупните интереси на државата.

Зошто да не кажам, вие пратениците од ВМРО-ДПМНЕ треба да имате храброст, треба да покажете навистина храброст во многу назначените работи, кажано е дека вистинските државници се тие кои што пружаат рака. Значи пружена рака од ЛДП испружена до СДСМ во однс на една ваква работа, не е тоа никаков интерес ниту на СДСМ ниту на ЛДП, ова е државен интерес. Зошто не дискутирате за ова прашање господа? Како што се гледа вие немате храброст, немате смелост да се манипулира со маса, мислам дека е лажење на самиот себе си, како и вие да бевте на власт во моментов. Така ќе парафразирам.

На пример не се на власт СДСМ, ЛДП и ДУИ, не се во коалиција, туку во таа коалиција има поинаква структура во која ќе бидат ВМРО-ДПМНЕ, убеден сум дека и вие

би го направиле ова, бидејќи процесите се изменети, времето треба да оди во чекор со времето, не треба да гледаме назад, Треба да гледаме напред.

Доколку се вртиме назад, верувајте дека ќе ги искршиме забите. Треба да ни бидат јасни овие работи. Јас не ги измислувам овие теореми. Не е нешто што Хисни Шаќири сака да измисли и да ви држи предавање бидејќи има професори на факултети. Јас со голема желба ги слушам интелектуалците кои ја познаваат науката, кои се во функција на вкупните интереси, кои се во функција на еден економски развој кој е во интерес на развојот на еден мирен протест. Зошто да не ги слушаме, бидејќи тоа е за доброто на сите, без оглед на која партија и припаѓаат. Дали од ВМРО-ДПМНЕ, од СДСМ, од ДУИ, од ДПА. Се е тоа исто. Значајно е во овие моменти треба да ни бидат јасни работите. Доколку не ни се јасни работите и се обидуваме да зборуваме со доза на еден товар, на оптоварување и се обидуваме сега во овие моменти да одиме таму каде што во моментот не ни одговара, мислам дека не сме дале никаков придонес.

Јас слушам маратонски дискусии, ова е упатено и до Замир Дика кој што вчера имаше едно навистина предолго експозе, нека ме разбере како другар, не сакам да го искористи за реплика туку моите забелешки, сигурно и тој ќе има забелешки на мојата дискусија, ние треба да ги прифатиме забелешките и критиките, но критики што се во функција на канализирање на овој процес, на ова прашање. А, не што се дискусии во функција на блокади, на опструкции и тн. Ние ја имаме состојбата каква што е, се обидуваме да ја надминеме. Некој си има поинаква идеја, некој има поинаков пристап. Ние неможеме да му го одземеме тоа право, но да се обидеме во нашите дискусии да ги убедиме сите тие политички сили кои размислуваат поинаку.

Господо пратеници, кога станува збор за прашања од државен интерес, од државен карактер, национален, не треба да се гледа од партиска гледна точка, затоа што правиме грешка што е непоправлива. Прашањето на Универзитетот се однесува на еден севкупен државен интерес. Подготвува кадри што ќе бидата во функција на економскиот развој, во фукнција на сите интереси на оваа држава, а не на некој друг. Зошто не го гледаме ова прашање вака? Од овој агол. Некој, можеби сега спомнува разно разни причини. Историјата е навистина таква каква што е.

Јас ви велам, не сакам да се враќам назад. Имам многу да зборувам. Многу повеќе од вас. Можеби и вие ќе бидете во состојба, доколку сакате да ја прифатите реалноста, да останете без текст. Но, имајќи предвид еден факт дека не треба да се дојде до чувствата на луѓето, без оглед на семејството. Не сакам да се спомнуваат семејства. За мене тоа е крај. Тоа е историја. Некој спомнува одредени имиња дека направил тоа, направил ова. Јас ќе ви го кажам правото, јас имам дискусија и теорија многу јасна што се заснова на факти со кои можам да излезам со една многу силна дискусија и да ви кажам што е реалноста.

Ние спомнуваме период од 2001 година. Не сакам да го спомнувам. Јас имам многу да кажам нешта за тој период. Можеби некој не го познава воопшто тој период, а зборува за другите. Јас навистина внимателно зборувам за сите. Не сакам да дојдеме во судир со чувствата на луѓето. Верувајте ми. Како што сакате можете да ме разберете. Ова не е политика. Ние сме во постојана комуникација и треба заеднички да ги решаваме проблемите.

И сега да ви држам политика во функција на нешто што е камуфлажа, мислам дека не сум искрен. Затоа ви сугерирам и вие господа, за овие прашања да размислувате ладнокрвно и реално да ги кажете своите работи.

Сите посакуваа еден државен универзитет. Универзитетот на Југоисточна Европа не го реши овој проблем. Ние сме сведоци за тоа. Зошто зборуваме за тоа. Не треба да го напаѓаме. И тој е една научна институција. Но, имаме едно друго прашање. Сакаме да го заокружиме. Ќе ви кажам уште еднаш. Не сум човек кој бега од одговорност. Направивте еден голем чекор. Треба да се поздрави. Сега останува да се регулира тоа прашање. Доколку не го решиме ние албанците, тогаш одговорноста е наша. Треба да бидеме одговорни пред студентите и пред сите наши гласачи и нема да бараме виновници во друга средина. Ова е храброста на оваа власт, на коалиционата власт. Јас не го спомнувам ДУИ, ДУИ не го прави универзитетот. ДУИ не беше никаква политичка структура кога стартуваше тој универзитет. И сите сме сведоци на времето кога се основа Универзитетот на Југоисточна Европа, сите ние очекувавме да се зборува за нешто идеално. Но, не се најде решението. Целата таа работа што се импонира, можеби не со наша желба, ние треба да се соочиме со тоа. И, соочувањето со овој проблем, јас мислам

дека е големина, е тест и треба да се почитува од сите граѓани на Македонија, бидејќи Македонија, јас сум длабоко убеден има интелектуална структура, многу висока.

Вчера ми се допадна дискусијата на пратеникот од ЛДП кој реше дека имало структури и во редовите на македонскиот блок од интелектуалци кои на времето рекле дека ова прашање треба да се реши. Но, тоа го прават навистина луѓе, мажи кои имаат хумано срце. Тоа го прават големи мажи, а не луѓе, кои се обидуваат врз грбот на овие граѓани кои се наоѓаат во многу тешка ситуација, се обидуваат да создаваат политичка кариера. Некој спомна дека и твојата кариера ја почна некаде на друго место. Не се започнува кариера со опасност по живот. Но, не треба кариерата да се создава и со интриги, манипулации, бидејќи тоа не е чесно.

Секоја чест кон сите интелектуални и прогресивни сили што во овој момент најдоа причина, оправдување и предложија еден закон што мислам дека треба да го заокружи ова прашање. Затоа, апелирам до сите, не само тука во Парламентот, до сите граѓани, да бидеме во фукнција на целата оваа идеја, на овој проект што денеска добива целосна законска форма и со завршување, со заокружување на ова прашање се создава една многу силна основа Македонија да оди напред. И треба, јас ви велам, историски и од анали оваа структура да се спомнува. Бидејќи има храброст.

Затоа треба да си пружиме рака сите, без оглед на политичката боја, бидејќи ова го имаме како обврска. Да не се занимаваме со рекла-казала и дискусии кои што овде се опишува историјата а историјата ја пишува некој друг.

Јас ви велам, сосема на крај, не сакам да прејудицирам дека навистина мислам дека сме досадни за прашање што е многу значајно, мислам дека треба да се поздрави оваа иницијатива. Потребно е со една дискусија од сите парламентарни групи и со акламација овој закон да помине. Тогаш има хармонија, тогаш постои клима за враќање на една убава светлост што ќе го збогати целиот овој свет. Некои сакаат да ја променат формата на светот, според нивните дискусии. Немојте да инсистирате некаде за нешто и процесите во општеството се процеси што се развиваат сами по себе. Тоа е резултат на процес но и тоа е еден полилтички сенс што го разбира или не некој. На тие што го разбираат им подавам рака.

Ви благодарам многу.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Хисни Шаќири.

Господине Џевдет Насуфи, вие сте први пријавени за реплика, имате 3 минути.

Повелете.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Ние, изгледа господине претседател, пратеници, господине Хисни, ние не се разбираме. Ова е жалосно. Тоа е хендикепот што го имаме тука. Станува збор за два концепти. Не се легализира тетовскиот универзитет. Законот е нешто друго.Тука е проблемот. Не можеме и ние со формулации да се убедуваме онака како што бара некој. Правото за основање на еден современ, модерн универзитет што ги исполнува концептите, што ги бара денес Европа, ги бара новата наука. Тоа го бара. И овој универзитет, овој закон треба да оди во оваа насока. Никој од нас не оспорува дека од Буџетот, од средствата што влегуваат во Буџетот и од албанците да се финансира една висока институција. Но не да се создаде една институција со која се уништува друга, се апсорбира правото. Албанците сега ја имаат шансата да имаат еден модерен универзитет. Цел живот не може некој да го финансира еден универзитет, како што сите се согласуваме, како што е Штуловиот универзитет. Тука е недоразбирањето. Недоразбирањето е начинот како се пристапува кон овој закон за финансирање на високо образование на албански јазик, што не е во согласност со потребите на албанците. И во оваа точка се недоразбирањата. Не станува збор за простор, не станува збор за финансирање, не станува збор за универзитетска структура што треба да биде, туку напротив. Таа е во спротивност со Универзитетот на Штул, еден вид тотална конфузија во високото образование. Затоа ние предложивме амандмани.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Следен за ред е господинот Замир Дика.

Повелете, имате 3 минути.

ЗАМИР ДИКА:

Благодарам претседателе, почитувани колеги,

Навистина прифаќам дека мојата дискусија беше екстензивна. Жал ми е што мојот колега Хисни Шаќири не разбра ништо од моето експозе. Затоа, заради објективност, уште еднаш ќе повторам дека нашите дискусии беа искрени, аналитички, засновани врз фактографија. Вие, до сега, ниту еден не излезе да ги урне овие факти. Многу ми е жал за ова.

Не импутирајте дека ние сме против тетовскиот универзитет. Уште еднаш сакам да ви нагласам овој закон што го донесувате вие денес, напротив е многу парцијално решение и може да се сомневате дека е против универзитетот. Законот вели - закон за основање нов универзитет во Тетово. Структура на овој унивеерзитет, не е во согласност со структурата на факултетите што се на актуелниот универзитет во Тетово. Многу голем број на студенти, врз основа на Законот ќе останат без легализирање на нивното знаење. Голем број од овие факултети што се денеска, се паралелни со факултетите на Штуловиот универзитет. Се дуплифицираат кадри. Зошто да не се предлжат пет други факултети поради доброто на студентите албанци. Потоа, во Буџетот за високо образование за 2004 година не е предвидено ниту едно средство за високото образование. Вие предвидовте тоа, но во некој други ставки. Зошто да не биде тоа за јавните универзитети. Кои се просторите? Дали обезбедивте простор? Кој е бројот на студентите кои ќе се запишат? Одговорете на овие прашања и еднаш засекогаш ќе немаме дилеми и ќе видиме дека навистина се создадени услови што ги заслужуваат студентите во Тетово, но сите албански идни студенти.

Ова се нашите забелешки. Во врска со ова реплицирајте да не го ставаме Парламентот во една голема соба, туку да разговараме за законот за кој што станува збор.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господинот Хисни Шаќири има право на контрареплика од една минута.

ХИСНИ ШАЌИРИ:

Господине Замир немав намера да реплицирам, но кога рековте дека не ве разбрав сето она што го кажавте вчера, час и половина зборувавте за она  што сега го кажавте за три минути. Мислам дека егзактните науки ги познаваш добро, направете

анализа, земете ја стенограмата, доколку произлезе нешто друго, тогаш јас, Хисни Шаќири сум во состојба да се извинам.

Второ, видете, јас реков, Универзитетот на Југоисточна Европа не го заокружува прашањето. Тоа го знаете и вие и јас. Тогаш зошто зборуваме за нешто што не е завршено. Сосема нешто друго, што во иднина можеме да направиме, но претходно да прејудицираме и да речеме дека во иднина ќе се види тоа, мислам дека не е во ред. Тој универзитет ние го создаваме врз правна основа. За други прашања можеме да разговараме.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господинот Фатмир Асани има реплика.

Повелете, имате три минути.

ФАТМИР АСАНИ:

Господине Хисни Шаќири јас сакам да ти верувам, но моето срце не верува.

Знаеме дека пред две години бевме во иста партија и многу добро се сеќаваме дека јас и една група екстремисти на ДПА, каде што беше и ти учесник, тебе ти се обративме дали ги исполнува условите Штуловиот универзитет и дали е на штета на тетовскиот универзитет. Вие, на ист начин, без факти, без аргументи, убедително рековте на таа средба дека со тоа се исполнуваат условите за високото образование на албанците. Денеска на говорницата ни рековте, вие со прст ни се обративте, не ни кажавте дали го официјализирате, туку велите дека основате нов универзитет со четити факултети и една виша школа, истите факултети што ги има и на Штуловиот универзитет.

Јас ќе ве поддржам доколку вие прифатите Медицински факултет, Архитектонски, Градежен, Фарматевтски и други факултети за кои што навистина имаат потреба албанците. Ние немаме потреба од социолози, од политиколози, марксисти, ленинисти. Имало можности да седнеме да разговараме, но сме можеле да разговараме доколку не се отвораат исти наставни паралелки. Мислам дека би било потребно да го прочитате Законот за високото образование и да работите според него.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Нема повеќе реплики. Повелете господине Шаќири една минута.

ХИСНИ ШАЌИРИ:

Им се обраќам на сите пратеници и на целата јавност. Не се мерам со твојата вага и од сега натаму Хисни Шаќири нема да реплицира со твојата реплика, бидејќи нема да паднам на такво ниво кое го имаш ти.

Ти благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓа Којзеклиска, реплика.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Благодарам претседателе,

Господинот Хисни Шаќири рече дека сме требале напред да гледаме, никако назад, па ние гледавме напред кога го основавме така наречениот Штулов универзитет, тоа е првата работа.

Господинот Хисни Шаќири не ни го кажа кој е државниот интерес со донесувањето на законот за основа на државен универзитет во Тетово, а ако не знае јас би сакала да му кажам дека државен интерес на Република Македонија е влез во Европската унија и НАТО со високо образовни и квалитетни кадри, а не со квази образовани кадри.

Едно нешто не ми е јасно зошто господата од власта, конкретно претставниците од ДУИ со толкава жестина го бранат основањето на овој универзитет му даваат драматичност кога продукцијата на образовните кадри од тој универзитет на крај ќе не доведе во ситуација тие луѓе да не можат да го практицираат она што го научиле таму. Зошто со таков жар не се занимаваат со економија, каде тие луѓе после ќе се вработат ако ги продуцираме толку многу. Ќе бегаат надвор од Република Македонија? Ве молам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Три минути реплика за г. Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Би сакал да му реплицирам на г. Хисни Шаќири за некои работи што ги изрече. Тој повика на храброста на ВМРО, укажа и кажа дека сме немале храброст, само би му кажал на г. Шаќири дека на ВМРО било во историјата било сега никогаш не му недостасувала храброст ниту во минатото ниту кога вие г. Шаќири заедно со вашите истомисленици ја загрозувавте безбедноста на оваа држава, ниту кога ја браневме оваа држава од токму како вас тоа што го правеа, ниту кога го потпишувавме Рамковниот договор имавме храброст тоа да го направиме, ниту пак денеска кога гласаме против овој закон односно ќе гласаме против и кога го критикуваме.

Само да ви кажам овој закон нема никаква врска со Рамковниот договор и немојте да го поистоветувате тоа со тоа.

Од друга страна исто така овој закон нема никаква врска ниту со правата на албанците за образование на својот мајчин јазик, спрема тоа, немојте нас да не повикувате на храброст.

Она што рековте дека сте убедени доколку ние денеска бевме на власт со било кого во коалиција дека ќе сме го донеле овој закон, да ви кажам ако денеска бевме на власт со вас никогаш немаше да бидеме во коалиција, а исто така овој закон сигурно немаше да биде поднесен ниту донесен од ВМРО-ДПМНЕ, а ако сме сакале тоа да го направиме, ние бевме на власт, па и вие учествувавте едно време во таа власт, тој закон и таков закон ваков каков што е не поднесовме ниту таков ќе биде. Сега, ако даде Господ пак да се вратиме на влас, бидете сигурни дека ќе го ревидираме овој закон.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута реплика за г. Хисни Шаќири

ХИСНИ ШАЌИРИ:

Го почитуван г. Караџоски, тој е правник, но жалам и можам да констатирам дека нема никакво трансформирање дека не си во тек со времето, треба да се движиш со времето, бидејќи времето не приморува да се трансформираме да бидеме многу

помодерни. Ти сеуште живееш со многу постари идеи кои не одговараат во моментот, сега имаме поинакви процеси, треба да одиме напред.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Процедурално г. Тито Петковски.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Господине претседателе, почитувани колеги,

Сакав да ве замолам да ја прекинеме расправата независно што гласавме. Да се обидеме министерот заедно со Комисијата во понеделник, ако треба и координаторите на пратеничките групи, наспроти и во пресрет на амандманите што се поднесени со единствена цел да дојдеме до добар проект, до добар закон, да направиме обид да најдеме консензус. Да најдеме разбирање за идеите за кои разговараме три дена, а за кои гледам овде има уште 20 пријавени пратеници за дискусија. Бидете сигурни ќе трае цела недела оваа седница по оваа точка. Ќе изгубиме сите ние како пратеници, ова не му користи никому. Не добива ни опозицијата ни власта на овие теми. Губиме сите заедно.

Оваа реторика што денес ја слушаме во Парламентот таа одекнува многу лошо меѓу нашите избирачи било Албанци, Македонци, Турци, Срби итн. Се плашам да не ја грешиме работата, пак се враќаме на почетни позиции. Поминавме зад нас многу драматични години, а се плашам пак да не влеземе во некои турбуленции од кои не ќе можеме да излеземе.

Според тоа, ве молам, демократијата подразбира и имање слух и за другиот. Впрочем, политиката не е ништо друго, туку компромис за можното. Јас токму тоа го предлагам.

Оваа стерилна расправа напродуктивна да ја прекинеме, Комисијата за образование во понеделник заедно со министерот да се обиде да најдат заедничко решение по овие теми, бидејќи видите во што се судираат. Најмногу реторички се надмудруваат ДПА и ДУИ овде дали станува збор за укинување, легализација или нешто сосема трето.

Ако е работата во сверата на реторика е многу лесно, но ако е во сверата на политиката е многу потешко да дојдеме до решение. Но, вреди да направиме обид.

Благодарам господине претседателе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Инаку, по членот 79 седница може да се прекине кога за тоа ќе одлучи Собранието по предлог на претседателот на Собранието, пратеничка група или 10 пратеници, а заради дополнителни консултации и прибавување на мислење на Влада и од други органи. Одржување на седницата на надлежните работни тела за разгледување на предлозите на акти или материјали поднесени на седницата, како и заради отсуство на предлагачот односно претставник на предлагачот на актот или материјалот.

Јас не го спорам ова право што го кажа пратеникот Тито Петковски, но, за да се стави тоа на гласање, потребно е пратеничка група или 10 пратеници.

Процедурално госпоѓа Самоилова.

ГАНКА САМОИЛОВА - ЦВЕТАНОВСКА:

Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ најенергично се спротивставува на предлогот на г. Тито Петковски, бидејќи во однос на ова прашање никогаш нема да постигнеме консензус затоа што ВМРО-ДПМНЕ никогаш нема да се согласи со легализација на еден ваков пара универзитет на кој се нуди квази образование.

Консензус можеме да постигнеме само во однос на стратешките прашања на Република Македонија, а во однос на тоа дека губат пратениците да, губат пратениците од позицијата и губи Република Македонија, бидејќи Ќе биде уназадена со едно вакво неквалитетно образование. И историската одговорност за донесувањето на овој закон ќе ја сноси токму владеачката коалиција на СДСМ и ДУИ.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Процедурално госпоѓа Соња Лепиткова.

СОЊА ЛЕПИТКОВА:

Сакам сега да се произнесам како претседателт на Комисијата за образование, наука и спорт која имаше седница и на која седница извештајот од тоа што е заклучено и како се дискутирало е поделено на сите пратеници.

Бидејќи од г. Тито Петковски беше предложено да се прекине седницата и Комисијата повторно да се состане и координаторите на пратеничките групи се со цел да може да се изнајде решение за овој доведен политички ќор сокак.

Чувствувам потреба како известител на Комисијата да укажам на тоа дека Комисијата работеше во полн состав, расправаше по законот за отворање на нов трет државен универзитет на која седница учествуваа сите нејзини членови и сакам да напоменам пред јавноста дека членовите на оваа Комисија  нормално произлегуваат пред се луѓе од сверата на образованието кои навистина буквално многу квалитетно расправаа без вакви тензии на кои беа изнесени сите аргументи за и сите аргументи против на една многу плодна расправа 2,5 часовна и на крај донесовме одлука, сакам заради јавноста да го кажам, дека со 8 гласа за, 2 гласа воздржани, со ниеден глас против донесовме одлука на Комисијата дека ќе поддржиме да се донесе закон за основање на државен универзитет во Тетово.

Нормално имаше реакции во врска со повикување на законитоста, на уставноста на овој закон итн, меѓутоа, од сето тоа произлезе дали да се донесе законот со 8 гласа за, 2 воздржани и 1 против. Се донесе одлука дека овој закон треба како таков да биде донесен. Два и пол часа расправавме по оваа точка и навистина јас бев посебно импресионирана од тоа дека произлегоа многу конструктивни дискусии и секогаш најмногу се повикувавме на тоа освен господинот Ѓорѓи Оровчанец, гледам дека сака да реплицира, кој се повикуваше на уставноста на законот, сите други на тоа дали ова нешто нуди квалитет.

Понатаму, ќе го задржам правото како пратеник да дискутирам по овој закон и да го изнесам моето лично мислење, меѓутоа, овде се јавувам во улога на известител на Комисијата да предочам пред јавноста дека она што беше тек на седницата на Комисијата за образование, наука и спорт, воопшто не кореспондира со ова што денеска се случува.

Значи, луѓето од фелата на образованието на таа Комисија воопшто не се однесуваа вака, туку многу разумно, многу конструктивно и сите на некој начин дадоа, по мое мислење, делумна или целосна поддршка на овој Проект кој Владата го нуди.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, веќе изминаа три минути.

Ова е изјава на известителот.

Што барате вие?

Повелете процедурално.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Благодарам, јас нема да се задржувам многу околу ставовите што ги искажа претседателот на Комисијата за образование, наука и спорт, тоа се нејзини ставови и околу нив не коментирам, само има забелешка затоа што мојот глас во Комисијата за образование, наука и спорт, беше против, а не воздржан.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Реплика има господинот Зиди Џелили.

(Многу пратеници се јавуваат процедурално).

Објавувам пауза од еден час.

Продолжуваме со 19,00 часот.

(Пауза од 18,00 часот).

(По паузата седницата продолжи во 19,05 часот).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Процедурално има господинот Замир Дика.

ЗАМИР ДИКА:

Господине претседател ние имавме еден конкретен предлог процедурален од господин Тито Петковски за да се прекине седницата и уште еднаш да се разгледа проектот кој што се предлага во насока да се најде еден консензус, еден проект кој што ќе ги опфати легализирањето на тетовскиот универзитет како и иднината на високото образовение на албански јазик. Ние како парламентарна група еден ваков предлог го очекуваме. Ова требаше да го направи министерот за образование претходбно да се консултира со сите нас, бидејќи една област каде што можеме да најдеме консензус и би било добро да го прифатите предлогот што го даде Тито Петковски да се прекине седницата и да се разговара за еден консензус што може да се постигне.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Мојот одговор е дека господинот Тито Петковски треба да обезбеди 10 пратеници кои што ќе го поддржат неговиот предлог. Бидејќи тоа не го обезбеди продолжуваме со репликата.

ЗИДИ ЏЕЛИЛИ:

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа,

Обвиненијата дека албанската опозиција е против легализацијата на тетовскиот универзитет се банални. Еве уште еднаш сведочам пред јавноста дека ние не сме против легализирање на тетовскиот универзитет. Но напротив, нашите реакции се однесуваат на лошото интерпретирање на законот кој денеска е пред нас. Значи не станува збор за легализирање на тетовскиот универзитет, туку станува збор за основање на државен универзитет во Тетово. Што значи дека ни приближно не се исполнуваат барањата на 14 илјади студенти, не се исполнуваат барањата на сите оние кои со години студираат на тетовскиот универзитет. Парцијалното решение е вистина дека не возбудува затоа што е јаболко на раздор и има една темна позадина. Ние уште еднаш го повторуваме и постојано ќе го повторуваме дека средствата кои се поделуваат за овој државен универзитет се многу мали. Социјалекономските дисциплини кои ќе се студираат на овој универзитет се согласуваат со тие што се студираат на југоисточниот универзитет. Просторот, проектот и десетте илјади студенти, кои нема да имаат можност да го утврдат

своето знаење ќе бидат товар самите за себе. Еден проблем кој ќе треба да ве загрижи и вас, затоа што во име на студентите, во име на тетовскиот универзитет, во име на легализирање вие сте денеска во самата Влада. И заканите од типот на Хисни Шаќири со прст, за ДПА се важечки, тоа го знаете и самиот, тоа го знаете и вие дека и другите се заканувале со прст, но знаете како завршија. Затоа една братска совест, оставете ги заканите на страна, спречете ги манипулациите и не го лажете албанскиот народ. Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави господинот Ружди Матоши.

РУЖДИ МАТОШИ:

Ви благодарам господине претседателе, сакам да реплицирам на господинот Хисни Шаири кој што не се наоѓа сега во салата, но сакам тој да биде тука и да ги слушне моите забелешки што ќе ги дадам во врска со мојата дискусија. Тој зборува за реалноста и повикува пратениците да зборуваат за реалноста. Јас мислам дека тој треба да го знае тетовскиот универзитет и реалноста на тетовскиот универзитет и да констатира дали е компактибилен предложениот проект од страна на Владата со проектот на тетовскиот универзитет. Рече дека овој проект е интерес за сите кои што живеат во Македонија. Треба работите да се гледаат реално. Проектот особено е во интерес на албанците, а потоа може да се констатира дека е од општ интерес за Македонија. Не само неговата дискусија денеска на господинот Хисни Шаќири. Тој денеска вели дека треба да се подаде рака на оваа коалиција и да се подаде раката на СДСМ и ЛДП. Јас констатирам дека навистина е смешно ова што го вели да се подаде рака на овој или на оној. Доколку треба да се подаде рака на некого тогаш треба да направиме многу работи, голема работа да се реализира, тоа е реализацијата на Охридскиот договор, или да се констатира дека треба албанците да се задоволат со високото образование и еве еден пример да се импонира интегрирачки карактер на Универзитетот “Св.Кирил и Методиј” да се отвори профил во медицината, во фармација, во стоматологија паралелки на албански јазик. Така што овие се примери кои што треба да се земат предвид и да се подаде рака.

Во 2001 година ние бевме на власт во тоа време и не сакам ниту една коалиција да биде во таква власт. Ние знаеме како поминавме во тоа време на острицата на ножот и навистина е многу лошо да се обвинува минатат аВлада која не го направила или го направила тоа. Ние знаеме дека решението не е општо но тоа е основа за да се констатира дека само врз таа оснвоа треба да се оди напред, да се движи напред и да се реши високото образование на албанците. Затоа констатирам дека  со такви празни неаргументирачки дискусии не е добро да се излезе тука, да се апелира до народот за разни сегменти. Констатирам дека само се обидува и дека се бара да се направи еден маркетинг со теми кои што навистина се чувствителни и треба бездруго да ги решиме. Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Збор има господинто Спиро Мавровски, а потоа нека се подготви пратеникот Исмет Рамадани.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Ова што го гледам деновиве доаѓајќи во Собранието на Република Македонија ме потсеќа на се само не на една расправа, на едни луѓе кои овде ќе треба да расправаат за закон. Гледајќи ја илјадната полиција која го обиколува Собранието, доаѓам до едно сознание да незнам зошто оваа полиција е донесена, од кој не брани господа пратеници. Дали не брани од народот, од самите нас, од демократите кои се наоѓаат во ова Собрание и кои ни кажуваат како треба да се гради демократското цивилно општество и како се остваруваат правата во Република Македонија. За жал, она што важи за македонскиот народ, Уставот, правниот поредок, одговорноста, притворот, затворот и убиствата за фаќање на некои од нив да се притворат, тоа не важи за другите. Зошто? Со сила и притисок дури и востание како што милуваат да кажуваат нивните демократски водачи ги остваруваат сите права, своите демократски права кои како за малцинство се најголеми во Европа, притоа рушејќи го и применувајќи го Уставот предизвикувајќи комплетна непослушност на албанското малцинство кон правниот ред и поредок. Сега повторно со сила на чело со командантот Баци се освојуваат објекти од приватна

сопственост, без да интрвенира Министерството за внатрешни работи и вие како власт повторно на силата одговарате со легализирање на една параустанова која била куќна забава, граѓанска иницијатива и го прогласувате тетовскиот универзитет за отворен. А од друга страна, сите што мислат поинаку, за нив сигурно дека носите илјадна полиција за да ве заштити и да не заштити, само не кажувате од што.

Би кажал нешто за тетовскиот универзитет, за почетокот на тој универзитет што сега еве сакаме да го легализираме или да отвориме нов државен универзитет во Тетово. Тоа е чисто политичка одлука, одлука на господата кои што сега ја водат Република Македонија, значи ДУИ и СДСМ или обратно, незнам кој ја води, но почетокот и основањето на овој параунивeрзитет е некаде далечната 1995 година 15.02. За два дена госпдинот Црвенковски, тогашен премиер и сегашен премиер на Владата на Република Македонија испрати повторно вакви големи полициски сили во Гостивар, се интервенираше, во таа ситуација загина човек, имаше многу ранети и тогаш господинот Црвенковски и господата кои што ги водеа министерствата мислеа дека тоа е приватна забава, журка, која што ќе трае само тогаш и ќе заврши тогаш, но за жал, еве денеска се случи една трансформација во мислењето на господинот премиер тогашен и сегашен и сега треба да бидеме убедени дека ова што сега е пред нас е законот кој што ни го нуди СДСМ и ДУИ, дека тоа е решение за македонскиот и за албанскиот народ и за образованието во Република Македонија. За жал тоа не е така. Самата седница, самиот почеток господата од ДУИ на чело со командантот Хисни Шаќири обезбедија оваа точка од дневниот ред, тоа е точката шест, сигурно со голема помош на вас господа пратеници од СДСМ и вашиот глас оваа точка од точка шест стана точка два. Сега ние сме на дневниот ред кој што има 19 точки а сеуште сме на точка два. Денеска баравте да расправаме до доцна вечер и ние ќе расправаме до доцна вечер, значи не расправаме уште една недела, две недели, но мислам дека конечното решение и вашите гласови кои што ги дадовте со притискање а копчето дека не носат добро на Република Македонија, не носат добро ни на албанското малцинство, затоа што со ова не го решавате нивниот проблем. Не го решавате проблемот на образованието. Тука е нашиот и вашиот проблем. Во меѓувреме слушаме многу работи дека од 13.10. и ги читаме пред средствата за информирање дека тој универзитет работи, тоа е ректоратот, сенатот, бордот, унијата на

студенти и уште незнам што установи има и дека ние зборуваме за отварање на еден универзитет. Но еве ја Нова Година, незнам студентите кога ќе студираат и ова што го имаме закон пред нас и во кој што читаме дека осум дена после тоа, како што кажува министерот ќе почне да работи и незнам што ќе се случи. Но што значи отворањето на еден ваков универзитет во Република Македонија во овој момент.

Прво простор. Во моментот кажавме дека се усвојува простор, господинот министер ни објаснуваше некои работи во тој половиначасовен говор, не разбрав ништо, ќе проговпорам малку подоцна, но простор очигледно дека нема. Значи прво да се избориме за простор каде тие студенти, колку се тие студенти, што ќе учат и како е учат. Таква работа не видов. Командантот Баци прогласи независност на територија во Република Македонија, ја крсти тетовски универзитет, постави знамиња и незнам што уште и тука е местото каде што овој државен универзитет ние ќе треба да го озваничиме. Кажувате за професори, тука нешто ни презентиравте вчера, се обидовте да презентирате, но и од излагањето и од она што го слушнавме, професорите кои што треба да предаваат на тој универзитет, некои завршиле на тој универзитет, се магистри, доктори на универзитет кои што вие сакате да го отворате деновиве. Значи и тука имаме голем проблем. Нудите една програма. Програмата комплетно е иста со програмата на Штуловиот универзитет за кој што не слушнав ни еден глас да каже дека тоа е нешто лошо, без разлика дали тоа биле албанци или македонци, слушнав само пофалби за добри професори, за добра настава и за работа која што сега функционира. Значи тие студнти завршуваат и работат и дека тие студенти можат да се вклучат во образовниот процес и во процесот на корпорирање на општеството. Значи да можат да работат. Дали господа сте размислиле правите паралелен универзитет со иста наставна програма како Штуловиот универзитет и дали некој од вас размислил, посебно министерот кој мислам дека и нему му е напишано дека со овие пет универзитети е се случи нешто што имавме прилика да го видиме а тоа е репродукција на кадри кои што ќе бидат апсолутно неспособни да се вклучат во државата и во стопанството кое што во моментот го имаме. Зошто го говорам тоа. На Битолскиот универзитет беше отворен Правен факултет паралелно со Правниот факултет во Скопје. Се случи да се репродуцираат толку студенти завршени правници од Битола кои што денес работат по железнички станици,

работат како општи работници, а не она за што се оспособиле. Завршиле Правен факултет, сепак универзитетски граѓани кои што кажувавме и тогаш, а и сега треба да кажуваме дека ќе му бидат потребни на ова општество. Таква работа господине министре и вие што го предлагате законот апсолутно немате донесено да знаеме каде и што тие ќе се вработат, освен ако немате склучено некој договор за кој што ние не знаеме а тоа е извоз на кадри од Република Македонија, да ја имате таа варијанта да можеме да извезуваме стручњаци.

Петто е финансирањето. Кажавте дека во Буџетот за 2004 година ќе изнесува некаде околу два милиони евра. По она што го слушнавме и што го образложија господата дека досега се потрошени 60 милиони евра за Штуловиот универзитет, овие два милиони евра мене ми личат на нешто што неможе да донесе апсолутно ништо, не квалитет, туку неможе да донесе ништо. А за да ги обезбедиме овие два милиона во Буџетот кој сега го имаме, имаме едно намалување за 10 милиони од студентскиот стандард и капитални средства за средно образование пет милиони денари. Значи тука влегува купување на компјутери, на мебел и на останати работи, а другите 10 милиони се скратени од студентскиот стандард. Значи Буџетот за 2004 година ќе доживее кратење од цели 15 милиони денари, за кои што вие господо зборувате дека тие се обезбедени средства, само незнам од каде. Масата на плати останува иста како лани, бидејќи се отпуштаат 4% од образование, а на нивно место ќе се вработат професори од тетовскиот универзитет. Ако тоа е целта и ако тоа е начинот на кој што министерот сака да го реши проблемот со новите вработувања на овие професори кои што ќе бидат професори од тетовскиот универзитет, професори завршени на Приштинскиот универзитет, професори од Тирана и од другите места, тогаш е во ред.

Со отворањето на тетовскиот универзитет се загрозуваат неколку работи. Како прво, квалитетното школување на албанците. Како што кажавме професори, простор, средства, финансирање и се останато. Значи како второ што ќе има голем проблем што ќе се јави, за што оправдано протестираат студентите, затоа што и овие два универзитета кои што во моментот функционираат во Република Македонија се донесени до такво ниво да воопшто не се решава стандардот на студентите и од година во година гледаме дека тие средства се намалуваат, тука имаме професори од универзитетите кои

многу добро знаат како работат нивните лаборатории, како се однесуваат нивните студенти и што со нив. Гледајќи ја моменталната финансиска и економска состојба во Република Македонија, значи најголемиот број невработени од постоењето на независна Република Македонија, зголемен број на загубари кои што од ден на ден се зголемуваат и бараме решение за нив. Немаме никакви шанси овие луѓе да ги вработиме и да ги вклучиме во нормалниот тек на живеење.

Овие луѓе да ги вработиме и да ги вклучиме во нормалниот тек на живеење. Значи и тоа го немаме. Идеја за развој, г-да немаме апсолутно ништо. И сега ние нудиме една магла дека овие кадри ќе бидат одвај дочекани во оние просветни инкубатори со огромни средства, како што ни објаснувате во образложението кое што ни го поделивте тука зошто и како со овој универзитет ќе се зголемат сите работи. Значи, со ова ќе направиме нешто друго, ќе креираме една нова војска на невработени, но сега со дипломи, за разлика од досега. Цело време г. министре зборувате за интеграциони процеси. Како го мислите тоа, не ми е јасно, кога албанците ги повлекувате и ги гетоизирате, тоа повеќе личи на сегрегација, стално гледајќи кривица кај македонскиот народ кој не ве остава едноставно да продолжите со вашето образование и образоваинето на албандски јазик, што мислам дека не е точно и добро кажаа колегите дека начинот на кој што може да се направи ова е токму Штуловиот универзитет, или универзитетот на југоисточна Европа кој нуди најдобри решенија и за албанскиот и за македонскиот народ и за сите оние што сакаат да студираат на тој универзитет. Значи вредеше можеби многу повеќе да се размисли како тој понатаму да се развива. Вака вие правите еден паралелен универзитет кој што апсолутно нема ништо заедничко со ова, или мислите да ги префрлите сите студенти од Штуловиот во тетовскиот универзитет.Тоа мислам дека никаде не го видов, дали е така или не е . Ќе пробам да ве испровоцирам да ми одговорите бидејќи два дена ве прашував нешто, не одговоривте ништо, ве прашувам со факти да ги потврдите, или не, вие не говорите повторно ништо. Затоа г. министре треба да расчистиме некои работи. Расправаме веќе втор, или трет ден, незнам ни самиот колку, расправаме за еден закон кој некој го видел, некој не го видел, се работи за една страна и член 5 и член 6. Сега бидејќи расправаме три дена, ќе пробам да бидам краток, да слушне и македонската јавност кој е законот кој што г-дата од Владата ни го нудат за да можеме така

поодговорно да притиснеме на копчето дали сме за, или против. Значи член 1 од овој Предлог закон за основање на државниот универзитет во Тетово. Се основа државен универзитет во Тетово, во понатамошниот текст универзитет како највисока автономна високообразовна научна, односно уметничка установа со следните високообразовни установи во негов состав: Природно математички факултет, Факултет за хуманистички науки и за уметности, Економски факултет, Правен факултет и Центар за политехнички студии како висока стручна школа. Ова , политехника многу ме потсеќа на некои поранешни изрази, но тоа е тоа.

Член 2 Универзитетот има својство на правно лице. Универзитетот има една сметка за редовно работење преку која располага со буџетските средства како и една или повеќе посебни сметки преку кои располага со средствата што ги остварува од самофинансирачки активности, од донации и кредити. Седиштето на универзитетот е во Тетово. Тоа е член 2.

Член 3, подготовките за почеток со работа на универзитетот ќе ги врши матична комисија. Членовите на матичната комисија ќе ги именува Владата на Република Македонија на предлог на министерот надлежен за работите на високото образование. Универзитетот ќе почне со работа веднаш по завршувањето на процедурата водена од страна на матичната Комисија.

Член 4, средствата за финансирање на дејноста на универзитетот ќе се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија и од други извори определени со закон.

Член 5, статусот на затекнатите студенти од универзитетот во Тетово основан како граѓанска иницијатива, како граѓанска иницијатива ќе се решава согласно членот 198 од Законот за високот образование ("Службен весник на Република Македонија " бр. 64 од 2000 година и 49 од 2003 година) и Статутот на универзитетот.

И член 6 со кој што завршува законот. Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на неговото објавување во "Службен Весник на Република Македонија" . Значи со овој Предлог на закон што е пред нас и што слушна и македонската јавност ние сакаме да формираме државен универзитет. Г-да овде апсолутно ништо не е дефинирано, почнувајќи од член 1 завршувајќи со член 6. Зошто? Прво ќе побарам објаснување

факултет за хуманистички науки и уметности што подразбира ова? Кои се тие факултети? Ако ги има и ако се направат. Центар за политехнички студии како некоја висока школа што некој ја претпоставува. Подготовки за почеток со работа ќе ги врши матичната комисија , матичната комисија како што кажа ценетиот г. Дика која што треба да ја формира Владата на предлог на министерот за образование ќе треба да ја сработи оваа работа незнам колку време ќе му треба. Прво матичната комисија кои се правилата за да се отвори но по тоа што го сознав а не сум од универзитетот разбрав дека најмалку треба три месеци таа Комисија да донесе правилници и правила по кои што треба да разгледува како овој универзитет ќе треба да се гради и како треба да се направи. Вие викате со член 6 дека овој закон влегува во сила осмиот ден од неговото објавување. Ако поминат уште три месеци, тоа е завршување на школската година. На кој му се брза, ако ова била некоја граѓанска иницијатива, ако била, незнам како е сеуште крстена за да стигнеме до нешто кое што еве на крајот на краиштата е многу нетранспарентно, во најмала рака да кажеме.

Статутот на затекнатите студенти од тетовскиот универзитет основан како граѓанска иницијатива ќе се реши со член 198. Г-да кои се тие студенти? Незнам вие што сакате да легализирате? Кој го знае бројот на студентите, која е таа евиденција дали некој ја водел и кога е водел. Дали во овој момент можат да се донесат 10 илјади, 20 илјади дипломци кои што завршиле во овие 8 години што може да биде нормално или ненормално. Дали некој водел некоја сметка колку луѓе се таму запишаин. Мислам дека, не.

Во вашето образложение кажувате, споредувате некои бројки што за мене е жално, ако е тоа предизвикот за да можеме да отвориме државен универзитет , кажувате дека структурата на вработените со високо образование во ЕУ е 25% , во Македонија е 12,7%. Опфатените матуранти за во високо образование во ЕУ се 50%, во Македонија се 40%. Просечен број на студенти на 1000 жители во ЕУ се 35%, во Македонија се 22%. И издвојување на бруто општествениот производ за високо образование ЕУ 1,4%, Македонија 0,7%.

И сега двете последни работи кои што едната ја кажувате, другата не ја кажувате кои што се предуслови за да се отвори еден универзитет, или да не се отвори, се

следните: Тренд на пораст за овој општествен производ и вложувањето во високото образование во ЕУ има плус 5%, во Македонија трендот е минус 1,2%. Значи тренд на опаѓање на вложување. Вие кажувате дека треба да направиме трет универзитет бидејќи постои неко тренд. Трендот е намалување.

И последно што не го видов и не го прочитав тука, а е многу важно и за нас како Македонија и за Владата на Република Македонија , цело време зборуваме дека сме многу блиску до ЕУ, еве носиме закони кои што не носат поблиску до ЕУ, а заборавме една основна работа. Просечниот доход по жител во ЕУ е 20 илјади евра, во Македонија е 1800 евра. Било каков соодност кога ќе направиме и да се вратиме на претходните бројки, бидејќи сум математичар ќе дојдеме до една ситуација овој соодност е повеќе од 10 пати, сите овие други се нешто во проценти искажани, дали се 40, дали се 50 максималното е 100%. Сега имаме голем проблем, немаме пари. И ние сакаме сега на ова што ги немаат двата универзитети тие пари, да направиме трет универзитет во кој што сте убедени дека ќе има финансиски средства дека ќе има работа, дека тука ќе произведеме многу кадри кои што реков можеби се предвидени уште сега за извоз, но чисто се сомневам. Зошто се сомневам? Вие со ова веќе најавувате легализација и целта на законот е токму тоа но кажано е дека за да се легализира една ваква работа, мислам дека требаше да бидете многу потранспарентни, но вие тоа не го направивте затоа што во овие осум години никој од нас мислам еве и од вас пратениците нема таква информација, може г. министер има , кои се тие луѓе што учеле, колку дипломи досега добиле, што направиле во образовниот процес и како може да се вклучат директно сега во производство бидејќи секој високообразовен кадар всушност го правиме за тоа. Значи сите овие студирале на една приватна забава , во меѓувреме многу од нив се бореле и во редовите на ОНА и УЧК и можеби за тоа отсуство имаат и оправдани изостаноци , или еве добри оценки по политехника и многу други работи. Сега се случува нешто во последно време, ако некој добие диплома од друга установа посебно во последно време е многу актуелно , се пуштаат кривични пријави дека тоа било фалсификат, дека треба да се оди во затвор, треба да се одговара и многу други работи. Но ако сега побараме диплома од овој нелегален кој што сакаме да го легализираме тетовски универзитет и таа диплома ја добиеме за високо образование, ние можеме да се вработимре. Со ова г.

министре не се решаваат нараснатите потреби на албанската популација, затоа што и она што излегува од Штуловиот универзитет и самите сте свесни и ваата Влада е свесна дека вработувањето оди многу тешко. Значи не се работи само за овие три постоечки иниверзитети кои што сите заедно, јас ќе ценев пред пет, шест месеци во една расправа тука кога многу завршени дипломци, кога магистри по наука, доктори на наука ги бркавме од Електростопанство, да станеше некој во нивна одбрана и да кажеше дека овие кадри поминале низ универзитетот, дали е тоа скопскиот, битолскиот, се образовале , завршиле и заслужуваат да продолжат да работат, и да помогнат во оваа држава без разлика дали биле од албанската заедница, или од македонскиот народ, тоа воопшто не е битно. За жал таква работа не слушнав. Затоа се случува и во многу поразвиени и многу побогати држави од нас кои што решавањето на начинот на образование го решиле вака , или така за оние образовни структури кои што нив им фалат, нашле начин да распишуваат огласи и конкурси по целиот свет и многу наши млади завршени во нашите универзитети продолжуваат да работат и да товорат во источна Европа, во западна Европа, во Америка, во Австралија, секаде каде што во моентот можат да најдат просперитет. Значи тие држави решиле дека процесот на образование сигурно е најскапиот дел од добивањето на еден стручњак и на тој начин го решаваат проблемот. Јас мислам дека Владата на Република Македонија многу сериозно треба да се зафати со решавањето на останатие проблеми, значи екопномија, производство, зголемување на овој бруто доход по жител. На тој начин ќе дојдеме во ситуација и она што ни треба да можеме да го добиеме.

Верувајте ми дека на запад апсолутно никој не го интересира дали овој студирал ваму, или студирал таму, дали бил бугарин, дали бил албанец, дали бил србин, македонец. Едноставно дипломата се става на проверка, тест на знаење и продолжуваме понатаму. Има работа, или нема работа. Ние можеме да отвориме многу факултети, но од сето тоа што ќе добиеме, мислам гледаме и од овие што ги имаме што добиваме, значи многу е тешко.

Многу од пратениците се повикаа на Одборот за акредитација, некој кажа дека многу малку бил цитиран. Јас ќе кажам една работа, бидејќи кажувате дека еве Одборот за акредитација го проверил и видел се она што ни треба. Јас од мислењето на тој за проектот во основање на универзитетот во Тетово кој исто се содржи , мислам да нема

забуна кај македонската јавност, се состои од 2,5 страни на кои што претседателот на тој Одбор г-динот проф. доктор Тито Беличанец кој инаку е претседател на Одборот за акредитација кажува кои се нивните видувања и размислувања за отворањето на овој државен универзитет. Бидејќи ова другото ми се исто некои препишани работи кои што не држат место, јас би сакал да проговорам за точка 4. Точка 4 за која што вие г. министре вчера ни образложувавте, мислам се обидовте да ни образложите во кое што кажавте, проектот е прикажан износот на потребните средства за основање и работа на новиот универзитет во Тетово за 4 години. Се укажува дека Владата на Република Македонија и Собранието за основањето на новиот универзитет треба да обезбедат дополнителни средства со што нема да се предизвика натамошно намалување на средствата што се издвојуваат за постојните државни универзитети и натамошно намалување на учеството на средствата што се издвојуваат од бруто општествениот производ за високо образование. Се укажува дека социјалната структура на студентите, ова е сега сосема контрадикторно за ова првото и продолжува, се укажува дека социјалната структура на студентите значително е влошена со што битно е ограничен пристапот на младите кон високото образование. Затоа се препорачува да се предвидат и средства за студенски стандард, стипендирање, кредитирање, сместување, исхрана, достапни учебни помагала и др. Исто така се укажува дека предложената листа на опрема не е доволна заради шро се смета дека треба да се издвојат дополнителни средства за нејзина набавка. Притоа треба со договор меѓу соодветните високообразовни установи да се овозможи користеење на нивната опрема, како и да се извршат дополнителни вложувања со што ќе се обезбеди нејзино рационално користење и ќе се избегне паралелизмот и дуплирањето на опремата. Од ова г. министре ако е ова доволно и ако ова кажува дека со 2 милиони евра ќе се отвори државен универзитет, значи имаме проблем. Проблемот е очигледен јас незнам што е тука дозволата од овој Одбор за кредитација при што тој си зел за право во случајот да ги информира пратнеиците, бидејќи ова го добивме ние како информација а уште помалку универзитетските професори или целата јавност која што за ова само претпоставува што се случува и кои се информациите. Вие вчера тука изложивте некој елаборат од 300, 400 страни и кажавте дека е проверен, дека е ова се направено и дека

треба од тука да продолжиме. Но, јас ќе сведам на нешто друго. Студентите кои во моментот студираат треба да кажеме дека албанските студенти имаат можност да се запишат на три унверзитети и слободно да студираат, дури со повластени квоти направени специјално за тие работи. Вие сега не нудите апсолутно ништо, нудите исти факултети кои што сега во моментот студентите ги студираат. Значи не нудите апсолутно ништо проширување на тие факултети и можност за образование на мајчин јазик за да добиеме повеќе стручњаци во повеќе области. Вака како што кажа г. Анастасовски се ќе се дуплира. И точно, ќе се дуплира.

Од вашата теза која што ја слушнавме во вашето обраќање, вчера се обидов да ве пратам, бевте многу конфузен, но во секој случај ќе сакам да проговорам нешто. Вие се обидовте да кажете дека претходната коалиција на ВМРО-ДПМНЕ и ДПА донела едно лошо решение за кое што сите кажуваат дека е добро, дека цела јавност во Република Македонија говори дека е во ред дека има добри професори , дека студентите се квалитетни и дека може да се вклучат секаде во секој образовен процес. Но вие сега како нова владина коалиција правите една политичка одлука помеѓу СДСМ и ДУИ и кажувате, тоа не чини, ние ќе направиме нешто макар да е паралелно, ама ќе биде од СДСМ и ДУИ и ќе формираме тетовски универзитет, Притоа не гледајќи дека ги имате истите факултети, дека ќе ги имате можеби истите студенти кои сакате да ги префрлите од едниот на другиот факултет, може се работи за пари, незнам за што мислите. Но јас ќе морам да ви кажам г. министре дека вие се однесувате како обичен пиштолџија, прво пукате, после мислите и имате проблем. Тоа ни се случи со училиштето во Битола, тоа ни се случи со дневниците, тоа ни се случи со пресметките меѓу професорите и учениците . Јас ве повикувам неколку пати, вие кажувате некои работи што мислите дека имаат апсолутно некаква врска со ова што го говориме, но верувајте ми дека многу тешко некој да ве разбере што сакате да ни објасните овде и дали имате нешто да ни објасните. Истото се случи со Ш.емшево, Куманово, Арсени Јовков и се така.

После оваа тирада што јас ја слушав од вас синоќа некаде околу 30 минути, во кои што се обидовте да ми објасните нешто, а мислам дека не ми објаснивте ништо јас се разочарав и сватив дека можеби токму и тоа е проблемот.Можеби толку можете, толку е капацитетот и тоа е тоа, но се случува вие да им објасните нешто на г-дата пратнеици

од СДСМ , што мислам вчера си го поставија некои прашањето, а на некои од пратениците не им беше јасно дека ова што го правите е политички договор.

Ваквите политички договори посебно што би правел СДСМ од постоењето на независна Република Македонија, сите такви политички договори, знаеме како завршија. Дали тоа било со ДУИ, дали тоа било со некои европски асоцијации, со ООН и незнам со кои од соседите, ние од тие такви договори стигнавме да го промениме името. Ни беше ветено дека тоа ќе биде за два месеци, отогаш поминаа цели 10 години, никој не се извини.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам држете се до темата.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Јас сум директно на темата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не сте на темата.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Договори што некој ги правел господине претседателе и мислам дека ќе ме оставите да го кажам што мислам да го кажам и се држам до темата, апсолутно. Зборувам за договор што господин министер го кажа дека е политички договор меѓу СДСМ и ДУИ. Тоа е првата работа.

Втората работа е промената на знамето кое што претставува дел од јапонската морнарица и кое што сега гордо се вее и пред Парламентот на Република Македонија.

Направивме промена на Уставот. Се откажавме од сите наши сонародници од сите соседни земји и уште многу политички договори за кои после сите укажувања се такви какви што се. Вашиот денешен политички договор за образованието зад кое што се криете и обвинувате дека ВМРО-ДПМНЕ е против образование на албанската заедница

во Република Македонија и немате апсолутно право затоа што кажавме дека начинот на кој што е образложен од господата од ДПА, посебно од господинот Замир Дика, мислам дека е правото решение за албанската заедница во Република Македонија и за продолжување на нивното образование. Сето другото е импровизација, што го правите господине министер. Јас мислам дека првите проблеми и последиците од формирањето на овој универзитет ќе ги видиме многу скоро, дали тоа ќе биде после една или две години, кога ќе излезат првите завршени дипломци од овој универзитет и ќе побараат работа. Тогаш ќе имаме многу поголем проблем отколку што го гледате сега, ако воопшто го гледате.

Јас не ве разбирам, зборувате дека знаете дека нема простор и услови во вашето кажување, но велите ако го отвориме Тетовскиот универзитет ќе најдеме начин како да направиме просторни услови овој универзитет да почне да работи. За тоа незнам дали целта ви е, иако денес тука доста расправаме, многу итна е оваа седница, треба да се донесе одлука, треба да се донесе решение. Дали е тоа дека до 15 декември треба да се предаде оружјето, па прогласениот проректор командант Баци треба да ги освои овие простори до 15.12.2003 година, а потоа заедно со својата вооружена група сигурно и таа составена со граѓанска иницијатива ќе го врати оружјето и ќе учествува во наградната игра. Можеби добитникот ќе биде тој ако врати повеќе оружје.

Можеби затоа е и ова брзање за прогласување на Тетовскиот универзитет. Затоа јас господине министре очекував дека кажувавте за политичка одлука, и точно е политичка одлука, но вие сакате да рушите нешто што е добро, а да направите нешто што е лошобразование и да не убедите дека со политички договор можете да направите се што е обратно без разлика од кој доаѓа само што не доаѓа од вас и вие така, на тој начин се обидувате да ја замаете македонската јавност, мислам не можете, овде од пратениците многу очекував, посебно од универзитетските професори да ги искажат своите проблеми и да кажат како може и понатаму да се работи. Да се решаваат проблемите на студентите не на овој начин како што тие ги предлагаат, го слушнале гласот на народот и се убедени дека народот 100% ја прифаќа оваа генијална идеја на СДСМ и ДУИ дека решението со овој државен универзитет веќе во Република Македонија ќе почне да тече мед и млеко и дека ние повеќе нема да имаме никакви проблеми, ќе

чекаме во наредните две години повторно да излезат тие стручњаци, да ги вработиме. Тие фабрики како што ги предвидувавте и ги предвидуваше господинот Црвенковски 200.000 вработувања и во Република Македонија се ќе биде како што треба.

За жал господа, самиот не верува во тоа што го кажува. После извинувањата, после сите тиради, извинувања. Не треба извинувања, треба да видиме што ветуваме и што не обврзува по секое ветување.

Не како што кажува господинот претседател некој по 10 години да не се извини и после илјада години може ќе имаме за кои ќе бидеме виновни сите што сме тука, што денес ќе гласаме за ова, или нема да гласаме за ова. Дајте да се надминеме себеси, да ги надминеме политичките партии, да гледаме што треба во овој момент Република Македонија да направи. Да најдеме решение кое ќе биде поволно за сите нас. Вака, со препукувања, со кажувања, со демонстрирање на демократија што некој на сила го промовирал сето ова и влегол во Парламентот, влегол и во ова парламентарно Собрание и во Владата, луѓе што незнаат македонски јазик, а се потпретседатели на Владата на Република Македонија.

Господа од СДСМ, не решаваме со ова ништо. Некој тука ни држи предавања како знаеме, што се случува и како се случува, а од друга страна кажува одлуки на Извршен комитет на ВМРО-ДПМНЕ. Незнам колку ги знаете сите тие работи, но тоа е ваш проблем.

Затоа, господине министре, уште еднш побаравме интерпелација. Ви објаснив се обидов да ви објаснам, незнам колку разбравте повеќе од 20 факти и аргументи, не одговоривте на ниту еден. Мислам ако има навистина во еден од нив спремен сум да одговарам и да го дадам мојот имунитет. Затоа ќе ве молам, понатаму се што ќе носите да имате во предвид дека ова треба да биде спроведено и дека одговорноста е ваша и на вашата Влада и на овие пратеници што денеска сакаат да расправаме до доцна во ноќта, додека да заврши оваа претстава за народот, како што кажувате на оваа многу сериозна тема за која што гледам дека имаме многу несериозни видувања и гледања.

Затоа мислам дека ќе биде најдобро како што предложивте не да се повлече на комисија овој предлог, туку да се повлече директно, Владата на Република Македонија

уште еднаш да седне со сите меродавни структури во државата, повторно да расправа и да можеме да најдеме едно решение кое ќе ги задоволи сите во Република Македонија.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Мавровски.

Процедурално бара господинот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе,

Еве трети ден дискутираме за една многу значајна тема, за основањето на трет државен универзитет во Тетово, говорат од сите политички партии, меѓутоа, сега гледам дека кворумот е опаднат во салата, особено не се присутни пратениците на СДСМ, затоа апелирам да се вратат на седница, да бидат присутни, бидејќи ние како опозиција говориме пред се, за нив, за да може да ги убедиме дека ова што сакаме да се изгласа не е во ред и дека треба да го променат мислењето.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам, не е прекршен Деловникот по повод оваа ваша забелешка.

Следниот дискутант е господинот Исмет Рамадани, а нека се подготви пратеникот Ѓорѓи Оровчанец.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Почитуван претседател, почитувани колеги,

Јас сум виновен што доцна се пријавив за дискусија, многу малку учествував во репликите, згрешив, можеби навреме требаше да се објаснат некои работи, така што требаше да бидам сведок на многу реплики, многу дискусии, некогаш одеа во стилот кој попрво ја направи оваа работа.

Колку имаше спротивставувања за универзитетот, толку ни се зголемува желбата за да го создадеме истиот. Еве, ќе направам една шега во име на мојата партија. Се чини дека тетовскиот универзитет и ПДП исто се соочи тетовскиот универзитет раѓа нови универзитети, ПДП раѓа нови партии кои подоцна се зголемија, но да не заборавиме една работа, сите ние. Не треба никогаш да правиме залагања, да правиме еден дисконтинуитет во албанската политика и во општата политика овде во Република Македонија, затоа што тогаш правиме дисконтинуитет и во хронологијата околу тетовскиот универзитет. И на крајот на краиштата правиме грешка со самиот факт дека бришеме историски факти кои некој друг ги пишува подобро од нас. Да не мислиме дека ние сме овде најпаметните и тн.

Една работа треба да ја разбереме, а тоа е дека образованието на албански јазик со години, со децении е дозирано. Едно време имавме катедра по албански јазик, значи катедрата по албанологија, подоцна дојдоа квотите, некогаш беа 10%, некогаш не се земаа во предвид и беа 2,5%. Потоа беше Педагошкиот факултет и демонстрациите и големите протести пред овој Парламент тогаш кога имавме и двајца претставници од младината кога еден од нив беше пратеник, а во последно време и конзул.

Јас сакам да ве убедам колеги пратеници кои се спротивставувате на оваа работа за високото образование на албански јазик кое е дозирано и никогаш не рековме доста за нас албанците, затоа што вие не ни дозволивте да кажеме доста, спречувајќи не дека не ни е потребно образованието. Ние никогаш немавме можност да имаме критична маса на гласови овде во Парламентот, за да го надминеме овој проблем, бидејќи е кажано од Аден Ауер првиот германски канцелар на Демократска Федерална Германија кога вели дека колку го познаваш проблемот подобро, тој се поедноставува и кога е поедноставен полесно се решава истиот.

Денеска ме радува само еден факт и покрај тоа овде има една критична маса, еден број на пратеници кои сигурно ќе го гласаат и овој предлог закон, што е едно унапредување, но ние албанците сме останале назад.

Доколку направите споредба со албанците од другите места, верувајте дека помалку еманципирани албанци се албанците во Република Македонија. Едно време

имавме, и самите да сме виновни или во целата оваа историја на настаните не сме без вина и самите ние.

Многу искрено сакам да ме сфатите можеби сте ја изгубиле концентрацијата, но ви велам колку се зголемува кај вас мотивот за да се спротивставувате на албанското образование, на високото албанско образование во Република Македонија, верувајте ми толку го зголемувате мотивот и нашата желба за да студираме и учиме уште повеќе. И, ова е вистината. Затоа, сите иницијативи, сите активности кои одат кон основањето на тетовскиот универзитет не мислете дека сето тоа е случајно и со некоја тенденција или лоша намера. Не разместувајте ги работите затоа што од 1994 година е основан таму каде што треба да се основа универзитетот. Затоа внимавајте дека сум сведок на настаните и активен сведок во целата оваа работа на високото образование на албанците.

Јас и велам и на албанската јавност имаме многу аргументи, многу документи, многу изјави, многу дискусии во тој правец, меѓутоа требало да поминат многу години за разрешување на тој проблем и поминување на овој проект. Да се осигураат доволен број гласови. Кога велиме дека има недостатоци овој проект, имаме право да го кажеме тоа, заради тоа што повторно е дозиран овој проект. Сега сме во една ситуација кога еден факултет, медицински факултет и фармација ни остануваат надвор од овој проект. Дали верувате дека нашите објаснувања што ги дале албанците интелектуалци години со ред и денеска врз база на аргументите, врз база на статистиките дали знаете колку ни се потребни лекари и лекарки албанци. Знаете ли колку ни се потребни фармацеути? Замислете кога во една генерација би завршиле кај албанците 50-60 лекари заради тоа што женскиот свет повеќе би оделе кај лекарките. Мислите ли вие дека албанците ќе бидат многу опасни, доколку ќе имаат по некоја година по стотина лекари, фармацеути. Ќе бидеме поеманципирани и заендо со вас ќе одиме каде што сме тргнале. Значи да одиме заедно во Европска интеграција. Мекутоа, дали знаете дека всушност овој проект ќе помине и дека ќе биде изгласан. Јас ќе се радувам и на овој роект, јас знам дека ќе расте овој проект и утре ќе се случи да има и фармација и медицина. Ќе има студенти албанци и во Скопје. И ги има, не се сеќирајте за тоа. Има, и ќе има албанци студенти и

во Лондон, Берлин, Вашингтон, знаете дека милион ипол и до два милиона албанци се низ Европа и светот. Немојте и за ова да се грижите.

На крај, ја знам една работа. Во целата оваа дебата и со колегите од ВМРО ДПМНЕ и со другите колеги сме дискутирале, сме ги имале нашите ставови, сме ги имале нашите спротивставувања, меѓутоа муабетот надвор не сме го запреле. Сме пиеле кафе заендо. Ја давам оваа порака на јавноста да не се секира и да не ги расипуваат нивните меѓуетнички односи, затоа што тука нас муабетот ни оди многудобро. Овој апел го испраќам и на студентите кои смрзнаа веќе неколку дена пред Парламентот, нека одат нека ги загреат столиците и да се подготвуваат за испитниот рок, затоа што и тие знаат дека овој проект ќе помине, ќе оди напред затоа што е воспитувачки проект. Еден млад човек ми пушти вчера порака на телефон - ангажирајте се, правете универзитети, доколку направивме уште еден Универзитет плус ќе имаме еден затвор минус. Тоа беше една проста реченица но многу разбирлива.

Јас кога зборувам вака не зборувам со задни намери и тенденции и изместување на проблемите. Зборувам за тоа дека јас и мојата партија е таа што го прави Универзитетот. Нема албанска политичка партија која што не ставила еден камен за да порасне прашањето на образованието на албанците во Македонија, меѓутоа, не е доволно направено затоа што ќе ни треба уште многу да се образуваме затоа што имаме потреба. На овој проект ПДП, некој ќе рече дека ние секогаш критикуваме, но верувајте ме министерот да предложеше само еден факултет да го формира некаде јас ќе гласам за, затоа што тоа е еден проект каде ќе се запишат 100 студенти академци. Дури и се ангажирав, многу сум либерален, може би ова е идеализирана работа немам бубачки во главата, мислам дека и проектот не зборува така, мислам дека во секој поголем град треба да има еден факултет. Тоа што го реков еден ден со Чедо, мојот колега од Куманово, Куманово нека има еден факултет, Струга Охрид и на други места зошто да нема по еден факултет. Расте академското ниво таму каде што има младина, каде што има студнети таму ќе има и прогрес.

Затоа завршувам вака, дури незнам сега, не се обидувајте да направите некоја опструкција да се јават уште 30 души затоа што ништо нема да се постигне. Да работиме, имаме многу работа, и имаме една парламентарна група на СДСМ во која сите се млади,

само господинот Петковски е од старата гарнитура, имаме една парламентарна група на ВРМО-ДПМНЕ кои што го имаат искуството на институциите низ кои поминале и мислам дека тоа е една висококвалитетна парламентарна група и за ваков проект да бидеме сите заедно, да имаме некаков консензус. Господине Ѓеоргиевски, очеклувам вие да им речете на вашите колеги да гласаат без оглед на тоа како дискутирале.

Ви благодарам многу.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Има збор Ѓорги Оровчанец, а нека се подготви пратеникот Марјан Ѓорчев.

За реплика се јави г-ѓата Марија Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Јас ќе бидам многу кратка во репликата на г-динот Исмет Рамадани затоа што би сакала да го прашам дали тој мисли дека  образованието на албанците на тетовскиот универзитет е алфа и омега за албанците во РМ. Тоа е првото прашање кое би сакала да му го поставам.

Навистина незнам што ги спречувало младите албанци да студираат на двата постојни универзитети до формирањето на универзитетот на Југоисточна Европа, значи сега на трите универзитрети па мора да студираат токму на овој толку високо образовен тн., форма на граѓанска иницијатива, како што е во предлогот на министерот Положани.

Третото прашање е тоа што би сакала да го кажам г-динот Исмет Рамадани, или да каже на колегите ако не знаат дека неговиот син има завршено правен факултет во Скопје и дека е асистент по право на Штуловиот универзитет.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Иако прашањата ни се поставија како да сум бил министер но фала му на господ овие 13 години не сум бил никогаш министер. Ја кажувам вистината.

Не само тетовскиот универзитет кој ќе ги задоволи интересите на албанците студенти за студии на мајчин јазик, јас реков и во текот на мојата дискусија дека албанци студенти има, низ светот, има и на скопскиот унвиерзитет.

Исто така, јас не го кријам фактот дека мојот син заврши во Скопје, има оценка со која е примен на Штуловиот унвиерзитет и со ова уште еднаш го сведочам тоа што го реков во мојата дискусија дека ние за образование и понатаму сме многу жедни.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Рамадани, но вашата минута истече.

Повелете г-дине Оровчанец.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Г-дине претседателе, г-дине министер, колеги пратеници,

За оваа тема многу значајна се јавија многу од пратениците и многу дискутираа, меѓутоа мислам дека доминантно провејуваше еден став кој е пред се политички став. Мислам дека воопшто во ниеден сегмент голем број од пратениците не се осврнуваа на една аналитичка форма што зошто и како се прави, кои резултати треба да произлезат од ова. На некој начин понатаму кој крозбенефит ќе се добие од целата оваа работа.

Неозбилноста на оваа ситуација мислам дека потекнува од Владата и конкретно од министерот. Со кои намери ова го кажува и со која цел.

Без разлика што беше кажано дека сето тоа поминало едногласно на Комисијата и таму имавме забелешки, затоа што на Комисијата го имавме само законскиот текст со шест членови кој веќе беше претходно елабориран од пратеникот Мавровски и не мислам повторно да го елаборирам. Меѓутоа, таму имавме проект без проект. Едноставно не постоеше проект. Немавме никаков материјал.

Понатаму, непосредно на самата седница на Комисијата беше дадено мислењето на одборот за акредитација. Со други зборови станува збор за едно комисиско работење кое во најмала мера е неозбилна, неадекватно, неаналитично со една политичка волонтерска цел да се реализира она што претходно било политички договор. На крај се доби оној резултат што се доби.

За да бидам поразбран и поразбирлив јас ќе проверам нешто во мојата дидактика за да бидам и добро сватен на крај краишта.

Прво, морам да кажам дали зборуваме за образование, или не зборуваме за образование? Дали сум за образование или сум против образование, а понатаму дали сум за овој проект на тетовскиот универзитет?

За образование апсолутно сум за, а за тетовскиот универзитет сум против затоа што не е образование.

Во во овој момент малку ќе направам дигресија и ќе се обратам до министерот, он да ја преземе одговорноста од она што годинот Тито Петковски го кажа. Би го замолил он да го повлече овој проект на доработка, затоа што проектот не содржи ниеден елемент кој што е валиден, кој што може да даде гаранција за нешто. Доколку не е во состојба тоа да го направи јас ќе продолжам, а ќе продолжиме и сите со своите ставови и дискусии и да дојдеме до некои сознанија, барем да ни биде јасно за што се работи.

Почетокот на оваа, би ја нарекол и фарса, е од итната постапка на донесување на законот за високо образование односно неговите промени. Пред историјата на ова е нешто друго, а тоа е законот за високообразование кој што во овој Парламент, врз база на големи полемики беше донесен со консензус на сите политички партии и врз база на тој закон дојде до реализација на програмата и проектот универзитет на Југоисточна Европа, која што инвестиција од тој момент до денеска веќе ја достигна вредноста од 70 милиони долари како донации, продолжува уште за да стигне до 90, меѓутоа, и тогаш и во Рамковниот договор е нагласена потребата дека тој објект или тој проект Универзитет ќе мора понатаму да премине по други принципи на финансирање, а не на донации, што на секој овде и на секој граѓанин му е јасно. Што тоа значи? Значи дека оттогаш е преземана обврската за финансирање на тој универзитет. Тој универзитет беше и тогаш а мислам и сега сватен како универзитет на кој што албанците го реализираат високообразовниот процес на својот мајчин јазик, иако таа категорија не постои како уставна категорија.

Поради сите овие работи и успешноста која што беше реализирана со тој проект најмалку разговори, најмалку преговори, најмалку спорења во Рамковниот во Охрид имаше токму образованието. Таму дословно, врз база на сите тие сознанија се поставени одредени стратегиски цели затоа што веќе е поставен Штуловиот универзитет останува обврската од тие причини е и внесена таа точка 6 став 2, во која што се кажува дека потребите за високо образование на заедниците кои имаат повеќе од 20% население во РМ и тн., ќе биде финансирана со спогодби и одлуки на Влада, според сознанијата и потребите кои Владата ги има во тој даден момент. Се мисли на било која Влада.

Меѓутоа, сега односно со законот за високо образование, кој што дојде по итна постапка сето тоа го изменивме. Практично веќе од Рамковниот договор немаме Рамковен договор, немаме преточување на амандман, освен Устав. Имаме нов Рамковен договор кој што е еден мини Рамковен договор меѓу СДСМ и ДУИ.

Јас незнам во овој момент дури и кој е иницијатор на оваа идеја за малоречанскиот или тетовскиот универзитет, затоа што во проектот реално тоа не може да се согледа да ли е СДСМ, затоа што опаѓа популарноста или контролата или рејтингот на ДУИ во Електоратот или е нешто друго. Во секој случај на се ова имаме најмалку, буквално најмалку образование, имаме многу политика.

И да почнеме сега по она што требаше да се направи за да може да се направи еден универзитет. Законските норми, законските стандарди се јасни, децидни, недвосмислени иако овде во вчерашното излагање на министерот се покажа едно колебање во смисла дека не се баш сите тие норми исполнети, меѓутоа ни ќе се трудиме итн. Едно е да се трудиме, а друго е да ги реализираме тие норми. Зошто се потребни на крај краиштата тие норми. За да има квалитетно високо образование мора да постојат минимум услови на стандард за да спроведете минимум образование. Испод таа граница немате образование. Тоа веќе не е образование. Законот е многу јасен и категоричен затоа што вика: “потребно е да исполнувате три основни норми - кадар, простор, опрема”, и наведено што се треба да има за ова, ова и ова.

Да не бидам јас банален и да повторувам и да вадам што се е потребно.

За кадарот постојат нормативи кои што никогаш не биле овде презентирани, а гледајќи ги нормативите и она што е понудено како кадровско решение во проектот кој што е на некој начин и лошо направен затоа што е неконцепиран, гледате дека практично од она што е пријавено како кадри условите да бидат акредитирани како наставници ги исполнуваат едвај можеби 20% од нив. Практично ние немаме во проектот реален кадар кој што треба да ја реализира оваа настава односно образование. Тоа е првиот предуслов. Мора да имате човек кој знае. Тоа е прво.

Второ, доколку знае треба да знае да го пренесе знаењето.

Трето, неговите вредности да бидаст валоризирани на тој и тој начин, и тој да добие квалификација, сертификат дека може да ја обавува наставата. Овде тоа го немаме.

Втора работа е просторот. Просторот се обезбеди со окупациони мерки. Тука и Владата учествуваше, пингираше нешто и се упадна во Табак - Тетово , па се јавуваа новинари, па ова се случило, не е реално, реакцијата на Владата од првите сознанија дека е упаднато беше после еден месец, откога се завршија работите и сега веќе имаме, она што го имаме, а тоа е  тој простор. Меѓутоа, дали е тој простор , затоа што не е наведен во самиот проект. И, повторно не знаеме дефинитивно за што се работи.

Трета работа, тоа е опремата, која што и самиот министер ја кажа крајно инсуфициентна, недокомплетирна , дека е потребна и т.н.  Ние, можеме да му веруваме на збор дека ќе направи нешто,меѓутоа , во овој момент тоа не постои. Па, нека направеја нешто и нека се покаже во преоктот, меѓутоа, не постои.

И,на крај, во овој редослед на овој начин гледано, потребно е да има и некоја финансиска програма. Гледаме дека од Министерството за финансии, немаме одобрување за некои средства. Не е ни помиато на Комисија за финансирање. Од каде се тие пари? Сепа, тоа се пари кои се од Буџет, за кој што многу пратеници , албанци дискутираа дека тоа се и нивни пари. Се сложувам дека се нивни пари. Меѓутоа, кога јас го прашав веќе бившиот минситер г-динот Гошев на пратеничко прашање, да ми диференцира какви се приходите во Буџетот по општините и т.н. , неговиот одговор , а вие сите го добивте , затоа што на сите е испратен тој одговор испаѓа дека во вкупниот Буџет македонската популација учествува со 90%, а албанската со 10%. Значи, несразмерно е. Меѓутоа, тоа не е причина да не се реализира финансирање. Меѓутоа , изворит ена финансирањето треба реално да се најдат. И треба, на крајто на краитата да имаодобрување од Министерството за финансии за овој проект и да се каже дека и во самиот закон треба да биде кажано дека за овој проект има буџетски средства такви и такви и т.н.

Сето ова се оправдува со недоволното образование на албанците во Македонија. Дали реално имаме недоволно образование на албанците во Макеоднија. Дали тоа може да се направи револуционерно или дали може да се направи на друг начин. Токму од тие

причини за некоја правична застапеност, ние како општество , пријдовме кон една ситуација да кажеме дека , поради такви и такви потреби, ние ќе примениме позитивна дискриминација. Крајно неадекватен термин. Имате дискриминација која е крајно негативен термин, а од друга страна позитивна. И, што значи тој термин? Имате квалификациски уписни квоти, во кои што према одредена заедница , дали се работи за албанска, дали се работи за ромска и т.н., и без постигнати задоволителни или адекватни резултати, практично, се упишуваат на факултети студенти од таа област, од тие заедници. Меѓутоа, ако гледаме од друга страна колку е тоа неправедно, ќе сватиме дека тие места, еве на Медицински факултет, тој број е на 14 лица кои одат вон редовната уписна, туку директно на принцип на оваа квота. Дали е тоа праведно. Има деца од македонската заедница, кои што ги положиле со многу подобар успех тие квалифиакции, меѓутоа, неуспејаа поради ова и да влезат таму за да се запишат. Што прават? Одат во Софија, во Загреб, во Белград, одат да студираат и трошат свои пари. Мислиме дека тоа е праведно за нив? Не е праведно. Меѓутоа, како општество тоа сме го прифатиле соодредена цел и намера, која што како крајна била позитивна, за да имаме едукација на заедниците , за да можат да се вклопат во општествените токови, да се вклопат во администрацијата, во сите сегменти на општественото живеење.

Понатаму, Академијата која што е педагошка и на крај она што гокажавме Штуловиот универзитет, универзитет на Југоисточна Европа. Сега, наеднаш, повторно се враќаме на старата болка, а тоа е , меѓутоа повторно не знаеме за што се работи на ова програма, која што ако ја гледаме воопшто не би требало да постои, можеби да бидат и некои други програми. Затоа Што, преку 80% се поклопува со програмската настава, која што се одвива на Штуловиот универзитет. На тој начин што доаѓа? Очигледно гледаме дека или премногу инсуфициентност за такви кадри во албанската заедница, или се работи за нешто друго. Одредена демистификација направи сега г-динот Рамадани, кој кажа , значи ова не е крај на прикаската, кој кажа дека тек предстои легализација на Медицинскиот и на Фармаколошкиот факултет. Тоа министерот треба да го каже. Министерот за одбрана кажа дека е тоа повторно приватна забава. Меѓувреме се премолчеа некои работи и сега г-динот Исмет рамадани што го најави и сето тоа продолжува во едне затворен круг, којнема крај. Сето ова се покрива со една

космополитска идеја, секаде ни треба образование, ни треба во секој град и т.н., како да се раоти за земја во која што тече меди млеко, во земја каде што невработеноста го достигна над својот максимум, над социјална издржливост, во земја каде што и тие што се завршени веќе не можат да обезбедат и да најдат работа и како сето тоа да кошта. На крајот на краиштата, вие од сето тоа треба да направите две работи. Да формирате вистински стручњаци, затоа што факултетот не едуцира националност, тој едуцира професионалност. Значи, мора да формирате стручни кадри, мора да им обезбедите работа. Овде таква анализа не постои. Едноставно ја нема. Со други зборови, пак зборуваме дека овде се работи повеќе за политички договор со политички поени, отколку за самото образование. Дали студентите ќе извлечат корист од тоа, јас сум сигурен дека не. Ова го кажува визави тезите, кои ги постави г-динот Ѓуркчиев, дали ова е точно, дали ова е вака, оваа теза држи, не држи и т.н. Ког аи нему му се аметнуваат тие тези, а сака да гласа за овој закон, мене ми се наметнуваат , затоа што не можам да согледам што е реално во целава ситуација. Дефинитивно се прашувам, што ние правиме овде. Дали на овој начин не правиме уште поголема штета и према албанските студенти, затоа што неадекватно образование генерира неадекватни кадри. Што значи неадекватен кадар? Тоа е фрустрација на старт. Практично, да ја скратам постапката на дедукцијата и да прејдам директно, тоа е производство на луѓе кои во старт ќе бидат фруктирани и хендикипирани поради својата инсифициентност во суфицијацијата и тие понатаму сигурно нема да се чувствуваат ниту добро, ниту ќе бидат успешни и т.н. Ако е тоа целта, незнам , не сакам така да размислувам. Целта мора да биде чиста, јасна и да биде правилна на некој начин. Мора да се создадат кадри кои знаат за што работат и со што ќе се бават. Сето ова во нашата јавност се диктира како полемика, а во оваа држава веќе стана пракса крупни системи кои треба да бидат ангажирани да дадат анализи, ништо не даваат. Универзитетот “Кирил и Методиј” ама со еден збор не проговори. Универзитетот “Кирил и Методиј” во својата идејна инертност стана вториот синдикат, кој за социјалните мерки ама баш ништо не превзема, ниту по Законто за високо образование реагираше, ниту сега реагира. И, дали постои некој , тој факултет мора да го ревидираме и да видиме дали има кадри какви што треба да има, или се уплашени и не знаат да реагираат, или се политички насторени и подржуваат се и сешто. Тоа ќе го оставам како ваш избор за

размислвуање. Кое е решението/ Имавме иљада начини и можности за решавање на работите.

Мислам дека најадекватно решение, по мое убедување, кога веќе постои инфрастуктура, каде што наставата се изведува повеќе од 80% на албански јазик на Штуловиот универзитет, да се прошират квотите на упис, кои државата ќе ги финансира, поради потребите, затоа што програмата е иста. Но, постои кадар , постои опрема , постои можност. Недостасуваат средства, Владат аима можност тоа да го направи и ќе даде средства. Дали има потреба од други кадри? Може да се прошири во смисла да се отвори ушт енекој друг факултет во склоп на самиот Штулов универзитет и да се дојде до реална едукација, до реални потреби и до реални бројки. Тие луѓе, навистина да бидат вистински професионалци. По мое убедување овој проект е промашен, овој проект не нуди образование и овој проект може да предизвика штети воопшто, пред се, према албанската популација, затоа што се работи за луѓе кои треба таму да студираат и се стеснува просторот на нивно делување. Некој кажа и потежок збор, сегрегација, меѓутоа, тоа е така. од тие причини јас сум и понатаму за образование, меѓутоа сум против овој проект, И незнамкако да го наречам на крај, затоа што ова почнува да ми наликува на една ситуација дека ние денес имаме на ред на гледање и на дискусија закон за приватна забава. Не сакам да бидам несериозен, затоа штопремногу е несериозен начино тна кој се приоѓа кон ова.

И, уште еднаш го замолувам министерот да размисли дали сум во право и дали треба овој проект во моментот да го повлече , за да преземе по аналитички, по систематски иследувања, ако треба и со помош на ВМРО-ДПМНЕ, меѓутоа да дојде до вистинските резултат. Ова не е тоа што треба да се донесе, барем не на овој начин и со ваков проект, кој што сите сакате да го прикажете како нешто што ќе направи стражно придвижување во образованието. Не, ќе нарпави штета.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Оровчанец.

Збор има пратеникот Марјан Ѓорчев, анека се подготви пратеникот Ѓорѓи Трендафилов.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Почитуван г-дине претседателе, почитувани дами и господо пратеници, почитуван г-дине минситре,

Јас на почетокто на моето обраќање ќе се обидам, барем според мое скромно мислење да расветлам односно да потенцирам некои битни моменти, кои што сметам дека ќе биде говорење со општо универзален јазик, разбирлив за сите нас тука, како во салата на Парламентот, така и на сите оние граѓани на Република Македонија , кои веројатноне гледаат или ако не не гледаат, не гледале во изминатите два дена и се во дилема , во зависност од тоа кој од која политичка партија настапува и за што ние тука говориме. Ценам дека општиот универзален јазик ни е потребен на сите, за да можеме да дојдеме до некои конкретни заклучоци и се надевам да ги подржиме сите.

Првата поента што би сакал да ја кажам е тоа дека , според мене, вооj закон е изнуден закон, временски несинхронизиран со потребите на македонците од албанската етничка заедница одделно за високо образованеи, а воопшто за потребите на високото образование на сите македонски граѓани.

Второ, овој закон, доколку биде донесен во макеоднскиот Парламент ќе предизвика нарушување на и онака кревката воспоставена рамнотежа во меѓуетничките односи во Република Македонија , како што се воспостави попат на кревкото примирје и политичкото решение на воениот конфликт со Рамковниот договор во Охрид. А, за високото образование, конкретно и пред тоа со Законто за високо образование донесен во 2000 година,кој што во членовите 95 и членовите 198 , конкретно и соодветно и во согласност со Меѓународната заедница и во согласност со етничките заедници и во согласност со севкупниот македонски народ, значеше решение на високото образование на макеоднците од албанската етничка заедница.

Оттука, овој закон, третата поента е , не може да ја добие меѓународната подршка, затоа што меѓународната заедница со години на Република Македонија упатуваше и фундираше една насока, едни темели на кои што здраво поставен донесен закон во 2000

година значи веќе етаблиран вредностен систем во системот на образование во Република Македонија, од кој што нема бегање. Тоа е тој пат по кој што Република Македонија мора да оди и ние не можеме секогаш да се враќаме на почетокот и се да почнува од некоја нова политичка гарнитура, од некој нов политички коалиционен блок, независнокако тој се нарекува, далиод левата илиод десната страна, дали од една или друга партија, од макеоднскиот или од албанскиот блок. Едноставно, тоа е апсолвирана работа, решена работа, Меѓународната заедница ја даде својата подршка и токму заради тоа овој закон нема да ја има повторно меѓународната подршка, затоа што луѓето многу години беа тука, г-динот Штул ја запозна Македонија можеби повеќе од сит енас македонците, повеќе има патувано. Многу години претстојуваше тука, многу разговори се водени со сите политички партии, многу дебати беа водени и се донесе Закон , кој штоуште еднаш ќе кажам и за време на воените дејствијане предизвика никакви посебни проблеми во разговорите во Охрид. Во член, точка 6, став 2. Беше потенцирано дека високото образование во Република Македонија е решено. Оттука,и Рамковниот договор и уставните амандмани, после тоа многу decидно и јасно, како што станаа дел од Уставот, кажуваат дека за ова прашање ние туканe треба да дебатираме. И, ако веќе денес дебатираме, тогаш тоа гоправимеод други побуди, кои што ќе се обидам да ги наведам понатаму во моето обраќање до вас.

Четврта поента е дека овој закон значи, барем според мене, политичка реализација на цели на одреден политички субјект, кој што во даден момент на избран парламентарен јазик на комуникации помеѓу политичките субјекти во Република Македонија , најкрупните политички субјекти, два политички субјекти од макеоднскиот политички блок ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ и два политички субјекти од албанскиот политички блог ДПА и ПДП, за жал, не суштествуваше како политички субјект. Тој политички субјект тогаш беше, во една друга , би рекол , улога, тоа беше воена формација, која што се обиде на својствен начин да ги реши проблемите на човековите права и граѓанските слободи на граѓаните во Република Македонија , вклучително сега како политички субјект, изведена цел, да го реши и високото образование на начин кој што значи паралментарна расправа за законот,како што е предложен од страна на почитуваниот минситер, г-динот Азис Положани. Но, дали може да го реши. По кој пат сега ќе киниса да го реши? Кажав дека

временски не синхронизирано, кажав дека е тоа веќе апсолвирано прашање и ние не можеме законите да ги менвуаме како чевлите на секоај година, секој месец, секој две години. Ние не можеме секогаш да ја имаме меѓународната подршка, аналогно на тоа овој закон автоматски има политичка димензија и значи реализација на политичка цел.

И на крајот, петата поента би сакал да ја кажам, ако е веќе тоа реализација на политичка цел, тогаш автоматски тој е некомпатибилен со македонската државничка стратегија по прашањето на образованието, која стратегија значи, пак уште еднаш ќе кажам, нешто што не се менува секојдневно, тоа е нешто кон кое се стремиме како една долгорочна цел, како една состојба до која треба да стигнеме сите ние како граѓани на Република Македонија, а посебно младите, оние кои што треба да студираат, оние кои треба да го наградуваат своето знаење и на кои овој закон им е посветен. Оттука, бидејќи тој не е афирмација на потребата на македонските граѓани кои треба да ги посетуваат високообразовните институции во Република Македонија, туку спротивно на тоа претставува негација на насоката, на правецот на она што значи стратешка определба на Република Македонија како држава во овој домен на општествено економска организација на живеењето на граѓаните на Република Македонија. Тоа се петте битни моменти кои сакав да ги потенцирам, кои мислам дека сепак претставуваат говорење со општ универзален јазик, кој граѓаните на Република Македонија го разбираат.

Во вториот дел од мојата дискусија, на некој начин, би се потсетил на моето обраќање кога се формираше Владата, политичката влада на СДСМ, ДУИ и ЛДП на 1 ноември 2002 година, кога меѓу другото, парафразирам, реков дека концептуалниот расчекор меѓу јазикот на парламентарната демократија и јазикот на политички притисок, сега во форма на политичка формација ДУИ, ќе доведе - правам дигресија, господине претседателе - до промена на имиња на улици, ќе доведе до промена на училишта, ќе доведе до легализација на узурпирани градежни и земјоделски земјишта и консеквентно на тоа, споменот дека ќе доведе до основање државен универзитет во Тетово. Тое во стенографските белешки од моето обраќање. Жал ми е што тоа се реализираше еве после 13 месеци од работењето на оваа Влада и на Министерствцото за образование, како дел, ресор во таа Влада, но еве тука сме сведоци дека тоа се случува. И тука е она

што зачудува дека сето тоа што сега се случува фактички претставува отстапување на едниот од коалиционите партнери, тоа е СДСМ, кој активно учествуваше во Охридскиот Рамковен договор, активно како опозиција во 2000 година дискутираа пратениците од СДСМ за законот за високо образование и заедно со ВМРО-ДПМНЕ, како претставници на македонскиот политички блок, заедно со ДПА и ПДП ја формулиравме точката 6 став 2 во Рамковниот договор за високо образование. Тука тоа се работи за кои неможеме да спориме, тоа се нотoрни факти и затоа токму сега СДСМ како позиционен фактор во Владата се наоѓа на тежок испит. Сега треба тој јазик на парламентарна демократија, таа ситуација кога се најдовме сите заедно да ја извадиме земјата од криза, како што беше во 2001 година, воена криза, воена опасност, сега треба да поддржи еден ваков закон кој што е нешто анахроно, нешто што временски не претставува решение за потребите на граѓаните на Република Македонија за високо образование. Не може да се избере друг пат, освен да се даде политичка поддршка. Но таа политичка поддршка веќе еднаш е дадена за друга цел.

Оттука, апсолутно ваквото работење и во Парламентот на позицијата ќе доведе до консеквентно нарушување на состојбите во Република Македонија и повторно можеби до нови облици на влади, други релации во Република Македонија кои не личат на оние реални односи во западноевропските земји, каде што точно се знае што е позиција а што опозиција. Се надевам дека и тоа ќе го избегнеме, ќе настанат ситуации кои ќе доведат до облици каде што ќе се бараат можеби нови мнозинства, нови ситуации кои можеби ќе успеат ваквите политички решенија да ги материјализираат во пракса.

И не само заради концептуалната разлика меѓу партиите кои се во власта, туку и заради една друга димензија ценам дека ние како опозиција, како што кажа министерот во своето обраќање или вчера дека тоа има политичка димензија, ние имаме право тоа да го кажеме затоа што застанавме зад еден проект кој пак ќе кажам во моето натамошно обраќање, консеквентно како цел, како организација, како фунција, како контрола го изведовме до крај и на македонските граѓани од албанската етничка заедница им дадовме закон за високо образование кој се имплементираше во пракса. Но сега на потег е повторно политичката коалиција, која сега ја практикува извршната власт во Република Македонија, а тука многу битна димензија е димензијата на одговорност, одговорности

како политичари и одговорности како луѓе. Затоа што една политичка партија независно од која политичка номенклатура е, дали е еден лидер, тогаш биле други министри кога била таа партија на власт, а беше СДСМ на власт во времето кога почна Мала Речица, сосема неодговорно се однесуваше кон тоа што се случуваше таму, кон една би рекол легитимна граѓанска иницијатива што ја започнаа македонците од албанската етничка заедница, но заради неодговорното однесување на луѓето од СДСМ кои тогаш беа во власта, тоа подоцна ескалираше и со немили инциденти и дојдовме до една ситуација каде што токму таквата неодговорност сега сакаме да ја легализираме во наше одговорно однесување со донесување на еден закон, кој што има чиста политичка позадина. Не може ние да имаме ваков однос кон тој универзитет како луѓе, како политичари, бидејќи над партиската безусловност постои човечка безусловност, ние мораме да бидеме спрема нешто безусловни, безусловни можеме да бидеме само спрема фактите. Ако тогаш СДСМ имал став дека тоа не треба да биде легализирано, дека тоа е кршење на закон, Манлие 414 година од основањето на Рим го има погубено својот син затоа што не ја има извршено неговата наредба. А тука во Македонија десетта година по ред се кршат сите закони во Мала Речица и во тој простор што е околу Мала Речица, во кој се изведуваат тие би рекол наставни програми на луѓето кои по таа граѓанска иницијатива си ги изведуваат тие наставни програми како што тие сметаат, се разбира а никој во Република Македонија не мрда со прст, тоа си тече така како што си тече и сега конечно сме доведени пред свршен чин, ние треба да заборавиме се што било пред тоа заради доброто на сите нас и консесуално да донесеме тука еден закон кој што ќе значи во иднина решение на сите проблеми. Значи, димензијата на одговорност мора да ја потенцираме, затоа што политичките партии во Република Македонија, покрај другото, имаат и анали и хроничари кои педантно бележат што се случувало, што се се кажувало и заради тоа одговорноста тука ќе биде присутна и при чинот на гласањето за донесување на овој предлог закон за државен универзитет во Тетово.

Во четвртиот дел од мојата дискусија би истакнал кои премиси секој закон воопшто треба да ги задоволи, вклучително и овој закон, кои претставуваат неопходни претпоставки за да може овој закон како и сите други да биде целисходен и да ги задоволи потребите конкретно за високо образование на граѓаните кои според овој закон

треба да произлезат материјални претпоставки за практикување на овој закон во високообразовните институции во Република Македонија, поточно за овој државен универзитет во Тетово. Тоа е пред се премисата на временска синхронизација.

Јас уште еднаш тука ќе потенцирам дека ние како држава високото образование го решивме 2000 година и тоа го решивме на начин кој што претставуваше поддршка од целокупниот дипломатски кор на сите претставници на Европската Унија, САД, Советот на Европа, на сите оние релевантни фактори кои во Македонија заради начинот на кој што се наруши би рекол, ајде да го употребам терминот, нивото на човековите права и граѓански слободи, па сега ние без меѓународна поддршка неможеме да ја решаваме било која ситуација во Република Македонија. Пред неколку часа бевме сведоци на Проектот “Проксима” кој што го излгасавме токму заради тоа што сме доведени во таква ситуација што ние консеквентно одиме кон тоа сите заедно и како политички субјекти во Македонија мораме пред се да го слушнеме гласот на меѓународната заедница и потоа заедно да донесуваме решенија за одредени закони. Тука во оваа временска синхронизација отсуствува токмун таа меѓународна заедница. Тука аргументите се такви што во овој момент неможеме да дискутираме дека и за овој проект, како што било и во 2000 година, меѓународната заедница даде поддршка.

А што фактички се случи во 2000 година? Значи не само вербална подершка, не само димензијата на она што значи решавање на проблемите со сите сили и ресурси во Република Македонија, туку и материјална поддршка. Најпрво државата Република Македонија издвои 19 хектари земјоделско земјиште во атарот на Земјоделското средно училиште во Тетово, па како што треба по сите нишани го пренамени тоа земјиште од земјоделско во градежно, па потоа дојдоа донациите од САД и опремата од ЕУ, па се дискутираше на кој начин ќе бидат формирани кадрите на тој таканаречен Штулов Југоисточен универзитет во Тетово и на таков начин по еден законит легитимен пат се легализираше желбата и се создадоа можности, потребите на студентите кои сакаат на тој универзитет да студираат да биде согласно сите стандарди, глобални стандарди, затоа што денешниот свет е глобален. Тоа го гледаме на електронските медиуми, читаме во печатените медиуми дека стандардите се унифицирани. Ние имаме преговори со Светската банка, таму ни кажуваат за едно работно место во Југоисточна Европа треба

да имате 12.000 долари, за студент треба да има толку метри квадратни простор, за секој студент треба да има толку пари, за тој студент треба да има таква исхрана, за тој студент треба да има таков наставен кадар бројчано, дали треба 10, 15, 20 - тоа се глобални стандарди кои во овој закон ги нема никаде, односно во проектот каков што е поднесен и кодифициран, верифициран од Акредитациониот одбор и од она што сега претставува предлог закон, такво нешто и во образложението во законот ние немаме. Значи, немаме временска синхронизаија, немаме почитување на глобалните светски стандарди и тука правиме една голема грешка. Сите би рекол стануваме неправедни. Значи македонските граѓани од албанско етничко потекло кои во тој глобален свет и воопшто на Балканот, имаме такви движења, такви тенденции, луѓето македонци, независно од која етничка заедница се, студираат во Солун, на Универзитетот во Шефилд, на Анатолија колеџот, во Благоевград, на Американскиот колеџ во Софија, па и понатаму низ Европа, ние сега отворајќи се вербално само кон глобалниот свет, отворајќи се согласно спогодбата за стабилизација и асоцијација кон тоа што значи наше чекорење кон Европската Унија, наше чекорење кон сите меѓународни асоцијации, ние сега ги затвораме, ги гетоизираме нашите млади луѓе само затоа што сакаме да реализираме барем според мене, пак ќе кажам некои национално романтичарски идеи, кои сега преку политичка партија, преку политички субјект мораме да ги задоволиме и тука начелото на праведност доаѓа до израз спрема оние луѓе на кои веројатно треба да им се оддолжат тие кои сега политички суштествуваат за нивните напори кои се несомнени, да работите нелегитимно, да стравувате секој ден дека ќе бидете затворени, да стравувате секој ден дека некој ќе дојде да ве руши, некој ќе ви попречи во наставата. Тоа е стрес, јас тоа го разбирам и тие луѓе направиле многу, независно како кој гледа на тоа, но во секој случај тоа било незаконито. Значи сакаме да бидеме праведни кон тие луѓе, односно сакате да бидете праведни, ние во Парламентот или еве јас конкретно ве разбирам, господине министре, но не можам да ја разберам вашата неправедност кон студентите кои утре треба да посетуваат настава во овој државен универзитет во Тетово.

Четвртата премиса е што воопшто значи државен универзитет во капиталистичкиот свет, дали тоа е само една форма дека еве државата стои зад тој универзитет и како воопшто универзитетите во светот функционираат, големите

универзитети Кембриџ, Оксфорд, Сорбона, Харвард, Јејл, колку таму државата донира, колку таму државата дава, колку тоа се донира од приватни фондации, колку се донира од приватни донатори, луѓе што имаат многу пари. Ние во Македонија воопшто го променивме продукциониот однос, а сеуште дискутираме за стари премиси, за стари начела. Ние треба да констатираме дека живееме во време на капиталистички продукционен однос. Таму основна манифестација е приватната сопственост, манифестација на односот е сопственоста. Во социјализмот беше социјалистичката сопственост и таму градевме други премиси и други стандарди. Можевме да речеме, ние сме сега социјалистичка земја, не ги респектираме светските стандарди, ќе изградиме пруга ако треба незнам со какви димензии, ама ќе биде таква, ние така решивме. А сега неможеме така да решиме, затоа што приватниот капитал е тој модус вивенди, кој го движи современиот свет и оттука овој државен свет нема да им донесе многу среќа, затоа што со тие предвидени пари во Буџетот апсолутно неможе да функционира. Повторно ќе се потпре на приватни донации, на луѓе кои од разни побуди сакат да помогнат на тој универзитет, дали како граѓани на Тетово, дали како иселеници од Тетово, дали како иселеници од Дебар, дали како иселеници од Скопје, кои ќе помогнат тој универзитет да функционира. Но повторно почнуваме се од почеток, а веќе рековме дека ние во 2000 година направивме вредносен систем, кој сега е еталон за високото образование на македонските граѓани од албанската етничка заедница. Тој еталон ние неможеме сега да го скратуваме, еталон си е еталон, тоа е мерка која ги мери сите останати вредности сега во високото образование во Република Македонија за потребите на македонските граѓани од албанската етничка заедница. И токму затоа решението лежи во надградување на тој етаблиран вредносен систем кој го поставивме во Република Македонија, а тоа е тој Југоисточен универзитет во Тетово конкретно, изграден и потпрен врз закони, граден како што треба, верифициран и опремен по меѓународни стандарди, верифициран во меѓународна заедница, и тука треба сега Министерството за образование на Република Македонија, актуелниот министер во содејство со експерти од таа меѓународна заедница да најде сега решение. Јас неможам сега да сугерирам, а и не би било упатно до позицијата да сугерирам решение, меѓутоа, тука е решението, тој вредносен систем да се

надгради. И тогаш би можеле да ги почитувале, тогаш би можеле да одиме кон градење на општочовечки придобивки за сите граѓани на Република Македонија.

На крај би сакал да завршам со една мисла од Конфучие, кој што дава решение на нашиот проблем: за да се оди многу далеку, треба да се отиде многу напред. А кога човек ќе отиде многу напред тогаш сваќа дека се враќа назад.

Решението е токму во таа мисла, да разбереме дека понекогаш треба да погледнеме назад или да се вратиме назад и оттука повторно да тргнеме да градиме, односно да го доградиме вредносниот систем кој што веќе постои во Република Македониа и мора да го почитуваме кога е во прашање високото образование на македонците од албанската етничка заедниц.

Ви благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор господинот Ѓорѓи Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Ќе се обидам да ја споредам оваа иницијатива на Владата на Република Македонија. Имено, Предлог законот за основање на државен универзитет во Тетово, содржи 5 члена, не повеќе и целата формална постапка која пред македонската јавност треба да изгледа дека е во рамките на постојната законска регулатива и процедура во Република Македонија, со, да речеме сосема нормално потреба од егзистенционална природа. Имено, во моето маалско дуќанче кое брои 10-15-тина метри квадратни, сопственикот за да го отвори истото тоа дуќанче мораше да поднесе барање, молба, уплатница до Пазарна инспекција, уплатница до Санитарна инспекција и уплатница за Трудова инспекција, па мораше да чека, прво да дојде Пазарната инспекција, па Санитарната, па Трудовата инспекција. Кога заврши целата оваа постапка, истиот тој мој сограѓанин мораше таа документација да ја однесе во подрачната единици на Министерството за економија, па од нивната волја, дали тој ги исполнува потпишаните стандарди, или не ги исполнува, да почне да работи. Значи на еден обичен наш сограѓанин кој се обидува да го реши егзистенционалното прашање за себе и за своето семејство, ние како држава Република Македонија му поставуваме одредени стандардни

услови кои треба да ги исполни и кои се доста сериозни, а Владата на Република Македонија се дрзнува, пред македонските граѓани да дојде, со еден лист хартија и дури така арогантно да нашите во член 5 дека статусот на затекнатите студенти на универзитетот во Тетово, основан како граѓанска иницијатива, ќе се решава согласно член итн, итн. Владата односно попрво би рекол двоецот Бранко - Ахмети, особено Црвенковски како претседател на Владата, решава дека ништо од она што е кажувано од тој човек од СДСМ до 1998 година, не важи. Таква беше постапката и со промените за Уставот, таква беше изјавата за Уставот со фабричка грешка, така отсега, изгледа станува збор на кој начин Република Македонија ќе се однесува кон сопствените граѓани, како ќе се однесува кога треба да се излезе во пресрет на чисто политички барања, во рамките на самата Влада.

Ако самата Влада која има обврска да се грижи за граѓаните во сопствената земја и да им овозможува оптимални услови за непречен просперитет, престанува да ја извршува таа своја основна функција, се поставува логично прашањето дали граѓаните и понатаму треба да ги почитуваат законите и правилата кои ги наметнува оваа Влада, ако Владата престанува да го овозможува тоа основно правило што и во етичка и во било која друга смисла на зборот и го дава правото да пропишува како ќе се уредува одредена атмосвера, одредена состојба, или било што, што оди во прилог на граѓаните на една земја. За жал, во овој случај Владата на Република Македонија не го почитува овој основен принцип на кој почиваат сите демократски избрани влади. За жал, се она што како опозиција и како партија го кажуваше ВМРО-ДПМНЕ во изминатиот период, оваа Влада, напротив, не е формирана на тие принципи, значи не е формирана преку слободни демократски избори, затоа што оваа Влада воглавно се заснива, оваа коалиција, се заснова на крв и на лаги, на ништо повеќе. При една таква констелација, ако тоа е фундаментот врз кој почива оваа владеачка гарнитура, се разбира дека ние не можеме да очекуваме квалитетни решенија.

Нема да зборувам за тоа како беше решено прашањето на високото образование во минатиот состав, во Владата на господинот Георгиевски, затоа што ова барање, прво не е во прилог на нашите сограѓани од немакедонско потекло. Ова е повеќе решение кое е иницирано чисто политички, да речам, личи на оние племенски обреди кога ќе се

кажува кој е похрабар и посилен и кој што направил во текот на денот. Значи, апсолутно, основната функција, самиот збор универзитет, изгледа дека предлагачите од самиот збор универзитет кој во минатото давал азил на политички прогонувани, каде што молчеле и црква понекогаш и држава, универзитетските професори, ректорот и студентите давале азил на секој оној кој имал проблем со општетството, од било каков вид, се додека не ги прекршува елементарните потреби и права на едно хуманистичко и етичко однесување. Од сето ова, бидејќи е запамтен било кој универзитет, бидејќи тоа и во самиот збор, етимолошки го содржи, изгледа дека предлагачите запамтиле дека е бегство каде што се дава амнестија на луѓе кои узурпираат одредени права и по правило тоа се случува со оружје.

Владата се дрзнува, во услови кога постои обид да се гетоизираат одредени сограѓани од немакедонско потекло, при услови кога не е решено основното прашање, а го спомнав примерот што се бара од еден наш граѓанин при формирање на еден обичен самостоен трговски дуќан, да се појави со образложение дека со оглед на тоа што не е во прашање сложен ниту обимен закон, ми дава за право да тврдам дека, изгледа оваа политичка гарнитура која себеси се нарекува Владата на Република Македонија, одамна Македонија ја има избришано од своите политички визии, или пак визиите на оваа политичка гарнитура се сосема различни од визиите веќе на поголемиот број граѓани на Република Македонија, а се дијаметрално спротивно од она што оваа владеачка гарнитура, во предизборната кампања го зборуваше. Или да истакнам пратеници од владиното мнозинство, во нивните редовни контакти, во рамките на средбите кои ги имаат со нивните гласачи во изборните единици, каде што пројавуваат, дури би рекол и посериозни политички амбиции од оние што моментално ги имаат, значи претендираат да бидат и нешто повеќе од пратеници, дали станува  збро за изборен регион, еден, два, три, четири, пет или шест, сеедно, воглавно на тие средби зборуваат така како што зборуваат и мислат поголемиот број од нивните гласачи. Апсолутно, за вакво нешто, за Предлго законот за основање на државен универзитет во Тетово, не станува збор. Уште во член 1 кога дури и да се обидете сериозно да го разгледувате Предлог законот, имате факултет за хуманистички науки и за уметности и центар за политихнички студии, како висока стручна школа, бидејќи како висока стручна школа е последен во овие пет

наброени елементи кои би биле составен дел од евентуелниот нов универзитет, овие другиве дали треба да ги разбираме како ниска стручна школа, или не знам што ќе биде.

Конечно уште еднаш да се вратам на членот 5, за статусот на затекнатите студенти на универзитетот во Тетово, основан како граѓанска иницијатива. Прво, тој не е основан како граѓанска иницијатива. Тоа на сите нас ни е јасно.

Ако како држава, како парламентарно мнозинство кое стои зад ваквата политика на оваа Влада на Република Македонија, дадете поддршка, тогаш со кое право вие ќе очекувате од граѓаните на Република Македонија, веќе од следниот ден односно, како што вели член 6, овој закон влегува во сила осмиот ден од неговото објавување во “Службен весник на РМ”, како ќе очекувате да им ги наметнете истите стандарди, кога државата ги прекршува тие стандарди. Ги прекрши, на начин како што ги прекрши и во поглед на измените на Законот за државјанство, еве сега ќе биде законот за основање на државен универзитет, после ни следува законот за територијална поделба, со кое право државните институции ќе се наметнат пред граѓаните, кога нема да го почитуваат законот. Да не зборувам, а е, можеби една од најважни причини, економската причина. Дали постои веќе правен факултет во Република Македонија. Што ќе реши формирање на нов паралелен факултет кога веќе постои, постои Правен факултет и слични дисциплини кои, претпоставувам, можеби се наоѓаат во оваа графа каде што се хуманистички науки и уметности итн. Што ќе правиме со тие луѓе. Зошто да ги издвојуваме и така скромните средства кои одат вкупно во високото образование, за една авантура која тврдам дека нема да служи за ништо друго, освен за политичките фрустрации на одредена политичка гарнитура во Владата на господинот Црвенковски, ништо повеќе. Да не зборувам за другите политички реперкусии кои ќе се јават, доколку ова помине.

Прво, по трет пат ќе потенцирам, вие не можете во иднина да очеккувате од граѓаните на Република Македонија, кога самата држава ги прекршува законите, кога самите државни институции не работат согласно Уставот и законите на Република Македонија, вие утре да се појавите во лицето на државна администрација, во лицето на било каков државен орган и да барате од некој граѓанин да постапи вака или така, бидејќи законот вели така да постапи. Јас ве уверувам дека нема да почне тоа да се случува,

дека многу наскоро ќе се соочите со отворена граѓанска непослушност. Дали е целта на оваа Влада да предизвикува проблеми во Република Македонија, дали е целта да предизвика некои посериозни, дали ќе бидат од социјална, од национална и од било која друга причина, незадоволство, отворени судири меѓу граѓаните и државните институции, за вие да забележите одреден политички поен и да покажете дека еве некој друг во земјата, ние сме добрите. Не можете да го очекувате тоа од граѓаните во Република Македонија. Во спротивност е со основната заложба која е донесена со Декларација во Собранието на Република Македонија во годините кога Република Македонија го почнуваше својот од на меѓународната политичка сцена, како самостојна држава, во обид да се интегрираме во Европската унија. Европската унија значи зближување. Културните разлики да бидат културни, политички, историски, какви сакате разлики, во рамките на одредени стандарди во она што во буквална смисла на филозофскиот термин космополитизам значи гердан, кој гердан е составен од разлижни делови по квалитет, по големина и по форма, но сите тие егзистираат заедно како една целина. Вие се обидувате да правите гетоизација, истовремено тврдејќи дека Владата на Република Македонија, држејќи се до консензусот за кој зборував овде дека е донесен во Собранието на Република Македонија, сите овие силни зборови кои утринава ги слушнавме во поглед на најновата мисија на меѓународната заедница изразена преку полициската мисија на Европската студија ПРОКСИМА. Самиот начин на кој таа иницијатива стигна пред пратениците, кажува колку Владата на Република Македонија сериозно размислува да се доближи и да ги прифати тие меѓународни стандарди.

Јас ве уверувам и сватете го тоа како сакате, давањето поддршка на една ваква иницијатива, неминовно ќе предизвика посериозни политички проблеми во Република Македонија, токму во поглед на тоа што ќе се соочите со отворена граѓанска непослушност. Можеби некои умови во оваа политичка гарнитура која сега е на власт во Република Македонија е целта да се предизвика таква нешто. Но, би ве потсетил на една стара поговорка која вели “внимавајте што посакувате за да не ви се оствари желбата”.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Збор има Ганка Самоилова Цветановска.

ГАНКА САМОИЛОВА - ЦВЕТАНОВСКА:

Почитуван претседателе, почитувани членови на Владата, почитувани пратеници,

Со поднесувањето на овој Предлог закон за легализација на малоречанскиот парауниверзитет, не велам со Предлог закон за основање на државен универзитет во Тетово, бидејќи суштината и позадината е многу јасна, легализација на така наречениот малоречански парауниверзитет, Владата уште еднаш потврдува дека нема утврдена платформа според која ќе се справува со актуелните состојби во државата. Уште еднаш потврдува дека единствениот принцип на кој функционира оваа непринципиелна владина коалиција, е задоволување на желбите на ДУИ и тоа од страна на премиерот Црвенковски.

Прашањата од национален интерес на државата, од витален за државата, прашањата кои имаат стратешко значење за Република Македонија, едноставно се сведени, нема да кажам на политички договор, бидејќи политичкиот договор е една многу повисока, пософистицирана форма, сведени се едноставно на политичко пазарење, без притоа да се води сметка како тоа ќе резултира, како ќе се одрази врз севкупните состојби во Република Македонија , врз севкупните настани, дали тоа ќе влијае на унапредување или на уназадување на демократските процеси и како тоа ќе влијае врз позиционирањето на Република Македонија во услови на едни пошироки констелации, па ако сакате и во самите евроинтегративни процеси.

Дека не станува збор за задоволување на потребата за високо образование на албанците во Македонија, на нивниот мајчин јазик, говори и изјавата на потпретседателката на Владата која во една ТВ емисија кажа дека станува збор за политички договор, јас пак ќе кажам политичко пазарење, што е многу потценувачки за албанците, бидејќи таа кажа дека тие млади луѓе треба да се прифатат, за да не прават неволји на улиците во државата. И за да се дефокусира вниманието на јавноста од вистинската позадина и суштина на проблемот, потојано се пласира една теза во јавноста и тука од пратениците од парламентарното мнозинство дека ВМРО-ДПМНЕ е против

високото образование на албанците, на нивниот мајчин јазик, дека ВМРО-ДПМНЕ е анти албанска партија итн.

ВМРО-ДПМНЕ почитувани дами и господа, почитувани пратници, не е против високото образование на албанците во Република Македонија, на нивниот мајчин јазик. ВМРО-ДПМНЕ е против неквалитетното понудено високо образование, е против квази образованието е против образованието односно формирање на квази институции на кои ќе предаваат неквалификувани наставници. ВМРО-ДПМНЕ е против остварување на политички цели по пат на насилство.

Дека ВМРО-ДПМНЕ не е против високото образование на албанците во Република Македонија, говори и формирањето на Штуловиот универзитет кој беше формиран во времето на владеењето на Владата на ВМРО-ДПМНЕ и тоа под покровителство на меѓународната заедница. Значи, високо образовна институција која ги задоволува не само домашните стандарди за високо образование, туку ги задоволува и европските стандарди за високо образование. И наместо владеачките партии во моментот да се обидат сите овие албанци да ги стимулираат, да ги мотивираат, да се запишат на оваа високо образовна институција која ќе им понуди квалитетно образование, институција која меѓу другото е пример за мулти етнички соживот и институција која го негува мултиетничкиот карактер во државата, тие ги насочуваат да се запишат и да студираат односно да мислат дека студираат на исклучително неквалитетни квази високо образовни институции. И сега имаме и една апсолутно парадоксална ситуација. Сите оние млади албанци кои во изминатата година мислеа дека студираат на непостоечки факултет и кои беа апсолутно надвор од целокупниот систем на државата и надвор од сите општествени текови, наместо сега преку Штуловиот универзитет да се обидеме да ги инкорпорираме во системот, да ги инкорпорираме во општеството, во институциите на системот, во јавната администрација, во државната администрација, што се случува? Политичките партии, со цел да обезбедат политички поени кај своето гласачко тело, ги насочуваат во чисто етничка институција односно се случува класична гетоизација во која апсолутно нема да им биде понудено квалитетно високо образование. Ваквиот однос е апсолутно потценувачки за албанците во државата. На овој начин вие почитувани пратеници и членови на Владата, албанците ги третирате како граѓани од втор ред, кои не

заслужуваат да студираат рамноправно со нивните колеги од сите други останати заедници. На овој начин едноставно им се оневозможува, им се одзема правото утре тие рамноправно да се стават на пазарот и да конкурираат со своето знаење, затоа што знаење нема да имаат.

Би сакала да проговорам и неколку збора за универзитетот како место секаде во светот кој треба да произведува движечки иницијативи, кое е место каде што се случуваат сите напредни и прогресивни идеи и движења. Нашиот универзитет, почитувани пратеници, овој пат, како и многу пати претходно, кога се зборуваше и се дискутираше за Законот за високо образование, едноставно одлучи да не излегува со официјален став. Она што во колуарите го слушаме и од нашите неофицијални контакти со членовите на универзитетот Свети “Кирил и Методиј” е дека тие ќе се побунат само тогаш, доколку почувствуваат скратување на сопствениот буџет. Минатата недела во материјалите кои ни пристигнаа од Собранието на Република Македонија годибовме и Предлог буџетот за 2004 година. Јас во тој Предлог буџет не видов дека ставката за високо образование и наука се разликува од годинешната ставка односно од Буџетот во 2003 година.

Се прашувам со кое лице следната година, кога ќе им се оневозможи формалното функционирање на постојните факултети и универзитети, универзитетот ќе побара зголемување на ставката за високо образоване, односно за универзитетите.

Истовремено сакам да го изразам моето разочарување  од колегите пратеници кои се истовремено универзитетски професори, кои ги осудија мирните протести на неколкуте илјада студенти пред Собранието на Република Македонија. Значи, мирни протести, повторувам, право што им е загарантирано со Уставот на Република Македонија, но ниту еден не најде за сходно ниту за потребно да ги осуди настаните во Тетово. Значи, каде што радикални, вооружени групи, обезбедување на параунивerzитетот, лица што се дел од обезбедувањето на параунивезтитетот во Тетово, влегоа и окупираа неколку објекти. Значи, професорите пратеници најдоца да ги осудуваат студентите, додека една ваква радикална постапка не најдоа со ниту еден, единствен збор да ја освојат.

Се прашувам, уште колку отстапки ќе направи Владата на Република Македонија на чело со  премиерот Црвенковски, го имавме Законот за државјанство, Законот за

високо образование, денеска претпоставувам ќе се изгласа законот за легализација на малоречанскиот универзитет, деновиве ќе го имаме законот за територијална поделба. Уште колку отстапки ќе направи премиерот Црвенковски, со цел, значи, да го задржи нормалното функционирање и опстојувње на оваа Влада и, се разбира, како што кажав и минатиот пат, во пресрет на претседателските избори, со цел да се додвори на еден одреден електорат. И, сето тоа, почитувани пратеници помогнато од ваша страна, бидејќи очигледно парламентарното мнозинство во овој Парламент се сведе на административно тело на Владата и на најелементарна гласачка машина.

На крајот ќе завршам со констатацијата дека сето она што не беше реализирано од страна на оние кои го поттикнаа и го започнаа вооружениот конфликт во Република Македонија во 2001 година, сега го остваруваат благодарение на Владата на господинот Црвенковски.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам госпоѓо Самоиловска.

Според списокот сега е на ред господинот Сашко Ќедев, а нека се подготви пратеникот Ќенан Хасипи.

САШКО ЌЕДЕВ:

Благодарам.

Почитуван господине претседателе, почитувани колеги присутни во салата парламентарци и почитувани претставници на Владата,

Најпрво би сакал на кратко да се задржам за еден, според мене нов принцип на работа на Собранието на Република Македонија, посебно кога се работи за вака есенцијални и витални точки како што е денешнава точка за која што се расправа повеќе од три дена, а тоа е ставањето на некој начин, пред свршен чин на пратениците, играње на картата на издржливост кој повеќе ќе издржи и кој повеќе ќе биде предодреден во однос на дискусиите за вака витални прашања.

Би сакал да упатам апел до претседателот на Собранието на Република Македонија да ги разграничиме формално правните карактеристики на Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија и малку повеќе да се фокусираме на моралните обврски што ги има, почнувајќи од првиот меѓу еднаквите, претседателот, и сите членови на Парламентот, вклучувајќи ги претставниците на Владата кои предлагаат вакви сериозни законски проекти.

Значи, повод за ова мое првично изјаснување сега беше поминувањето на Законот за државјанство кое што исто така помина на некој начин субмаргинализирано во овој Парламент, бидејќи беше оставено и најавено дека ќе се оди до раните утрински часови и се играше на картата на издржливост.

Тука би сакал да потенцирам дека предодреденоста на нашата парламентарна група не се должи од аспект на блокирање на работата на Парламентот, туку обраќање до Парламентот на Република Македонија и до целокупната македонска јавност, дека нашата пратеничка група е свесна на непринципиелната работа пред се на Владата на Република Македоња, на една непринципиелна коалиција која што води една крајно деструктивна политика и која што ја маргинализира работата на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам господине Ќедев, можете за законот да зборувате, не ви ускратувам право да се обратите пред Парламентот и пред јавноста.

САШКО ЌЕДЕВ:

Би сакал да кажам дека во овие тридневни маратонски расправи бевме сведоци на исклучително конструктивни расправи од сите парламентарни групи, пред се од опозиционите парламентарни групи, при што еден консензус во дискусиите е постигнат дека овој ессенцијален закон се должи на постигнување на политички договор помеѓу претставниците на владеачката коалиција. Значи, политички договор, а од друга страна во своите дискусии, голем дел од претставниците на владеачката позиција дискутираа дека образованието треба да се деполитизира. Значи, политиката да не се меша посебно

во високообразовниот процес. А, од друга страна, Владата ни нуди проект, еден сериозен закон кој што, сите сме согласни дека претставува еден политички договор, политички консензус.

Во моето прво излагање пред три дена беше тоа, јас упатив неколку прашања до почитуваниот министер за образование. Меѓутоа, за жал, не добив конкретен одговор на ниту едно од поставените прашања. Затоа ќе се обидам дел од нив да повторам во една, можеби и поскратена форма и мислам дека репликата, една ефикасна реплика од помалку од една минута би одговорила на овие прашања.

Првото прашање би било формално правниот аспект на просторот на кој што ќе се извршува високообразовниот процес во овој предложен проект за формирање на државен институт во Мала Речица. Дали тој простор ги задоволува формално правните квалитети на простор и дали сите тие работи што ги слушаме деновиве и месециве, можеби и повеќе од година наназад, дека во таа институција имаме сериозен конфликт на интереси во однос на правната сопственост на просторот што е планиран за извршување на високообразовна дејност. Тоа е едно многу суштинско прашање, посебно од аспект кога во државава Владата на Република Македонија и Собранието на Република Македонија инсистира и води неограничени дискусии, за кои што ние ги поддржуваме во најголем број на случаи, за формирањето и стимулирањето на системот на правна држава. Како може од една страна Владата да води една сериозна политика во однос на создавање формално правен систем и стимулирање на правна држава, а од друга страна се нуди еден есенцијален проект кој што е во сериозен конфликт со правните, основните базни правни карактеристики.

Тука не се работи за некој комплициран формално правен спор, туку се работи за базични формално правни конфликти на интереси за кои што Владата мора не само пред Парламентот, туку и пред целокупната македонска јавност да даде многу јасен и дециден одговор дали има или нема формално правен конфликт на интереси во просториите на “Тетово Табак”, во просториите на стадионот на Тетово и уште некој објект, мислам спортската сала што беше наведена во претходниве денови. Тоа е едно ессенцијално прашање на кое што очекуваме ургентен одговор од претставниците на Владата.

Понатаму, ако добро го погледнете сите Мислењето што е издадено од Одборот за акредитација, потпишано од еден проминентен универзитетски професор на Правниот факултет, кое што би требало да го одразува Мислењето на Одборот за акредитација. Сосема на кратко ќе се задржам на неколку сегменти од ова Мислење. Тоа е донесено, врз основа на, како што стои во Мислењето на состанокот на Одборот за акредитација, одржан на 1.12.о.г., при што уште во преттекстот во Мислењето стои дека после долга и макотрпна дискусија се дава одредено мислење.

Меѓутоа, почитувани колеги пратеници, ако добро го прочитате овој текст ќе видите дека 3/4 или повеќе од 3/4 од тој текст се констатации или коментар на предлог-проектот за основање на државен универзитет во Тетово. А, стои само една реченица во која што, мислам дека е точка 5, се цитира дека плановите и програмите на овој универзитет се во согласност со современите текови и стандарди во развиениот свет. Значи, тоа е една реченица што дава мислење за планот и програмата на универзитетот, потенцијалниот државен универзитет во Тетово.

Уште понатаму, ако се анализира ова мислење, бидејќи е многу лесно, тоа е на две ипол страници издадено, стои дека опремата е субоптимална и за опремување на ваква сериозна институција Владата на Република Македонија треба да направи големи напори и голема финансиска поддршка за соодветно да ја опреми оваа универзитетска институција. Значи, во Мислењето стои дека опремата е субоптимална, сериозно субоптимална.

И, што е можеби најважно, во Мислењето на Одборот за акредитација е ставот дека овој одбор за акредитација воопшто не го коментира кадарот на универзитетот, потенцијалниот државен универзитет во Тетово, туку наведува во точка 6 дека на една од своите идни седници Одборот за акредитација во понатамошна расправа ќе го разгледа кадарот и соодветноста на кадарот. Значи, со таа реченица, пред се потписникот на овој историски документ, се оградува во однос на кадарот што треба да ја извршува високообразовната дејност.

Почитувани пратеници, почитуван господине министер,

Кадарот претставува најважниот сегмент од тие три наведени сегменти на формирање на една универзитетска институција, кои што екстензивно беа елаборирани

во последниве три дена, значи простор, опрема и кадар. Кадарот е суштинскиот дел при формирањето на една универзитертска институција.

Во изминативе денови немав можност да реплицирам на неколку ценети пратеници кои го коментираа начинот на кој е формиран Универзитетот “Св.Кирил и Методиј” и неговите први факултети 1947/1948 година. Тука сакам да потенцирам дека без разлика на сите недостатоци на претходниот систем, формирањето на Универзитетот “Св.Кирил и Методиј”, или поконкретно би можел да се обратам, поради подобро познавање на состојбите при формирањето на Медицинскиот факултет во Скопје, еден типичен пример на кој начин треба да се формира една државна универзитетска институција. Значи, од 1947 година, тоа е еден период од 56 години, значи пред 56 години во Република Македонија, иако дел од една поголема држава во тој период, одговорните луѓе во таа држава тогаш на принцип на пред се обезбедување врвен кадар, направиле принцип да формираат една високообразовна институција. Значи, во Скопје, 1947 година е донесен врвен кадар од тогашната поранешна Југославија и тој врвен кадар овозможил формирање на една високо софистицирана државна универзитетска институција.

Што се случува после 56 години, во истава држава, на истата територија? Во уште една попривилегирана положба на назависност, на комплетна независност од влијание на нашата околина, значи во едно сосема друго сценарио на една независност и еден непрекинат процес на транзиција од тринаесетина години се случува еден ретрограден и многу олд фасхионовл, би се изразил принцип на формирање на институција, не само старомоден принцип на формирање на една државна институција, туку потценувачки пред се за потенцијалните студенти на таа институција.

Почитувани колеги пратеници,

Тие кои имале прилика да го видат планот и програмата на основање на државен, потенцијално државен универзитет во Тетово би се запрепастиле од фактот дека со слободен ракопис, на рака, со пенкало се напишани имињата и презимињата на наставниот кадар, наставниот кадар што треба да биде одговорен за стварање на високообразовните едуцирани потенцијални студенти во Тетово. И, на помалку од половина страна сиви или кратка биографија на секој кандидат. Ова е неприфатливо потценувачки, пред се, за идните генерации што треба да студираат на таа институција.

Нема да се задржам многу бидејќи при првото излагање пред три дена малку повеќе се задржав на професионалните карактеристики и на потенцијалниот наставен кадар и соработнички кадар на тој универзитет, при што имаме случаи на студенти што дипломирале на една граѓанска иницијатива или незнам каква иницијатива, формирана институција, непризнаена, магистрирале и докторирале. А, ние повторно се залагаме за правна држава и повторно збориме многу сериозни работи во однос на борба против корупција, борба против криминал и се што води кон успешна транзиција и излегување од овој колапс што го имаме веќе 13 години во една непрекината транзиција што нема мрднато сигнификат ни чекор напред во последниве 13 години.

Како би можеле да го образложиме, тоа е прашањето што уште еднаш ќе го поставам до Владата на Република Македонија и нивниот претставник, почитуваниот министер за образование, како ќе образложиме понатаму на секој оној кој има или нема државјанство или ќе добие, најверојатно после овие олеснителни околности за добивање на државјанство, кога ќе дојде во Република Македонија со диплома од соседна држава, кога тој ќе биде даден на цензурирање и нормална процедура што ја има воспоставено Министерството за образование. Дали тие луѓе ќе имаат ист третман како што сега имаат третман претставниците на кадарот што треба да ја врши високообразовната дејност? Значи, ние не можеме да имаме два аршини. Од една страна имаме стотици, илјадници во моментов непризнаени дипломи, неностифицирфани дипломи, а од друга страна се стимулира легализирање, формирање на нов државен универзитет, со некомпетентен кадар во секој аспект. Значи, не зборувам само од суштински аспект туку и од формален аспект. Значи, Владата на Република Македонија сериозно ги крши законите на Република Македонија. Значи, функционира сосема спротивно од принципите на правна држава, а секојдневно сме сведоци на декларативното изјаснување на претставниците на Владата дека наш приоритет претставува формирање и унапредување на правната држава. Значи, во сегментите простор на ниверзитетот имаме сериозно кршење на принципите на правната држава.

Во сегментот кадар, имаме многу посериозно кршење исто така на принципите на правна држава. Ова се многу важни прашања, многу тешки прашања што Владата и претставникот на Владата не ги одговараат. Дали овој предлог-закон е нелегален? Значи,

е против постоечките закони на Република Македонија. Не сум сигурен, меѓутоа не верувам дека постои некоја современа демократија во Европа или било каде во светот каде што Владата нуди законски проекти што се противзаконски. Значи, нуди закони што се во основа против законите или, како што кажа еден од претходните дискутанти, Владата пред свршен чин го става Собранието на Република Македонија да легализира или да озакони беззаконие. Тоа е многу сериозно и мислам дека министерот нема да си дозволи таква слобода да не одговори на овие прашања.

Тоа е многу сериозно и мислам дека министерот и секој од Владата понатаму треба да знае дека кога ќе понуди законски проект во ова Собрание прво треба да види дали тие закони се во согласност со постојната легислатива во Република Македонија .

Во едно од излагањата каде се оправдуваше потребата од формирање на државен универзитет во Тетово беше спомнато токму од страна министерот дека постои голема енергија меѓу младата популација во тој регион, посебно меѓу припадниците на младата етничка албанска заедница во тој регион и таа енергија треба правилно да се насочи.

Апсолутно сум согласен 100% со министерот дека меѓу младите луѓе не само припадниците на албанската заедница, туку и меѓу припадниците на македонскиот народ и на сите останати заедници кои живеат во нашата држава, постои огромна енергија, огромен потенцијал, меѓутоа, одговорноста во која насока ќе се насочи таа енергија ја сноси во сегашната констелација пред се , Владата на Република Македонија, Во формално правната организираност на нашиот систем голем сегмент од таа одговорност ја носи Собраниет. Меѓутоа, за жал, ние сме сведоци дека работата на Собранието е комплетно марганлизирана. Првиот закон за државјанство беше потценет, маргинализиран не само во однос на неприсуството на претставниците на Владата во најголемиот дел од расправата по тој закон туку и најавата дека ќе се оди до крај за да се избегне една сериозна дискусија да се скрати временскиот простор во кој македонската јавност ќе ја следи непринципиелноста на Владата на Република Македонија

Денеска имаме втор ден или втора вечер таков принцип и сведоци сме дека многу мал дел од претставниците на парламентарните групи кои ќе го изласаат овој закон се присутни во собраниската сала. Претседателот на Собранието од формален аспект веднаш ќе го прочита Деловникот, ќе каже дека доволно е еден пратнеик да биде

присутен и да оди расправата. Меѓутоа, почитуван г. претседател постои и морална обврска и ваша и на претставниците на Владата дека неможе само да се вадат со формално правни карактеристик. Треба барем малку да се осврнат на моралниот аспект

Бидејќи бевме сведоци на неколку законски проекти предложени и усвоени од Владата на Република Македонија во овој релативно краток меѓутоа за македонската популација исклучително долг период кој доживеа комплетно фијаско за тие пропаднати проекти на Владата на Република Македонија не видовме не слушнавмениште иако беа жестоко бранети од претставниците на Владата и од премиерот на Република Македонија После комплетното колабирање на тие законски проекти не добивме никаква информациј, туку добивме нови изјави , нови интервјуа со нов оптимизам, неаргументирам оптимизам. Една од причиние со кои нашата пратеничка група е предодредена да води принципиелни дискусии до крај е важно пред се на македонската јавност да и посочи дека Владата на Република Македонија несериозно и потценувачки се однесува кон граѓаните на Република Македонија а понатаму со маргинализирањето на работата на Парламентот на Република Македонија.

Почитувани пратеници, уште еднаш како и при моето прво излагање пред три дена би сакал лично да се обратам до секој пратеник на Република Македонија без разлика дали е претставник на позицијата или на опозицијата да размисли сериозно дали вреди и кој е тој авторите, дали тој авторитет претставува одредена личнот, дали тој авторитрет претставува одредена политичка детерминираност дали тој авторитет претставува одреден лидер на политичка паритија е заслужен за ставање на конец и маргинализирање на личниот кредибилитет и личните ставови на секој поединец. Сведоци сме дека во сегашниот состав на Парламентот имаме исклучително квалитетен состав од сите пратнеички групи, состав на пратеници со личен дигнитет, со личен суверенитет, голем дел се претставници на наставниот и соработничкиот кадар на еден од универзитетите, меѓутоа, никој нема да ја избегне историската одговорност при гласањето, ова е само еден од ваквите витални закони, законот за формирање на државен универзитет. Меѓутоа, еден помина, тоа беше Законот за државјанство. Помина уште еден кој создаде услов за овој закон тоа беше Законот за високото образование,

претстои Законот за територијалната поделба, претстојат многу други закони кои немаат никакво оправдување со насоченоста и предодреденоста за стимулирање на правна држава за приближување од  Евроатланските интеграциони процеси (опомена од страна на претседателот да зборува за законот). Се е всушност една демагогија насочена во полтички правец. Законот за формирање на државниот универзитет во Тетово е само еден законски проект, меѓутоа овој пратенички состав ќе биде ставен пред многу искушенија и понатаму од кои никогаш нема да се ослободи ако не донесе одлука базирана  на своите лични и професионални ставови.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г. Кедев, само една мала забелешка, јас незнам дека во Македонија постои англиска заедница од над 20% , па да се користи англискиот јазик.

Следниот говорник е г. Ќенан Хасипи:

ЌЕМАМ ХАСИПИ:

Почитуван г. претседателе, почитувани пратеинци, почитуван министре,

За  разлика од мојот колега Сашко Кедев јас доаѓам од Скопскиот универзитет, меѓутоа, имам сосема поинакво мислење, тоа е демократија, колега.

Јас ќе се обидам во кратки црти од оваа говорница да пренесам една јасна и недвосмислена порака. Имено со оглед на фактот дека во поедини средства за јавно информирање беше апсолутно погрешно пренесен мојот настап на седницата на Комитетот за односи меѓу здедниците сакам од ова место јасно и недвосмислено да ијавам дека ДПТМ без никакви резерви ги подржува сите законски проекти кои се во правец на унапредување на високото бразование на етничките заедници вклучително и на албанската заедница што денеска е на дневен ред .

Воедно користам прилика да напоменам дека согласно принципот на правична и соодветна застапеност на припадниците на заедниците во институциите на системот на сите нивоа а со оглед на бројните проблеми што ги има не само турската туку и другите немнозински заедници во образовната свера на сите нивоа очекуваме во сите високо

образовни институции во Република Македонија, вклучително и на Универзитетот во Тетово да се овозможи слободен пристап и на припадниците на другите заедници се разбира во рамките на капацитетите и финансиските можности на тие институции.

Сакам посебно да нагласам дека формирање на нова високо образовна институција е комплексен феномен што бара силна политичка волја, добро осмислен проект, упорност и професионален пристап.

Оттука сосема се депласирани тезите пред една високо образована институција која е во фаза на формирање да се поставаат високи стандарди како во поглед на просторот, опремата, техничката поставеност така и во поглед на кадровскиот потенцијал, дотолку повеќе што искуството од овие простори покажува дека секој почеток на формирање на високо образовни институции неминовно оди со минимум стандарди кои со тек на време се поставуваат на повисоко ниво.

Со други зборови долгогодишниот вакуум и одредени ограничувања и проблеми од секаква природа во образованието на јазикот на немнозинските заедници во Република Македонија доведоа до релативен дефицит на високообразовни кадри вклучително и кадри кои ќе ги исполнуваат највисоките образовни стандарди.

Оттука сосема е логично дека е потребно време да се постигне тој квантум на високо профилирани кадри неопходно потребни за нормално функционирање на високообразовните институции.

Би сакал посебно да истакнам дека Корпусот на човековите права и слободи не е лимитирана категорија и не познава раса, боја на кожа, национална или верска припадност ниту пак социјална положба.

Токму поради тоа било кое право дадено на друг во ниеден момент не значи помалку права за себе. Впрочем премисата дека она право кое го посакуваш за себе мораш секогаш да бидеш спремен да го дадеш на друг е она што за жал му недостига на овој до крајности исполитизиран простор. Јас сум длабоко убеден дека високото образование како насушна потреба на 21 век не е и не може да биде привилегија на оваа или онаа етничка заедница туку услов број еден оваа земја да фати чекор со земјите во кои владеат висоокообразовни стандарди и квалитетен образовен систем.

Јас лично верувам дека господинот Азиз Положани како министер за образование и наука на Република Македонија, и Владата во целина ги знаат проблемите на Турската заедница во образовната свера кои се бројни и комплексни и на сите нивоа од образовниот процес и дека ќе имаат доволно разбирање за потребата од нивно систематско решавање.

Оттука во име на ДПТМ и во името на невладините организации на Турците во Република Македонија и верувам турската заедница во целост, бараме да се продолжи со трендот кој е започнат во Министерството за образование и наука да се изнаоѓаат соодветни решенија во образованието на турската заедница вклучително и во Педагошкиот факултет и Катедрата по Турски јазик и литература на Филолошкиот факултет при Универзитетот “Свети Кирил и Методиј”-Скопје. Ова дотолку повеќе што во услови на издигната образовна свест на турската заедница сегашното ниво на образование и образовните стандарди ни од далеку не се во согласност со потребите на тоа население.

Оттука паралелно со решавањето на проблемите во сверата на средното и основното образование на припадниците на турската, а и на другите етнички заедници, во блиска иднина ќе излеземе со проект за приватен Универзитет на македонски, англиски и турски јазик со комплетна финансиска структура, можните извори за финансирање, бројот, организационата поставеност и структура на факултети во неговиот состав и слично.

Јас се надевам дека и покрај законската можност за формирање на приватни високообразовни институции во Република Македонија нашите политички елити ќе покажат доволна политичка волја за негова реализација.

Почитувани пратеници,

Образованието по својата природа е мошне осетлива и суптилна област. Користењето на образованието за дневно политички цели може да има разорен ефект не само на меѓуетничките односи туку и на перспективите на Македонија за членство во НАТО структурите и поширокото Европско семејство. Токму поради тоа голема е одговорноста на оние кои манипулираат со младиот свет и го вовлекуваат во нивните нечисти политички сценарија чија крајна цел е собирање ефтини политички поени.

По се изгледа како да се сака да се репризира сценариото на студенските и средношколските протести по повод донесувањето на Законот за педагошки факултет пред неколку години, но како што гледате овој пат во далеку побледо издание. Крајно е време ваквите сценаристи да сфатат дека полека но сигурно се одлепуваме од Балканското поимање на демократијата каде емоциите често го надвладуваат разумот и каде силата како гола физичка категорија е над разумот и совеста.

Крајно е време да се свати дека тркалото на историјата не се враќа назад, дека образовните потреби на заедниците и нивното разрешување може да се успори, но не и да се спречи. Нивното ненавремено решавање како бумеранг им се враќа на идните генерации но во многу порадикална форма Тоа значи ако не ги решава оваа власт сега утре ќе ги решава наредната, но во многу порадикална форма. Оваа коалиција драги пратеници има доблест да расправа и да наоѓа решенија и за најчувствителните прашања во сите свери на општественото живеење. Убеден сум дека настапите од ваков вид ќе предизвикаат реакции од националистичките и радикалните елементи буквално во сите заедници вклучително и турската заедница која , по мене, има висока политичка свест, но уште по убеден сум дека иднината на Македонија е во мирот, стабилниот развој, меѓуетничката толеранција и почитувањето на човековите права и слободи како универзална мцивилизациска придобивка.

Затоа почитувани колеги крајно време е да прекинеме со ваквите приземни дискусии, да исклъучиме од вокабуларот навредливи формулации, и да се научиме да живееме заедно оти нема каде да одиме да се натпреваруваме во знаење, идеи, хуманост и меѓусебно почитување. Впрочем знаењето не познава граници, независно каде и на кој јазик се стекнува. Затоа почитувани колеги јас лично ги поздравувам ваквите проекти и верувам дека во блиска иднина вратите на високообразовните институции подеднакво ќе бидат достапни за сите граѓани на оваа земја, независно на нивната национална, верска и било која друга припадност.

Наскоро како држава ќе аплицираме за членство во Европската унија. Тој макотрпен пат до целосно членство подразбира воведување на Европски стандарди во сите сфери на општествениот живот, вклучително и во сферата на образованието и човековите права и слободи. За жал многу настапи од оваа говорница ме потсетија на

еден ментален склоп од некое друго време, во кое среќата на другиот се сфаќаше како сопствена несреќа. Таквите сакам да ги потсетам дека залудни им се маките и погрешни намерите. Критична маса за такви ретроградни идеи  во Македонија нема а бројот на конзументите на ефтин политички маркетинг е се помал. Во оваа земја нема прашање за кое нема решение и за кое не можеме да се договориме. Потребно е политичка волја, толеранција и мѓусебно почитување. Крвавото искуство од блиското минато е доволна поука за тоа.

Затоа почитувани колеги имаме историска шанса да го фатиме последниот вагон од композицијата наречена Европска унија. Ние не само што можеме туку и мораме да ја искористиме таа шанса. Во спротивно ќе не осудат генерациите после нас за кои сум сигурен дека ќе бидат составен дел на една обединета и просперитетна Европа.

Благодарам на вниманието

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Реплика има г. Мавровски.

Повелете три минути.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам г. претседателе .

Почитуваниот колега изнесе многу работи, но од сето тоа што е вистина не знам, мислам дека првата невистина очекував слободен пристап за сите малцинства во овој универзитет. Апсолутно никаде во ниеден член во овој закон таква работа не е видена, се решава еден проблем на албанското малцинство во Република Македонија , за другите ниту има предвидено ниту видов некаде дека има наставна програма и насчин на кој ќе се решава тој универзитет.

Кажувате дека не е проблем просторот, опремата и кадровскиот потенцијал, туку да имате проект, упорснот и политичка волја. Ако на таков начин градиме институции посебно универзитет, мислам дека апсолутно за се понатаму треба  да имаме само политичка волја за да го изградиме сето тоа.

Зборувате за минимални стандарди. Кои се тие минимални стандарди кои се пропишани за да може еден универзитет да профункционира. Цело време импутирате

лага дека ВМРО-ДПМНЕ е против школувањето, а ние цело време цела пратеничка група говори за една работа дека решението за сите во Република Македонија е Штуловиот универзитет кој функционира и кој носи добри кадри кои можат да се вклучат во образовниот процес и понатаму во државата.

Зборувате за демонстрантите кои биле насилно доведени и носите еден заклучок, секој оној што не мисли како вас е против вас.

Мислам дека е ова граѓанско општество се борите за цивилно размислување и граѓанско општество и секој може да го искаже својот став кој немора да биде еднаков со вашиот став. Тркалото на историјата говраќате назад повторно разгорувате национални чувства кои овде не ги слушнав од никој да ги искаже зошто и како, ќе ве молам да објасните.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута имате господине Хасипи.

КЕНАН ХАИСПИ:

Овој пат нема да го коментирам излагањето на господинот Мавроски, зашто ќе го спуштам нивото на дискусијата за која пред малку се залагав на говорницата.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господинот Блаже Стојаноски има три минути.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Господине Хасипи, јас навистина незнам што добива турската заедница во Република Македонија со основањето на ваков див универзитет од кој што има штета и самата албанска заедница. Велите дека треба да се овозможи пристапи на турците во иднина. Зошто не предложите основање на универзитет на турски јазик. Ова од причини што за таков предлог закон не може да стане збор за некакви стандарди за студирање.

Значи, кога не постојат стандарди, може да се отвораат универзитети согласно политичките потреби во конкретниот момент. Оттука и турците во Република Македонија имаат шанса да имаат свој универзитет. Основен услов е да предложите закон за него да даде согласност Бранко Црвенковски.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Имате мунута господине Хасипи.

КЕНАН ХАСИПИ:

Истото важи и за господинот Блаже Стојаноски што го реков пред малку и за идните кои имаат намера да реплицираат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи господинот Љубчо Георгиевски не е тука, збор има господинот Ружди Матоши, а по него нека се подготви господинот Аднан Ќахил.

РУЖДИ МАТОШИ:

Ви благодарам господине претседател,

Јас ќе се потрудам на аналитички начин да објаснам некои работи за кои разговаравме денеска и два дена претходно, што значи дека се направи еден долг маратон на дискусии. Јас констатирам дека на виделина излегоа многу прашања, значи дека дефектите на овој закон кој ни го предлага Владата на Република Македонија излегова на виделина и многу други недостатоци. Јас би сакал Владата на Република Македонија и министерот за образование да не убеди со факти и аргументи дека нацртот е на ниво, проектот е на едно ниво и на Комисијата за образование но и сега му поставив прашање на господинот министер дека немаме една јасна анализа, немаме една опширна анализа, но немаме ниту широки академски консултации во врска со овој закон за високото образование за албанците за Република Македонија. Што значи дека првенствено Владата на Република Македонија и министерот требаше да го направи на

потранспарентен начин и раководителите на тетовскиот универзитет, значи каков став тие имаат во врска со овој закон, требаше да биде потранспарентен и одговорот кој требаше да го даде Сенатот на тетовскиот унвиерзитет.

Во врска со овој закон се поставува прашањето, се разбира и граѓаните сакаат да го знаат коректниот став, дефинитивниот став и на сенатот на тетовскиот универзитет и на раководителите на ректоратот на тетовскиот универзитет што јас мислам неправилниот пристап што го направи Министерството за образование околу консултациите и сега и пошироката јавност и ние овде немаме една идеја или еден јасен исказ на раководителите од тетовскиот универзитет, дали се тие задоволни со овој проект, дали овој проект ги задоволува потребите на албанското образование во Република Македонија, или едноставно, сакаме да знаеме што мислат и тие за овој проект. Затоа јас констатирам дека е сиромашно или недобро менаџирање на досегашната работа. Констатирам дека Владата на Република Македонија требаше, посебно министерот за образование на потранспарентен начин да ги утврди консултациит кои требаше да ги изврши на разни академски нивоа во врска со овој закон. Ова го именувам како еден дефект кој треба да признаеме и да бидеме свесни дека немавме ниту телевизиски дебати, ниту пристап во медиумите во врска со овој проект.

Јас ќе се задржам на еден сегмент за кој мислам дека министерот за образование требаше добро да размисли за истиот, се разбира и албанските партиципиенти во Владата на Република Македонија, паралелизмот на проектот, значи проектот е многу паралелизиран со Југоисточниот универзитет и фактите зборуваат дека овде има една согласност некаде околу 70% од овој закон кој го предложи Владата на Република Македонија за официјализација на високото образование на англиски јазик и актуелниот универзитет на Југоисточна Европа. Јас би сакал да знам зошто имаме паралелизам во оваа насока и дали води сметка министерот, или дали води сметка и партијата на власт на албанците дека овој паралелизам е опасен за високото образование на албански јазик. Ова може да се констатира со факти зошто е и опасен. Се разбира ќе имаме несогласувања, ќе имаме разни изреки меѓу двата проекти кои имаат сличност и мене ќе ме интересира се разбира и албанските граѓани, затоа што станува збор за закон кој ги задоволува потребите на албанците и од интерес на албанците, но се

разбира и поширок интерес на Републиката. Дали со овој паралелизам господине министре ние ќе констатираме дека од една страна градиме една куќа, додека рушиме друга куќа, што значи дека некој ова добро го има смислено. Вие треба да бидете свесни дека овде се создава и одговорност. Би сакал и албанскиот партиципиент во Владата на Република Македонија но и вие како министер на албанскиот партиципиент во Владата на Република Македонија да го расчлените или во блиска иднина да ги искористите медиумите, пишаните медиуми зошто дојде до овој паралелизам во албанското образование. Каде сме имале потреба за насоки кои досега не сме ги инсталирале во високото образование овде во Република Македонија. Имено и граѓаните поставуваат прашања зошто се дуплифицира бројот на факултетит и кој го стимулира истото.

Јас лично се сомневам дека се разбира го знаеме континуитетот на албанското образование, знаеме како се роди тетовскиот универзитет. Јас со одговорност зборувам и за активностите на мојата партија и лично сум бил еден од активистите со моите другари од мојата партија и придонесовме во изнесувањето на светло на проектот за албанското образование во 90-тите години и 1994 година и наваму.

Јас констатирам дека во тие години ние имено, имавме удари разни напади од тогашната Влада. Активностите на мојата партија беа со цел да бидеме потранспарентни и за меѓународниот фактор да биде транспарентност и за пошироката јавност. СДСМ кога беше на власт во тоа време немаше разбирање и не сакаше да му пристапи на овој проблем кој денеска е пред нас и еве три дена за истиот разговараме. Се разбира во тоа време имавме физички напад, имавме и жртви, имавме и паднати борци на универзитетот и сега да немаме друг удар. Поаналитички јас сакам да ја поддржам одговорноста што ја имате вие и парламентарната група на партиципиентите во Владата на Република Македонија, кога во тоа време имавме удар на отворен начин, додека сега имаме еден удар на поинаков начин каде што се сака албанците да не внесат да се занимаваме едни со други, да се занимаваме со проекти кои не се објаснети до крај, или да се занимаваме со факултети кои се дуплираат.

Овде сакам да кажам дека оваа е една одговорност господине министре. Затоа треба да се анализира добро што правиме и што вршиме за што граѓаните сигурно ќе бараат одговорност од нас. Ние сме свесни во тој период кога го инсталиравме

Југоисточниот универзитет беше еден проект кој се разбира, во почетокот изгледаше сиромашен. Не изгледаше еден проект доволен за албанскиот народ. Но, со работата и со многу критики кои ги имавме во тоа време, сите се убедија дека ова е еден прогресивен проект кој албанците ја гледаат светлоста на знаењето и со подобри методи на студии кои постојат во западниот свет. Затоа и нам не ни беше лесно во тоа време, затоа што имавме многу мислења кои можам слободно да кажам имаа мозок на кокошка и не критикуваа на разни начини.  Но сега сме доста горди и како партија, бидејќи потребно е уште еднаш да ја видат таа институција и да се убеди дека станува збор за еден проект, затоа што ги сакал Господ албанците кои ги имаме денеска во Тетово. Значи, за димензијата на паралелизмот сакам да го објаснам тоа господине министре ова е една опасна димензија. Јас констатирам дека добро треба да се размисли зошто се инсталира паралелизмот во овој момент. Зоштг трошиме енергија или потенцијал или средства, пари за Правниот факултет или Економскиот факултет и не инсталираме два факултети. Имено, во овој закон, во овој проект кој албанците ги немаат и ќе беше многу добро за прогресот на младината, за прогресот на албанците, за напредокот на ова население кој е даден многу труд и жртви за на крај да се здобие со правото кој го градат албанскиот народ како институција во Република Македонија. Значи, за да живее што порамноправен и поусогласен со сите други граѓани овде во Република Македонија. Значи, димензијата на паралелизмот господине министре е многу значајна. Затоа зборувам за ова. Мислам дека постои една манипулација во оваа насока која сака да го фрли каменот и да не оштети. Овде го гледам главниот ефект на овој проект, централниот дефект на овој проект зошто се прави паралелизам на факултетите, некаде имаме една институција која ги има овие насоки.

Јас господине министре претходно спомнав дека имаме сиромаштија во самиот проект и сиромаштвото го сметам дека е концентрирано во просторот, буџетот, немаме академски транспрентен став кој ќе предава, кој ќе ги сочинува овие три - четири факултети, кој ќе биде тој академски став. Ако е условот да бидат тројца доктори професори кои треба да ја имаат сржта на факултетот, се разбира и наставните дисциплини. Јас се чудам кога се констатира, кога се разговара за просторот на овој проект и кога се констатира дека државата овде има лага или Владата на Република

Македонија го подржува овој проект и сеуште немаме јасна дефиниција за просторот на овој проект кој го имаме денеска пред нас. Ние бевме во Владата на Република Македонија, имавме иницијатива за Југоисточниот универзитет, а се донесе одлука за просторот, се донесе одлука како изгледа проектот, се донесе одлука без да започне академската година, се донесе одлука дека во оваа зграда ќе биде правниот факулет, во оваа зграда дека ќе биде овој факултет, во оваа зграда ќе биде друг факултет, додека овде кај вас гледаме едно дефинитивно необјаснување, нејасност и зошто не сте јасни во оваа насока. Значи, каде ќе се инсталираат овие факултети. Јас можам да констатирам во оваа насока дека постои еден премолчлив договор на ДУИ со ректорот или бившиот ректор или раководителот на сенатот Фадил Сулејмани за финансиски малверзации и претприемништво. Досегашните претприемништва на тетовскиот универзитет и сите овие финансиски залагања кои се вршат до сега дека се купуваат акциит а овој објект, дека се купуваат акциите на другиот објект, дека ќе се земе дел од касарната во Тетово, дека ќе се направи оваа или друга работа, овде државата треба да ја регулира оваа работа. Зошто оставате да се развие една таква дискусија, да се развие еден ваков елемент во кој ќе се сомневаат граѓаните, а граѓаните сакаат или студентите сакаат да се мирни, да бидат спокојни и да знаат каде е просторот на тетовскиот универзитет, каде ќе студираат, каде ќе се инсталира овој факултет и тн. Затоа јас констатирам дека овде како да постои еден премолчен договор и како со него се согласиле со еден ваков проект дека и вие не излегувате да бидете јасни за јавноста, колку ги исполнува условите овој проект на тетовскиот универзитет.

Дали се прави легализацијата на тетовскиот универзитет со овој проект, или се инсталира нов универзитет, а ние сме констатирале дека овде станува збор за еден нов

универзитет и овде не се однесува со легализирањето на тетовскиот универзиет. И буџетот е една смешна работа, да се констатира дека сакаме да градиме универзитет, а да биде нејасна буџетската единица која треба да биде во функција на развојот на изградбата на оваа институција и ова е нејасно г-дине министер, бидејќи немате една вистинска анализа како ќе се финансира овој проект, со колку средства ќе се финансира, како ќе ги подели Владата овие средства. Јас констатирам дека овие елементи кои го придружуваат овој проект, едноставно гледам дека ние се занимаваме самите со себе си,

затоа што елементите се јасни дека немаме коректно решение, силно решение затоа што сме констатирале дека Владата е таа која треба да го изврши ова. Навистина за жал не треба да се обремени џебот на албанецот и идеите, дојдете луѓе да го поддржиме овој проект бидејќи е национален. Навистина нелогично е граѓаните албанци кои што живеат во РМ кои што дадоа и ја покажаа својата гордост во однос на проекти, а секогаш сакале да поддржат нешто како народ го покажаа тоа коректно со едно задоволство. Значи, треба конкретно буџетските активности на средствата да се кристализираат од каде ќе ги земе Владата за да ги додели на тетовскиот унвиерзитет за да функционира што подобро. Слушнав од колешката Теута дека овој универзитет ќе биде со интегративен карактер, дека по прв пат се употребува албанскиот јазик во универзитетска институција, значи е јазична димензија итн. Јас можам да констатирам дека тоа се сиромашни ставови каде вие како Влада или како министер било потребно со една флексибилна работа интегративниот карактер да го вклучите токму во двата државни универзитети што ги има РМ, карактер  кој што треба да се импонира на Универзитетот Св.Кирил и Методиј и на Битолскиот универзитет. Јас тука не гледам ниту еден интегративен пристап каде што албанците во Република Македонија можат да констатираат дека тие слободно можат да отворат  некоја си дисциплина која што ние ја немаме како албанци, а имаме потреба да го имаме во Република Македонија. Многу добар е примерот на универзитетот на Југоисточна Европа каде што интеграцијата се врши со една транспарентност, тројазичноста, англискиот, албанскиот и македонскиот јазик се развиваат на еден перфектен начин и токму вие како министер треба без друго тие методи кои што ги има Универзитетот на Југоисточна Европа да им го импонирате на институциите кои што треба да функционираат со граѓански карактер, со мултиетнички карактер во РМ. Затоа, е многу просто кога се констатира како што констатира колешката дека универзитетот во Тетово ќе биде богатство на цела Република Македонија и ќе има интегративен карактер. Дали ние албанците треба да правиме институции со интегративен карактер? Не.  Треба бездруго да се инсталира интегративниот карактер како во универзитетот св. Кирил и Методиј така и на битолскиот универзитет и така по ред каде што ќе имаме и признанија од меѓународниот механизам кој што треба да биде како пример Македонија дека влегла во едни реформи и ќе чекориме побрзо, на побрз начин

на непосреден начин кон евроатланските институции, кон институциите на Европската Унија. Употребата на албанскиот јазик се употребува на универзитетот на Југоисточна Европа на Педагошкиот факултет во Скопје, на катедрата за албанологија во Скопје. Значи оваа работа треба да има по аналитичен пристап и не треба да се рече: еве, што се случува по прв пат ќе имаме институција, интегративна институција каде што ќе се употребува албански јазик итн., затоа што тоа не стои.

Дали сте свесни за еден многу значаен сегмент? Господине министер, со инсталирањето на овој проект свесно, или несвесно ние можеме да добиеме удари незамисливи што скапо ќе го плати албанското образование, односно високото образование на албанците. И каде може да го констирам овој удар кој што ние можеме да анализираме, се разбира можете да анализирате и вие, сите вие кои што сте решиле да го реализирате овој проект. Доколку ние сега правиме паралелизам на факултетите, односно дуплифицирање на институциите се разбира и меѓународниот борд кој што на извонреден начин го инсталира универзитетот на Југоисточна Европа, тие можат да кажат дека еве, Владата го реши проблемот на образовните кадри кои што им се потребни на албанците го реши проблемот на кадри кои што се потребни во областа на економијата, правото, итн. И може да се случи да се направи редестинација на универзитетот на Југоисточна Европа што јас можам да констатирам дека ќе биде една голема штета без преседан за албанскиот народ во Македонија и треба да бидете свесни за ова г-дине министер дека доколку се направи тоа, таа редестинација на оваа институција, одговорноста е ваша и партијата што ја претставувате вие. Можеме просто да констатираме дека откако албанците го најдоа решението задоволително од страна на Владата за голем број дисциплини, тогаш, ајде, универзитетот на Југоисточна Европа да го направиме еден универзитет од регионален карактер, да му дадеме поинаква димензија. Кој ќе изгуби тука? Затоа, одговорноста е многу висока и јас можам да констатирам дека не е анализиран добро проектот и дефектите се видливи што вие треба да ги констатирате натаму. Со овој проект значи што вие треба да бидете свесни се разбира на удар е и странскиот, или западната инвестиција. Западот го инсталира универзитетот на Југоисточна Европа со супстанца на албанско студирање за да ги задоволи барањата на албанците во РМ. И тие можат да костатираат, еве, албанците

немаат потреба за ваков вид студирање, сеуште нивните мозоци се комунистички, сеуште сакаат да продолжат со старото, со студии кои што се сиромашни за западот, кои излегуваат од комунистичка номенклатура и не можат да се инсталираат западни методи, бидејќи албанците не знаат да ги одржуваат овие институции, се разбира албанците ќе се случи тоа што не би требало да се случи, ќе дојдеј до редестинација на универзитетот на Југоисточна Европа. Затоа, во политиката е значајно да не се греши ниту еднаш, да не се погреши ниту еднаш затоа што политика можеш да водиш како патриот, можеш да легнеш како патриот, а можеш да се разбудиш како предавник. И многу значајно е да постојат одредени анализи во оваа насока. Јас допрев прашања на различни начини се допрени во текот на овие три дена дискусии кои што се одржани, кои што беа тука и нашата парламентарна група се обидовме за сите закони кои што имаат капитално значење за албанците да бидат транспарентни и сиромаштијата и дефектите на овие закони за албанците како што е Законот за лична карта, за пасош, за патни исправи, за државјанство, за високото образование и се разбира ќе продолжиме ќе бидеме безкомпромисни во оваа насока, ќе бидеме силен коректор во оваа насока, дефектите што ги остава оваа Влада се од есенцијален карактер. Ние албанците не треба да ги проголтаме како што ги голтаат албанските партиципиенти во Владата затоа што е направено многу, многу пот е излеано и не треба да се прифатат палиативни решенија, сиромашни решенија, парцијални решенија во многу насоки во иднина и ова што го поминавме досега. Затоа нема да продолжам многу г-дине министер, посакувам, било потребно да се направат анализи овој закон да дојде на еден транспарентен начин за граѓаните.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Годинот Џезаир Шаќири бара реплика.

Повелете, три минути.

ЏЕЗАИР ШАЌИРИ:

Благодарам г-дине претседателе, сакам да му кажам на г-динот Кедев и на г-динот Ружди Матоши дека навистина има кадри на тетовскиот универзитет и еден меѓу нив е и Фадил Сулејмани кој не треба да биде навреден во овој парламент, кој е еден од личностите, или еден од најдобрите интелектуалци на 21-век. Значи, меѓу 2000 најдобри

интелектуалци и е член на Комитетот на мирот и дипломатијата, Светскиот комитет на мирот и дипломатијата. Заслужува секој да биде навреден, но не и таква личност. А имаме и многу други доктори, професори, Сами Сулејмани, Рамадан Рамадани, Нецмедин Исмаили и многу други и г-дата од ВМРО да не се секираат многу за судбината на студентите албанци, туку да се грижат за студентите . . .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Вие реплицирате на г-динот Ружди Матоши.

ЏЕЗАИР ШАКИРИ:

Извинете ве молам. Затоа мојата партија ќе го прифати овој закон, затоа што е во интерес на албанскиот народ и мислам дека треба да се легализираат и другите факултети предвидени. Мојата партија мисли дека албанците имаат потреба за два универзитети заради тоа што имаме потреба за овие факултети.

ЉУПЧО ЈОРДАНВОСКИ:

Има збор пратеникот Никола Груевски.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Дозволете ми во овие доцни вечерни часови да го искоментирам предлог ззаконот што е пред нас кој што има една прилично голема историска конотација, димензија и вкупно речено историографија.

Првиот што би го напоменал за овој закон, односно за легализирањето на овој див универзиет во селото Мала Речица во близина на Тетово е дека е спорна целата историја на овој тн. универзитет. Самото основање на оваа параинституција произлегува од една ништовна одлука донесена надвор од надлежностите на органот кој ја донел. Да се потсетиме, Советите на општините, Тетово, Гостивар и Дебар донесоа одлука за основање на образовна установа со албански наставен јазик во 1995 година. Одлуките кои се спорни по основ на законот и уставот не можат да се спроведуваат низ институциите на системот, туку само со сила. Тогашниот министер за внатрешни работи го нарече овој тн., универзитет приватна забава и во име на тогашната Влада предводена од истиот премиер Бранко Црвенковски остро се спротивстави на постоењето на ваква институција и презеде низа мерки за нејзино затворање. Што е билансот од тие мерки?

Еден убиен албанец и 15 повредени. Оваа приватна забава за жал и покрај се трае и до денес, а сега се одвива во дивоградби, приватни куќи, според мене е ненормална работа факултет да се наоѓа во приватна куќа. Еве, замислете дали вие би можеле во вашиот стан или куќа да си отворите факултет и да побарате државата да го признае и да го финансира згора на тоа, делумно и делумно се одвива во диво запоседнат, значи нелегално запоседнат имот, а тоа се просториите на Тетово Табак кои што неодамна паравојска ги освои, влезе со пушки со целокупно наоружање ги освои и ги запоседна.

На таквите состојби имавме само млака реакција на властите, повеќе вербална отколку реална. Конечно Владата на истиот тој премиер неодамна одлучи со три милиони евра годишно да ја спонзорира оваа приватна забава во селото Мала Речица. Овие три милиони инаку, понатаму ќе станат и повеќе, тоа е само за првата година, меѓутоа како што кажавме ние во отвореното писмо до СДСМ и до г-динот Црвенковски три милиони дури да останат три милиони за 5 години тоа се 15 милиони евра и за тие пари може многу нешта да се направат, но за тоа ќе зборуваме подоцна.

Во овој контекст би сакал да напоменам дека признавањето на овој универзитет, поминувањето на овој закон на Парламентот претставува едно насилство во образованието, нешто после 9 години борба со институциите на системот, победува. Некој пред малку кажа дека односно , вчера ми се чини еден пратеник од ПДП ако не се лажам спомна дека неколку иљади студенти се со завршени факултети, со индекси и т.н. и ние сме донесени до ѕид. Кој е донесен до ѕид? Дали треба да биде државата донесена до ѕид, затоа штонекој работел на диво, незаконски, спротивно на законот и т.н. или до ѕид мора да биде доведен оној кој што го организирал сето тоа.

Меѓутоа, очигледно е дека во оваа година што изминува во државата владејат различни аршини кога се прекршуваат законите во една територија на државата и кога се прекршуваат законите во друга територија на државата.

Исто така беше спомнато од еден пратеник дека овој универзитет е воспитувачки универзитет. Јас се согласувам дека е воспитувачки затоа што се испраќа еден јак, воспитен сигнал за иднината дека се што ќе се започне на сила од страна на албанската етничка заедница во Македонија дека прашање е на ден кога државата ќе го признае. И,

ова е една силна порака до идните генерации и радикални албанци во Република Македонија кога сакаат да остварат некоја своја цел по секоја цена да ја започнат. Прашање е на денот кога ќе биде признаена од Социјал демократите во Република Македонија .

Следната компонента што исто така би сакал да ја напоменам, инаку во основа ви кажав дека апсолутно би го потенцирал она што сите досега го кажаа, немам ништо против едукација на албанците на нивниот мајчин јазик во високо образованите институции, тоа беше обезбедено, тоа е во моментот обезбедено, така што тие ја вршат својата работа. Станува збор за ништо друго, станвуа збор за насилство во образованието и за една комплетна капитулација на државата пред насилството.

Тетовскиот универзитет или универзитетот во селото Мала Речица е производ на политички причини и не соодвествува со европските критериуми. Прашањето за образованието на албанците е политичко прашање, начин за промоција на статусот на државотворен народ на албанците во Република Македонија . Не псотои образовен проблем, бидејќи како што спомнав тој е решен со основањето на Штуловиот универзитет, кој е подржан од Меѓународната заедница уште на почетокот. Тоа е модерна високо образовна институција со европски стандарди. Впрочем, како што рече францускиот Амбасадор Терал пред два месеци, кога го посети овој универзитет во знак на протест на нелагалното освојување со паравојска на зградата на Тетово “Табак”, на една ПРЕС-конференција зборувајки за Штуловиот универзитет рече тука е квалитетот. Тие потрошија многу пари, дадоа огромни средства да гонаправат универзитетот на Југоисточна Европа и нормално и нив, на дипломатските претставници, не им е сеедно што оваа држава има власт која што треба да прави пазар за да ја задржи таа власт.

Комбинирано со квотите за упис на државните универзитети јасно е дека надминат е дури и максимумот кој го предвидува Рамковниот договр кој сега веќе е преточен во услов.

Во услови на демократија образованието не смее и не може да биде прашање за кое што ќе се даваат политички решенија . Во Европа која што секогаш ја гледаме како наша дестинација во сите прогресивни општества основна движечка сила е квалитетот на образованието и науката. Најважен е квалитетот на кадрите, а не нивниот квантитет. 21-

Век е век на знаење и со хипер продукција на кадри заради нивниот број, а не заради нивниот квалитет, нема перспектива за Македонија.

Долгорочно гледано решенијата на оваа Влада се дискриминирачки и за огромен број на албанци на овој нелегален универзитет. Наместо тоа да го прават на Скопскиот, Битолскиот или Штуловиот унвиерзитет заедно со нивните врсници макеоднци тие се сепарираат, се гетоизираат во еден универзитет во кој што не може да се спроведе мултиетништво. Уште повеќе при отворањето на уште еден универзитет, овој во селото Мала Речица, во еден град се создаваат два универзитети на еден  километар на еден мал квантум на население. Во Тирана има еден универзитет, во Приштина исто така има само еден универзитет, наспроти фактот дека бројот на албанското население во Тирана и во Приштина е повеќекратно поголем  да не речам трикратно поголем од бројот на албанци во Тетово. Ова ќе значи увоз на студенти за да остане овој универзитет и за да опстане нечија идеја и нечија борба.

Што би значел увозот на студенти во  Република Македонија . Се сеќаваме на изјавата на поранешниот таканаречен ректор на овој див универзитет, Фадил Сулејмани, на 17.12.2001 година во која изјавува дека во херојските битки на ОВК учествуваа и стотина студенти од тетовскиот универзитет, а некои од нив дури и загинаа за неговите идеали, за идеалите што ги застапуваа.

Ова значи дека зајакнувањето со буџетска подршка на еден универзитет кој што многумина веќе го нарекуваат воен универзитет е едно зајакнување на еден од главните регрутни центри на ОНА и ОВК или АНА , денеска можеби. Што ќе ни се случи?

Увезените студенти на Природноматематичкиот факултет во Тетово заради немање на соодветни простории, оснвони капацитети во тетовските дивоградби и узурпирани простории еден ден ќе слушаат предавања и ќе бидат сместени во просториите на Природно математичкиот факултет во Скопје, на Гази Баба. Понатаму ќе бидат сместувани и во други простории на други факултети со помалку студенти. Има неколку такви факултети на Скопскиот универзитет којшто ќе бидат дадени на користење на тетовскиот универзитет и така увезените студенти од Косово и од Албанија со едно побавно студирање до 8 години многу лесно согласно новиот закон за државјанство ќе можат да се стекнат и со државјанство во  Република Македонија .

Се поставува прашањето дали тетовскиот универзитет би ги загрозил фондовите за финансирање за постојните високо образовни институции? Почитувани пратеници Македонија е премногу сиромашна за да плати толку висока цена за ваква институција која е надвор од системот. Како Владата ќе ја плати скапата инвестиција.

Прво, Буџетот за високо образование во 2004 година веќе е одобрен од Владата, предвидува средства за платите на наставниот кадар и за купување на опрема, компјутери, бироа, табли и т.н. за универзитетот од селото Мала Речица.

Второ, средствата во Буџетот планирани за високо образование се на исто ниво со претходната година. Тоа значи во иднина овие средства само ќе се намалуваат, а нема да се зголемуваат бидејќи превземени се со аранжманот на ММФ, обврска за одржлив низок дефицит. Истовремено студентите во Република Македонија на другите универзитети албанците и македонците што се сместени во домовите имаат третман како да се сместени животни, а не луѓе. Живеат во бараки стари со децении како во Африка, во супстандардни услови. Додека ние ќе ги реалоцираме средствата..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Груевски, бирајте зборови, Ве молам. Тоа, животни, не Ви беше потребно.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Ве молам да не ми се мешате во дискусиите каде што не се отстапува од темата.

Значи, додека се сместени студентите во супстандардни услови што не доликуваат на човечко достоинство Владата ги реалоцира средствата во Буџетот за задоволување на потребите на коалиционите партнери за да останат на власт колку што е можно подолго.

Намалени се трошоците за студентски стандард за 10 милиони долари во Буџетот за следната година и за капитални средства купување на компјутери, на мебел и т.н. за средно образование од 5 милиони денари. Понатаму масата за плати во образованието е на исто ниво со претходната година бидејќи ќе се отпуштат 4% од образованието, а на

нивно место на платниот список меѓу другото ќе влезе наставниот кадар од тетовскиот универзитет во селото Мала Речица.

Како што спомнав претходно и како што беше објавено во отвореното писмо до премиерот Црвенквоски три милиони евра годишно се 15 милиони евра за 5 години, помалку во постоечкиот образовен систем. Значи париод даноци кои ги плаќаат сит еграѓани. А, тоа како што спомнавме се пари со кој што може да се купат 3500 нови компјутери со интернет врска по 40 за секое средно училиште плус да се изгради уште еден нов современ студентски дом за 1000 студенти, плус да се купат учебници за 250 илјади основци и да се изврши реновирање на околу 80 средни и основни училишта во Република Македонија . Некој одлучува тие пари да ги пренасочи за дивиот универзитет во селото Мала Речица.

Овој закон е дискриминаторски за високото образоваие. ВМРО-ДПМНЕ поднесе иницијатива за преиспитување на уставноста на неколку членови од Законот за високо образование, бидејќи со нив се врши дискриминација на граѓаните кои се во мнозинство во Република Македонија , комплетно се нарушува уставната рамка.

Нормално по ова барање на ВМРО-ДПМНЕ очекувањата не се преголеми кога станува збор за Уставниот суд кој речиси целосно е составен од предлози на владината коалиција и од каде еве свежо ни доаѓаат и кадри за членови на Владата. Уште помалку можеме да очекуваме од ректоратот кој што апсолутно никако не реагира , пред се од ректорот, бидејќи тој треба д абиде гласноговорник на Скопскито универзитет и ректорот на Битолскиот универзитет кои што чекаат да видат што ќе се случи, гледаат преку телевизорите што побрзо да помине оваа работа.

Понатаму би спомнал дека кршењето на принципите на мултиетничко живеење и интеграцијата се присутни во овој проект. Рамковниот договор се залага за мултиетничка Македонија. Универзитетот во селото Мала Речица, наместо мултиетничко живеење промовира гетоизација на младите албанци и физички гиодалечува од ретките места каде што би имале можност да се сретнат со нивните врсници македонци. А, тоа се универзитетите. Движечка сила на секое општество, легализацијата на тетовскиот договор е спротивна на програмските определби на нејзиниот најголем промотор ДУИ,

спротивнона Рамковниот договор преточен во Устав таа води кон се, освен кон интеграција и мултиетничко живеење, ако воопшто на ДУИ тоа му е важно.

Според ова, јас сум еден од последните дискутанти почитувнаи пратеници што ќе се обидам да ве убедам да не го подржите овој проект, затоа што овој проект се базира на принципите на мултиетничкото живеење затоа што се базира врз насилство во образованието, затоа што се узурпираат, ректоратот е сместен во узурпирана зграда, затоа што кадарот во малоречанскиот универзитет е главно завршени студенти на овој не признат универзитет со диплома од тој непризнат универзитет од тој нелегален универзитет од тој див универзитет, па завршени магистратури на тој див универзитет, па доктрати на тој див универзитет, е сега тие доктрати ќе бидат професори на истиот универзитет, ќе треба своите дипломи да си ги признаат, а потоа да им предаваат на другите студенти и нешто од познатиот Приштински универзитет, некои професори доаѓаат , исто така.

Би го потенцирал уште еднаш фактот што овој закон се носи во скратена постапка. Тоа е навистиан жално и трагично. Владата го чувствува импулсот на народот дека ова решение не е прифатено. Не е прифатено кај македонците, а очигледно дека во голем број не е прифатено и кај албанцит екои се свесни дека ќе бидат жртва на нечија политичка амбиција и нечија политичка фрустрација.

Почитувани пратеници, овој проект е прашање со кое радикалните албанци сакаат да демонстрираат сила и моќ. Со години наназад преку ова прашање албанските радикали сакаат да го промовираат статусот на државотворност, државотворен народ во Република Македонија . И сега ни е потполно јасно зошто минатата година во октомври и вотората половина на септември денешните коалициони партнери СДСМ и ДУИ преговараа цели 45 дена. Овој месец со една куп проекти од границите на општините, до назначување на потпретседател на Собранието, денешната точка на дневен ред, законот за државјанство, станува јасно што во тој период толку долго, 45 дена преговараа за да направат една коалиција за која што вообичаено се потребни 15-тина максимум 20 дена.

И, на крајот, во демократските општества не смеат да постојат политички решениај во образованието. Тоа се придобивки од социјализмот кои мора да ги заборавиме ако сакаме да влеземе во ЕУ.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ви благодарам г-дине Груевски.

Господинот Џезаир Шакири има реплика.

Повелте.

ЏЕЗАИР ШАКИРИ:

Благодарам г-дине претседател, сакам да реплицирам , честопати се спомнува името на Фадил Сулејмани и ние се договоривме да не се употребуваат, да не се именуваат луѓето кои што не се присутни и честопати господата од ВМРО-ДПМНЕ употребуваат зборови кои што и самиот претседател очекува да го употреби, бивши војници на ОНА, кои што сега се на тетовскиот универзитет и јас бев еден од тие војници не по ваша желба, туку по гласот на мојот народ. Често пати употребувавте зборови “криминалци”, “терористи”, дали вие господа, вие кога во 2001 година убивте шестмесечни бебиња, старци, а ние во тоа време што и да се случило имавме тројца членови на АРМ кои ги ослободивме ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам г-дине Шакири да го оставиме минатото..

ЏЕЗАИР ШАКИРИ:

Би сакал да го оставам минатото, ама..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Добро, точно ама барем ако некој не сака да го остави, барем другите да го остават.

ЏЕЗАИР ШАКИРИ:

Само сакав да реплицирам, доколку сакате да продолжиме со минатото ние можеме да продолжиме со минатото. Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тоа е Парламент.

Повелете, имате контра реплика? (Не).

Повелете г-дине Вејсели имате три минути.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Господине Груевски мислам дека како претседател на една политичка партија беше жално и трагично. Ми се чини дека човекот, мислевме дека ретерирал, не е тој Груевски кога беше минситер на Валдата на Георгиевски, ама со истото темпо продолжува да биде како претседател на ВМРО-ДПМНЕ.

Од друга страна, г-дине Груевски на целата јавност е познато по оценвуањето и иницијативите за оценвуање на уставноста на законит е што произлегуваат од овој Парламент. Вие бевте тие како ВМРО-ДПМНЕ 1998 година кога го донесовме Законто за употреба на знамињата на националностите во Република Македонија со ваша иницијатива од Уставниот суд беше укината , откако вие дојдовте на власт. Со притисокот што го направивте врз судиите. Меѓутоа, овој пат ја немате таа среќа, бидејки вие не сте на власта и не можете да вршите притисок врз уставните судии за да го укинат Законот за формирање на државен универзитет во Тетово.

Второ, јас не сакам воопшто да се занимавам со минатото, меѓутоа ме натеравте да се занимавам. Вие, студентите во Тетово ги нарековте терористи. Вие, студентите во Тетово ги нарековте дека тие се студенти кои учат во еден Малоречански универзитет. Едно да ви кажам Мала Речица е Тетово и Мала Речица е дел од Тетово. Меѓутоа, населбата останала дел од градот Тетово. Меѓутоа, кога ги спомнавте студентите дека студентите беа тие кои го подржаа конфликтот во Република Македонија , да ви биде јасно, не дека само студентите, туку сите албанци на Република Македонија беа на страна на УЧК. Тоа да ви биде многу јасно, дека вие ја доведовте Македонија во таа состојба за да можат албанците да се вооружуваат, да се спротивставуваат на еден ригиден режим во Република Македонија .

И, друго, сакате понатаму уште да создавате побуди и забуни кај граѓаните на Република Македонија . Вас ќе ве молам ако барате и ако сме дел од оваа Македонија, ако не признавате дека сме дел од оваа Македонија, а не е битно дали вие не признавате, ние сме тука и ние ќе бидеме господари на нашиот дел, а ние како го полниме Буџетот така сме заслужиле даземаме дел од Буџетот за да го финансираме тетовскиот универзитет. Ниту бараме пари од фондовите на Скопскиот и Битолскиот универзитет, меѓутоа секогаш, преку нашите претставници, ќе ги бараме нашите средства да ги финансираме нашите институции.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Груевски:

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Благодарам за репликата. Јас само би споменал дека јас не ги нареков студентите од дивиот универзитет од селото Мала Речица терористи, туку така се искажа поранешниот ректор Фадил Сулејмани. Јас само цитирав негова изјава на одреден датум дадена. Жал ми е што толку почитуваниот пратеник се вознемири и незнам дали на овој начин сака да си дозоволи на неговото гласачко тело, на ДУИ, на УЧК, незнам на кого, на АНА, неможам да разберам една ваква жестока реакција. Јас зборував за многу стандарди во образованието, зборував за непочитување на законот, што е прилично присутен во овој дел во државата, влегување во приватни куќи, правење факултети во приватни куќи, узурпирање на имот, несоодветно селектирање на кадри и тн., така што сето тоа се работи што не држат во сегашниот предлог на Владата и кои што Владата треба да ги преиспита. Тоа беа само дел од аргументите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Исмет Рамадани, 3 минути.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Барам извинување за албанската јавност, затоа што сакам на вашиот мајчин јазик да ви се обратам господинте Груевски.

Не ме изненади мене, затоа што претпоставувам дека тоа е речник и вокабулар што го употребувате во последно време, иако морам да ви кажам дека мислам дека бевте еден добар реформатор кога бевте министер и очекував нешто повеќе од вас, но во однос на студентите и овие квалификации што ги даде за тие студенти, за тие професори мислам дека претеравте.

Само едно да ви кажам. Под една хипотетичка претпоставка кога ќе бидете вие премиер, во Тетовскиот универзитет има 10.000 студенти и 400 професори, одговорете ми вие како ќе одите и да им кажете дека од денеска вие нема да студирате и надвор од овие простории. Немојте. Неможе тоа да го направи дури и Пиноче, најголемиот диктатор. Кажете ми практично ако сте добар практичар како вие ќе се однесувате кон тие студенти. Која е формулата ваша за да престанат тие да студираат понатаму.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Груевски, 1 минута.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Благодарам за многу инспиративната реплика. Формулата е веќе дадена две години. Формиран е универзитет на Југоисточна Европа, популарно наречен Штулов универзитет во кој што сите албанци можат да го остварат своето право на нивниот мајчин јазик. Сите освен оние кои што нормално неможат да ги исполнат основните критериуми за запишување на еден ваков универзитет. За сите оние кои што имаат минимум квалитет за студирање има доволно простор на тој универзитет, обезбедени средства, така што апсолутно не се гледа причината зошто треба да се признае уште еден универзитет. Се работи чисто насила да се донесе едно решение, да се покаже моќ, да се демонстрира сила. Инаку, за нив има решение, универзитетот на Југоисточна Европа и сите тие можат да се префрлат на тој универзитет. Некои од кадрите, професорите ако е поспособен, има навистина големо знаење исто така би бил примен на тој универзитет. Тоа е решението.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам господине Спиро Мавровски, вие сте за реплика или за збор.

СПРИО МАВРОВСКИ:

За збор.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господинот Зиди Џелили бара збор за реплика.

ЗИДИ ЏЕЛИЛИ:

Почитуван претседтел, почиувани колеги,

Денес, вечерва не следат над 10.000 студенти и нивните семејства и очекуваат со нетрпение како ќе се реши нивната судбина во иднина. На тој Универзитет има студенти, млади девојќи и момчиња кои во иднина ќе бидат носители на демократските процеси и се иднината на албанскиот народ. Тие заслужуваат повеќе а не вакви оценки. Затоа добро е што господинот Груевски корегираше еден дел од неговиот говор, затоа што сите тие студенти не заслужуваат некој да се игра со нивната судбина.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Груевски, имате една минута.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Значи уште еднаш да појаснам.

Јас не се занимавам во мојот говор со студентите. Јас само кажав една реплика на поранешниот таканаречен ректор Фадил Сулејмани. Ако меѓу тие студенти има способни луѓе и способни студенти нема причина тие да не можат да си добијат диплома на еден легално признат универзитет во Република Макдеонија кој што работи и функционира на нивниот мајчин јазик.

Мојот говор се однесуваше на оние кои што го правеа тоа диво и оние кои што денеска им дозволуваат тоа диво, незаконско работење, тао прикажано насилство во образовнието да се легализира и да се дојде во еден момент кој што се нарекува капитулација пред едно насилство. Ниту ги познвам лично студентите, ниту можам да оценам дали тие биле способни или неспособни, собрале многу знаење или не собрале. Знаеме во какви услови учат, знаеме какви, дел од професорите веројатно какви се, знаеме дека проектот е на сила, противдржавен и дека ќе испрати многу лоши сигнали за

иднината. Тоа е главниот проблем. Во иднина секој ќе се обидува на ваков начин да остварува проекти во Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, ве молам, ве молам. Една минута истече, спрема сите сум еднаков.

Повелете господинте Мавровски.

(Господинот Чашуле бара збор деловнички.)

Да чуеме што е деловнички.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Со сиот респект кон вас, кон конструктивноста со која ги водите седниците, меѓутоа заморот понекогаш може да влијае врз сите нас, па оттаму мојата забелешка немојте да ја сватите како ништо друго, туку како едно укажување.

Не господине, не е прекршен деловникот, уствот. Ве молам, ние денеска имавме еден инцидент околу една вулгарна глупост и ја прекинавме седницата и се извинувавме. Вечерва еден пратеник во ова Собрание рече дека тој ќе биде сопственик заедно со неговите на неговиот дел од Македонија. Тоа е седиција, тао е повторно загор, јас само сакам да потсетам дека оваа дикција заврши и ве молам да го штитите Уставот заедно со сите нас.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госоподине Спиро Мавровски повелете.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Јас мислев дека по ова што го кажа господинот Слободан Чашуле ќе ја прекинете седницата затоа што се случија повеќе работи.

Прво и прво, и покра тоа што министерот е одговорен скоро од сите пратеници на Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ воопшто не најде за згодно, а истото се случи и со пратениците од позицијата кои за многу делови од законот не им е јасно како и што, едноставно како министер воопшто не ни помогна на нас пратениците да видиме што значи овој закон.

Ова што на крајот го слушнавме и за кое што баравте извинувања слушнавме хипотетично ќе пукаме, а ние мислевме дека ДУИ ја доби својата демократичност, сега е партија на демократи кои градат цивилно општество и овој закон го предлагаат точно во

тој контекс. Но, еве повторно остануваат повикувањата ако ВМРО е обвинет за студентите кои протестираат пред Парламентот сега добиваме закана дека ако се случи нешто тие студенти повторно ќе ги земат пушките во раце, што мислам дека уште во старт требаше да го прекинете.

Треба да знаеме уште една работа. Секоја акција во физиката предизвикува реакција и се има степен на издржливост, до кој праг може да се стои и да се седи во овој Парламент и воопшто колку може да се издржуваат ваквите работи. Затоа ако зборуваме за демократичност да ја примениме до крај, ако не ќе имаме проблеми.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Зоран Крстевски.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Неколку дена расправаме и суштината на она за кое требаше овој Парламент да одлучува кога се води политика на спроведување на рамковен договор токму беше формулацијата што со тој рамковен договор политичките фактори ја презедоа, а тоа е да се потпомага, парафразира, високото образование на албанците во Република Македонија.

Навистина ќе беше продуктивно ако Владата пред се направеше едно студиозно согледување за какво образование на албанците на мајчин јазик, повторувам, бидејќи пристапот до високото образование е подеднаков за сите во Република Македонија е потребно и да се појде од она реалност во Република Македонија после 2001 година кога воглавно за сите проекти кои се од интеретнички карактер секогаш се барало, или пак се слушало мислењето на меѓународната заедница.

Факт е дека проектот на таканаречениот Штулов универзитет е чекор напред во остварувањето на правото на албанците во високото образование да се студира на пооделни факултети на мајчин јазик и така да кажам преговорите и разговорите во рамките на охридските договори всушност беа насочени кон поддршка, финансиска поддршка на тој универзитет, кој ако добро се концепираше и проектираше денеска немаше да ги создава овие дубиози, а ќе беше предводник во евентуално некое фузирање или преземање на дел на оние функции на овој таканаречен универзитет кој по

пат на евоулација би потврдиле дека ги задоволуваат стандардите за високо образование во Република Македонија.

Вака како што е денеска предложено, надвор од уставните амандмани всушност е промоција на политичка волја или договор помеѓу коалиционите партнери и враќање назад во кое правото на насилство, односно употребата на насилство се промовира како фактор кој треба сите ние овде да го поддржиме.

Мислам дека беше умесен предлогот на пратеникот Петковски да ја прекинете седницата. Да овозможите прво во рамките на политичките групации на албанците уште еднаш да се разговара за концептот бидејќи видовме дека тука всушност водечката политичка партија во Владата сака да направи еден баланс помеѓу улогата која ја имаше во мандатот на претходната влада ДПА, која беше многу успешна и која беше во функција на развој на високото образование на албански јазик, на албанската популација во Македонија и она сега што значи притисок да се легализира нешто за кое немаме солидно експертско ниво.

Вториот документ што ни е доставен едноставно по јазикот на кој е пишувана евулацијата на работата на овој универзитет покажува една несериозност. Јас разбирам Владата да ангажирала меѓународен мориторинг, да донела експерти заедно со домашните и да вршела согледување на сериозноста, компентентноста, организираноста на сегашните факултети во рамките на тој таканаречен тетовски универзитет па сите дополнително да сме убедени дека таа валоризација е чекор поблиску до некаква политичка одлука или пак форма на закон. Вака останува чувството дека со еден политички договор се дозволува еднаш надвор од законите, надвор од Уставот промовирана идеја се легализира и останува еден впечаток дека тоа треба да го плаќаат сите граѓани на Република Македонија без разлика на етничката припадност.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор господинот Ѓорѓи Трендафилов а по него е Спиро Мавровски.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Господине Јордановски, верувам дека концентрацијата за која зборуваше господинот Чашуле навистина кај сите нас попушта, очигледно кај некои колеги лево од мене, жал ми е и мене што ете една колешка никако да заборави, како што вели таа, со

27 годишно искуство во образованието постојано префрла, приговара и јас незнам што освен да предложам до моите колеги да изгласаат во Куманово некој закон на локално ниво за доживотен директор во гимназијата од каде беше сменета...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам држете се за темата.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Јас би сакал да се осврнам на таканареченото мислење за проектот за основање на универзитет во Тетово. Потпишан е претседателот на Одборот за акредитации професор д-р Тито Беличанец. Како што е стил на оваа Влада Одборот за акредитации, значи стилот на Владата секогаш е исклучително насочен кон формализмот. Значи потребно е секогаш исклучително пред македонската јавност да се покаже дека Владата ги почитува законите во земјата во која таа на избори доби мандат од сопствените граѓани, така да тој проект има доста интересни точки.

На пример по точка 4 во мислењето на Одборот за акредитација се вели: “Во проектот е прикажан износот на потребните средства за основање и работа на новиот универзитет во Тетово за 4 години. Се укажува дека Владата на Република Македонија и Собранието на Република Македонија за оснивањето на новиот универзитет треба да обезбедат дополнителни средства”.

Износот на овие дополнителни средства воопшто не е спомнат, а јас во мојата претходна дискусија велев дека дописот кој од Владата е испратен до Собранието на Република Македонија се вели дека овој закон ќе оди по скратена постапка, затоа што овој закон не е ниту обемен, ниту се потребни посериозни финансиски средства.

Понатаму, во оваа точка 4 се вели дека со ова нема да се предизвика натамошно намалување на средствата што се издвојуваат за постојните државни универзитети и натамошно намалување на учеството на средствата што се издвојуваат од бруто општествениот производ за високото образование и се укажува дека социјалната структура на студентите значително е влошена, со што битно е ограничен пристапот на младите кон високото образование.

Што подразбира ова во контекст на двата државни универзитети и во контекст на сите оние активности, кои беа преземани во минатото, значи, во времето на Владата на г. Георгиевски, кога беше, практично, завршен проектот за фомирање и отпочнување со работа на Универзитетот за Југоисточна Европа. Беше кажано дека тој проект претпоставуваше одредени правни постапки кои минуваа низ институциите на системот на Република Македонија, од сите оние неопходни предуслови, кои треба да ги има, не само една високо школска образовна институција, туку воопшто за било која постапка која се извршува во Република Македонија, без оглед дали станува збор за иницијатива започната, предложена од државна институција, Собрание на Република Македонија  или било кој орган на Државната управа, или пак станува збор за иницијатива на индивидуа или група на граѓани. За жал, во овој случај во овој проект не станува збор за такво нешто. Во оној сиромашен преглед во оние 5 члена, со кои Владата се обидува да односно во самиот текст во самото мислење се вели дека социјалната структура на студентите значително е влошена, со што битно е ограничен пристапот на младите кон високот ообразование.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, бидете тивки.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Зошто е влошена социјалната структура на евентуалните студенти и кои се причините за да е ограничен пристапот на младите во Република Македонија кон нашите високо школски установи. Тие имаат широк дијапазон, шорока лепеза на избори. Можат да конкурираат во Универзитетот “Свети Кирил и Методиј”, Билоскиот универзитет и евентуално можат да конкурираат на Штуловиот универзитет. Значи, не зависи дека во Република Македонија  нема избор, нема опција. Напротив, може да конкурираат на факултети, кои сега Владата се обидува да ги прикаже дека се под односно се резултат на граѓанска иницијатива започната таму некаде во средината на 90-тите години, што апсолутно не е точно.

Во истата точка 4 од Мислењето потпишано од г. Беличанец се вели дека, предложената листа на опрема, не е доволна, заради што се смета дека треба да се издвојат дополнителни средства за нејзина набавка. Притоа, треба со договор меѓу соодветните високо образовни установи да се овозможи ористење на нивната опрема, како и да се извршат дополнителни вложувања, со што ќе се обезбеди нејзино рационално користење и ќе се избегне паралелизмот и дуплирањето на опремата. Станува збор за нешто што треба да се случи во идно време, нешто што Владата, доколку навистина сериозно мислела да се појави пред Собранието со еден ваков предлог, не требало овде да ни доставува збир на желби на одредени конституитенти во нејзината Влада, туку требало да ни го достави Проектот. Значи, наместо треба, требало јасно да ни го прикажат, кои се и колку изнесуваат тие дополнителни средства и за таков договор во иднина треба да станува збор меѓу високо образовните установи, за да се овозможи користење на опрема, исто така, за каква опрема станува збор. Имено, ние би сакале, а најверојатно иницијативата да биде на овој начин, да протрча низ институциите на системот, кажува тоа дека Владата во својата сериозно опасна намера со овој проект не мисли да застане само со усвојување на законот за легализација на дивиот универзитет во Тетово, туку напротив и понатаму, најверојатно, треба да очекуваме дека ќе биде извршен упад во веќе постојната восоко образовна заедница во Република Македонија. Значи, со оглед на тоа какво искуство имаме од така нареченото Министерство за образование во Владата на Република Македонија, ние можеме, впрочем, тоа и се случуваше во периодот кој е зад нас, ние едноставно ќе следиме преку медиумите дека од Министерството за образование стигнала наредба да се отстапи амфитеатарот на овој факултет, да се отстапи лабораторија од друг факултет, каде што од датум тогаш и тогаш настава ќе слушаат, ќе следат и вежби ќе изведуваат студенти од дивиот универзитет. Тука сметам дека тогаш вечерва беше кажано дека нашата академска заедница, можеби од најразлично објективни или субјективни причини, со нецелосно внимание се вклужи во оваа постапка, која знаеме од кога е започната, но тогаш ќе се предизвикаат оние реперкусии за кои претходно стануваше збор. Имено, Владата ќе продолжува со узурпирање со прекршување на законите, а нејзината основна функција да создава атмосвера, во која секој граѓанин на оваа земја ќе може до максимум

да ги искористи своите потенцијали и притоа да обезбедува што е можно подобри егзистенцијални приходи и други добра за себе и за своето семејство. Тогаш, Владата ќе го нема кредибилитетот како институција да се наметнува со силата на институциите пред граѓаните во сопствената држава. Јас не можам да сватам дали пратениците од СДСМ не можат да видат во ој правец се одвиваат овие иницијативи, до што ќе стигнеме на крајот. Точката 5 од истото мислење е особено интересна. Предложените студиски програми во основа се подготвени според современите тенденции на високото образование. Иако има и печатна грешка, навистина, несериозно од техничкиот подготвувач на ова мислење по Проектот за основање на универзитетот во Тетово. Кои се тие тенденции во современото високо образование, кој авторот на овие редови ги има препознатго во Проектот, кој Владата се обидува да го направи составен дел од правниот систем и од високо образовната заедница во Република Македонија. Дали она што беше кажувано од поранешниот ректор, дали начинот на кој оваа идна членка на високо школските институции во земјава, ги обезбедува просториите каде што таа ќе биде сместена. Кои се тие современи тенденции?

Да се вратам на почетокот на излагањето односно на документот кој претензиозно во заглавието тврди дека е мислење по проектот за основање на универзитет во Тетово. Имено, во точка два се вели: “во Проектот е нагласена и објаснета меѓуетничката интегративна функција на новиот државен универзитет, имајќи ги предвид како позитивни искуства Универзитетот за Југоисточна Европа во Тетово, како и одредбите од законот за високото образование, со кој се обезбедува еднаков пристап на сите граѓани кон државните високо образовни установи со употребата на македонскиот јазик и јазиците на заедниците во согласност со законот. Согласно член 6, став 1 од Законот за високо образование, на сите државјани на Република Македонија им е овозможено под еднакви услови право на образование на новиот универзитет во Тетово”. Замислете, универзитет кој својот електорат, зградата за ректоратот каде што е сместен го обезбеди со насилен пат, му дава право авторот со оваа наивна констатација, во која верувам дека и тој самиот не верува и му овозможува на некој кој не е од потесното подрачје на Тетово, Гостивар или Дебар, кој можеби не е албанец по потекло да оди на студентски прашања и да го побара секретарот на ректоратот да му објасни и да му каже кои се неговите

права и услови и едноставно да го побара деканот на оној факултет, кој ако добро се сеќавам, се викаше Факултет за хуманистички науки и уметности. Па, на кого ова му го нудиме? За кого ова го правиме? Нели велиме дека во проектот е нагласена и објаснета меѓуетничката интерактивна функција според искуствата на Универзитетот за Југоисточна Европа во Тетово? Зошто не се искористи тоа позитивно искуство и оние кои ги имаат потребните квалификации и како наставен кадар и како студенти, значи, како слушатели, посетители на тие факултети, тие позитивни искуства за кои авторот на овие редови ни спомнува, да се обидат да ги остварат на Универзитетот за Југоисточна Европа. Вие знаете дека тој беше донесен со општ политички консензус во Република Македонија, но да ве потсетам од поглед на денешните случувања на, како што велат медиумите, па дури и самите студентски организации и тогаш имаше протести, како што има и сега деновиве, но за разлика од сега, од тогаш, сега во средните училишта директорите заедно со припадниците на МВР, заедно бидејќи протестите се случуваа додека трае првата смена во гимназиите, ги повикуваа директорите на овие гимназии, на одредени гимназии од неколку градови, вклучувајќи го и главниот град и наставниците од втората смета, заеднички да ги блокираат влезовите во средните училишта, за учениците да не можат да излезат на протести. Истовремено господинот Беличанец вели тоа е интерактивна функција. Претпоставувам дека интерактивна функција претставува меѓу делот на вработените во МВР и делот на вработените во Министерството за образование. Јас не гледам каква друга интерактивна функција имаат, освен што дел од нашите средношколци со присила беа држани, за да не се придружат на протестите.

Исто така, во истиот текст во точката 5.3, се вели дека согласно член 26 став 2 од Законот за високо образование, Одборот за акредитација во натамошна постапка ќе пристапи кон акредитација на студиските програми. Исто така, притоа, ќе се изјасни за соодветноста на кадрите потребни за изведување на настава по одделни факултети и студиски програми. Беше кажано дека низ овој див универзитет во изминатите години поминале илјадници студенти, многумина од нив дипломирале, многумина од нив се стекнале со магистерски титули, со докторски титули и сето тоа остварено во рамките на овие активности, кои сега Владата се обидува да ги легализира.

Станува збор, по трет пат би сакал да потенцирам во ова мое обраќање. Владата односно државата воопшто, без оглед за која влада станува збор, не може себеси да се става во прилилегирана положба во однос на најмалиот и последен граѓанин во Република Македонија. Тој е повисок од сите институции кои ги формира Владата и од цела државна администрација. Станува збор за граѓани кои од сопствениот џеб, преку Буџетот, преку даноците, а секоја држава и секоја Влада е особено ревносна кога треба да го прибере она што е нејзино. Но, често се случува, тоа не е пракса, за среќа или за несреќа само во Република Македонија се служува државите и владите да бидат мошне заборавени или мошне бавни кога станува збор за нивните обврски кон граѓаните. Во минатите 4 години во времето на Владата на господинот Георгиевски имаше донесено две одлуки од истата таа Влада и повторно реафирмирани од ВМРО во периодот што е зад нас, значи од 15 септември минатата година, а станува збор, имано, за иницијатива која е помината низ цела онаа постапка, како што заслучува секоја високо образовна институција. Впрочем и како што Универзитетот за Југоисточна Европа веќе ја имаше таа среќа или прилика да ја помине во времето на истата таа Влада. Станува збор за факултетот односно за високо школската установа за Универзитетот во Штип. И, да биде, за жал за добар дел граѓани од Република Македонија, особено оние кои живеат во изборниот регион три и четири и кои природно гравитираат кон поголемите градски центри во овој регион, станува збор за веќе стекнато искуство, затоа што во градот Штип и во други градови во Источна Македонија ни е познато и таму веќе се школувале кадри. Но, со текот на годините во минатиот социјалистички систем од проценки такви какви што биле правени тогаш, било проценето дека тие региони во Република Македонија веќе ќе го изгубат правото на општините од нивната територија од тие региони да се наоѓаат високо школски установи. Значи, наместо да зборуваме за една таква постапка, која секоја нормална, рационална влада би требало да ја предложи на сопствените граѓани или барем да ја понуди на јавна расправа, Владата излегува со една ваква небулоза и да биде трагедијата поголема во овие клупи седат многумина универзитетски професори и луѓе кои претендираат, и веќе имаат одреден академски статус да бидат универзитетски професори со полно знаење. Јас не можам да сватам, впрочем, јас се обидов и на почетокот на моето излагање да кажам, овде има неколкумина кои велат дека поминале

по 25 или 30 години во воспитно образовните институции во Република Македонија и истите тие луѓе кои се жестат на едни банални работи, како што е разрешување од некакво директорско место во средно училиште, својата политичка перцепција во поглед на овој закон ја фокусирале, заради тоа што во минатото биле сменети. Тоа е нон сенс да очекуваме од едни такви стручњаци како што тие самите се нарекуваат, тоа да се случува.

Понатаму, во истиот овој текст, кој претенциозно е заглавен како мислење завршува, бидејќи е целиот една неодредена збирка на желби, кои можеби треба како да зборуваме за астро физика, каде што доста претпоставки се актуелни и се земаат како теории и вели, пожелно е уште на почетокот да се обезбеди неопходната соработка по однос на студиските и предметните програми со постојните универзитети во Република Македонија, при што ќе се оствари усогласување на студиските програми и ќе се избегне паралелизам и непотребни повторувања на студиските програми. Па, зарем ова не е повторување на студиските програми. Зарем ова не е паралелизам. Јас не гледам овде дека има било какво мислење од Сенатот на универзитетот Свети “Кирил и Методиј”. Јас не сум видил, бидејќи и како опозиција не очекуваме да бидеме ние постојано вклучени во активностите на една ваква формулирана влада. Јас не сум видел и дека имало некаква јавна дебата со вклучување на студентите од постојните регистрирани студентски сојузи со универзитетот Свети “Кирил и Методиј”, со Сенатот на универзитетот со Свети “Климент Охридски” и конечно со професорите или со наставно научниот кадар кој е ангажиран и кој работи во рамките на универзитетот за Југоисточна Европа во Тетово. Значи, цела една, некој зборуваше за фела, за гилби, за еснафи, па овде е практично цел академски кадар во Република Македонија. Ние немаме, ама баш ништо друго освен една збирка на желби, која вели пожелно е уште на почетокот. Ако ова не е почеток, кога е почетокот за формирањето на универзитет, за легализација на дивиот универзитет во Тетово. Што е ова ако не е почеток? Или, Владата смета дека е ова крај, со оглед на бројноста, на владиното мнозинство кое ја поддржува нејзината политика, најверојатно, Владата за ова не размислува сериозно и ова го смета за крај. Па, понатаму ќе се изненадуваме со соопштенија од Кабинетот на министерот за образование до ПМФ, на пример, каде ќе им соопштиме на професорите и на студентите дека амфитеатарот со

број тој и тој дека лабораториите по физика или не знам по што, ќе биде одземена и ќе се користи од толку до толку часот, или дека ќе се користи попладне или претпладне од студентите на овој универзитет за кој, овој така наречен универзитет за кој ние така жестоко дебатираме долго време.

Она што сакам посебно да го истакнам во поглед на моралниот, на етничкиот карактер на цела оваа иницијатива, имено, просто е несватливо, оваа збирка на желби да биде составен дел од иницијатива за отворање на една високо образовна институција во Република Македонија. Во моето претходно денешно обраќање, јас се обидов да направам една компарација во поглед како државата насила остварува некое свое право, бидејќи во старт е прекршен законот со сета оваа иницијатива, државата само бара начин како да го озакони сето ова во поглед како истата држава се однесува кон граѓанинот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Јас ве молам, колеги пратеници да бидеме парламентарни, да се ислушуваме и без довикувања.

Јас ве молам, г-дине Вејсели да бидеме пристојни. Господине Вејсели, ако вие не гледате, јас гледам пратеници, жал ми е што вие  не ги гледате. Ве молам, г-дине Вејсели не го попречувајте работењето на Парламентот. Го попречувате, се довикувате и не е вред. Јас ве молам да се слушаме.

Г-дине Трендафилов повелете.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Значи, компарацијата за која зборував претходно, која посебно сакам сега да ја истакнам, како се однесува државата која смета - нормално, олицетворена преку политичката која ја конструира Владата, било која Влада, значи не зборувам само за оваа, кога таа сака да оствари едно свое право и како се однесува кон обичниот граѓанин кога тој се обидува нешто во рамките на институциите на системот, значи, не обидувајќи се да го изигра системот, туку граѓанинот низ институциите на системот да оствари некое свое право. Замислете, треба да извадите поголем број документи за да отворите самостоен трговски дуќан во РМ, откоку за да отворите Универзитет. Мислам дека тука нема што да додадеме, а особено немојте да се обидувате да увезете кола на старо, затоа што ви требаат тројно повеќе документи и од Универзитет да отворите во земјава и

од самостоен трговски дуќан. И врз сето тоа стои мислење по проектот за основање универзитет во Тетово.

Би сакал да завршам, отвораме опасен преседан. На локално ниво можам да кажам во изворниот регион од каде јас доаѓам постоеше од жленови на Владата од државни службеници силен притисок да се изврши промена на сопственоста во катастарската евиденција. Знаете ли што значи тоа за некој што е ќе ја оствари таа можност, може вашиот дом од утре да го направи да не биде повеќе ваш. За среќа, барем што се однесува  за изборниот регион од кој јас доаѓам, не затоа што зџастапуваме или незастапуваме одредена страна, мислење во одреден судир, туку станува збор дека на тој начин се отвора еден опасен преседан во вкупно живеење во РМ. Истотомислење во поглед на тоа што не го оправдувавме притисокот да се направи таква промена, не го оправдуваме и ова, затоа што правиме опасен преседан. Ние веќе како државни институции ќе немаме право да излеземе пред сопствените граѓани и да ги убедуваме да ги почитуваат законите во РМ, при секојдневните извршувања на нивните функции, без оглед дали станува збор од нивното работно место, права како граѓани во средината во која живеат. Ние ќе се делегитимираме како претставници на самите граѓани кои не избрале и поради кои сме овде во ова Собрание. Конечно, ова Собрание ја има таа основна функција да биде законодавен дом и да биде контролен механизам на извршната власт, а не обратно. Извршната власт, не зборувам конкретно за оваа власт, може да биде било која, има најразлични мотиви, но тие мотиви не важат во парламентот. Мотивите и правилата на игра кои се во употреба во Владата не важат овде во овој Парламент. Овде не може да дојде претставник на извршната власт и да бара одговори од пратениците или да им сервира лекции на пратениците. Во Собранието, во Парламентите секаде во демократските општества извршната власт одговара пред пратениците и јас барам, што би рекол колегата Даневски, од оправдано отсутните колеги од СДСМ да размислат пред да го дадат својот глас за преседанот на кој ние со широко отворени врати може да излеземе денес одовде.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Г-дине Трајановски процедурално, повелете.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам потпретседателке.

Бараме да се симне стенограмот во делот на репликите на говорот на г-динот Груевски, бидејќи сметавме дека имаше една отворена закана, дека ако се враќаме натаму во минатото, дека и тие ќе се вратат повторно во минатото и пак ќе го земат оружјето. Сметам дека овој стенограм ќе ни биде потребен за да одлучиме како ќе работиме во натамошнот тек на седницата.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Г-дине Трајановски, стенограм секако ќе се добие, меѓутоа, тоа не може сега вечерва да биде направено, меѓутоа, секако ќе се направи. Ќе се направи, во ред.

Продолжуваме, има збор г-динот Аднан Ќахил.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Барам пауза да се симне стенограмот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Г-дине Трајановски, стенограмот сега на полноќ тешко дека ќе може да се симне.

Г-дине Трајановски сите сме сведоци што се случи, реагиравте и што е целта, што би била целта на тој стенограм. Не треба потврдување, не треба потврда дека тоа се рекло. Тоа се рекло и го слушнавме сите, така што во документацијата тоа ќе остане, тоа е снимено.

Јас ве молам, да продолжиме.

Г-дин Аднан Ќахил има збор.

Процедурално, повелете г-дине Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Почнавме да работиме во 19,00 часот. Веќе е 24,00 часот и заморот се чувствува. Мислам дека и самите вие треба да дадете пауза. Ако вие се менувате некои од пратениците останаа цело време тука, за разлика од колегите од позицијата кои можеби заминаа досега и се одморија. Но мислам дека е време за пауза па после тоа ќе продолжиме.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господин Мавровски јас ве молам да имате разбирање.

СПИРО МАВРОВСКИ:

А во меѓувреме, секако ќе го добиеме и стенограмот од г-динот Груевски, и од репликите кои следеа после тоа, бидејќи го дадовте истото ова кога се побара паузата за реплики во 14,00 часот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има уште тројца пријавени, така што мислам дека би било добро да ги завршиме дискусиите, да ја заклучиме дискусијата и потоа евентуално да одиме на пауза. Мислам дека тоа би било подобро. Ќе видиме дали имаме кворум или не, меѓутоа, барем да ја завршиме дискусијата.

Процедурално неколку пратеници бараат збор.

Г-дине Оровчанец повелете.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Побарав процедурално. Нормално е да побараме пауза, затоа што е нормално во вакви услови физиологијата како функционира: почнуваме со претпладневна сесија, правиме пауза во 14,00 часот. Правевме пауза навечер во 18,00 часот. Еве, континуирано работиме повеќе време. Мислам дека е редно да дадете пауза од половина час.

Во меѓувреме ве молам само да го дадете стенограмот на репликите на говорот на г-динот Груевски.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

(Претседателот Љупчо Јордановски продолжува да раководи со седницата)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Аднан Ќахил, повелете на говорница.

(реакција со зборовите “имаат процедурално”)

Ја слушнав процедурата, барате пауза, но продолжуваме со расправа бидејќи имавте можности да излезете да се одморите.

Повелете процедурално г-дине Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Со оглед на тоа што имаше отворена закана за војна, бараме пауза од 15 минути да се консултира пратеничката група на ВРМО-ДПМНЕ. Бараме паузза од 15 минути.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Имате пауза од 15 минути.

(Пауза од 23,55 до 00,10 часот.)

Продолжуваме со работа.

Има збор г-динот Аднан Ќахил но не е тука.

Има збор Блаже Стојановски, а по него е г-динот Спиро Мавровски.

Повелете, г-дине Чашуле процедурално.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Три дена се расправаме, ќе ги почекаме колегите да влезат во салата затоа што заслужува да го слушнат и тие нашето размислување по повод завршницата на расправата за законот за малоречанскиот универзитет. Имате разбирање, нели?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас имам разбирање но нивно право е дали ќе влезат или не.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Навистина ми е жал. . .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, г-дине Чашуле само процедурално.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Навистина ми е жал што морам да констатирам дека - и ова е објаснување зошто ја баравме паузата и стенографските белешки.

Навистина ми е жал што после три дена почнавме да ја разоткриваме вистината која стои зад целиот овој проект и бидејќи сакам да го слушнам мислењето на ценетите колеги од СДСМ, затоа замолив да влезат сите.

Она што е фрапантно е дека денес слушнавме дека овој проект и припаѓа на една партија како нејзина крунска заслуга, потоа слушнавме дека ако не ни се удоволи, ќе се вратат назат во историјата. Историјата се знае, таа е по планините во Македонија и потоа ќе бидат господари на своето.

Денес ја почнав својата дискусија со укажувањето дека санкционираме со закон без законие. Вечерва дознавме дека практично сме ставени во ситуација или да го прифатиме ова или да одиме во војна. Па што направивме со Рамковниот договор? Па каде е мирот што требаше да го напрвиме со таа наша нагодба, со тој компромис кој и двете страни ги засега и ги образува. Па дајте, луѓе, ако не сфаќате дека сега е моментот да се оградите и да застанете против ваквата дикција јас незнам кога. Колата е тргната низ брдо и да застанете против ваквата дикција, јас незнам кога. Колата е тргната низ брдо. Ние успеавме на еден закон кој треба да се носи во нормална процедура, па уште еден ден, уште два дена да размислиме како да им овозможиме на нашите сограѓани македонци од албанско етничко потекло да си го остварат правото на својот јазик да студираат и да се интегрираат во нашето општество, ние денес сллушнавме ако не го прифатиме, ќе бидеме ставени повторно во ситуација едни на други да пукаме. Не. Јас не сакам г-да да пукаме. Сакам да направиме закон со кој сите ќе се гордеме, бидејќи ова чудо од пет члена не е тоа. Дајте да прекинеме, да преспиеме како што вели нашиот народ, во понеделник да седнеме и да видиме дали можеме од овој ќорсокак да излеземе.

Овде ги слушнавме нашите ценети колеги од партијата која се нарекува Демократска партија на албанците во Македонија. Излегоа со блескава анализа дека на албанската нација која како национално малцинство живее во Република Македонија не и е потребен ваков паралелизам. Изразија сомневање дека со тоа се решава прашањето за високо образование на албанците. Изразија загриженост дека ќе го загубиме Вандер Штуловиот универзитет и единствениот одговор на тоа е, ако не се согласите, ќе пукаме и ќе бидеме господари на своето.

Па, господа, амнестии повеќе не треба да има во оваа држава. Не треба. Во оваа држава ни треба Вандер Штуловиот универзитет, ни треба Рамковниот договор кој вели Вандер Штуловиот универзитет ќе се дофинансира со пари од Буџетот. Ни треба нашиот договор дека сите студенти од несреќната институција ќе ги сместиме во Вандер Штуловиот универзитет, а на тие што дипломирале ќе им овозможиме во рок од една година да дипломираат и со парите што ќе ги фрламе во црна дупка, а ги немаме, можеме да го сочуваме Вандер Штуловиот униерзитет и во него да се интегрираме. Во

него да ја изградиме симбиозата на Македонија со нејзиното културно богатство и со Европа, бидејќи еден од наставите јазици е англискиот. А, ние овде слушаме дека ако не капитулираме и вечерва ќе пукаат. Ќе пукаат по нашите деца и по нас. И тоа проаѓа така.

Господо, апелирам до Вас, дајте, сега имаме историска шанса со политички средства да седнеме овде и да се договориме како ќе продолжиме во понеделник на истата тема и со политички средства, пред да ни се појават нови борци за слобода по планините, да го расчистиме тоа прашање тука, бидејќи очигледно овој проект сее раздор меѓу албанската популација во Република Македонија. Овој проект е прашање на жестока полемика овде, не меѓу нас, меѓу албанците кои се претставници на нивната нација овде во РМ. Ако тие не се единствени по начинот на кој треба на Европски начин да се реши високото образование на албански јазик, тогаш зошто го носиме законот? Не е ова ВМРО против тој закон, не е ова СДСМ за тој закон, директните корисници имаат дилеми. И со работа од цел ден до утре сабајле ќе го решиме тој проблем, кој утре ќе биде генератор на криза. Утре незадоволството кое ќе произлезе од неквалитетното решение ќе се шири како метастаза низ целиот образовен процес, низ целото албанско општество, низ целото македонско општество и повторно ќе бидеме ставени во ситуација да правиме рамка. Со што ќе ја правиме рамката и на што ќе ја правиме таа рамка?

Овде на ваквото поле каде што треба да се носат научни решенија, а не политички, губиме уште една битка и јас не сум спремен да ја прифатам таа капитулација. И пледирам на вас да прекинеме и да продолжиме во понеделник.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодрам.

Има збор пратеникот Блаже Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Сакам дај а дополнам мојата претходна дискусија со образовните аспекти на овој проблем, за тоа што имајќи предвид дека нашите говори и обраќања до вас ќе вродат со плод и ќе се најде сила за да се повлече овој предлог закон за основање на тетовскиот

парауниверзитет како легален универзитет, меѓутоа бидејќи тие наши напори не вродија плод, ние мораме уште еднаш да искажеме и други разлики кои ги немавме искажано во нашите претходни дискусии.

Имено, кога зборуваме за образованието во РМ, независно од тоа дали се работи за основното, средното или високото образование, многу често како да ја забораваме целта што треба да ја постигне државата образовниот процес. Имено, основниот проблем со кој треба да се занимаваат Министерстовто за образование, Владата, па и ова Собрание, е создавање на стручњаци од различни области кои ќе одговараат на потребите за идниот развој на РМ и кои со својот квалитет ќе можат да се споредуваат со завршените студенти од најпрестижните образовни институции. За да се посгитне оваа цел, неопходно е да се обезбеди почитување на одредени стандарди во образованието, кои ќе се однесуваат и на плановите и на програмите кои треба да ги реализираат овие образовни институции и на стручноста и едукативната способност на наставниот и професорскиот потенцијал, а се развива и на просторните и техничките услови за организирање на квалитетна настава.

Покрај неопходните стандарди, заради остварување на целта на образовниот процес, создавање на кадровски потенцијал кој ќе биде носител на развојот на државата на економски културен и вкупно општествен план, неминовно е да постои образовна политика која ќе води сметка со приоритетите на оваа држава. Но, во случајот со РМ за утврдување на приоритетите за развој е задолжително потребно да постои стратегија за развој на државата, како и да се лоцираат проблемите кои имаат приоритет во своето решавање. Наместо Владата да се грижи за овие прашања кои претставуваат прашања чисто од образовен каракер, да создава услови и да гради политика за зголемување на квалитетот на образованието, да создаде просторни, технички, програмски и кадровски услови за изведување на образовниот процес во високо образовните институции кои се веќе постоечки и кои се соочуваат со големи тешкотии при своето функционирање, единствено со што се занимава ова Влада е прашањето каде ќе се изведува наствата и дали со тоа се задоволуваат нечии политички интереси. А тоа само продуцира проблеми кои директно имаат меѓуетнички карактер.

Владата, односно Министерството за образование и наука имаше доволно време за да не убеди сите на дека побитно е образовниот процес да поседува квалитет кој ќе доведе до стручни квалиетни кадри, кои ќе можат да се соочат со тешкотиите во нашата држава, отколку прашањето во кои простории, на кој универзитет, дали тоа ќе биде Штуловиот или ќе биде некаков нов униерзиет ќе се изведува наставата. Квалитетот на образованието, стручноста на лицата кои ќе произлезат од овие високо образовни инситуции се целта која што треба да ни бида на сите нас примарна.

Сакам овде да истакнам дека воопшто не е спорно правото албанците да се образуваат на својот мајчин јазик. Но тоа не треба да биде цел самата за себе. Напротив, тоа треба да биде предуслов за поквалитетно осознавање на ученикот, на програмата што се учи на материјата што треба да се совлада, тоа треба да биде предуслов професорот на подобар и поразбирлив начин на студентот да му ја презентира материјата која е предмет на предавањето. Но истакнувањето на јазикот на кој што се води наставата, на просторните услови кои треба да се задоволат на насилен начин, истакнувањето на потребата  секоја партија на албанците да си има свој универзитет непреставува интерес, посебно не за албанците. На овојначин апсолутно се избегнува почитувањето на некакви стандарди во образованието и се создаваат можности за едукација, која ќе доведе до кадри кои со својата стручност и својот квалитет не ќе можат да се стават во функција на надминување на наталожените проблеми во РМ, уште помалку на тој начин ќе се придонесе за просперитет на земјата.

Многу поголема важност треба да има создавањето на содржина која ќе произлегува од современите сознанија од сите општествени и научни области, материја која ќе треба да ја совлада секој студент, независно од неговата етничка припадност. Наместо Министерството и Владата да ги насочат своите сили и капацитети кон создавање на квалитетни учебници и современи наставни помагала, кон компјутеризација на студентските високообразовни институции, кон создавање на просторни услови за изведување на настава, кон  реконструкција на руинираните згради на факултетите, Владата за најголем приоритет го поставува прашањето како да им овозможи на албанските студенти нов универзитет, покрај веќе постоен универзитет кој има квалитетни наставни кадри, кој има квалитетни просторни услови и кој има простор за

негово доградување со нови факултети, со нови содржини. Затоа, со утврдување на погрешни приоритети се создаваат меѓуетнички тензии и се поттикнува делба на студентите врз национална основа. За да се отстранат овие антагонизми и овие конфликтни состојби неопходно е премиерот Бранко Црвенковски да го повелче овој предлог. Единствено на тој начин ќе придонесе за намалување на одговорноста на Владата, за драстично намалување на студентскиот стандард, за прекинувањето на стипендиите на талентираните студенти, за сите проблеми кои произлегуваат од негрижата за квалитетно образование. Тоа е единствената алтернатива за надминување на сегашните состојби во образованието. Тоа е единствениот начин за надминување на неповолните индикатори, за нивото на образование во Република Македонија , децидно потврдени од страна на Советот на Европа. Тоа сигурно ќе придонесе за подобрување на претпоставките за развој на државата, а особено за анулирање на меѓуетничките тензии и недоразбирања. Образовните проблеми неможат да се решаваат со остварување на политички потреби.

Се предвидуваат околу 2 милиони евра за легализација на Малоречанскиот универзитет.

За Штуловиот универзитет досега се инвестирани над 60 милиони евра. Нема никаква смисла да се обидувате да го покачите рејтингот на ДУИ со политички манипулации затоа што ниту се обезбедени финансиски средства, ниту пак без постоење на минимални стандарди за студирање, може да е реши ова прашање. Напротив се девалвираат реалните потреби за високо образование на албанците, се политизира дополнително ова прашање и единствено се предизвикува штета на стандардот во веќе постојните универзитети. Нема проект, нема обезбедени средства, нема утврдени образовни стандарди. Ова не е начин на кој може да се основа универзитет. Ова е единствено начин за задоволување на нечии политички потреби. На овој начин не се истакнува важноста што ќе научат идните албански студенти. Не е истакната важноста какви кадри ќе излегуваат од овие факултети, важно е само студирањето да биде на албански јазик, што апсолутно не претставува и нема врска со правото на образование на албанците, туку претставува само средство за реализација на ова право. Се ова за што зборувам, го имаме на Универзитетот на југоисточна Европа, и за среќа или несреќа на

предлагачите на овој Предлог, овој Универзитет располата и со просторни капацитети кои се распоредени на 19 хектари земјиште, тој располага со кадровски потенцијал и квалитетни студии, во него учат над три илјади студенти на албански, англиски и македонски јазик. Штуловиот универзитет и проект за целосно решавање на прашањето на високото образование на лабанците, а не само на јазикот на кој се студира. И најпосле тој е целосно поддржан од страна на Меѓународната заедница.

Со овој закон вие не го затворате проблемот на високото образование на албанците, напротив вие отворате нови проблеми. Впрочем прашањето на високото образование на албанците неможе да биде решено без согласност на сите албански политички субјекти. Во случајов единствено што се прави е задоволување на политичките потреби на еден албански субјект кој моментално е на власт, за во негов интерес на овој универзитет да се вработат нови професори, чувари, чистачи , административци кои ќе бидат плаќани од Буџетот на Република Македонија и тоа на универзитет кој нема ниту просторни ниту едукативни можности. Од друга страна добро ќе беше да бидат искористени овие 2 милиони евра кои ги плаќаат сиромашните на Република Македонија и со нив да се направат нови домови за студентите, компјутери, нови наставни и нагледни средства, да се обезбедат стипендии, да се намалат цените на услугите во студенските домови, да се зголеми во целост квалитетот и на исхраната и на сместувањето. Во Република Македонија треба да се води грижа за сите студенти. Отворањето на нови прашања и проблеми со вакви предлози не одат во прилог на никого, најмалку на албанците, а со тоа се иритираат сите оние македонски студенти и студентите припадници нас другите етнички заедници во Република Македонија кои се приморани во мизерни услови да ги поминуваат своите студенски денови.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете ф. Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

На барање на пратеничката група да ги добиеме стеногравските белешки сеуште не се добиени. Паузата е побарана токму за тоа г. претседателе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ќе ги добиете во текот на расправата, бидејќи треба малку време.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Тука се случи директна закана, а заканата дојде од пратеници за кои не толку скоро сошнавме саом пофални зборови дека се тие кои го одржуваат мирот во Република Македонија дека тие се гарантот за правата, за слободата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам објаснувањето за вашето барање го даде г. Чашуле. А вие ако зборувате за законот, повелете.

СПИРО МАВРОВСКИ:

И ова се што се говореше е за законот. Ако беше така требаше да ги прекинете колегите и сега ќе гворевме за законот. Но, повеќе неможиме да говориме за законот затоа што тука се кажаа тешки зборови, се кажаа дека ДУИ ќе се грижи за своите студенти на ВМРО-ДПМНЕ треба да се грижи за своите. Ако за вас е соживот, и ако овде говориме за тетовски универзитет и за високо образование на албанците во Република Македонија имаме голем проблем. Незнам, за вас, ова што е искажано дека тие поседувале територија на владеење и ако тоа го имаат, или ако нешто се врати назад, дека пукањето е она што ќе го донесе правото нешто што треба да го очекуваме од овие колеги пратеници, кога знаеме дека навистина во овој Парламент влегоа со насилство, но мислам дека со СДСМ се договорија и го убедија македонскиот народ дека ова е добитната комбинација за мирот во Република Македониј.

Пред месец дена г. Бучковски од оваа говорница кажа дека токму пратеникот Џезаир Хоџа кој повикуваше на пукајне, беше тој...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Мавровски ве молам зборувајте за законот. Втор пат ве опоменувам и според Деловникот трет пат можам да ви го земам зборот. Да го почитуваме деловникот. Вие знаете, по Уставот пратеникот има имунитет и правно не одговара за она што ќе каже. Моралната и етничката димензија се друго прашање. Затоа зборувајте за законот. Се јавувате по четврти пат, ќе ви дозволам и по десетти пат, тоа е ваше право, но зборувајте за законот.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Во ред јас ќе зборувам за законот и уште еднаш по незнам кој пат, не по 4-ти пат. Ќе го повикаме дотничниот за образование да ни образложи овој закон и да ни каже што всушност се нуди со овој закон, бидејќи на никој ништо не му е јасно, а него најмалце, што ние добиваме, што добива албанската заедница во Република Македонија , со овој закон. Очигледно ништо затоа што ние побаравме да ни објасни многу едноставни работи за кои вие говорите и за кои треба да говориме на оваа седница. Значи да ни објасни г. министер и да ни одговори а многу пати е повикуван и освен тирадата што вчера ја маправи од 30-тина минути апсолутно ништо не одговори. Знач и прво да обезбеди услови еден државен институт и државен унверзитет како шото е наречен тетовскиот универзитет, да обеЗбеди простор, многу често кажуваше дека прво треба да се направи, па ќе видиме за просторот. Значи има некоја идеја, има некои луѓе,кои ќе го реализираат просторот, а не да функционира како држава која ќе ги обезбеди овие гаранции.

Наставни помагала кои исто така ги нема. За жал истите ги нема и на двата универзитети во Република Македонија , или ги има многу малку за да може да се изведува наставата и обуката на студентите за она за што учат и кадарот. Кадарот како што кажаа некои од колегите е напишан на еден обичен лист хартија со пенкало во кое што стои , тоа што нудат тие професори сега ние треба да веруваме дека ова што го нуди министерот и Владата во тие шест точки е решението за Република Македонија и посебно за албанците е решение на нивното високо образование.

Јас би сакал да потсетам на неколку работи за да можеме да говориме за високото образование на албански јазик во Република Македонија .

Прва работа што требаше да се направи, а не се направи е да се направи една снимка на комплетната ситуација во Република Македонија . Значи образованието на мајчин јазик почнувајќи од претшколска возраст, осмолетка, средно образование, анализирајќи што имаме во моментот на универзитетот во Тетово, што имаме моментално на универзитетот во југоисточна Европа, што имаме како образование на албански јазик на Универзитето “Свети Кирил и Методи” и што имаме на битолскиот универзитет. Тоа е првата точка што требаше да се разгледа.

Втората точка, колку албанци досега, од независноста на Република Македонија до денес дипломирале, или студираат на Универзитетот “Свети Кирил и Методи” и на битолскиот универзитет. Во кои насоки студирале албанските кадри. Тој број може да се изнесе покаже.

До колку сите овие податоци ги добиеме и на коректен начин сакаме да говориме, тогаш ќе може да говориме и за тетовскиот универзитет, насоките, смеровите и се она што треба да овозможи да се школуваат албанците на својот манчин јазик.

Во моментот г. министер воопшто несакаше да говори за Шуловиот универзитет затоа што тој како Штулов универзитет е направен во времето на ВМРО-ДПМНЕ, тој универзитет кој доби пофалби од многу страни, од ЕУ од албанците во Република Македонија , мислам дека во овој момент е нападнат незнам од кои причини се формира некој паралелен универзитет кој воопшто нема да ни донесе ништо.

Овие инвестиции кои беа вложени во Универзитетот на југоисточна Европа беа во вредност од 6 милиони евра кои инврестиции се од САД, за изградба за универзитетот, а во голем дел учесртвуваше и Европската комисија, со одлука на Европскиот парламент и некои од државите на ЕУ. Во тоа време овој Универзитет се обиде да го реши проблемот што денес го излагате пред македонските пратеници, а тоа е проблемот на оние што студирале на т.н. универзитет во Тетово и го годенесе според Законот за високо образование, се усвои член 198 и овој универзитет не се создаде како нов универзитет со вакви стандард и инвестиција, туку му се даде можност на сите оние студенти кои студирале на тетовскиот универзитетот, до крајот на 2002 година да се префрлат и да продолжат да студираат на овој универзитет. Така сега со ова што го добиваме како фактичка состојба, од г. министер и од Владата на Република Македонија ние добиваме

една нова институција во која ЕУ и Меѓународната заедница немаат доверба затоа што во претходниот се појавуваа некаде 90% како финансиери, затоа што и во овој момент вие нудите едно исто решение .

Во членот 5 го понудивте членот 198 кој , како што ка1жав заврши во крајот на 2002 година.Вие сега на мала врата се обидувате членот 198 да го продолжите со рок на траење и важност до 2005 година. Значи овие 50 милиони евра за Универзитетот на југоисточна Европа или најголема инвестиција што е направена во Република Македонија и во југоисточна Европа, од страна на Меѓународната заедница, само преку еден проект и тоа беше наменето за решавање на прашањето за високото образование на албанците, што даваше пристапи на сите други.

Зошто го велиме ова и зошто сакаме да кажеме дека Штуловиот универзитетшто обезбедува право студирање и образование на албанците во Република Македонија .

Во членот 1 од Статутот на Универзитетот за југоисточна европа дека овој е намемент за културата и за албанскиот јазик и за решавање на високото образование на албански јазик. Овој член на статутот е усвоен од Одборот на Универзитетот на југоисточна Европа.

Второ, ќе се овозможи на еднаков начин да конкурираат и да студираат сите граѓани на Република Македонија на нивниот мајчин јазик и ќе помагаат како институција токму во оваа интеграција која и вие ја промовирате, односно интеграција на нови млади генерации. Од сето ова можеме да кажеме дека моментално во Штуловиот универзитет студираат 3143 албанци, од нив 771 на Правниот факултет, 961 на трета година на Факултетот за бизнис, 495 студенти на Факултетот за јавна администрација, 506 студенти на Факултетот за информатика и 410 студенти на Факултетот педагошки и методологија. Значи овие се насоките и ова е бројот на студентите кои во моментот студираат на овој универзитет. Тоа е вистина, тоа е факт и тоа функционира. Вие сега за сметка на ова сакате да направите нешто што ќе биде паралелно на сето ова и што ќе донесе реперкусии и проблеми. Значи воопшто не ги решавате проблемите кои што беа основни, просторот, наставните помагала и кадарот. Во случајот овој државен универзитет функционира и работи веќе година, две наназад, тој е признат и со начинот

на решавање на високото образование требаше да премине точно во тој државен институт. Што се случува со вас јас незнам, но мислам дека имате проглем.

Уште еден голем проблем за кој што проговоривме од тие шест члена или таа една страна што ни ја понудивте за основање на универзитетот во Тетово е токму како може да се основа државен институт во Македонија.

Законот за високо образование предвидува процедура за отпочнување и се вели: државен универзитет може да основа Парламентот на Република Македонија и во рамките на актот за основање, кој го усвојува Парламентот, Владата на Република Македонија донесува проект за основање на универзитет”. Овој проект треба да биде акридитиран пред Одборот за акредитација. Проектот треба да содржи простории, нормативни стандарди, кадри и тн. во форма на проект се доставува до Одборот за акредитација.

Процедурата минимум ќе трае 3 месеци додека Одборот за акредитација ќе ја акредитира оваа високообразовна институција. Откако Одборот за акредитација ќе акредитира, тогаш оваа институција ќе дојде до Министерството за образование и наука и министерот за образование и наука, преку своите инспектори излегува на терен и гледа дали се исполнети фактичките услови што ги предвидув проектот и инспекторите даваат извештај до министерот за образование за исполнување или неисполнување на условите доставени во проектот. И тогаш, доколку министерот процени дека се исполнети условите, тогаш се дава дозвола за отпочнување на работа на високообразовната институција.

Во ова што вие го нудите како Предлог на закон, во точката 3, кажувате дека ќе се формира некоја матична комисија што ќе треба да излезе со некои одговори. Не кажувате ни каков ќе биде тој начин, ни кои се тие луѓе, ни колку време ќе треба да работат, што треба да работат за време на нивното создавање како матична комисија и да го формираат овој универзитет.

Откако ќе биде дадена оваа дозвола, тогаш министерот има право да го регистрира универзитетот во регистарот на високообразовните функции. После запишувањето во регистарот, овој правен субјект оди пред судот за да се регистрира. Во моментот кога

универзитетот ќе се запише во судскиот регистар од тој ден тој универзитет има право да отвори конкурс за запишување студенти легално.

За тоа колкав ќе биде бројот на запишаните студенти, на колку факултети, по колку студенти, тоа го одредува Владата на Република Македонија. Не знаеме, Владата на Република Македонија каква одлука ќе донесе, колку студенти ќе студираат. Тоа треба да се каже, а тука во овој закон апсолутно не стои, дури имињата на факултетите што ги нудите, се некако напишани, така што прв пат се слушаат такви имиња и многу тешко ќе може да се снајде некој да знае за кои факултети се работи.

Доколку сакаме да го зголемиме бројот на студентите, треба да се бара дозвола од Владата на Република Македонија. Ова претставува процедура за регистрација на било кој универзитет. Вие, ваква работа, ниту постапка, ниту процедура нудите, ниту понудивте, ниту мислите да понудите. Значи проблемот е многу едноставен, сакаме да легализираме нешто што не смееме да го легализираме, прво, поради самите студенти на албански јазик кои во Штуловиот универзитет ги остваруваат своите права, ги реализираат правата и сега, наеднаш, сакат да се направи паралелен систем што можеби овие студенти ќе ги одземе од Штуловиот универзитет и ќе му понуди нешто за кое што вие како министер или  како Влада предвидувате нови врботувања, на нови професори и тоа професори кои завршиле на истиот универзитет, што во моментот ние треба да го отвориме. Тука се јавува една тотална нелогичност, еден хаос и во правниот систем и во образованието за кое што сигурно дека вие сте еден од виновниците. Не би сакал да кажам и најголемите.

Гледајќи ги сите овие работи, се наметнува само прашањето каде во моментот студираат децата на нашите колеги пратеници? Дали се во Штуловиот универзитет, дали се на Универзитетот “Св.Кирил и Методиј” или се на тетовскиот универзитет. Тоа само се наметнува и мислам од вашите сознанија и она што вие го имате, дека поголем дел од нив сигурно се за добро образовние и сигурно дека се на Универзитетот “Св.Кирил и Методиј” или пак на Штуловиот универзитет. А, она што можам да го кажам дека еве и овие Универзитетот “Св.Кирил и Методиј” е тотално отворен за студентите албанци, со тоа што се следи таа квота, таа позитивна “дискриминација”, но дискриминација е кон студентите од македонско потекло затоа што тие, поради тие квоти поради тој упис на

Факултетот за дрмска уметност, што овозможува една многу мала квота, се задржува правото за запишување на доволен број студенти од албанската заедница, се случува многу од децата кои треба да студираат на тој факултет, да заминат во соседна Бугарија, Романија и во другите држави, да го реализираат своето право на школување. Сигурно дека тоа ќе го направат со свои приватни средства.

Затоа господине министре размислете уште еднаш додека има време. Можеби е доцна, веќе пет до дванаесет помина, се движи пет до еден часот, но сепак останува на вас да размислите и додека има време да го повлечете овој предлог. Затоа што предлогот не е ниту осмислен, не е достоен да го презентирате тука како еден документ од една влада, со еден лист хартија, со шест членови да основате државен институт кој утре треба да гради академски граѓани, кои може и самите да се срамат што на овој начин стануваат студенти, па на овој начин да завршат некој факултет што утре можеби никој нема да го признае.

Затоа уште еднаш, она што е легално, она што е признато, да го разбиеме и сите кои имаме заедничко живеење да најдеме прав начин, секој кадар што ќе заврши да може да се најде себе си во системот на Републиката, во образовниот а понатаму и во системот на економијата која што за жал Влдата воопшто не ја предвидув и воопшто не гледа каде тие млади кадри понатаму ќе продолжат да работат и да творат и да опстојат во живеењето.

Затоа уште еднаш, додека има време, а мислам дека има време, земете си за право и слобода да донесете едно решение и прекинете ја оваа мака на сите нас пратеници и повлечете го овој закон од процедура.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете господине Жарко Караџоски, а нека се подготви пратеникот Ѓорѓи Трендафилов.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, колеги пратеници, навистина е очигледно дека работиме во ненормални услови. Да се тера една седница ваква, без услови, без да се знае кога ќе

заврши ја наметнува и сериозноста на оваа тема. Ова ме потсетува на она време кога ги носевме амандманите на Уставот. И, ако тоа имаше резон и ако тоа држеше место, да дебатираме до незнам кое време до сабајле, сите знаеме што значат амандмани па можеме да подразбереме дека едни такви расправи можат да траат и толку долго. Меѓутоа, да се поистовети еден ваков закон, како еден обичен закон да речам како што е далеку од уставни амандмани и да се одлучи, нели да се дебатира, односно да се работи според одлуката на мнозинството на Парламентот, додека можеме да издржиме нели, навистина ја укажува сериозноста од она што се вика дека овој закон мора да се донеси. И тоа за парламентарното мнозинство апсолутно нема дилема, мора да се донеси, а причините покрај сите оние што ги изнаслушавме, од тие стручни аспекти, денеска имавме можност да ги слушнеме и сликовито. Значи главната причина, колеги пратенци, се најдува онаму каде што и вие ја знаете, а тоа очигледно несакате да ја признаете. А таа е на оној терен, на она поле, за кое што овде некој многу добро се докажа, за кое што некој овде и не повика, со речениците цитирам:”Доколку сакате да продолжиме со минатото, ние можеме да продолжиме со минатото”. Тоа е едната и некој друг кажа дека е господар свој на своето. Према тоа, очигледна е работата за која станува збор. Се воспостави систем во Република Македонија, не од многу одамна, да по пат на насилство ги оствaруваме и оние желби кои што можеби никогаш немаше да ги оствариме. Па ни се случува да во власт влеземе по пат на сила, да .........една влада која методот на работа е присилен, се наметнуваат теми, како што и овој закон и уцени доколку не биде прифатен, и доколку не дојде на дневен ред, и доколку не биде изгласан да се повикуваме на минатото.

Паралелно со дебатирањето во овој Парламент, ни се случува апсолутно негирање на правната држава во Република Македонија. Сведоци бевме последните денови во Тетово што се случува. Значи паралелно со носењето на овој закон каде што ние дебатиравме, некој освојува терен, прави простор за новиот универзитет. Го шири стариот универзитет и се на начин онака како што ние секаме, нели така го кажуваат, што многу лоша пракса се воспоставува. Значи, првиот метод е, ќе најдеме начин, ќе употребиме сила, ќе употребиме дејствија кои што се далеку од правната логика и од правната држава, за да потоа наметнеме по разни разни преговори, наметнеме еден

ваков закон или сличен закон или сите оние што следат. Таа пракса не не води далеку, таа пракса не носи резултат, а дека е пак проблемот наметнат и тоа исклучиво на одредена политичка гарнитура, го слушнавме и видовме  и од реакцијата на останатите политички партии, особено од албанскиот блок, кој што јасно и недвосмислено укажа дека овој закон не ја има целосната поддршка ниту од нив.Што значи, методот кој што го избираме не води кон добро, не нуди решение како што некој сака да каже и можеби ќе бидеме сведоци во иднина да ни се случуваат, можеби и од овој стил, значи и од високото образование вакви или слични барања, а можеби тоа ќе го прошириме со некои други.

Јас во моја реплика на еден колега тука од СДСМ покажав едно барање од министерот кој што се обраќа до Факултетот за физичка култура во Скопје, каде што се обраќа со барање тој факултет да се изјасни со свое мислење, дали согласно со Законот за високо образование, дали смета дека може да се формира, нели уште еден факултет за физичка култура во Скопје, и тоа на начин што тој треба да биде основан во Сарај, а да биде овој дебарскиот кој што веќе постои, дислоциран на тоа место. Мислењето од Факултетот за физичка култура е негативно, меѓутоа убеден сум дека министерот откако ќе се донеси овој закон ќе најде сили и можности да го легализира односно основа и тој факултет, а можеби да го стави во склоп на тетовскиот.Затоа што очигледно дека тетовскиот факултет нема да биде само на просторот во Тетово, него тој ќе се шири веројатно и на север и на југ од неговиот простор, што значи дека прашањата како што и министерот сакаше да каже не се затворени. Ние исто така сме сведоци  дека парлалено во општината Тетово во одредени места на тој град се градат дали со дозвола, или без дозвола се градат одредени објекти кои што треба да послужат за идните факултети кои што пак не се предвидени во овој закон. И мене нема воопшто да ме чуди ако по месец или два доколку  албанските политичари и понатаму продолжат  да ги дели разликата во погледите не седнат и не најдат некој јазик зеднички во кој што можеби утре по два или три месеци ќе им дојде предлог за измена или дополнување на член 1 од овој закон, па ни се понуди да основаме и Медицински факултет во рамките на тетовскиот универзитет. Затоа што веќе такви објекти се градат. Такви изјави од одредени забавувачи имаме. Тој припаѓа од владината коалиција ДУИ и човекот многу решително кажа дека Медицински

факултет во Тетово ќе има. Затоа, значи пак ќе се вратам на она што и нашиот претседател тоа го истакна дека методот е многу опасен. Праксата што се воспоставува е многу лоша.

Јас неможам да ве сватам зошто толку се насрнавте со реплики, затоа што очигледно ве заболе вистината, бидејќи е таа. Методот е многу јасен, прво ќе се најде некој кој ќе каже некоја шега, после ќе се најде некој забавувач кој што на одредени министри од СДСМ ќе кажат такви забавувачи нас ништо не не обврзуваат, тоа се само негови забави, тоа се негови шеги. Меѓутоа, утре тие забави стануваат сериозни, не само шеги, туку проекти на закони. Во меѓувреме тој ист забавувач денеска кој што не е ништо друго, според некого освен забавувач, интензивно работи на проширување на Медицинскиот дом во Тетово, поточно прави човекот згради за медицински факултет.

Од друга страна пак во Скопје ни се отвораат гинеколошки институции во рамките на тетовскиот универзитет. Ни беа поставени овде табли дека тоа е во рамките на тетовскиот универзитет, да не заборавиме. Според тоа, тоа се методите, се користат, значи претходно не информира дека таа е целта, тоа го прават на еден “демократски” начин, значи ќе закачиме табла на некој објект, па ќе почнеме да градиме, ќе најавиме на прес, па ако тоа во јавноста не оддекне или пак ако тоа кај Владата не помине, тогаш ги употребуваме оние порадикални методи, може тоа да биде штрајкови, можеби некакви катанци, па влегување со некакви вооружени групи, па протерување на стражари и тн., завземање на објекти. Ако и тоа не помогне, тогаш во рамките на Парламентот ќе слушнеме директни закани, ќе слушнеме дека минатото не завршува, дека може да се врати и тн. И се на тој принцип додека господинот премиер не го прифати ултиматумот што му го поставува очигледно коалициониот партнер, па во една седница да се закажат 48 точки, од кои што 90% од нив се во рамките на она што друг неможе да ги оствари своите права. Или да не решам тој Рамковен договор што на многу пати се повикува а кој што блага врска нема со многу теми.

И кога ние сигнализираме овде, а и до вас почитуван претседателе, очигледно е дека на овој начин што го одбравте со оваа седница, очигледно е дека сакате да воспоставите пракса, демек ќе играме на кондиција, па опозицијата ќе се измори, а ние сме способни, со оглед да молчиме, ама баш ништо не зборуваме, ние можеме толку

добро да се изнаспиеме во позицијата да опозицијата кога - тогаш ќе се умори и таа пракса, тоа е шемата на која што стално ќе делуваме и со таа пракса стално опозицијата ќе ја замолчуваме.

Опозицијата, ве убедувам тешко ќе можете да ја замолчите. Кондиција имаме. Ќе зборуваме ќе кажуваме се она што сметаме што треба да се каже. А, овие работи треба да се кажат и, ние ќе ги кажуваме секогаш кога за тоа ќе ни се даде право.

Значи јас, почитуван претседателе само сакам да обрнам внимание ова да не ви премине во навика и немојте да се залажувате дека ако денеска работиме, незнам колку е веќе часот, дека на тој начин ќе успеете да ја замолчите опозицијата.

Значи, не е целта на опозицијата и не сваќајте ја погрешно дека овде некој сака да ве малтретира и не е целта на опозицијата да ви го одзема драгоценото време, бидејќи многу се брзате да одите на свеченото отворање на тетовскиот универзитет. Целта е да ви укажеме почитувани пратеници, во знакот на риба, оти многу молчите, уста не отворивте целта е да сватите што се работи во Република Македонија. Целта е да ги сватите методите со кои што коалициониот партнер ве принудува да работите. Денеска е тетовскиот универзитет, утре е факултетот за физичка култура во Сарај, друг ден територијалната поделба, пред тоа државјанство и се во духот на европските инеграции, се во духот на 22 век во кој што ДУИ е навлезен, со нивните евроинтеграционите сваќања, иако оружјето сеуште го чуваат дома.

Многу пати сум кажал и повторно ќе повторам, за нив тоа не е чудо. Мене тие воопшто не ме чудат. Ме чудите вие. За вас, не е сигнал, за вас пазете опозицијата ве малтретира, пукнавте од нервоза кога ќе заврши седницата, сеуште ве гледам сте доста нервозни, неможете да ме сослушате...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Можете да се држите за темата господине Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Можам претседателе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете, за законот.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

И претседателот очигледно е нервозен.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас не сум нервозен, него ве молам по деловникот не треба да бидете надвор од темата. Вие зборувате како позицијата и опозицијата ја одработуваат оваа седница. Затоа ве молам зборете за законот.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Добро. Сакав да кажам дека упатувам сигнали до почитуваните пратеници што треба да се изјаснат. Позицијата да не ја обвинува опозицијата за сето ова што дебатираме. Еве, не слушајте опозиција, слушајте го оној народ што протестира. Ако и протестите, претседателе, се надвор од тема, да не ги спомнувам и нив.

Во оној импровизиран парламент што беше пред зградата не ни беше поука, барем во одреден дел дека навистина носиме еден сериозен закон за кој треба да размислиме што правиме. Значи, имајте ги сите работи во предвид не дозволувајте методот на присила и насила и уцена да ви биде пракса во натамошната работа. Ова особено до г-дата од Владата затоа што тој очигледно е формула за некој како да дојде до своите цели. Тоа го гледаме цела година. Како тоа можете да го спречите токму сега во овие утрински часови со тоа што нема да дадете поддршка на овој закон и ќе и обрнете внимание, бидете сигурни на Владата па и на свети СДСМ итн.

Спрема тоа, кога ќе му дадете сигнал дека со такви методи не може да се разговара со вас. Реално оценете ги потребите, содржините и тогаш пресудете и досудете. Инаку, ако вака си проодолжите, бидете сигурни дека овој ќе биде еден од поблагите закони кои дополнително ќе следат. А, што ќе биде после со Република Македонија одговорноста не е на опозицијата, одговорноста е секогаш на власта.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Караџоски.

Збор има пратеникот Ѓорѓи Трендафилов, а нека се подготви пратеникот Силвана Бонева.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Благодарам, г-дине Јордановски.

Сакам да прочитам некоку членови од Уставот на Република Македонија, на пример жлен 30 дел од него вели: “Се гарантира правото на сопственост и правото на наследување " понатаму, “никому не можат да му бидат одземени или ограничени сопственоста и правата кои произлегуваат од неа освен кога се работи за јавен интерес утврден со закон. Сопственоста создава права и обврски и треба да служи за добро на поединецот и на заедницата”.

Во членот 20 се вели дека програмите и дејствувањето на здруженијата на граѓаните и политичките партии не можат да бидат насочени кон насилно уривање на уставниот поредок на Републиката и кон поттикнување или повикување на воена агресија или разгорување на национална, расна или верска омраза или нетрпеливост.

Забранети се воени или полувоени здруженија што не им припаѓаат на вооружените сили на Република Македонија.

Ако добро ме служи помнењето беше јасна алузијата кажана пред 30-тина минути, стенограмите штотуку дојдоа, имавме прилика бегло да ги погледнемеова особено затоа што очекував претседавачот со оваа седница самиот да ја прекине седницата и да ги повика координаторите на пратеничките групи затоа што повисок закон од Уставот на Република Македонија нема. Исто така во истата оваа скромна по страници книшка во член 51 пишува дека во РМ законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и законот и дека секој е должен да ги почитува уставот и законите.

Сега, јас како член на овој законодавен дом кога ќе го погледнам членот 20 која јасно вели дека програмите и дејствувањето на здруженијата на граѓаните и политичките партии не можат да бидат насочени кон насилно уривање на уставниот поредок на Републиката и кон поттикнување или повикување на воена агресија или разгорување на национална, верска омраза и нетрпеливост и дека се забранети сите воени здруженија што не припаѓаат на вооружените сили на РМ, а тоа го слушнавме пред 40-тина минути, навистина не можам да ја сватам оваа веќе надреалистична би рекол само во драмите на Семјуел Бекет се опишуваат вакви атмосфери. Вие упорно се обидувате во сета очајност да предизвиката молк од опозицијата, како претседавач со домот, вие не реагиравте и

директно го прекршивте членот 20 затоа што заканата беше јасно искажана, алузијата беше многу јасна и многу директна, насочена по обраќањето пред Собранието на РМ од страна на претседателот на ВМРО г-динот Никола Груевски. Вие во ниту еден момент не се обидовте да ги смирите тензиите со тоа што ќе ги повикавте координаторите на сите пратенички групи, не малтретирате овде и велам можеби ова и во драмите на Бекет не е запишано . . .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам зборувајте за законот.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Не можам да зборувам за законот...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ако не можете тогаш свртете на страна 49 и прочитајте го членот 64. . .

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Затоа што зборувам за Уставот на РМ, од него нема повисок закон и дали оваа фарса донесување на закон со присила после 48 часа расправа, конечно ќе заврши. Вие сте свесни дека го кршите и Уставот и законот во РМ, но и понатаму продолжувате со оваа маскарада. Директно се упатуваат закани со оружје врз пратениците од опозицијата, истовремено Владата се фали дека се разоружува и што сакате од нас, што да направиме, донесете уредба, забранете ја опозицијата затоа што станува станува безпредметно учеството на попозицијата во расправата во овој Парламентарен дом.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

По втор пат ве опоменувам.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Вие можете да ме опомените г-дине Јордановски уште 200 пати, вие го прекршивте Уставот на РМ, не реагиравте, а имаше јасна закана. Дали вие можете да се ставите во ситуација во која се наоѓаат пратениците. . .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Исклучете го г-динот Трендафилов, ве молам.

(Пратеникот Трендафилов зборува со исклучен микрофон).

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Забрането е повикување на расна, национална. . .

(пак е со исклучен микрофон)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Трендафилов, ве молам трет пат ве опоменувам, бидејќи не сакате да слушате, напуштете ја говорницата.

Треба да постои елементарна култура, а јас ќе ви прочитам член од Уставот каде се дозволува. Член 64 вели: пратениците уживаат имунитет, пратеникот не може да биде повикан на кривична одговорност и да биде притворен за искажаното мислење и за гласање во Собранието.

Спрема тоа, тоа е член од Уставот и ве молам напуштете ја говорницата или барем координаторот нека ве опомене ако сакате да го сочуваме достоинстовто. Јас работам по уставот.

Јас реагирам согласно членот 64 од Уставот.

Повелете госпоѓо Силвана Бонева а нека се подготви пратеникот Илија Србиновски.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитуван претседателе, почитуван министре, веќе осум години на диво работи тетовскиот параунивerзитет и не се легализирал досега, сега се инсистира да работиме до безвест само да се донесе овој закон.

Дали г-дине претседателе, и г-дине министре ако до сабајле не се изгласа односно не го изгласате овој закон ќе пукне нешто во вашата коалиција или пак ќе пукне во државата како штоимавме можност да слушнеме вечерва, па затоа се тестира биолошката издржливост на пратениците.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Србиновски. Потоа има збор г-динот Никола Ќуркчиев.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Благодарам, почитуван претседателе,

Да не беше овој предлог на закон најверојатно ќе немаше и полициски формации пред Собранието, ќе немаше протести и немаше и денеска да се задржиме толку доцна. Меѓутоа,  како што гледам тешко на таа Влада со такви полициски формации

Но, да се осврнам на Предлог законот за основање на државен универзитет во Тетово со Предлог закон кој веднаш кажувам дека е неиздржан, неоснован и непотребен.

Рамковниот договор никаде не зацрта да се отворат нови универзиети, туку да се даде процентуално еднаков пристап за школување на факултетите кои веќе постојат. Затоа би сакал да се осврнам хронолошки, со еден хронолошки преглед, преглед со правни и контра аргументи. Универзитетот во Тетово формално беше основан на 15 февруари 1995 година со поддршка на политичките партии на албанците во Македонија. Претходно одлукаа за основање на универзитетот на албански наставен јазик спротивно на правните прописи беше донесена на седница на советите на општините Тетово, Гостивар, Дебар, во кој мнозинство беа советниците од ДПА.

Два дена по отворањето на оваа параинституција, македонската полиција презеде мерки за затворање на истата, ефектот од полициската акција беше еден убиен албанец, а 15 беа повредени.

Ректорот на факултетот Фадил Сулејмани беше уапсен и му беше одредена затворска казна од 2,5 години, но сепак тој по само три месеци одлежани во затвор беше пуштен на слобода. Тогаш министер за внатрешни работи на РМ беше г-динот Љубомир Фрчковски, основањето на оваа парадржавна институција го нарече приватна забава, што ќе рече дека истата според тогашната Влада немала шанси да успее или да се наметне како проблем во македонската политика. Но, само по осум години подоцна приватната забава на тогашната Влада е на прагот на сопствената легализација. И покрај обидот на тогашната Влада преку употреба на сила да ја затвори оваа нелегална институција сепак истата продолжи да постои организирајќи ја наставата во приватни куќи во селото Мала Речица - тетовско.

Македонските власти во текот на 8-годишното постоење на овој парауниверзитет го обвинува раководството на истиот дека создава легло на Албанскиот национализам и експанзионистичка идеологија, додека приврзаниците на постоењето на тетовскиот

универзитет ја обвинуваа Влада дека свесно го маргинализира фундаменталното право на албанците  за високо образование на својот мајчин јазик.

Излезот од оваа ситуација беше најден во 1999 година во соработка со меѓународната заедница. Парламентарната комисија за високо образование на организацијата за безбедност и соработка на Европа - ОБСЕ подготви предлог закон за високо образование. Ваквиот предлог беше прифатен и од најзасегнатите во случајот албанците преку нивниот експонат во власта ДПА и тоа кажа Замир Дика координатор на пратеничката група на ДПА го оцени овој предлог со зборовите. Новиот универзитет ќе биде нормален универзитет во секој поглед кој ќе продолжи да егзистира од приватни извори од меѓународни донатори, агенции од ЕУ со цел да овозможи високо образование на албански јазик. Универзитетот ќе издава дипломи признаени од државата еднакви со дипломите на државните универзитети.

Во овој период се чинеше дека поддршка на легалниот универзитет во Тетово пристигнува единствено од ректорот Фадил Сулејмани кој во знак на револт го отпушти Замир Дика од позицијата декан на факултетот за компјутерски науки на овој нелегален универзитет. Заради политички причини ставовите на Фадил Сулејмани беа прифатени од страна на ПДП која продолжи иако сосема скриено, да го поддржува нелегалноит универзитет во Мала Речица.

По освојувањето на власта од страна на СДСМ на 15.09.2002 година повторно беше отворено прашањето за легализацијата на парауниверзитетот во Тетово, овој пат се чини дека трета политичка сруктура на албанците ДУИ која е дел од власта од почетокот на независноста ќе го истера до крај овој проект.

Аргументите беа дека прашањето за државно финансирање на високо образование на албански наставен јазик е предвидено со Рамковнот договор од 13.08.2001 година.

Втор, хронолошки преглед т.е. правни аргументи според членот 48 од Уставот на РМ од 17.11.1991 година беше предвидено дека припадниците на националностите имаат право да го изразуваат, негуваат и развиваат својот идентитет и националните особености потенцирајќи дека Републиката ја гарантира заштитата на етничкиот, културниот, јазичниот и верскиот идентитет на националностите.

Во однос на правото на образование на мајчин јазик во членот 48 е стимулирано дека припадниците на националностите имаат право на настава на својот мајчин јазик во основното и средното образование на начин утврден со закон. Со дополнително ограничување дека во училиштата во кои образованието се одвива на јазикот на националноста се изучува и на македонски јазик.

Во овој дел треба да се потенцира дека идејата на уставотворецот е повеќе од јасна, истата би можела да се сублимира со констатацијата дека албанците своето право на образование на мајчин јазик го исцрпуваат во основното и средното образование, а не и високото.

Во однос на аргументите на Владата на РМ дека легализацијата на парауниверзитетот во Мала Речица е обврска произлезена од Рамковниот договор треба да се истакне дека во изменетиот член 48 со Рамковниот договор корекции има само во ставот еден кој е надополнет со правото на припадниците на заедниците да ги употребуваат симболите на својата заедница, а не и со одредби за државно финансирање на високото образование на албанците на мајчин јазик.

Понатаму, во точка 6 од Рамковнот договор кој се однесува на делот на образованието и употребата на јазиците стимулирани за одредби според кои настава на заедниците во основното и средното образование ќе се изведува на мајчините јазици на учениците, а истовремено во цела Македонија ќе се применуваат унифицирани стандарди за академските програми.

Потоа следуваат одредби кои се однесуваат на уписите на заедниците кои не се мнозинство во РМ во факултетите финансирани од државата во кои е предвидено дека ќе се применува принципот на позитивна дискриминација се додека уписот правично не го одрази составот на населението во Македонија.

Во делот 6.4 потенцирано е дека службен јазик во РМ е македонскиот за во делот 6.5 е предвидено дека кој било друг јазик што го зборуваат најмалку 20% од населението исто така е службен јазик.

Во органите на РМ кој било службен јазик различен од македонскиот може да се употребувај во согласност со законот, како што понатаму е елаборирано во Анекс Б, кое било лице што живее во единица на локалната самоуправа во која најмалку 20% од

населението зборува службен јазик различен од македонскиот, може да употребува кој било службен јазик за да комуницира со регионалната канцеларија на централната влада надлежна за таа општина. Таква канцеларија ќе одговори на тој јазик.

Кое било лице може да употребува кој било службен јазик за да комуницира со главна канцеларија на централната Влада, која ќе му одговори на тој јазик дополнително на макеоднскиот и делот 6 во кој е предвидено во однос на локалната самоуправа на општините, каде што одредена заедница сочинува најмалку 20% од населението на општината, јазикот на таа заедница ќе се употребува како службен јазик, дополнително на македонскиот.

Во однос на јазиците на кој зборуваат помалку од 20% од населението во општината, локалните власти демократски ќе одлучуваат за нивна употреба во јавните тела.

Последните два дела од делот 6 се однесуваат на правото на овие лица на превод на државен трошок на сите постапки, како и на документи во согласност со соодветни документи на Советот на Европа и делот 6 се предвидува дека кој било лични документи на граѓаните кои зборуваат службен јазик, различен од макеоднскиот, исто така ќе бидат издадени на тој јазик, дополнително со макеоднски јазик во согласност со законот.

Единствениот дел од Рамковниот договор на кој можат да се повикуваат владеачките партии е точката 6 од делот 6 во кој е предвидено дека финансирање од страна на државата ќе се обезбеди за високо образование на јазиците на кои што зборуваат најмалку 20% од населението на Македонија, а врз основа на посебни спогодби. Треба да се истакне тука дека неспорна е волјата за финансирањето на високо образование на албански наставен јазик со оваа точка од Рамковниот договор. Но она што треба да се има предвид е дека не е предвиден начинот на кој ќе се оствари тоа. Тоа бизначело дека легализација на тетовскиот универзитет, секако не е обврска предвидена со Рамковниот договор.

Со изминатиот член 48 од Уставот на Република Македонија не е предвидено финансирање на високо образование на албански наставен јазик. Во таа насока, согласно начелото на легалитетот, според кој законските правни акти треба да бидат во согласност со највисокиот правен акт, односно Уставот, одредбата од Рамковниот договор не е

обврзана, бидејки како таква таа не е дел од Уставот. Но праксата во изминатиот период говори дека Рамковниот договор наспроти начелото на легалитетот,како да има повисока правна сила од сите законски прописи, вклучително и од Уставот на  Република Македонија , се разбира, поради политички причини, а на штета на правото.

Почитуван претседателе, кога се зборува и предлага дека е потребно да се основа државен универзитет во Тетово, како потреба за остварување на поголем пристап на високото образование, на припадниците на сите заедници, а посебно се нагласува албанската заедница , се бара да учат на свој мајчин јазик албански. Веднаш се поставува прашањето дали на заедницата на србите, на власите, на ромите, на турците и други заедници, мајчин јазик им е албански јазик и на кој јазик тие би го следеле предавањето на тетовскиот универзитет, ког анамерата е да предаваат стручни кадри на албански јазик и од каде ќе бидат тие стручни кадри набавувани да предаваат на овој универзитет.

Го повикувам г-динот Азис Положани да ми одговори на ова прашање, ако е така значи веднаш сите други заедници се ставаат во подредена положба пред албанската заедница. Исто така, не ми е јасно и да ми одговори минситерот за образование за каде ќе бидат потребни тие кадри кој ќе се школуваат на  универзитетот во Тетово, ког ание сите живееме во Македонија и службен јазик е макеоднскиот. Значи која е намерата, овие факултети што се наброени, Природно математички, Економски, Правен, Центар за политички студии веќе псотојат на Универзитетот во Скопје,каде имаат право на еднаков пристап сите граѓани на  Република Македонија . Под исти услови но за албанската, заедница има посебна привилегија при уписот зашто за нив е определно да се упишат со определена квота, што за жал сме во поодредена положба ние како македонци. Тука веќе се јавува паралелизам на водење на стручни кадри дупли во Македонија, а ние тие што се школуваат не можеме да ги видиме со можност за идни вработувања, а не така да имаме дупли кадри. Тука се прашувам на кој други заедници се повикува Предлогот на законот, ако на тетовскиот универзитет се учи на албански јазик, значи се врши манипулирање и злоупотреба на другите припадници на други заедници.

Во образованието се вели дека се јавува потреба да се отвори универзитет во Тетово за понатамошен развој на земјата, да се подигне научно-техничкото ниво и со тоа

ќе се создадат поголеми услови за вработување. Нели е смешно и во исто време страшно да се кажуваат вакви нелогичности и лаги во една толку лоша економска состојба во која државата се наоѓа пред колапс.

Се кажуваат некои проценти и бројки споредувајки ја Македонија со високо развиените европски држави, со кој ние не можеме да се споредиме ни по 100 години, а камоли сега. Од каде ќе се зголеми бројот на средношколците и студентите, кога на ниеден средношколец не му е досега скратено правото да се школува , а кој сака да се школува. Таа е бројката во  Република Македонија  освен ако се увезат од други места надвор од  Република Македонија . Дали ние треба да зборуваме за зголемвуање на средства за финансирање, кога државата ни е на просјачки стап, а народот на улица без леб. Нели треба д апомислиме овде, можеби требаше порано да помислиме и не е доцна доколку го повлечат овој закон, па се направи референдум во  Република Македонија , па ќе видиме кој ќе гласа за овој закон. Ако се настојува, како што се вели во образованието, да не бидат факултетите лоцирани на едно место, тогаш зошто е потребно точно да е лоциран универзитетот во Тетово.

И би сакал да скратам малку. Јасно е како ден господа , ова е меѓу партиски договор на СДСМ и ДУИ. Посебно и многу важно дали е сега време и место да се финансира и друг универзитет од буџетски средства, ког ане сме во можност да ги обезбедиме со средства веќе постојните два. Дали знаат колкави се тие средства и дали им кажуваме на граѓаните дека тоа ќе оди врз нивниот грб. Какви кадри ќе се школуваат на овој нов универзитет, кога  Република Македонија  нема потреба од кадри што има намера овој универзитет да ги произведува. А вие господа претставници на СДСМ, за да ги оставите амбициите и апетитите за можни интереси и фотељи сите да внимавате како ќе гласате тука по тоа прашање, по вакви и слични. Сочувајте ја државата. Историјата и народот ќе не осудат. На народот веќе му е јасно. Пробудете го барем за момент чувството за патриотизам и националното во себе. Немојте да дозволите да си ја изгубите државата. Кој сака нека биде и како сака нека се договори партиски. Ова е крајно време кога треба сите да се свестиме. Ние кога било најтешко сме ја зачувале државата, а сега кога ја имаме враце да ја губиме и изгубиме по полека нема да дозволиме. Затоа

јас како пратеник од ВМРО-ДПМНЕ јасно кажувам дека за сите вакви погрешни чекори ќе гласам против.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Србиновски. Има збор госпоѓа Топузовска Каровска-Роза.

РОЗА ТОПУЗОВСКА КАРОВСКА:

Се откажувам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор, ве молам.

Повелете господине Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе, еве повеќе од три дена дискутираме. Точка на дневен ред е - **Основање на универзитет во Тетово,** темата е премногу сериозна, затоа и дискусиите толку се долги. Мислам дека треба да се има разбирање и ние како опозиција со нашите говори се обидуваме да дадеме доволен број на аргументи, со кои што сметаме дека ќе може да се влијае на партиите и на пратениците од позицијата, кои што ја подржуваат Владата на Република Македонија да изнајдад начин, да смогнат сила ако може да не се донесе овој закон, кој што сметаме дека не е добар за Република Македонија, особено поради тоа што не го решава целосно проблемот на високото образование на албанската заедница во Република Македонија , бидејки видовме дека дел од таа заедница има негодување по Предлогот на вооj закон, т.е. по начинот на кој што се предвидува да се реи високото образование на албанската заедница во Република Македонија . Не само тоа, значи за било која потреба, па и за оваа основно е кои се потребите од високо стручни кадри кои што треба да произлезат од овој универзитет, т.е. дали се потребни и колку се потребни.

Притоа да се одговори на ова прашање, треба да се постави прашањето, бидејки Република Македонија е еден систем , а под систем е образованието, да се види колку

на Република Македонија би и биле потребни овие високо стручни кадри. Притоа, да се направи тоа значи како основно прашање, не е целта овие високо стручни кадри да бидат произведени, т.е. да добијат високо-стручна диплома, само поради тоа што се има желба на една заедница или било кој во Република Македонија да се здобие со диплома, бидејки знаеме дека и на постојните универзитети во Република Македонија има ограничен број на запишување на студенти на сите факултети и на сите универзитети во Република Македонија . И тоа не е случајно. Сигурно се прави проекција, се прават анализи колку може општеството, колку може јавната администрација , фирмите, стопанството да апсорбираат од овие кадри, колку од овие високо-стручни кадри работат веќе во Република Македонија , колку високо-стручни кадри седат без работа, чекаат на Бирото за вработување за да добијат работа и притоа, гледајки ги тие проекции , гледајки го развојот на стопанството и општо на државата во еден среднорочен период, се преоектираат кадри, т.е. се дозволува квоти или број на студенти кои што треба да се запишуваат на соодветните факултети. Соодветно сметам дека и за овој факултет истото треба да се направи. Значи Владата требаше да излезе со една поопширна анализа, со која што ќе се обиде да не убеди, пред се мислам на опозиционите партии, дека ова решение, кое што се нуди е најсоодветното решение со дадениот закон. Меѓутоа, очигледно тоа не се направи,очигледно после сето ова изгледа дека ова е еден договор меѓу СДСМ и ДУИ, кои што договор сметам дека ќе има подолгорочни последици во живеењето во Република Македонија.

Врз основа на тоа се направи проект, со кој што Владата , согласно Законот за високото образование, значи треба да ни укаже од потребата од оснвање на овој универзитет. Гледајки го проектот кој што за желба на вистината беше поделен само во неколку примероци во Собранието на Република Македонија може да се заклучи дека овој проект воопшто не го оправдува овој закон, т.е. не го оправдува оснвоањето на овој универзитет.

Значи, според овој проект за да се формира универзитет, покрај останатите три работи се најважни: наставен кадар, простор каде што ќе се изведува наставата и опрема за наставата и функционирање на универзитетот. Но што има во проектот? Списокот на опрема е толку мал што може да се каже дури е смешен за оснвоање на еден значаен

универзитет, кој што сметаме дека треба да биде значаен и кој што треба да продуцира кадри, кој што утре ќе бидат способни да работат во системот во Република Македонија . Притоа , не се кажува ни од каде ќе се купи оваа опрема, ниту како ќе се купи. Да не зборувам за финансирањето, ќе кажам подоцна дека тоа е предвидено, дека ќе се финансира од Буџетот на Република Македонија , а гледајки го Буџетот кој што деновиве ни беше доставен, гледаме дека воопшто нема ставка за финансирање на овој универзитет, или пак е таа ставка скриена некаде во некои капитални трансфери.

Што се однесува до кадрите , некои од колегите кажаа, јас сакам да повторам, а гледајки го и проектот што се наоѓа тука кај мене, сметаме дека ниту технички не е така подготвен, како што би требалода бид еподготвен за еден проект кој што се прави во 21-Век, за еден проект кој што треба да значи основање на универзитет, во кој што покрај останатото, треба да има и информатика, кој што и покрај останатото треба да биде продолжение на парауниверзитетот во селото Мала Речица. Од тука може да се види од тие 78 кандидати, кои што треба да бидат како наставен кадар, од кои што 48 се доктори на науки, притоа има изјави од 36 магистри и 22 дипломирани кандидати. Се прашуваме цело време овие три дена, дали овие кадри со нивните дипломи би можеле соодветно да одговараат на универзитет. И ќе си речете, зошто пак ние да се прашуваме. Сигурно дека мораме, бидејки сите сме ние дел од еден систем, кој што се вика Република Македонија .

Какопростор на кој ќе се изведува наставата, покрај постојната зграда во селото Мала Речица, прикажано е градежно земјиште, не изградено градежно земјиште и притоа, логично се поставува прашањето каде ќе се изведува таа настава. И веќе во делот 2 од проектот кој што ни беше доставе, зборувам во неколку примероци постојни состојби и идни потреби за образованеи на кадар, на страна 7 се вели , цитирам: “ исто така се има предвид високо образовни установи во состав на универзитетот во Тетово, да не бидат лоцирани на едно место”. Тоа значи дека покрај таму се планира и на постојните универзитети во Република Македонија да се зазема простор, канцеларии и лабаратории.

Во делот 4 обезбеденоста со соодветни простории и опрема за остварување на високо образованата дејнсот, на страна 2 се вели цитирам: “се плаира значителен дел од

потребниот простор на универзитетот во Тетово да биде обезбеден со пренамена и адаптација на постојните државни просторни капацитети во образованието”. Значи ако случано простории на овој универзитет има и во Скопје, тоа ќе бидат простории веројатно на некои од Скопските факултети.

Во делот 3 правна основа за оснвоање и организирање на универзитетот на страна 5 се вели цитирам: “во своето работење и остварување на високо образовната дејност, покрај потпирањето на сопствени ресурси, универзитетот ќе развива форма на соработка и можности за соодветно користење на кадровските , просторните и други потенцијални ресурси на постојните универзитети во  Република Македонија “.

Значи, од ова што е кажано вопроектот, може да се заклучи дека групи од новоформираниот Природноматематички факултет во Тетово, заради немање на простор, ќе мроа или ќе треба да бидат сместени , ќе слушаат предавање во вежбалните и во лабараториите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Коце Трајановски, вие како координатор можете да влијаете на вашата пратеничка група да биде по тивка.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Значи, ако е ова така, сметам дека јавно треба да се каже, бидејќи сепак, овој проект доколку тоа не се каже јавно, доколку се подразбира проектот кој што ни е даден испаѓа дека е смешен. Инаку, каде ќе студираат сите тие студенти кои што се предвидоа да студираат доколку немаат просторни можности, немаат лабаратории каде што ќе учат, туку само малку скришно, тајно се иницира, се укажува дека тие ќе ги користат постојните капацитети на постојните универзитети во Република Македонија. Значи, во самиот владин документ расположливата опрема е дадена само на два листа. Таа опрема е доволна можеби за една средношколска училница, но не и за еден универзитет со кој што Владата смета дека треба да биде овој универзитет достоен на двата универзитета кои што се наоѓаат во Република Македонија. Врз основа на ова по некое време сигурно, значи според ова што се прејудицира можеби Владата ќе достави список до соодветните

факултети на пример до Природно-математичкиот факултет во Скопје на кои што ќе им каже дека по список таа и таа предавална, или таа и таа лабараторија треба да бидат отстапени на тетовскиот универзитет. Тоа ако се мисли би требало, пак ќе повторам, јавно и гласно да се каже. Значи пратениците пред одлучувањето да имаат информации за сите релевантни аргументи кои што треба да бидат за да можат да гласаат, за, против, или воздржани. Инаку само мала дигресија ќе направам, истото тоа се направи со Гимназијата во "Арсени Јовков" со еден список на министерот за образование одредените кабинети во ова училиште беа пренаменети за ученици од албанската заедница.Сметам дека доколку и тоа беше направено транспарентно, можеби и ќе се најдеше начин. Вака, испаѓа дека по тоа сценарио можеби ќе се оди и при формирањето на овој факултет. Инаку, основа за формирање на овој факултет се бара во Рамковниот договор во нереализираните права на албанците во потребата за поголем пристап до високо образовните институции. Притоа јас би сакал да напоменам дека во точка 6.2 од Рамковниот договор вели дека, финансирањето на високото образование на националностите кои што се повеќе од 25% во Република Македонија ќе се прави врз основа на посебни спогодби  и ништо повеќе. Врз основа на оваа точка од Рамковниот договор беше и амандманот 8 на Уставот на Република Македонија кој што ние го изгласавме и таму воопшто не е децидно нагласено дека за националностите кои што имаат повеќе од 20% во Република Македонија ќе имаат можност за отварање на високообразовни институции кои што ќе бидат финансирани од државата.Значи ако се зборува за правата тие веќе беа дефинирани во Рамковниот договор и ако се зборува за тоа зошто во 2001 година ни се случи тоа што ни се случи во Република Македонија. Инаку, сепак таму од албанската заедница е дефинирано како борба за права. Јас уште еднаш би сакал да потсетам, бидејќи често и при другите говори потсеќав дека сепак правата на албанската заедница во Република Македонија од 1998 година наваму, а и пред тоа се остваруваа со едно интензивно темпо. Значи и пред војната имаше министри, имаше амбасадори, имаше директори на јавни претпријатија, пратеници, значи во сите домени на работењето и во сите нивоа на живеењето во Република Македонија. Затоа мислам дека неиздрживо е тоа дека тоа беше за правата на албанците во Република Македонија. Притоа како партиципиент во власта беше Демократската партија на

албанците. И со нив се основа и Штуловиот универзитет. Се сеќавам на дискусиите од сегашната позиција, тогашната опозиција колку беа жестоки околу тоа од потребата за неосновање на овој факултет. Меѓутоа, сметам и сакам да напоменам дека тоа беше она правото, преодно, тогашно преодно, можеби сега требаше и трајно решение со кое што високото образование на албанската заедница во Република Македонија ќе беше решено на еден законски, на еден транспарентен начин и што е најважно, ќе одговараше на едно ниво на високостручна институција т.е. на еден универзитет кој што заслужува да биде во Република Македонија. И после 15 септмври наместо да се продолжи со проектот на Штуловиот универзитет, се тргна со сосем нешто ново, се тргна од темели да се изгради еден нов универзитет, притоа неводејќи сметка до каде се стигнало со високото образование на албанската заедница во Реупублика Македонија. И нормално веќе тука настануваат проблеми. Доколку тоа се направеше, бидејќи и ние учествувавме во креирањето на Штуловиот универзитет, бидејќи го достигна тоа ниво, бидејќи има и тројазичност, бидејќи беа потрошени околу 60 милиони евра за да се добие некое ниво на образование, на високо образование во Република Македонија на албанската заедница, а соодветно тој бидејќи беше отворен, има доста и македонци кои што студираат на тој универзитет, ќе беше сосем природно да продолжи со работење без да се јавуваат сите овие тензии. Меѓутоа, некој сакаше да го игнорира сето она што беше постигнато од 1998 до 2002 година, сакаше да покажат од аспект на власта сила дека може да направат нешто ново и од темели. Меѓутоа, сметаме дека таквите работи, таквите потези и таквите постапки сепак доведуваат до едни решенија кои што неможат да бидат соодветни на нивото на универзитетот со кој што сакаме да постои во Република Македонија. Затоа сметам дека овој универзитет кој што сега се сака да се формира на некој начин ќе значи и негирање на сето она што досега е направено. Притоа би сакал да напоменам и за мислењето по проектот за основање на тетовскиот универзитет кој што е даден од Одборот за акредитација, бидејќи знаеме дека после секој проект кој што е потребен за основање на одреден универзитет треба да се формира одбор за акредитација и тој одбор за акредитација да даде мислење колку е потребно, колку е можноста, има ли услови т.е. по сите параметри и критериуми кои што

по закон се дефинирани, дали може да се основа еден универзитет врз основа на тој проект.

Гледајќи го мислењето кое што е поделено во 5 точки, не може никаде да се сретне дека овој одбор дава мислење дека треба да се отвори овој универзитет во Република Македонија. Секаде, во почетото е наведено што се е дадено во тој проект. Практично дадена е содржината на проектот. Инаку, работата на Одборот на акредитација главното е да даде мислење, на крајот и заклучок дали треба или не треба да се оформи универзитетот врз основа на проектот кој што им е основа на Одборот за акредитација за да дадат мислење по овој дел. Притоа, сакам да напоменам дека по наши сознанија во Одборот за акредитација воопшто немало ниту гласање, т.е. за да испаднат со еден и единствен став, дали треба или не треба да се отвори овој универзитет. И, заради тоа можеби содржината на ова мислење од Одборот за акредитација е такво какво што е, т.е. дадени се само нафрлени работи во кои што се кажува што содржи тој проект и покрај тоа дадени се работи кои што треба да се направат за да би можело да се основа овој универзитет.

Според тоа, и онаа основната, законската рамка во остварувањето, во формирањето на еден проект, а тоа е мислењето на Одборот за акредитација е негативен, според мое мислење и според тоа не го содржи ниту основниот услов за формирањето на овој универзитет. Затоа овој законски проект, овој закон кој што ние сега сакаме да го донесеме денеска после тридневно дебатирање овде во Парламентот на Република Македонија создаде толку жестина и такви дискусии кои што сметам дека го надминаа нивото на едно нормално дискутирање. Значи, при крајот на дискусиите бевме до тој степен, слушнавме дискусии во кои што отворено се заговараше дека доколку ние се навраќаме да објаснуваме за правата од 2001 наваму, некој повторно ќе се врати на постапките од 2001 година. Сметам дека како претседател на Собрание господине претседтеле, требаше да реагирате на вакви укажувања. Инаку во спротивно можеби тоа е и главната генеза, можеби е тоа начинот на заплашување, ќе стане пракса во Парламентот и во работењето во Република Македонија и сигурно ќе ги оптерети и пратениците од позицијата кои што ја поддржуваат Владата на Република Македонија и да го доведе во сомневање нивниот глас, дали да бидат за овој универзитет или да не

бидат. Значи, надвор од аргументи, притоа покажувајќи сила и закана се обидува да се формира овој универзитет.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Дали може да констатирате дали во собраниската сала има присутен претставник на Владата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Претставникот на Владата е присутен во салата. Тој многу внимателно ве слуша, само што е седнат таму.

Има збор господинот Исмет Рамадани.

ИСМЕТ РАМАДАНи:

Почитувани колеги, иако можеби почнувам малку во раните утрински часови, но имам кондиција, јавно се заблагодарувам на колегата Рафет Муминовиќ што ни донесе бурек и јогурт и можеме да дискутираме и понатаму. Да ја имав парламентарната група на ПДП , десет души, ќе ви диктирав темпо и вие ќе се предадевте. Меѓутоа, преминувме на оној дел кој што е сериозен.

Јас уште една реплика, и во првата дискусија ви реков дека вие може да дискутирате да продолжувате да не навредувате и тоа на различни начини, но знам една работа и сигурен сум дека критичната маса и свеста е создадена за да биде основан тетовскиот универзитет. универзитетот во Тетово. Објаснувањата можат да бидат најразличи и можат да се поместуваат проблемите, тука и таму, да споменуваме се и сешто. Но, знаеме една работа, дека треба да направиме разлика во времето кога е основан Штуловиот универзитет и кога се предлага да се реализира овој проект. Можеби јас сум активен сведок на многу настани, немам хартија и нема потреба да читам од лист, бидејќи регистрирани ми се во главата работите години по ред. Јас лично заедно со, жал ми е, но мои колеги се и на мојата партија доктор Џеладин Мурати, Абдурахман Алити во 1997 година бев во Ден Хаг, не во Трибуналот и со Ван Дер Штул разговаравме три дена и три ноќи, направи еден долг брифинг за да примиме еден Штулов универзитет, приватен. Но, респектирајќи и имајќи сенс дека со тоа не се разрешува проблемот затоа

што ја знаевме добро ситуацијата на тетовкиот универзитет кој беше легално втемелен, беа три општини, тогашни општини: тетовската општина, гостиварската општина и општината во Дебар и претседателите на ПДП и претставниците на овие општини го основаа тетовскиот униврзитет. Ние можеби го нарекуваме илегален, а тој бил легален, затоа што имал одредена адреса, точна адреса. Тој не работел некаде тајно, се знаело местото каде што функционирал тој универзитет. Но нашите барања за институционализација, за легализација на она што сега сакаме да го направиме, објаснувањето тогаш беше дека Уставот не го дозволува тоа. Проблем е јазикот што ќе се употребува на тој универзитет.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Може ли малку потивко. Прв пат да побарам да се говори потивко.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Можеби ќе го разбудам некого од сон што можеби сега заспал. И кога ги имаме сите овие работи предвид и тогаш се појави дилемата со оглед на тоа дека дојде на власт ВМРО-ДПМНЕ, дека истите дилеми се појавија и тогаш, дали со отварањето на приватниот Штулов универзитет се затвора со клуч универзитетот кој што не му дозволувавме да биде државен и тоа беа дилеми кои кружеа и кај студентите и кај интелектуалците и кај политичарите. Денес се појавува истата дилема која што доколку се отвори овој универзитет како државен, да не се затвори Штуловиот. Доколку ние почнеме со сомнежи и прејудицирање на работите ќе се најдеме во ситуација кога секогаш ќе живееме со сомнежи и со дилеми. Но, јас сакам да ве потсетам и сакам да ви речам вака,доколку се официјализира еден државен универзитет, имам голема надеж дека овој универзитет кој што денес ќе се легализира, официјализира понатаму ќе воспостави врска многу нормална академска и интелектуална со Штуловиот универзитет. Затоа што се официјализира и кога дефинитивно го зема статусот на легален универзитет ќе има академска комуникација и со другите универзитети, со “Св.Кирил и Методиј” и со Универзитетот во Битола, затоа што овие универзитети досега немале смелост да комуницираат со тој универзитет затоа што од државата бил квалифициран како нешто што не е официјализарно. Затоа, не се секирајте вие како ќе комуницираат овие два универзитета со овој официјализиран, бидејќи убеден сум дека комуникацијата

ќе оди во интерес на некое структурирање. Тие знаат како ќе го направат тоа, дали ќе се прошират и на крај тоа е работа на оние кои што работат таму, оние кои што на академски  и интелектуален начин како што ги има и на Универзитетот “Кирил и Методиј” и во Битола и целиот интелектуален потенцијал ќе биде ставен во, тие да бидат стандардизирани, да излезат академици кои државата ќе ја извлечат од кризата. Земете го примерот на Малезија, можеби сте читале, таму иако таму раководи со Малезија еден султан, тој направил големи инвестиции во подигтнувањето на универзитети во различни места  и еконмски да ја уживаат оваа држава, затоа што овие универзитети со сите трансформации и реформи ќе бидат компатибилни. И секогаш ќе бидат поблиску до европските, или американските универзитети. Затоа од каде оваа скепса, од каде оваа резерва, голема резерва за квалитетот и тн, за овој универзитет и за овие студенти. Доколку вака ги гледаме работите и доколку и даваме вакви квалификации, тогаш нема да дојдеме до вакви антагонизми, спротивности и да се создаде убедување во јавноста дека станала на нога една политичка партија и со маратонски расправи одлучила да не се воспостави еден универзитет на албански јазик. Иритирате, затоа што јас зборувам за оние кои што многу негативно се изразуваат за овој иден универзитет. Не се потенцираат само работите кои во еден момент создаваат ситуација за која што ние сакаме да расправаме. Зошто не се осврнете, овие албанци каде и што и да се и тука и во Албанија и на Косово никогаш не го доведоа во прашање македонскиот јазик иако го имаме своето право, ние се обрнувме и на вашиот јазик, никогаш не го доведовме во прашање вашиот идентитет, вашата историја и интегриртетот на државата. Дали гледате и дали слушате што ви прават другите, какви декларации имате од останатите. А вие тоа треба она што го правиме од наша страна да го оцените со висока оценка. Ова не се прави со тоа што ова го правите како еден голем виц со официјализирањето на тетовскиот универзитет. Ние знаеме што ви е намерата. Зборувјте, зборувајте, но имате и ваш одговор. Затоа што ние пиеме заедно кафе меѓутоа имаме и јавност и овие се моите размислувања и мислам дека полека треба да разберете дека ова е вистината и на оваа вистина треба да и се вратиме.

Јас и велам и на албанската јавност, имаме многу аргументи, многу документи. Вакви антагонизми, спротивности и да се создаде убедување во јавноста дека станала на

нога една политичка партија и со маратонски расправи одлучила да не се воспостави еден универзитет на албански јазик. Иритирате, јас зборувам за оние кои што многу негативно се изразуваат за овој иден универзитет. Ги потенцирате само работите кои во еден момент создаваат ситуација за која што не сакаме да расправаме. Зошто не се осврнете, овие албанци каде и што и да се и тука и во Албанија и на Косово никогаш не го доведоа во прашање македонскиот јазик иако го имаме своето право ние ви се обрнуваме и на вашиот јазик, никогаш не го доведовме во прашање вашиот идентитет, вашата историја и интегритетот на државата.

Дали гледате и дали слушате што ви прават другите? Какви декларации имате од останатите, а вие тоа ние што го правиме од наша страна да го оцените со висока оценка. Ова не се прави со тоа што ова го правите како еден голем виц со официјализирањето на Тетовскиот универзитет, ние знаеме што ви е намерата. Зборувајте, зборувајте, но имате и ваша одговорност затоа што ние пиеме заедно кафе, меѓутоа имаме и јавност.

Овие се мои размислувања и мислам дека полека треба да разберете дека ова е вистината. И, на оваа вистина треба да и се вратиме.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Пополека, има доста, имаме и време, полека.

Се јави за реплика г. Џевдет Насуфи. Повелете, имате три минути.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Многу ви благодарам господин претседателе и е за поздравување вашата идеја дека имаме многу време. Јас го велам спротивното, дека немаме време. Но, ова не е процедурално, туку ќе поминам на темата.

Искрено, со внимание го слушав господинот Исмет и сега се поставува дилемата, конкретна дилема. Не го слушнав господинот Исмет што се однесува до дискусијата и на првиот и на вториот, дали е за овој проект што го нуди Владата со кој не се легализира постојниот универзитет во Тетово, но напротив се основа еден нов универзитет, кој го спречува континуитетот.

Ова е суштествено прашање за кое два дена или три дена или еве денес четврти ден денеска дебатираме. И, не можеме ние, ние сме политичари или треба да имаме и визија. Ние не можеме со прашање да се однесеме со хипотека доколку се случи, тие ќе соработуваат, ќе изградат заеднички универзитет. Нас не ни доликува ова, ова е Парламент. Ова е една институција која дејствува според правилата и утврдените закони кои сега ги усвојуваме. Затоа не можеме ова да и го оставиме на нејасноста и на несигурноста. Значи, вакви големи институции како што е и Штуловиот, како што е и овој кој се предлага вечерва.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г. Рамадани, една минута.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Господине Џевдет, како што се чини не сте биле во сала кога ја имав првата дискусија. Јас забелешките за овој проект ги дадов на долго и на широко, како требаше да биде овој проект. Меѓутоа, сепак сум го рекол и ова дека она што во овој момент ни се дава како проект треба да го поддржиме иако ги имаме нашите забелешки и тоа нашите забелешки не се разликуваат од оние вашите кои што ги имавте во вашата прва дискусија. Затоа, немаме зошто повеќе да разговараме. Јас мислам дека во оваа дискусија имав една друга намера и затоа ја ориентирав дискусијата онака како што ја слушнавте.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Евтим Манев, вие имате дискусија или реплика.

(Дискусија).

Тогаш следниот за реплика е господинот Ружди Матоши.

Повелете, имате три минути.

РУЖДИ МАТОШИ:

Благодарам г. претседател, ме чуди фактот од дискусијата на господинот Исмет Рамадани кој полека ги полни 13 години откако е пратеник и од дискусијата не е јасен што се случува Проектот дали треба да биде ваков или поинаков, затоа јас констатирам дека тој не треба да размислува како стари елементи затоа што тој е една личност, кој е од 1990 година наваму, беше во коалиција со СДСМ до 1998 година кога можеа да го решат овој проблем и тука завршува нивниот континуитет. И, јас би му препорачал, да не размислува со умот од тоа време, со таа Влада, да не размислува значи како СДСМ туку на Проектот треба да му се даде виза.

Ние лично, мојата партија ДПА конкретизира еден Проект каде овој Проект по четири години требаше да се материјализира со средства од надворешни донации, по 4 години ќе беше универзитет за што се усогласивме со партнерите од коалицијата за да партиципира буџетот на Република Македонија.

Во тој Проект беше маркантен, голем простор за да се инсталираат и други универзитети во истиот и вака лека полека се создаде добра почва за албанското образование во Македонија, за високото образование на албанците во Македонија. Затоа конкретно треба да се кажат работите и на конкретен начин да се објасни целиот континуитет на периодот низ кој сме дошле до овде.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Стојаноски Блаже има реплика, повелете три минути.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Господине Рамадани, вие ја споредувате Македонија со Малезија. Велите дека таму се формирани универзитети од економски причини за развој на Малезија. Каков развој може да очекува Република Македонија од универзитет кој нема ниту просторни можности, ниту едукативни можности, ниту пак е направена анализа за тоа што тој треба да претставува во иднина. И, како може да се легализира нешто што е насилно

создадено и кое што има функционирано без никаква државна контрола, без образовни стандарди, без утврдена потреба за државата од кадрите кои што тој ги продуцира.

Од овие причини не може Македонија да се споредува со Малезија која сигурно основањето на универзитетите го има направено и со претходна анализа и со проекција за потребите на државата.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г. Замир Дика три минути.

ЗАМИР ДИКА:

Ви благодарам г. претседател, знам дека сите сме уморни со оваа дебата, неразбирлива во доцните часови, меѓутоа како и да е чувствувам потреба да одговорам на некои тези кои што ги кажа претходниот договор, меѓутоа во неговата реплика тој стана појасен и може да ни го потврди доколку сме со исто мислење дека овој Проект не го разрешува прашањето на високото образование на албанците. Меѓутоа, сакам да се концентрираме, добро да ги простудираме и да зборуваме за предложениот закон затоа што универзитетите не се формираат секој ден. Не е доволно тоа да го основаме, а потоа со развитокот со комуникација со други универзитети да се развива. Знаете ли колку е сложена процедура да се запише уште еден студент, а камо ли да се отворам нови факултети. Треба да се има согласност од Владата, Бордот за градитација итн.

Во овој Проект во многу аспекти не е задоволителен, почнувајќи од членот 198 кој оневозможува да се реализира знаењето на оние студенти на тетовскиот универзитет затоа што не со овој  Предлог закон не се опфаќаат сите факултети што ги има на тетовскиот универзитет и наместо да се отвараат други факултети кои што постојат на Штуловиот универзитет, значи сакам да кажам од една студија на ОЕЦД во 2001 година, значи нема ниеден албанец запишан на земјоделие, машинство. Значи имаме недостаток на вакви кадри и ова е една разлика, ова не е критика што ние треба заедно вечерва да ја надминеме.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г. Рамадани една минута.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Не знам зошто, Замир Дика, оставете ги овие работи, жити Господ, јас реков дека ќе беше добро во овој Проект место економскиот и правниот факултет да беа медицинскиот и фармацеутскиот факултет. Меѓутоа, сега имаме еден проект и сега да бидам искрен до крај ќе го гласате и вие и јас. Нели?

Јас ја знам оваа работа дека тоа ќе се случи. Нема што. Тоа е Проектот. Не изразувам големо задоволство за овој Проект,  меѓутоа постои Проект кој што дава можност да биде подобрен понатаму и да биде подобрено високото образование на албански јазик.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Господине Вејсели, вие постојано барате збор.

Има збор г. Фатмир Асани, реплика, три минути.

ФАТМИР АСАНИ:

Господин Исмет Рамадани, од каде знаеш дека ние ќе го гласаме овој закон? Ти знаеш дека ние дадовме некои амандмани и тие амандмани ќе ги браниме, толку колку што ќе можеме. И, можеби ќе ве принудиме и вас да ги поддржите. Потоа Ние можеме да го гласаме истиов закон.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господинот Зиди Џелили, реплика три минути.

ЗИДИ ЏЕЛИЛИ:

Добро е што не сте повеќе господине Рамадани, еден сте а не можеме да ве разбереме, а камоли да сте повеќе. Пред 12 часот зборувате поинаку, а по 12 часот зборувате нешто друго. Вие знаете добро дека албанците одамна имаат потреба за високо образование. Знаеш дека со распаѓањето на бивша Југославија оваа потреба се прикажа како голема потреба и со иницијатива на трите претседатели на тогашните

општини имаше иницијатива за основање на еден универзитет кој беше како желба на албанскиот народ во тоа време. И, цело време беше жив сведок за предизвиците и проблемите и жртвите за средствата за собирањето на овие средства, за начинот на развојот на образованието, за моралната поддршка што сте ја давале вие, ние и сите други.

И сега во еден момент доаѓаме пред една состојба кога треба да решиме, да одбереме, на 200 студенти да им го решиме проблемот, а на 12 илјади други да им кажеме чекајте подолго време. Сега ќе направам една споредба. Се сеќавам кога излегуваа од затвор бившите членови на ОНА, нивните семејства ги чекаа пред вратата и се радуваа дека се ослободуваат од затвор, но нивната порака беше ние се ослободивме но нашите другари останаа внатре.

Што ќе речат овие студенти на кои ќе им се легализираат дипломите, но нивните другари кои ќе останат како проблем на ова општетство, на вашата партија, сигурно дека и вие ќе се занимавате со политика и повторно ќе се повикувате 8 или 10 илјади студенти, исто така и ние ќе зборуваме за нив, не дека ни е неопходно да зборуваме, но ова ќе биде една грижа нацелото албанско општество и на целата Македонска држава. Затоа е добро да се декларираме сите јасно дека со овој проект има едно парцијално решение, едно жалосно решение кое можеме да го голтнеме како што рече и самиот, но ќе го голтнеме со една голема жалост затоа што гневот на 10 илјади студенти не знам како можеме да го контролираме во иднина.

Затоа оваа работа не ја сфаќајте како завршена. И, ќе биде подобро да не одлучувате толку лесно за судбината на луѓето кои долго време беа во многу партии. Ние одбравме еден дел од проблемот, но не велиме дека сме ги решиле сите проблеми. Ни сме здоволни дека во тој дел од проблемот кој што ние го решивме ставивме неколку стандарди и норми.

АДНАН ЌАХИЛ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,  почитуван министре,

Долго време мислев дали да дискутирам или не, но ја фативме работава на кондиција и сега ќе продолжиме сите да одиме до крај, ќе дискутираме.

Денеска имаме проект основање на универзитет во Тетово. Тоа е закон, но знаете, навистина не ми е јасно дали се работи за оснивање на универзитет или легализација на универзитет. Мислам дека тие два концепти се различни. Како суштина едно е да се легализира и треба да се легализира со сите постојни факултети, таква инфраструктура и број на студенти што ги има, има една опција за таа работа и втората опција е основање на универзитет за кој треба определени критериуми, критериуми за начин на основање, сигурно врз основа на закон, критериум за избор на професори, соработници и тн и тн.

На самата комисија, и денеска имаме како што гледам Проект за основање на универзитет во Тетово со четири односно пет факултети, а за сето тоа ќе говорам по основ на Мислењето на Одборот за акредитација што, верувајте најмногу ме зачуди нивното мислење и став. Еве зошто.

Предавам на Педагошкиот факултет во Скопје, Педагошки факултет каде што се учи на три јазици. Од истиот факутлет се побара уште пред година дена мислење од Одборот за акредитација за отворање на постдиплосмки студии. Покрај интервенциите, можеби во тој период и разбирливи од министерот за оваа работа, Одборот за акредитација не најде сходно до ден денеска да одговори на тоа наше барање, да се отворат постдипломски студии на Педагошкиот факултет за предметите по методика. Објаснувањата беа разни од типот дека сеуште за определени групи нема кадар, ќе ви дадеме, ќе биде, се анализира, се гледаат соодветни ситуации, а дента, кога дојдов на Комисија, веднаш добив на самата маса мислење од Одборот за акредитација, каде што неколку пати прочитав, апсолутно не сфатив ништо. Тоа се некои препораки, препораки од типот како треба да има. Иако, тука законот што се предлага е јасен, концизен, краток закон каде што се менуваат членовите. Членовите велат дека треба да се основа универзитет во Тетово со тие и тие факултети. Потоа да се каже дека ќе има пропратни акти.

Она што јас сакам да дискутирам во врска со ова е што цело време овде се зборува дека се отвора или се легализира, во крајна инстанца, можеби е тоа исто за некого, не би сакал да го елаборирам тоа, но се зборува цело време дека има потреба од образование, едукација на албанската заедница и на останатата заедница. Јас тука би се

задржал најмногу, бидејќи апсолутно до сега и во самиот факултет во Мала Речица, од сите силни студенти кои учат, сигурно има турци кои се запишани таму, но сигурно не учат на турски јазик. Исто така, и на Штуловиот универзитет иако има запишано турци, не учат на турски јазик. А, овде се вели, во точка 1 од Проектот - вели: “Имајќи ги предвид нараснатите потреби за образование на младата генерација, а пред се од желбата на припадниците на албанската и другите заедници да го продолжат своето образование на државните високообразовни установи на свој мајчин јазик, притоа посебно елабориран несразмерна застапеност на припадниците на заедниците во средното и високото образование”. Апсолутно точно, но она што е битно дека турците и турската заедница апсолутно нема право и на овој начин и на тој начин да учи на свој јазик иако тука цело време се елаборира дека турците имаат право...

(Господинот Бејта коментира од место).

Повелете господине Бејта.

(Претседателот со звончето ги опоменува пратениците).

Немојте така, сега коментирајте.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колеги, јас се ве молам без меѓусебни дискусии.

АДНАН ЌАХИЛ:

Ве молам бидете доследни.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Се обраќам на господинот Бејта.

АДНАН ЌАХИЛ:

Тој коментира и мислата оди на таа страна. Јас велам повелете...

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Токму затоа се обидувам да ви овозможам нормални услови за излагање.

Повелете.

АДНАН ЌАХИЛ:

Значи потребата една заедница да учи и во високообразовните институции е потреба и сигурно јас денеска би сакал да зборувам тука на турски јазик, но очигледно дека тоа не ми е овозможено, ниту можам да зборувам на турски јазик затоа што со Рамковниот договор турската заедница е ставена во трета категорија, бидејќи процентуално нема таква застапеност, а исто така при креирањето на Охридскиот рамковен договор не учествуваше турската заедница. Но тоа што е, демократските принципи, ние го прифативме тој Рамковен договор, се инкорпорира во Уставот и едноставно Уставот треба да важи. Но мислам дека е правилно, демократски и на кој начин сакате кажете да се овозможи и правото, бидејќи предлагач на овој закон не е албанската заедница, туку е Владата на Република Македонија, би требало Владата на Република Македонија да има ист третман и за другите заедници. За мене ќе беше навистина прифатливо во секој сегмент ако во овој закон покрај албанската заедница од тетовскиот универзитет фигурираше дека можат под одредени законски услови да учат и другите заедници на свој мајчин јазик. Тоа ќе беше прифатлива опција и сигурно ќе беше најдобра опција за учење или за едуцирање на сите кадри во иднина од сите заедници, а претежно на албанската, врз која основа се формира и универзитетот. Но, тоа не е направено. Ако се мисли дека треба турците да се образуваат во високообразовните институции на албански, на македонски, или на други јазици тоа можеби држи, или пак треба да се направи и проект и на сите други универзитети да може да има пристап на другите јазици. Денеска имаме ситуација на  Педагошкиот факутлет турската група да не е одвоена како посебна група. Се надевам дека после овој проект, кој веројатно ќе биде изгласан ќе се најде модус да се одвои турската група на Педагошкиот факутлет за да може и турската заедница да учи на свој мајчин јазик. Сега имаме ситуација да имаме ерозија на млади турци кои идат надвор од границите на Македонија, во Турција да учат на турски јазик и голем дел од нив остануваат таму. Тоа мислам дека е недозволиво, недозволиво од аспект на Владата бидеји Владата треба да се грижи за сите граѓани на Република Македонија без разлика со каков процентуален состав  се, со кој број

учествуваат во државата. Насушна потреба е, како што се зборува цело време дека треба, треба, треба на сите заедници да се овозможи.

Заедниците немојте да ги користите само фигуративно и суштествено. Ве молам, ако е проектот само за албанската заедница и тоа ми е прифатливо. Во ред. Ако е проектот за сите заедници дајте тогаш да ги дефинираме сите делови на сите заедници. Можеби ќе се рече дека тоа законот не го регулира, точно не го регулира законот, но гледајќи од временска дистанца досега апсолутно ништо не е сторено за заедниците. До ден денес многу малку за турската заедница. Но, имаме една ситуација која се разликува од претходно. Сега имаме Рамковен договор кој ги инкорпорира овие права и обврски. Ако претходно имавме уставни пречки за реализирање на ваквите права на другите заедници, вклучувајќи ја и турската заедница мислам дека по усвојувањето на Рамковниот договор и инкорпорирање во Уставот мислам дека секоја Влада, почнувајќи од оваа Влада и владите во иднина да ги земат во предвид потребите на сите заедници и на нив да им преужат соодветно образование, онака како заслужуваат на свој мајчин јазик. Досега тоа не е сторено.

Во делот , како што рече господинот Министер дека има изјави од професори и луѓе кои дале изјава дека би работеле, дека би предавале на тетовскиот универзитет јас не сретнав ниеден турчин, ниеден од турската заедница професор или асистент да дал изјава дека се согласува. Не заради тоа што тие можеби не сакаат, јас тврдам сигурно дека сакаат, но очигледно дека никој не им понудил таква опција и би ве повикал да го имате предвид тоа и таа опција да може да се инкорпорира во идните образовни институции и структури. Тоа е насушна потреба, како што е насушна потреба на сите заедници, на македонската, на албанската, верувајте потреба е и на турската заедница да учи на свој мајчин јазик. Цело време ме убедуваа и во Одборот за акредитација, знаете, вие од турската група немате доволно кадар, немате доволно стручњаци и доволно доктори на науки. Па, луѓе во минатото и сега, во сите инстанци од 1945 година па наваму и кога се формираа универзитетите Кирил и Методиј и Климент Охридски и тетовскиот Штулов универзитет насекаде имаше кадри со такви профили. Дали тоа било грешка што тогаш требало да се воведат предавачи. Јас тврдам не, но ако за една заедница се подразбира дека може во тој период да има такви кадри дајте во даден

период една друга заедница да има потреба од такви кадри. Имајте разбирање. Немојте, ние дојдовме во ситуација да диктираме услови, добиваме што добиваме, ама отсега за другите заедници ќе бараме ригорозни законски рамки. Е, тоа ми е неприфатливо. Тука нема да се согласам со таквите аргументи, таквите аргументи не држат. Можеби законски држат во однос на некоја споредба во однос на Европа, но во однос на оваа заедница во која живеам, во однос на оваа реалност апсолутно не држат. Затоа би кажал неколку работи во врска со она што се вели избор на професори, соработници и тн., се со цел попластично да укажам дека и во даден момент кога се формираат универзитети во однос на европските текови немаме доволно кадри и нема доволно аргументи да се избираат тие професори.

Во светот, знаете и за шахисти има реитинг поени. И за тенисерите има АПП поени. Кој собира најмногу поени тој е најдобар и се избира за професор. Во послендо време и за професори се воведоа такви поени за избор на професори. Еден од важните критериуми за избор на професор и за наставник посебно во Македонија каде што наставата и науката се испреплетуваат во рамки на факултет, во рамки на институции, бидејќи немаме посебни институти треба да има определени критериуми, а тоа се пред се и над се, ако сакаме да зборуваме за квалитетни кадри број на објавени трудови во итнернационални списанија. За тоа постојат критериуми. Овде ги имаме тие критериуми за избор, реизбор...

(Покажува од говорница некои документи).

Ова е од порано и сега се тука критериумите, само би цитирал, тука има наставно образовна дејност, позитивно рецизиран универзитетски учебник колку поени, во странство, во земјата итн итн. Потоа имаме ментори дали во одбраната на магистерски трудови, потоа дали раководел семинари, одржал наставна лабораторија итн. итн. Се се тоа поени господа.

Во мислењето за универзитетот требаше да има ако не барем приближни такви критериуми, затоа што ова се податоци од 2002 година. 97% трудови објавени од Македонија, а патем Македонија објавува годишно околу 150 меѓународни...

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Се извинувам господине Ќахил, имам впечаток дека се оддалечивте од темата. Ако може да се насочите.

АДНАН ЌАХИЛ:

Мислам дека не се оддалечив од темата, напоменав дека сакам попластично да објаснам некои работи. Цитирав мислења од Одборот за акредитација, а тоа се критериумите. Критериумите се врз основа на закон.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Во ред, да не се оддалечуваме од темата.

АДНАН ЌАХИЛ:

Не се оддалечувам ниту имам намера да се оддалечувам, ниту имам намера некому да навредам, ниту да прејудицирам некои ситуации. Само ја констатирам ситуацијата и потребата на определена заедница за учење на свој мајчин јазик. Тоа е насушна потреба, како што сфаќам дека насушна потреба е на ској цивилизиран граѓанин во Македонија, во Европа да учи на свој мајчин јазик без разлика на бројките, статистичките бројки сметам дека потребата на турската заедница да бара и да продолжи да бара да учи на свој мајчин јазик.

Ќе повторам, ако проектот за основање на тетовски универзитет содржеше и вакви аргументи мислам да беше посодржаен, поаналитички, да се пристапеше кон тоа сигурно дека дискусиите ќе беа многу пократки, појалови и ќе имаше посеопфатна анализа за потребата за оснивање на еден ваков универзитет.

Мислење од Одборот за акредитација нема за Педагошкиот факултет, но нема ни за универзитетите Кирил и Методиј и Климент Охридски. Зошто е тоа така незнам. Моја сугестија е ако веќе Одборорт за акредитација дава мислење треба да даде поконцизно, поцелисходно мислење за оснивање на тетовскиот универзитет за да утре не дојде ситуација да има двосмислена ситуација, да има двосмислено значење овие објаснувања, како што тука јас, верувајте не успеав да одвојам што всушност сакаат да кажат. Дали нешто препорачуваат, дали нешто потврдуваат, дали нешто велат дека е незаконски или законски. Верувајте не дознав ништо. Затоа пак ќе повторам не треба и

сега и понатау по име и презиме на заедниците да се прејудицира една заедница на штета на другите заедници, а тоа значи дека ако се бара тетовски унвиерзитет на албански јазик нека се каже така и апсолутно немам ништо против и ќе гласам за таква опција. Нека биде на тој начин, но да се бара на јазиците на заедниците, а каде што заедниците се ставаат на втор план во системот во иднина ќе направиме усилби или напори тоа да биде, мене таквите парафрази не ми се прифатливи и неможам да прифатам. Затоа Владата требаше да подготви, според мене, многу поконцизен и појасен закон во врска со оснвоање на тетовскиот универзитет, каде што ќе ги опфати сите аспекти на академско живеење, учење на сите заедници, вклучително можеби најповеќе ако гледаме по процентуалниот состав на албанската заедница, бидејќи тие имаат една граѓанска иницијатива и би било добро да биде тоа продолжение, но очигледно овде тоа не се прави. Се прави обид на некој начин да се вметне некој закон до крај недефиниран за да утре се дефинира на соодветен начин како што ќе одговара.

Јас би бил среќен времето да ме демантира мене и на тој универзитет да се отвори група или групи на турски јазик, на сите таксативно наброени факултети и на тој начин да дојдеме сигурно до образование кое ќе не води кон Европа. Во таа Европа кон која што се стремиме ние никаде, ама апсолутно никаде за учење на соодветен јазик не се бараат соодветни проценти и апсолутни броеви. Секогаш потребите се многу важни.

АДНАН ЌАХИЛ:

Мојот колега  Кенан Хасипи рече добра идеја дека треба да се побара универзитет на приватна основа на турски јазик и тоа треба да се подржи и ќе го поддржам, но јас ќе барам и ќе продолжам да барам да се основа универзитет на турски јазик и тоа на сметка и на трошок на државата. Можеби не во таква големина, но сигурно треба да се излезе во пресрет и во оваа заедница бидејќи и оваа заедница си има своја насушна потреба за едицирање и образување на кадри, бидејќи по законот имаме основно и средно образование на јазикот на заедниците. А, таму, ќе се сложите, како што ги имаме педагошките предмети од прво до осмо одделение, а имаме и предмети, кои се од предметна настава , иако од предметна настава сега се поминати на матични факултети, и тоа природно математички факултети, имаме потреба за наставници, кои ќе предаваат

на турски јазик , Хемија, физика, математика и тн. Веќе ако отвораме таков универзитетн на природни науки, добро би било да имаме и на турски јазик, за да се едуцираат кадри и за индустријата и за образованието, што имаме законско право да го правиме тоа. Уште повеќе, во последно време гледаме дека и економскиот интерес е многу важен, инвестициите од ден на ден се се поголеми во Македонија. Ако бараме и економски интерес и економска оправданост, сигурно ќе најдеме во ова и во инвестирирањето во Република Македонија на турскиот капитл и на капитал од другите земји кои се од слична провиенција. Затоа, мислам дека Владата треба длабоко да се замисли зошто овој проект недостасува овој елемент и во иднина овој елемент да инкорпорира, по можност во други закони и во иднина да го чуе гласот и на другите заедници, јас можам да зборувам за турската заедница дека и таа заедница има насушна потреба за образование на свој мајчин на разни нивоа и на разни факултети. Нам не ни е доволно во овој момент само педагошки факултет за методиките од прво до четврто одделение за наставници, ние имаме пtoреба и од други факултети и обврска е на Владата, пак ќе повторам, бидејќи ситуацијата од порано не е иста со инкорпорирање на членовите од Охридскиот Рамковен договор во Уставот да имаме образование на свој мајчин јазик. Ако смета Владата запишувањето на турците на Универзитетот “Климент Охридски”, “Кирил и Методи”, Штуловиот универзитет, потоа тетовскиот универзитет, што веројатно ќе се изгласа вечерва дека треба само по некои квоти турците да влезат, мислам дека тоа е погрешна тактика, погрешна идеја и да не дојде во ситуација турците што секогаш мибле лојални и послушни граѓани на Република Македонија кои секогаш своите права ги барале, а и ќе продолжат да ги бараат низ институциите на системот, да не бида казнување со тоа што неможат и нема да добијат образование на свој мајчин јазик. Тоа е цивилизациски ток, тоа е насушна потреба, тоа е констатација на сите пратеници во салава, но сигурно ќе се направи голема дискриминација ако не се дозволи на турците да учат на соодветен јазик. Јас во овој предлог закон не гледам дека во тој правец се одвиваат работите. Дај боже да грешам дека ќе се одвива во тој правец, но во иднина тука сме, затоа и сме пратнеици да ги доведеме на дневен ред тие актуелни прашања, а за нас турците секогаш ќе биде актуелно прашање, како за другите заедници актуелно прашање е образование на мајчин јазик, за мене лично секогаш актуелна и топ

тема ќе биде образованието на турците на свој мајчин јазик. Јас ќе настојувам за тоа да се иборам и ќе молам сите релевантни влади во иднина, министри да го имаат сето тоа предвид и сигурон ако тоа не се дозволи, во иднина не ќе имаме другочаре и ние во даден момент да ја радикализираме ситуацијата , затоа што за тоа сигурно ќе имаме елементи, ако не се постапи на соодветен начин.

Затоа, на крај ќе кажам барам и ќе продолжам да барам универзитет на турски јазик финансиран од државата, а не приватен, но ако веќе се прави на овој начин формирање на универзитет на една заедница, не гледам причина , законска пречка, демократска пречка да не се формира за друга заедница, без разлика што таа заедница бројчано е помала. Потребата од образование не гледа бројки, не гледа фактички показатели.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Реплика бара г. Хасипи.

КЕНАН ХАСИПИ:

Доколку г. Аднан Ќахил внимателно ја слушаше мојата дискусија ќе потврди дека поголемиот дел од дискусијата се однесуваше на прашањата и проблемите во сверата на образованието во сите нивоа на турската етничка заедница. Меѓутоа, користам прилика овде да информирам дека согласно сите наши анализи и иследувања во овој момент на сите универзитети во Република Македонија , во сите години студираат околу 500 студенти и дека согласно динамиката со која што турците студираат во Република Турција студираат просечно околу 40-тина студенти годишно и во рамките на трендот на врвните турски универзитети, дипломираните на тие универзитети да продолжат со магистрирање и докторски дисертации, јас ве уверувам дека за многу кратко време тој бран толку ќе биде силен што ќе наметне неминовна потреба за нивно инкорпорирање во високообразовните институции во Република Македонија . Само сакам да ве потсетам дека, до колку пред само седум осум години за образованието на албанска заедница се нудеа изјави од типот на журки и издувни балони, бидете сигурни дека за можеби седум до осум години со една ваква силина ќе се наметне и проблемот на образованието на

турците на овие простори. Затоа, јас инсистирав и од министерот за образование навремено и забелжувам дека постои таков тренд да се започне со подинамично за решавање на тие проблеми. Затоа, сакав да го изнесам ова појаснување.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута реплика на г. Аднан Ќахил:

АДНАН ЌАХИЛ:

Благодарам г.  претседателе.

Оваа реплика на г. Хасипи ја сваќам  во правец на одобрување на она што го кажа, апсолутно го слушав она што го дискутираше и се сложувам со констатацијата што беше во однос на турците. Сигурно, таа динамика ќе се зголеми и токму во тој правец со тоа побарав и ќе барам да се корегираат предлозите, што ќе доаѓаат во иднина во однос на оваа заедница. Треба да се почне, за да нема ерозија на турци од Република Македонија да има нивно иселување. Затоа, во тој правец побарав , а и требаше овој закон да биде така креиран и инкорпориран , за да овозможи и од сега високо образование на младите турци, за да бидеме дел од оваа заедница, како што се и другите заедници во Република Македонија .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-динот Ефтим Манев има збор.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

После долго излагање по дадениот предлог за донесување закон за основање на државен универзитет во Тетово, јас би дал свое мислење по истиот, кој ќе биде во пократки црти. Не би сакал да повторам баш ништо што е кажано, во основа сметам дека Парламентот при донесувањето на закони неопходно е да ја утврди установста и потребата од истиот. Уставен основ постои и Собранието непречено може да носи

закони, но овој законски проект дискутабилна е потребата од неговото донесување, будејќи во саимот проект дал предлагачот Министерството за образование свои видувања, кои се потребите и тн. Но, од искажувањата на сите колеги пратеници, поготово од опозицијата, очигледно е дека дадените убедувања, дадените аргументи и факти дека има потреба од донесување на ваков закон, очигледно е дека е само чиста политичка волја. Замене е и промашена политичка волја на мнозинскиот дел на пратениците кои што и припаѓаат на владеачката структура во Парламентот и истиот повеќе се заснова од видувања на надвор од потребите на Република Македонија . Потреба за донесување на ваков закон за основање на универзитет во Тетово, сметам дека е илузија да се помисли оти пости таква потреба, бидејќи неспорен факт е за сите нас дека во Тетово постои Универзитет и со исти факултети. Која е причината?
Очигледна е причината дека не е потребата за задоволување на кадри во Република Македонија , а исто така за потребите колкав број на студенти по одредени факултети и универзитети, се утврдува од потребите кои што ги диктира стопанството во Република Македонија . Република Македонија нема никакво стопанство. Ние имаме безброј кадри со високо образование кои што работат обични работи, кои ги работи обичен граѓанин, неписмен човек. Дали Република Македонија како држава, која е и сиромашна држава, со голем процент на сиромашни луѓе над 35%, повеќе од една третина, има потреба од донесување на ваков закон и студирање на наши деца, без разлика какви се национална нација и вера, што би било со тие кадри. Државата води сметка за кадарот, кој што ќе заврши факултет и што со него. Република Македонија е сиромашна држава и уште еднаш би повторил да студира луѓе кои ќе ги даваат на странските држави без пари.

Од сето ова, кога ги генерализирам сите искажани дискусии, а поготово на колегите пратеници од албанската етничка заедница, каде што и кај нив иа разединување на овој проблем, очиглендо е дека во едно Тетово стотина илјади жители, не може да има два универзитети, кога има еден универзитет признат европски, со висок стандард, каде што студираат студенти од сите националности. Целата суштина на овој закон се состои за легализација на универзитетот во Мала Речица. Дивиот универзитет, за мене, иако некои од колегите, посебно потенцираше колегата Исмет Рамадани, со кој сум имал разбирање на секое поле, овде ќе имаме различно размислување, тој кажа дека универзитетот Мала

Речица е легален универзитет. До колку е легален универзитет, кои се потребите да стои во овој предлог-закон дека статусот на таквите студенти ќе биде регулиран преку овој закон. И, таквата ставка во законот членот 5 е сосема спротивен од Уставот и во никој случај не би можело со овој закон да се решава ретроактивно седум до осум години за настани, кои што настанале на нелегален начин. Ако овој закон се носи за формирање на нов универзитет, неможе со истиот да се легализира нешто што не постоело во Република Македонија. Грешките кој ги направил треба тој да ги сноси. Не може на ваков начин, со овој закон ние да ги легализираме, најнапред, Собранието треба на тој план и тоа како да поразмисли. По тој основ, по тоа прашање, за тие студенти било како тоа се решава сосема на друг начин, а не со ваков закон за основање на универзитет, туку може посебен закон или на било кој друг начин, како што кажаа и колегите, кои што дискутираа на тоа поле. Не би сакал да го злоупотребувам времето, да зборувам за тоа, но таквата состојба била договорена и решена со отворањето на југоисточнио европскиот универзитет во Тетово. Како тоа да се реши на тој начин. Некој не сакал така да се постапи. Исклучиво, се работи за политички закон, со политички цели, без да постои ни трунка оправданост за истиот. Во Република Македонија, јас размислувам дека треба и само еден универзитет на една таква мала држава, а не да има три или четири универзитети. Може да има само факултети дисперзирани по другите градови. И, секој факултет, практично, прашање е на неговиот век на траење, дали ќе има две или три генерации ја заситува Република Македонија со кадар, таа е мала држава и тие факултети можат да престанат. Но, дали ние утре ќе носиме закон за престанување на универзитетите.

Албанското прашање за студирање на албански јазик е решено со Штуловиот универзитет, а исто така граѓаните, младите луѓе албанци студирале и досега без никакви пречки на факутлетите во Република Македонија, на било кој што сакаат. Тие имале право да се запишат и не биле дискриминирани. Желбата на колегите пратеници албанци, кои сакаат исклучиво студентите албанци да студираат на албански јазик, тоа е трагедија за Република Македонија. Тоа е подготвување на Република Македонија од унитарна во сложена држава, дали ќе биде федерална или конфедерална, тоа е таа цел. Каков е тој соживот кога децата албанци од прво одделение ќе почне да се школуваат и

до нивното високо образование исклучиво ќе се трудат, ќе учат на нивниот јазик, на албанскиот јазик. Каде го гледаме нивниот соживот во оваа држава како дел од народ албански, малцински народ на Република Македонија и каде ќе ја гледаме заедничката работа во Република Македонија. Не можат македонците да учат албански јазик. Можат да учат само во тие средини каде што се мешани. Не можат македонците од источниот дел, од Штип, Струмица, Радовиш, каде што нема ниеден албанец, ние да го учиме албанскиот јазик, бидејќи децата албанчиња нема да го знаат македонскиот јазик. Тоа е судбина на малцинствата во цел свет, покрај мајчиниот јазик, да го учат и јазикот на мнозинскиот народ. Не може поинаку. Инаку, целосна гетоизација на таквото население и неспособно да се кооптира во заедничкиот живот на државата. Тоа ќе води само за раздор во блиска или подалечна иднина, посебни наметнувања на проблеми, на конфликти и одвојување и отцепување на овој дел на граѓаните кои живеат на оние кои исклучиво сакаат да го учат нивниот мајчин јазик. На тоа поле, сметам дека колегите албанци не треба ни да помислуваат, ако нашите интенции се влегување во Европа. Не може ние да правиме мали држави во држава или двете држави мали, Македонија е мала и ако направиме во неа уште една мала држава. Тоа е трагедија за оваа држава и не треба да дозволуваме такви илузии да се прават во Република Македонија. Само во тој дел беше моето излагање, бидејќи, во доволна мера се кажаа сите причини дека овој закон нема основа од негово донесување, бидејќи нема таква потреба.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор пратеникот Марија Којзеклиска, а нека се подготви пратеникот Љупчо Балковски.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Благодарам, претседателе,

Во интерес на времето ќе бидам кратка, меѓутоа, се јавувам по втор пат за дискусија, пред се, испровоцирана од бројните обвинувања кои позицијата, посебно од албанската заедница, ги упати на адреса на ВМРО-ДПМНЕ.

Имено, ние четврти ден колку што се сеќавам слушаме за заостанатите погледи на свет кои ги има ВМРО-ДПМНЕ посебно во однос на овој закон за основање на државен

универзитет во Тетово, наспроти галопирачките и визионерските погледи кои ги има позицијата, посебно насочени кон Европската Унија. Името на едната од партиите кои коалицираат во власта е Демократска унија за интеграција, а тоа треба да занчи Унија - Обединување и интеграција. Арно ама, постапките на оваа партија, како и со овој предлог за донесување на закон за основање на државен унивррезитет во Тетово никако не можам да ги сместам во интегрирачки и обединувачки процеси, туку напротив многу личат на процеси на сегрегација или отцепувачки процеси.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, пратеничке Којзеклиска може ли за законот да зборувате.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Сега ќе се вратам пртседателе, ова е увертира.

Значи, имаме начелни проблеми во врска со вистинските намери и декларативните цели. Огромната контрадикторност меѓу целите заради кои постои одреден дел од владеачката стуктура која го протежира овој закон за основање на државен универзитет во Тетово, и постапките кои оваа партија ги презема. Во таков случај, навистина незнам како би можеле да поверуваме во случај, во намерите за интегрирање на овој дел од Владата.

Уште една потврда за тоа е фактот дека големдел колеги, кои се претставници на албанската заедница, или тие лично, или пак нивни блиски роднини работат и егзистираат во Универзитетот на Југоисточна Европа. А дали тоа не ви личи вам на парадокс, бидејќи цело време ние велиме дека треба да се легализира и бараат колегите да се легализира овој параунверзитет, а од друга страна тие или пак нивни блиски работат на таканаречениот Штулов универзитет. На тој начин сакаат да не убедат и нас пратениците и граѓаните и јавноста и албанците студенти кои студираат на другите универзитети и во Република Македонија и надвор од Република Македонија дека со легализацијата на овој тетовски универзитет ќе почне да тече мед и млеко за албанците и за високото образование на албанците на свој мајчин јазик.

Ако многу почитуваните колеги пратеници не можат да направат проценка на ефектите кои ќе се постигнат со донесувањето на овој закон за основање на државен

универзитет во Тетово, јас би помогнала со неколку основи кои вчера ги кажав, ама ред е после сите овие дискусии да ги повторам.

Пред се, реков вчера дека на територијата на Тетово постои универзитет на Југоисточна Европа. На оваа територија на градот Тетово постои таканаречен параунивертитет, во кој постојат осум факултети. Од тие 8 факултети со овој предлог на закон рековме дека ќе легализираме три-четири не сум сигурна колкав број е, а дали тоа значи останатите пет или четири што ќе останат во сегашниот параунивертитет и натаму ќе егзистираат како илегални, како параунииерзитет, така што на територијата на Тетово тогаш ќе имаме наместо два тогаш три универзитети, од кои едниот е нормално параунивертитет.

Опозицијата честопати е критикувана дека ниту била конструктивна, ниту била креативна. Сега за да ја негираме оваа теза ќе му понудиме на почитуваниот г-дин министер решение кое се наоѓа пред него, ама некако не го гледа. Решението е следното:

Универзитетот на Југоисточна Европа, по истекот на времето кое е предвидено да биде финансирано како приватно од меѓународната да продолжи како државен универзитет односно да биде финансиран од Буџетот на РМ. Покрај ова, ако се утврди потребата за постоење на нов вид на факултет кој треба да егзистира и да се основа при постојниот таканаречен Штулов универзитет, со тој факултет еден или два би се проширил самиот Универзитет на Југоисточна Европа. Ова е предлогот, господине министре, од опозиционата ВМРО-ДПМНЕ, кој според мое мислење е и конструктивен и креативен.

На крајот би сакала да кажам дека не е математика кој какви политички поени ќе добие во парламентот преку дискусиите за овој предлог за донесување на закон, туку колеги пратеници математиката е што ќе добијат граѓаните на РМ со овој закон, со оглед дека восите демократски држави каде постои владеење на правото, законите се донесуваат за доброто на сите граѓани во државата, во овој случај во РМ. Верувајте ми дека со овој предлог за донесување на закон за основање на државен универзитет во Тетово најмалку албанците од РМ ќе добијат нешто, а пак македонците уште помалку од албанците. Затоа, не постои апсолутно никаков реален аргумент со кој би можела Владата или позицијата да ме убеди во оправданоста за донесување на овој закон. Не

сакам ниту да помислам, а недајбоже ни да прејудицирам дека овој закон и неговата примена ќе ја добие судбината или ќе ја следи судбината на тн., Бранков закон кој во тоа време министерот Јован Манасиевски толку жестоко го бранеше како добар, одличен основ за вработување, 20 илјади луѓе и после една година Владата рече извинете ама овој закон не ги постигна тие ефекти.

Што во тој случај почитувани колеги, конкретно со овој закон за основање на државен Универзитет во Тетово. Како тогаш ќе се чувствуват и албанците и македонците а посебно албанците. Кој ќе биде виновен? Пак опозицијата. За се е виновна, последната година опозицијата е за се виновна.

Јас верувам дека тогаш и албанскиот и македонскиот народ ќе има што да кажат на Владата а до тогаш ни останува само будно да ги следиме и да ги критикуваме ваквите небулозни проекти произлегуваат од кујната на Владата, ама чиј крај како што тргнало не им се ни гледа.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, госпоѓо Којзеклиска. Повелете г-дине Балковски, а нека се приготви пратеникот Фатмир Асани.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Почитуван претседателе на Собранието, почитувани претставници на Владата, почитувани пратеници,

Навистина на почетокот јас би сакал да поставам едно прашање до сите нас а најповеќе до вас како претседател на Собранието, и до министерот како претставник на Владата зошто овој закон треба да се донесе денес во една нон-стоп постапка? Како парламент и како јавност навистина имаме право да го дознаеме тоа. Односно што е целта да се донесеше законот вчера, или да се донесе во утринските часови или што е целта да се донесе утре. Ако има некоја навистина голема цел како претседател или како претставнк на Владата кажете ја, затоа што овдека многу малку пратеници сме, да се собереме сите да видиме што е таа току голема цел во сабота или во недела да се донесе закон за универзитет во Тетово. Јас навистина би сакал да дознам и како пратеничка група и како сите пратеници и да видиме дали тоа да го решиме сега во овој

момент, ако е од толку голем државен интерес или да одиме по некоја постапка нормална, затоа што во 03,10 часот, наутро да се разговара за универзитет во Тетово мислам дека навистина ова сите нормални работи нормални процедури ги имам поминато. Меѓутоа, уште еднаш ќе нагласам, ако је целта толку голема, треба да се каже, или е договор што мора да се донесе денеска. Не сакам да кажам дека условување. На дневен ред на оваа седница е Предлог закон за основање државен универзитет во Тетово и по оваа точка дискутираме еве веќе 5-ти ден. Овој закон штом дојде од Владата и го проследи во постапка до Собранието почитувани пратеници, ако позицијата како што го бранеше досега го одбрани и понатаму, сигурно ќе се изгласа овој закон. Меѓутоа, се поставува едно прашање сепак затоа јас би сакал да одговори министерот затоа што вчера и денес, нон стоп се прашува министерот и на некои работи ако сакаме да го донесеме овој закон, навистина и министерот треба да уклучи во оваа постапка и во оваа дискусија, затоа што сме Собрание и Парламент, а тоа прашање гласи за што ќе се гласа, односно за што ќе гласа владеачката коалиција. Дали за основање на нов државен универзитет, или за легализирање на универзитетот во мала речица. За што? Значи имаме две солуции. Две варијанти еден закон. Една група од владеачката коалиција мисли и го брани законот дека овој закон е донесување на нов универзитет во Тетово. Друга групација од владеачката коалиција кажува дека со овој закон се легализира тетовскиот универзитет. Треба јасно да се каже ако се носи закон за основање на нов државенуниверзитет во Тетово, кажете јасно дека легализација на тетовски универзитет Малоречански универзитет нема да има. Или, обратна ситуација што ја застапува другата страна односно другата група од владеачката коалиција која што вика дека легализација на малоречанскиот универзитет е со овој закон, дајте, да се промени законот. И да пишува наместо Предлог закон за основање на државен универзитет, кажете јасно дека Владата излегува со став дека имаме Предлог закон за легализирање на малоречанскиот универзитет во Тетово. Значи, овие работи треба навистина да секажат можеби не е време сега во овие утрински часови,меѓутоа затоа во една нормална постапка требаше на овој начин да разговараме цело време.

Затоа што ќе имаме многу опасна ситуација и што ќе ни се случи. Овој закон ќе го донесете, без разлика сега што нема пратеници, кога ќе дојде гласањето ќе влезат сите

пратеници, и ќе го изгласаат овој закон, ние да зборуваме и денес и утре и задутре. А, ние ќе зборуваме. Тоа приостанува да ги кажеме фактите, да ги слушне народот и да видиме на каков начин, на пример да направиме нешто добро.

Меѓутоа, со ваков закон, со Предлог закон за основање на државен универзитет, ќе се доведеме во ситуација да во Тетово постои универзитет на Југоисточна Европа, кој што работи со сите светски стандарди и сите услови каде што ги имаат студентите од сите националности. Знаеме дека 80% тоа се албански студенти, кои што учат за да допринесат за развојот на оваа држава. Тоа го знаеме. Сакам, да напоменам овдека дека пред неполн месец беше одбележувањето на две годишнината од Штуловиот универзитет каде што г-динот Вандер Штул беше прогласен за почесен доктор, и навистина почитуван министре како претставник на Владата таму сите места кај што требаше да седи Владата беа празни. И тоа не беше добра гледка за сите амбасадори што беа присутни, сите меѓународни организации затоа што сепак за тој универзитет добивме 50 милиони евра помош како држава Македонија. Значи, не добивме помош како партија ниту ВМРО, ниту ДПА, него како држава и државата сепак требаше да оддаде една чест и на Вандер Штул, што се прогласи за почесен доктор,меѓутоа и на сите претставници на сите меѓународни организации и земји како претставници на амбасадите.

Меѓутоа, се покажа и ќе се покаже можда во иднина дека сепак оваа Влада можеби не го признава овој Југоисточен универзитет, ќе напоменам пак со сите светски стандарди во студирањето и сака да направи нов универзитет. Тоа е став на Владата, ние дали ќе го прифатиме или не, ќе се изгласа тоа. Меѓутоа, освен овој Југоисточен универзитет, ќе имаме и нов универзитет во Тетово. Е, сега се поставува прашањето што ќе правиме, со овој нелегален универзитет што го имаме. Пред малку имаше бунење, не е во Мала Речица, Мала Речица припаѓа во Тетово. Добро ете меѓутоа да го земеме како нелегален универзитет, односно унверзитет со нерешен статус. И тој ќе постои. Ако го донесеме овој закон овака како што постои ќе имаме три универзитети во градот Тетово. Еден Југоисточен, еден нов универзитет и еден нелегален универзитет, односно универзитет со нерешен статус.

И тогаш треба да чекаме некој друг период од неколку месеци, каде што со некој друг предлог на закон ќе дојдеме до легализација на третиот универзитет во Тетово. Ако е тоа целта, да ја знаеме, можете да ја кажете, можеби не, меѓутоа проблемот е дека тој ќе постои и ќе се појави тој проблем, затоа што како што стои во програмата и во предлог законот не влегуваат сите факулети во овој нов универзитет. Е, сега, цело време ние зборуваме дека ние потребно заради студентите, заради науката, образованието, само тие зборови, развој, само тие зборови ги употребуваме.

Што ќе правиме со овие студенти?

Ќе останат студенти кои што тие пак ќе си го признаваат тој нелегален универзитет. Како ќе ги прифатите нив да дојдат во новиот универзитет во Тетово. Значи ќе морате да употребите драстични мерки. Или ќе морате да го затворите пак со драстични мерки нелегалниот унвиерзитет. Дека тие факултрети што овдека се природно математички, факултет за хуманистички науки, економски факултет, правен факултет и центар за политехнички студии. Уште неколку факултети живеат сега во тој нелегален универзитет. Ќе ги затворите тие? Треба да одговориме на овие прашања. Значи треба да се поведе дискусија што ќе се прави со овој нелегален универзитет. Или дали ќе имаме три или ќе имаме два. Ако имаме два, ако е ова решение за основање на државниот универзитет треба да се каже дека овде се затвора нелегалниот универзитет и да се знае едната групација од владеачката коалиција да знае дека не постои веќе тетовскиот универзитет во Мала Речица, значи не се легализира. Тој се затвора и се направи нов.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Или пак можеби имате друга цел што ќе ја дознаеме, пред да се гласа ќе кажете, или ќе кажете после некое време кога ќе дознаеме дали ќе бидат два универзитети, два или три универзитети во Тетово, или можеби тогаш ќе имаме нов закон за легализација на останатиот дел од тетовскиот универзитет. Можеби тоа да постои како предлог закон, да го добиеме.

Овде имаме мислење по проектот за основање на универзитетот во Тетово и навистина неколку пратеници пред мене го анализираа овој материјал и овде не гледам ни еден збор каде се дава позитивно мислење за основање на универзитетот во Тетово.

Поблиску е елаборирана потребата за основање, нараснати се потребите за образование, има пореба од основање, треба да се земат предвид кадровски, социјални и други развнојни потреби, нагласаено е меѓуетничката интегративна функција на новиот државен универзитет, треба да имаат еднаков пристап сите граѓани. Меѓутоа, конкретна работа, конкретно мислење, а позитивно, за еден универзитет, овде не постои.

Во точката 4 пишува дека во проектот е прикажан износот за потребните средства за основање на новиот универзитет на четири години. Меѓутоа, има друга реченица, во продолжение, која гласи: “Се укажува дека Владата на Република Македонија и Собранието на Република Македонија за основање на новиот универзитет треба да обезбедат дополнителни средства”. Значи, овие средства што се обезбедени се малку, треба да се обезбедат одполнителни средства. Се укажува дека социјалната структура на студентите значително е влошена, со што битно е ограничен пристапот на младите кон високото образование и затоа се препорачува да се предвидат и средства за студиски стандард. Значи, стипендирање, кредитирање, сместување, исхрана, достапни учебни помагала. Се тоа изразено во сума на пари. Значи, не е, како што се вика два милиони евра, туку ова во почетокот ќе биде два и после автоматски имаме едно зголемување, можеби неколку пати по два милиони евра, додека стигнеме до реалната цел.

Треба да се направи финансиска контрукција, требаше да се направи, бидејќи во предлог програмата ја нема таа финансиска конструкција, каде ќе се видеше што значеше тие средства да се вложат во Штуловиот универзитет и што значат тие средства да се направи нов универзитет. Во точка 5.2 предлагачот, при изборот на предложените факултети и студиски програми имал за цел прифаќање на лицата кмои ги исполнуваат условите за запишување на дипломски студии, а посетувале настава на универзитет во Тетово. Како ќе се реши нивниот статус, тоа сепак останува отворено прашање.

Во предлог законот за основање на државен универзитет во Тетово, пак имаме некои нелогичности, како текст. И овде, во член 1 се кажува дека се основа државен универзитет во Тетово, со факултетите што ги набројав. Универзитетот има својство на правно лице, во член 2, има една сметка за редовно работење. Сега се

поставува прашање која сметка ќе биде таа за редовно работење, дали таа сметка сега функционира во овој универзитет, што едната групација на владеачката коалиција сака да го легализира. Со таа сметка ќе работи факултетот ии ќе се отвори нова сметка?

- Универзитетот ќе почне со работа веднаш по завршување на процедурата водена од страна на матичната комисија. Средствата за финансирање на дејноста ќе се обезбедуваат од буџетот.

Значи, целиот овој предлог на закон е пишуван за нов универзитет, всушност ќе се легализира универзитетот во Мала Речица. Меѓутоа, можеше на многу подруг начин, со нов предлог на закон односно со ново име за легализација на тетовскиот универзитет да излезете пред Собранието на Република Македонија и да го браните тој предлог закон, затоа што и во програмата, кога ќе се гледа програмата, не се знае каква е реалната систуација во Тетово. Ако некој не знае каква е ситуацијата, ќе мисли дека ќе се прави нов универзитет. Од друга страна овде вели - универзитетот ќе почне со работа веднаш со завршување на процедурата, а таму имаме, како што се кажува, градежно земјиште, регулациона линија, протокол, одобрение за градба, а не се кажува дека веќе е изграден тој универзитет и тој работи. Значи сите тие работи, или требаше нов закон, со нови членови. Таа комисија што го правела овој закон, сигурно водела сметка барем правната процедура да биде издржана, а не сите да се правиме дека не знаеме дека во Тетово има и работи универзитет.

За средствата спомнав во мислењето по проектот за основање на универзитет во Тетово. За просторот исто така.

Меѓутоа, просторот ќе биде многу проблематичен, односно ќе имаме многу проблематична ситуација, затоа што во почетокот, можеби ќе функционира како простор што сега е зафатен од универзитет во Тетово, меѓутоа во точка 5.3. пишува дека за тоа ќе треба да се изјаснат и за соодветноста на кадрите, одделни факултети и студиски програми. Така што, оваа работа ќе се прошири можеби и на универзитет “Св.Кирил и Методиј” во Скопје.

И на крај, во Република Македонија имаме универзитет “Св.Кирил и Мезтодиј”, имаме универзитет “Св.Кирил и Методиј”, имаме универзитет на Југоисточна Европа во Тетово, а за овој универзитет навистина немаме име.

Кое име ќе го дадете за овој универзитет? Треба да кажете овде, дали во член, или после комисијата, меѓутоа овој универзитет нема име. Вели предлог за донесување на закон за основање државен универзитет во Тетово. Така ќе се вика, државен универзитет во Тетово? Или после откако ќе се усвои законот, може да се случи една друга постапка, да го усвоиме законот и после универзитетот да си избере име што ќе се чудиме после сите ние во Република Македонија, како тоа, меѓутоа тоа ќе биде правно издржано, затоа што ние сме го изгласале законот, се собрала универзитетската управа, си донела некое име кое за нив е прифатливо и се тоа ќе биде правно издржано. Меѓутоа, ако е така, треба уште сега да се каже името, со кое име ќе настапи универзитетската управа, затоа што се знае. Да е ново, нема да знаеме. Да е, како што е пишуван законот, нема да знаеме. Меѓутоа, бидејќи знаеме дека тој универзитет функционира, значи сепак се знае името, меѓутоа името може после ќе се каже. Во секој случај, без разлика дали овој закон ќе се донесе и ќе претставува закон за донесување на државен универзитет во Тетово, или ќе се прифатат амандманите каде што пишува дека ќе биде легализација на државниот универзитет во Тетово. И едната и другата работа, без притоа да се води сметка за Југоисточниот универзитет во Тетово, навистина сето тоа ќе оди на штета на студирањето на студентите во тие простори. Меѓутоа, јас би рекол и за сите студенти во Република Македонија, затоа што ние не сме толку богата држава, па да не осетат другите студенти дека ќе се одделуваат пари за овој универзитет. Тоа ќе се осети. Сепак, мислам и претставник од Министерството за финансии требаше да биде тука, за да ни објасни на каков начин ќе се најдат тие средства, од каде ќе се земат тие средства. Ние тоа не го знаеме. Знаеме дека ќе се обезбедат средства од буџетот. Република Македонија и како Влада и како Парламент и како држава треба да обезбеди, навистина, услови за студирањето, за стандардот на студентите, затоа што сепак во секоја реченица и надвор кога одиме како делегации и овде кога доаѓаат делегации и кога дискутираме во Парламентот и на Владата на Република Македонија кога дискутираат партиите кои учествуваат во владината коалиција, го употребуваме секогаш,. развој,

напредок, млада генерација, сакаме младите да останат овде, не сакаме да ги пуштиме надвор, а воопшто не водиме сметка за нивниот стандард додека студираат. После ќе биде многу доцна, тие млади да донесат развој, за што и како млади веруваат во својата земја.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Збор има господинот Фатмир Асани.

ФАТМИР АСАНИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитуван министер Азис Положани,

Објективното учество на ДПА во врска со оваа точка на дневниот ред, имаше за цел на вистински начин да зборува за прашањето на високото образование на албански јазик.

Тетовскиот универзитет во реалност што датира уште одамна, без оглед на позитивните или пак негативните страни кои ги има овој универзитет.

Години со ред, со овој проект е правен политички маркетинг и тоа едно подолго време. Последен пат во име на тетовскиот универзитет студентите беа повикани на востание од бившиот водач на ОНА, или подобро речено од сегашниот лидер на ДУИ. И наместо денес ветувањето дека ќе го легализирате тетовскиот универзитет, вие нудите парцијално решение и дури сметшно решение каде што се нуди основање на еден нов универзитет со четири факултети и едно високо училиште.

Јас ги ислушав сите дискусии од пратениците на ДУИ и ниту еден од нив не кажа што ќе стане со тетовскиот универзитет. Основаат нов универзитет, или го легализираат постоечкиот кој постои од 1994 година.

Колку што се гледа од предлог законот кој е тука пред нас, тие основаат нов универзитет со четири факултети и едно високо училиште, закон со шест членови или, да речам со 30 напишани редови, а пред неколку дена го донесовме Законот за државјанство кој имаше повеќе од 30 членови. Ова јасно зборува колку е сериозно основањето на овој универзитет. Се отвораат неколку факултети кои се исти со оние на

Штуловиот универзитет. Дали немаше да биде подобро да се отвореа нови гранки, како на пример медицина, како доста значајна гранка за албанскиот народ во Република Македонија, потоа фармација, архитектура, машински факултет, електротехнички факултет и така еднаш за секогаш ние албанците да го затвориме овој проблем на високото образование што речиси 40 години не мачи.

Кога сме кај основањето на новиот тетовски универзитет што го прави оваа Влада, не гледаме таму какви можности ќе има овој универзитет, со кој финансиски средства и со колку, ќе располага овој универзитет. Незнаеме кога ќе почне да функционира овој универзитет. Тука пишува, матична комисија која ќе ја основа Владата, ќе одлучи кога ќе почне да функционира овој универзитет. Тоа според мене, ќе биде многу тешка работа, затоа што оваа Влада треба да одели многу финансиски средства за да изгради нови згради, нови сали, за да ги исполни условите за овие четири факултети и високото училиште. Сега, како што рече еден пратеник порано, два универзитети во Тетово ќе имаме три, со оглед на тоа што не се опфатени сите гранки на актуелниот тетовскиот универзитет.

Се знае, дека со овој закон ќе бидат ставени на страна многу гранки на овој универзитет и незнам што ќе стане со овие студенти.Јас прашувам што ќе се случи и со студентите кои дипломирале од основањето до денес, како ќе биде направена нострификација на нивните дипломи, бидејќи никаде во овој домент не се зборува за тоа.

Самиот факт што овој закон доаѓа со една скратена процедура, ме убедува дека овој универзитет ќе биде краткорочен и мислам нема да биде реализирано она што е напишано во овој документ. Затоа, би предложил министерот да биде појасен во неговата дискусија и да ни каже како ќе го реализира овој проект за основање на новио универзитет во Тетово.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор госпоѓа Ганка Самоиловска - Цветанова.

ГАНКА САМОИЛОВСКА ЦВЕТАНОВА:

Почитуван претседателе , почитувани пратеници,

Пред да започнам со моето излагање и да ги кажам причините зошто сум испровоцирана уште еднаш да се јавам за дискусија. Би сакала да укажам на причините

зошто пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ продолжи со дискусиите во не доцните ноќни, туку раните утрински сааи, бидјеки ова е нашиот демократски начин, единственото демократско средство ште еднаш на Владата да и укажеме дека овој Предлог-закон за не основање на државен универзитет во Тетово, туку за легализација на парауниверзитетот од Мала Речица треба да го повлече и дека доколку овој Предлог-закон се усвои, Владата на г-динот Црвенквоски ќе направи предавство на националните интереси на Република Македонија .

Истовремено, со нашите долги дискусии сакаме да му укажеме и на парламентарното мнозинство, односно сакаме да го потсетиме која е неговата функција, која е неговата улога во законодавниот дом, за што го добија мандатот од граѓаните. Сакам да ја прашам македонската јавнсот на колку дискусии се сеќава на пратениците од владеачката коалиција, со исклучок на пратеничката група на ДУИ, колку дискусии имаше од пратениците на СДС и ЛДП во однос на законот за основање на државниот унверзитет..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓо Ганка, Ве молам држете се до темата. Ако е кратко ќе дозволам ,но ако е подолго, тогаш..

ГАНКА САМОИЛОВСКА-ЦВЕТАНОВА:

Не, не, завршувам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, поминете на законот.

ГАНКА САМОИЛОВСКА-ЦВЕТАНОВА:

Сакам да прашам колку реплики одговорија на нашите дискусии Сакам со тоа д апотенцирам дека со тоа нивната улога е само во функција на притискање на копчето за признавање на малоречанскиот унверзитет. Сакам да го прашам министерот на колку прашања одговори поставени од страна на пратеничката група односно од пратениците на ВМРО-ДПМНЕ? Дали неговиот молк занчи потврда на озаконување на беззаконието во Република Македонија ?

Да преминам на темата. Кажав дека бев испровоцирана. Од што бев испровоцирана? Во моето претходно излагање начнав една тема и фактички атиципирав во една реплика на еден пратеник во кој тој вели вие секирајте се од ВМРО-ДПМНЕ за макеоднците студенти, а ние ќе се секираме за албанците студенти. Значи, зборува во претходната дискусија за два различни понудени концепти, односно понудени модели на високо образование што им се нуди во државата на студенти албанци, односно на нивниот мајчин јазик. Кои се тие два модели? Го имаме на Штуловиот универзитет од едната страна, малоречанскиот универзитет кој ќе биде легализиран. Што нуди Штуловиот универзитет? Што нуди тој модел? Тој модел нуди квалитет, нуди високо профилирани и оспособени наставни кадри, нуди соживот, нуди модел на мултиетнички карактер, негување на мултиетнички карактер во оваа држава. Наспроти другито модел кој нуди , многу ми е жал што морам да го употребам тој збор, нуди гетоизација, нуди не квалитет, нуди необразован наставен кадар, нуди кадар со дипломи од непостоечки универзитет, тетовски универзитет. Па,нели ние сега ќе го легализираме овој универзитет. Тогаш, од каде излегоа тие дипломи, од каде излегоа тие професори, дипломирани, магистрирани, докторирани на тетовски универзитет? Значи излегуваат професори, ќе предаваат професори со фалсификувани дипломи. Но, најстрашното од се што овој модел го нуди на тетовскиот односно малоречанскиот универзитет, повторно ќе кажам гетоизацијата . Дали е тоа во духот на Рамковниот догвор, ве молам? Дали е тоа во духот на соживотот? Дали е тоа во духот на враќањето на взаемната доверба после конфликтот од 2001 година, дали е тоа во духот на евроинтегративните процеси?

Вечерва, почитувани дами и господа паднаа многу маски. Паднаа маски на оние што тука ни се претставуваа како големи реформатори, кои ни се претставуваа како големи поборници на Рамковниот договр,а сеуште не го потпишале Рамковниот договор. Паднаа маските на тие кои се многу европски ориентирани. Сметаат дека се европски ориентирани..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ова е втор пат, ве опеменувам, да зборувате за законот, ве молам за законот да зборувате.

ГАНКА САМОИЛОВСКА-ЦВЕТАНОВА:

.. сметаат дека се европски ориентирани. Всушност, тоа се декларативни заложби за европска ориентација. Преку моделот на понудениот малоречански универзитет, всушност, гледаме како тие ја доживуваат, каква е нивната визија за соодност во државата, за идниот развој во државата.

Како што кажа колегата, вие секирајте се , за вашите, ВМРО секирајте се за македонските студенти ни за албанците. Дали тоа значи бинационална држава? Дали со териториајлната поделба ќе имаме регениолизација, два дела, ќе иамме Источна и Западна Макеоднија?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Ганка ќе ви го одземам зборот ако не поминете на законот.

ГАНКА САМОИЛОВСКА-ЦВЕТАНОВА:

Госпоѓа Ганка.

Сакам да укажам на тоа дека во согласност со понудените модели односно која партија, која политичка партијакаков модел подржува, сакам да укажам каква е нејзината визија за идниот развој на настаните. И, сакам да ви кажам уште еднаш за сит еобвинвуања во однос на тоа дека ВМРО-ДПМНЕ не е реформирана. Немојте да се грижите за ВМРО-ДПМНЕ. Таа е доволно реформирана и нема повеќе да се реформира. Ние сме истрајни и конзистентни во нашите и политички идеолоки заложби.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор г-динот Чедомир Краљевски.

За реплика се јави г-динот Томиќ. Прво реплика, после процедурално.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Почитувана колешке ганка, ве слушав многу внимателно . Во добар дел се повторивте. Само едно ќе ве замолам , немојте однапред да прејудицирате кој како ќе галса.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Имате право на една минута, повелете.

ГАНКА САМОИЛОВСКА-ЦВЕТАНОВА:

Сакам да го прашам јавно доколку има доблест колегата од 6-та изборна единица , во која двајцата ги добивме нашите мандати од граѓаните, како тој ќе гласа и доколку гласа за, бидејки тоа е партиска директива, како тоа ќе им го објасни на граѓаните од 6-та изборна единица каде го доби неговиот мандат.

ЉУПЧО ЈОРДАНВОСКИ:

Процедурално има збор г-динот Насуфи.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Господине претседателе, искрено мислам, вие треба да имате разбирање, бидејки ние дел од пратениците и така треба да бидеме овде затоа што темата е таква. Но добро е да ни дадете малку пауза малку да се освежиме. Ова е ненормално, да се работи во овие утрински часови.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас не ви пречам да излезете и да се освежите. Јас седам овде повеќе од вас па не ми пречи тоа.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Ама вие одите таму.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Па и вие можете да идете.

За реплика се јави г-динот Ќурчиев.

НИКОЛА ЌУРЧИЕВ:

Навистина ценам дека седницава трае колку што трае, меѓутоа по сето она што беше искажано се гледа дека навистина не се бара политички поени меѓутоа еве и во овие часови слушаме дека младите треба да се секираат или не треба. Точно е младите треба да се секираат, особено ако дел од нив или некои од нив ја гледа и слуша оваа седница, ги следи дискусиите на пратеиците кои веќе не знаат дали по еднаш или по повеќе пати си ги повторуваат дискусиите.

Меѓутоа секогаш или обично кога се во прашање малдите и настаните пворзани со нив, многу по природно е во прв план секогаш да се спомнуваат или да доаѓаат благородни, би рекол асоцијации од типот на креативност, иницијативнсот, елан , некаков позитивен натпревар. А не овој пример што ние го даваме вечерва овде. И , навистина би можел и во овие часови да кажам дека паднаа маските.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете госпоѓице Самоиловска, една минута.

ГАНКА САМОИЛОВСКА-ЦВЕТАНОВА:

Иако не ми е јасно во што се состоеше репликата, обично г-дине претседателе вие инсистирате на прецизни реплики, точно на кој дел , ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Зборувавте за млади, ваши и наши.

ГАНКА САМОИЛОВСКА-ЦВЕТАНОВА:

Сакам да кажам дека онаа младина што не и даде подршка на студентските протести е токму таа политички заведена младина.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Нема контра реплика.

(Реплика бара г-динот Кондарко).

Мора ли? Прашувам мора ли?

Повелете.

БОРИС КОНДАРКО:

Бидејки паднаа маските претседателе мора да се реплицира, како што кажа госпоѓата Самоиловска. Мислам дека пратениците на ВМРО-ДПМНЕ се многу противречни бидејки во нивните дискусии, наводно, според нив, како што се иозјаснија цело попладне, цела вечер и цело утро би дозволиле упорно говорат дека би дозволиле формриање , оснвоање на универзитет во Тетово. Меѓутоа, замислете тие се загрижени за квалитетот на наставата и условите, па затоа им прават услуга на албанците и велат дека немаат ништо против , од една страна, универзитетот, но поради нивно добро, на албанците, нема да гласаат за законот. Мислам, каква хипокризија, какво продавање на несериозни аргументи.

И на крајот, сакам да се огхрадам од зборовите што ги искажа госпоѓата Самоиловска за национално предавство. Тоа се премногу тешки зборови. Не значи дека ако некој е опозиција, се му е дозовлено да каже, само радиосвојување на дневни поени. Можеби госпоѓата Самоиловска мисли дека многу луѓе ја гледат оваа седница, меѓутоа по мене ова што го говорат вечерва пратениците на ДПМНЕ е срамота...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам, ВМРО-ДПМНЕ.

БОРИС КОНДАРКО:

ВМРО-ДПМНЕ и мислам дека се користат со многу фарсични фрази, бидејки веќе немаат што да говорат, ги препрочитаа сите однапред подготвени дискусии, зборуваат за некое наводно озаконување според Самоиловска на беззаконието во Република Македонија , меѓутоа сакам јавно да кажам дека или зад таквото озаконвуање на беззаконието ќе каже г-ѓата Самоиловска кое е тоа беззаконие, во што се состои тоа беззаконие, што е незаконито и што се аргументите со кои ќе го потврдат таквото незаконие. Во спротивно ова е не  сериозно и се оградувам од таквите изјави на Самоиловска.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, изминаа три минути.

Видете, секој има свој стил. Јас затоа не се оградувам од тоа што го рече госпоѓа Ганка. Тоа е нејзин стил на искажување како што сите имаме свој стил на искажување. Секој овде е слободен да го каже тоа што смета да го каже.

Повелете, имате право на котра реплика од една минута.

ГАНКА САМОИЛОВСКА-ЦВЕТАНОВА:

Господине Кондарко, па вие навистина ништо не сте разбрале. Очигледно и вие спаѓате во онаа категорија на политички заведена младина.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете, има збор г-динот Краљевски, а по него е г-динот Спиро Мавровски.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Благодарам претседателе.

Почитуван претседателе, ви се обраќам директно на вас и сакам да ве потсетам дека Собранието е во перманентно заседание, а пленарните седници што ги одржува се јавни. Јавноста на работењето на Собранието е изразена преку тоа што седниците се пренесуваат преку МРТВ и се достапни, транспарентни за прием до сите граѓани во

Република Македонија . Ве убедувам и ве уверувам дека будно ја следат оваа седница можеби половина .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Чедо Краљевски јас сепак не сум законот и не сум тема на законот. Ве молам поминете на темата.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Сакам да ви кажам дека будно ја следат седницава половина граѓани, можеби на Република Македонија и вие сте одговорен затоа што ги оставивте луѓето без спиење. Но, сепак чинам дека луѓето незалудно ја следат седницава. Со тоа сакаат да ја искажат својата загриженост за она што ние денеска и претходните два дена го дебатираме овде, односно точката на дневен ред - легализација на тетовскиот парауниверзитет. Тоа само уште еднаш покажува, покрај протестите што деновиве ги имавме пред Собранието, пред зградава на Собраниево и на друг начин дека граѓаните на Република Македонија знаат да ја покажат својата загриженост и одговорноста што ние ја носиме како пратеници за решавање на ваки битни прашања. Тоа ви го кажувам затоа што пред малку добив неколку телефонски повици со кои граѓаните ни даваат кураж, храброст да опстоиме во нашиве дискусии...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тогаш, ве молам поминете на дискусијата, околу законот.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Да опстоиме во нашиве дискусиии да покажеме дека..

ЉУПЧО ЈОРДАНВОСКИ:

Зборувајте за законот, навистина г-дине Краљевски ќе ви го земам зборот, затоа што втор пат ве опоменвуам.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Добро, само да ја завршам реченицава.

Да покажеме дека уморот не може да не совлада по вакви битни прашања кога институционализираме една незаконска, нелегална институција, кога правиме обид да институционализираме една нелегална институција што посоти од 1995 година па наваму.

За што ние денеска расправаме? Дали расправаме ние за универзалното право на високо образование на албанците во Република Македонија ? Секако дека не расправаме за тоа. Секако дека не расправаме за правото на високо образованеи на албанците во Република Македонија бидејки тоа право е веќе апсолвирано. Апсолвирано е со формирањето на Штуловиот универзитет во Тетово. Апсолвирано е на најразионален можен начин, бидјеки, не би сакал сега да се повторувам, да ги кажувам квалитетите на Штуловиот универзитет во Тетово, на кој начин е решено прашањето на високото образование на албанците. Сега се нуди едно депласирно отворено прашање, депласирано затоа што е веќе решено, а отворено затоа што така го нудат актуелните коалициони партнери.

Од дискусиите на повеќе овде пратеници кои се воедно и универзитетски професори имавме прилика да слушнеме за немањето потреба од легализација на таканаречениот малоречански односно сега како што се нуди тетовски универзитет, бидјеки според критериумите што треба да ги исполнува една високо образовна институција таа ни најмалку не задоволува. Понудениот проект ни најмалку не задоволува од аспект на просторните услови, на материјалните услови, на финансирањето, на квалитетот на наставните средства, како и на квалитетот на наставничкиот кадар.

Имено, мотивацијата за формирање на овој , легализавција на малоречанскиот универзитет е исклучиво политичка. Бидејки со доаѓањето на власт на коалицијата СДСМ - ЛДП и ДУИ , се воведе принцип на владеење, би рекол кумулативен принцип на начин на владеење што јас би го кажал, првиот услов е одење по линија на послаб отпор, и вториот услво е принципот воведување на принципот на апсурдност во владеењето.

Што значи тоа одење по линијата на послаб отпор? Тоа значи задоволување на сите барања што коалициониот партнер ги бара и условува за опстој на колаицијата СДСМ - ДУИ. А, вториот принцип, принцип на апсурд, тоа е во слободен превод принцип на бесмислица, затоа што на една страна имаме веќе потврден докажан универзитет, докажана институција со сите нишани , а на друга страна ни се нуди нешто што е слободно речено неизвесност.

Е сега, зошто ни се нуди? Тоа е како награда за оние кои на времето, според цитатот што претседателот на партијата ВМРО-ДПМНЕ во својот говор го кажа, ги повикуваше студентите отворено, од бина во Тетово, со сила и со оружје во рака да се изборат за некакви човекови права.

И како награда на тој повик и на тој апел сега ние треба тие исти луѓе да ги наградиме со давање на една високошколска образовна институција што ќе биде финансирана од страна на сите граѓани во Република Македонија.

Значи, апсурдот е во тоа што се наградува оној кој со сила нешто извојувал и кој со постојани уцени опстојува повторно на она што му било можеби почетен мотив за излегување во планина.

Почитувани колеги, простата логика налага на секој рационален човек што има намера да биде студент на еден од факултетите што го нуди Штуловиот универзитет во Тетово односно хипотетички да претпоставиме дека е веќе донесен законот за формирање на тетовскиот универзитет да врши избор помеѓу тие две опции каде да студира.

Нормално, здравата логика налага дека изборот ќе го врши онаму каде е веќе извршена, на некој начин, не на некој начин, туку сто постотен начин сигурно евалуацијата на страната на Штуловиот универзитет додека секако ќе се избегне студирањето на универзитет кој нуди само неизвесност, кој нуди низок стандард, субстандард на квалитетот на наставата, на материјалните услови, на просторните услови и тн. Мислам дека дилемата не е дилема, туку е единствен избор Штуловиот универзитет.

Кога се поставува прашањето за финансирање на Штуловиот универзитет во Предлог-законот се вели дека се работи за некои два милиони евра за почеток на

формирањето. Меѓутоа, сите предвидуваат дека таа сума многуструко ќе се надмине и можеби на годишно ниво ќе изнесува 10, па можеби и 20 милиони евра, ако се земе како паралела споредбата со Штуловиот универзитет кој досега за своето функционирање има потрошено 60 милиони евра за две години.

Спрема тоа, ова е уште една обмана што се нуди за сите граѓани во Република Македонија дека студирањето на тетовскиот универзитет нема толку да ја чини државата односно граѓаните на Република Македонија, наспроти тоа практиката до сега од финансирањето на Штуловиот универзитет покажува дека тоа ќе биде многу пати повеќе.

Што друго да се каже за овој проект кој очигледно е осуден на пропаст од страна на поширокаta јавност во Република Македонија, бидејќи нуди само неизвесност, нуди дополнително оптоварување на сите граѓани на Република Македонија, а од друга страна се одбегнува студирањето односно се одбегнува можеби најдобриот потег што би можело да го повлече оваа Влада сега односно средствата што се планирани за финансирање на тетовскиот универзитет да ги пренасочи во зголемување на квотите или на бројот или на обемот на упис на студенти од албанска етничка заедница во Штуловиот универзитет и таму да го зголеми квалитетот и обемот на наставата. Благодарам

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господинот Трендафилов процедурално.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Благодарам госпоѓо Поповска, дали може да констатирате дали има присутен претставник на Владата?

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Да, има.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Се извинувам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Нема проблем, во ред е.

Продолжуваме со дискусија, реплика господинот Вејсели.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Ако не фати утро, ќе работиме до 15,00 часот попладне, мислам дека инаетот е поголем од ефикасноста и рационалноста во овој Парламент. Мислам дека од ова никој не добива, туку сите губиме. Мислам дека се повторуваат дискусиите по три-четири пати, дури сме сведоци се зема стенограмот и повторно се чита. Веќе сме досадни и пред јавноста.

Јас гледам пратеници кои одат да спијат и доаѓаат, се пријавуваат за дискусија, но, добро, јас ќе се потрудам да кажам дека доколку македонската опозиција е многу загрижена за албанското образование и сега ги ориентира албанците каде треба да студираат, дали треба да студираат во Југоисточниот универзитет или во тетовскиот универзитет. Не прават разлика дека Штуловиот универзитет е една приватна институција каде школувањето се плаќа, секој упис е 1000 евра или 2000 германски марки или 60 илјади денари. Дали си поставувате прашање самите на себе дали секој граѓанин на Република Македонија кој сака да се запише на високо образование има 60 илјади денари за да се запише.

Второ, државниот универзитет е потреба на албанците во Република Македонија, дека со тој се постигнува прво, национална и граѓанска еднаквост во Република Македонија и второ, рамноправни се со своите колеги македонци дека во високото образование ќе се запише без тие 60 илјади денари.

Сега, многу ви е лесно да ги ориентирате албанците во Штуловиот универзитет, но тогаш платете им на тие луѓе за да се запишат таму.

Трето, јас навистина не гледам причина за пропагандите кои се прават вечерва овде, врз кои критериуми се прават, кои се критериумите кои сакате да ги упатите каде да студираат албанците. Ова е под број еден.

Времето кога ние бевме најголема албанска опозиција во овој Парламент тогашната Влада го основа Штуловиот универзитет. ПДП никогаш не беше против оснивање на еден ваков универзитет, но секогаш сме зборувале дека ова нема да го именуваме како замена на тетовскиот универзитет. Тетовскиот универзитет сакал некој

или не, тој еден ден ќе се создаде, тој ден дојде затоа што околностите се такви, се измени Уставот на Република Македонија, вие треба да бидете свесни дека измената на Уставот односно амандманите на Уставот дозволуваат високо образование на албански јазик.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

(Пратеникот негодува за одземениот збор).

Реплика на репликата од господинот Краљевски.

Поминаа три минути и неколку секунди, реплика е, ограниечена е, знаете.

Нема реплика господинто Краљевски.

Продолжуваме со дискусија, зборува господинот Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам гопсоѓо потпретседателке. Еве расправаме трет или четврт ден, но конечно пред мене го имам проектот за основање на универзитетот во Тетово од Владата на Република Македонија, Министерство за образование и наука. Бидејќи претпоставувам и не само што претпоставувам, знам дека опозицијата не го видела а исто така и колегите пратеници од опозицијата исто го немаат видено. Ќе се обидам, тука има можеби 200 страници, да објаснам нешто од овој закон, а ќе се обидам нешто и да прочитаме.

Би почнал со содржината. Во содржината стои:

1. Правна основа за основање и организирање на универзитетот.
2. Постојни состојби и идни потреби за образование на кадар.
3. Студиски области со опис на студиските програми на универзитетот
4. Обезбеденоста на соодветни простории и опрема за остварување на високообразовна дејност.
5. Извори на финансиски средства за вршење на високообразовна дејност.

Мислам дека почнавте да се смеете, ама кога ќе ги слушнете бројките, ќе ви дојде за плачење.

6. Обезбедување на потребен број за наставно-научен и соработнички кадар за вршење високообразова дејност.

И имаме прилози кон проектот кои се многу интересни.

Воведот бидејќи беше во законот мислам дека сите пратеници го прочитавте, би сакал да го прескокнам, и покрај тоа што не е извадено она што беше многу важно...

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Мавровски, навистина имам чувство дека го губиме дигнитетот како Парламент. Ова е подбивање. Читање на програма од 200 страници која ја најавивте мислам дека е крајно невкусно.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Вака госпоѓо потпретседател...

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ако сакате, дајте ја во прилог како дискусија, мислам дека така би било подобро.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Дигнитетот на Парламентот дефинитивно е загубен.

Се извинувам, госпоѓо потпретседателке, една работа да ја расчистиме. Дигнитетот на Парламентот се изгуби, затоа што после четири дена расправа ние одиме до овој документ. Овој документ е појдовниот за кој требаше сите пратеници што сега се смејат да го прочитаат, да видат...

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Мавровски не е работа ние да дискутираме сега. Овој документ го имавте вие, го добивте на комисија, уште колку сум информирана тука е и претседателката на комисијата, јас ве молам да не ја дезинформирате јавноста.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Јас го немав, бидејќи не сум член на комисијата.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Го имавте, и членовите на комисијата го имаа и беа должни на своите пратенички групи да им го дадат. Значи, немојте да ја дезинформирате јавноста. Јас ве молам да не го читате документот. Мислам дека е невкусно, вие како сакате. Ако сакате, ќе ви ислушаме и 200 страници, меѓутоа мислам дека навистина е невкусно.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Мислам дека немате право да ме прекинете, бидејќи е дискусија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Во ред, повелете господине Мавровски, продолжете.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Ова е моја дискусија и јас сакам да полемизирам со ова што ни е понудено како пратеници и мислам дека имам потполно право. Повелете, има реплики, можете да се јавите слободно.

Значи, имаме правна основа за основање и организирање на универзитетот. Правната основа за основање на универзитетот во Тетово како државна високообразовна установа е членот 33 од Законот за високото образование, според кој државна високообразовна установа основа Собранието на Република Македонија, значи ние.

Правниот статус на универзитетот треба да се регулира со предлог за донесување на закон за основање на универзитет во Тетово како државна високообразовна установа, согласно Законот за високото образование. Имено, според член 7 од Законот за изменувње и дополнвуање на Законот за високо образование универзитет може да се основа ако согласно условите утврдени со членот 35 од овој закон во својот состав има пет акредитирани факултети и високи стручни школи, од кои најмалку три се факултети.

Со Предлог-законот кој го добивме, универзитетот е утврден  како посебно правно лице со четири факултети и една висока стручна школа без својство на правно лице и тоа Природно математички факултет, Факултет за хуманистички науки и уметности,

Економски факултет, Правен факултет и Центар за политехнички науки, како висока стручна школа.

Сега, во сите овие објаснувања што ги добиваме со овој предлог-закон на Владата, стои еден многу интересен дел.

Во своето работење и остварување на високообразовната дејност покрај потпирањето на сопствените ресурси, универзитетот ќе развива форми на соработка и можности за соодветно користење на кадровските, просторните и други потенцијали и ресурси на постојните универзитети во Република Македонија.

Јас тука мислам дека сериозно треба да се размислиме што значи ова. Дали тоа се наведени факултети, кои се тие факултети, кои катедри ќе работат, кои ќе бидат ангажирани на ууниверзитетот во Тетово, дали ќе бидат ангажирани, мислам дека требаше да ги имаме набројани и покрај тоа што е ова еден проект што, како што рековте тие 200 страници имаа можност да ни бидат објаснети. Но, во случајот тоа не се случи.

Понатаму, на страница 11 "Студиите на универзитетот траат три односно четири години, во зависност од студиската програма. Право на запишување на дипломските студии ќе имаат кандидати со завршено четиригодишно средно образование верифицирано со акт на Министерството за образование и наука како и кандидати со завршено вишо односно високо образование. Поблиску условите за запишување ќе бидат определени со конкурс за запишување на студенти на универзитет".

Повторно, јас прв пат слушам во Македонија студиите на универзитетот да траат три години, тоа е прво. Ние викаме ќе отвориме еден универзитет, услови, конкурси, сега е веќе декември, незнам дали некој ќе стигне сега да се запише и да ја стигне наставната програма од еден семестар кој е веќе поминат и во кој семестар кој каде ќе се запишува, можеби знаете подобро од мене. Но, ќе видиме, има време за да ги анализираме овие работи. Мислам дека е премногу сериозно за да можеме така да поминуваме преку некои работи, бидејќи е ова дадена програма точно од господата кои сакаат да го отворат овој универзитет од Владата на Република Македонија и предметниот министер за образование.

Понатаму, имаме став 4 - Обезбеденост на соодветни простории и опрема за остварување на високообразовната дејност. Согласно членот 35 став 1 алинеја 2 од

Законот за високото образование, факултетите во состав на универзитетот потребно е да имаат обезбедено простор и опрема за вршење на високообразовната дејност, како неопходен услов за основање на универзитетот.

Овој услов како норматив и стандард поблиску е утврден со Правилникот за нормативите и стандардите за основање на високообразовните установи и за вршење на високообразовна дејност, со кој, покрај другото, за изведување на наставата е пропишан потребен простор од 3м2 по студент.

Имајќи ги предвид пропишаните нормативи и стандарди се планира значителен дел од потребниот простор на универзитетот во Тетово да биде обезбеден со пренамена и адаптација на постојните државни, просторни капацитети во сферата на образованието, значи, не се наведува ни кој, ни каде, ни што, кои досега се нецелосно или несоодветно користени. Дали е тоа спортската сала, стадионот, фабриката за медицинска пластика и други работи, ќе покаже времето. Покрај ова дониран е имот од физички лица на кој е изграден објект со вкупна површина од 3890 м2. Објектот е изграден по претходно добиено одобрение за изградба од Министерството за урбанизам и градежништво на 29 април 1998 година.

Исто така и во поглед на техничката опременост на универзитетот е обезбедена потребна опрема и нагледни средства, согласно пропишаните стандарди при што значителен дел е обезбеден од донации.

Сега, да видиме што значи ова глава 4, ни се нуди прилог 2. Прилог 2 во кој се обезбедени овие просторни услови на кои ќе работи државниот универзитет во Тетово.

Во прилог 2 стои изјава од ополномоштено физичко лице полномошно и протокол за регулациона градежна и нивелациона мрежа. Значи, државата си дозволува од господинот Енвер Беџети од село Пирок тетовско со лична карта таа и таа заверена кај нотар Наџи Зекири од Тетово да дадат изјава со која под морална, материјална и кривична одговорност изјавува дека после основањето односно после регистрацијата на тетовскиот универзитет и добивање на својството на правно лице целиот недвижен имот опфатен во полномошното број тој и тој од 9.09.2003 година, земам обврска дека благовремено односно во разумен законски рок ќе ги преземам сите правни дејства во

било каква правна форма истиот недвижен имот во целост да премине во сопственост на основаниот тетовски универзитет во Тетово.

Изјавата ја давам за да послужи како доказ пред надлежните државни органи во Република Македонија. Изјавата ја давам доброволно без закана, присила, или измама. Во целост ја признавам како своја и своерачно ја потпишувам. Полномошното гласи вака: “Ние долупотпишаните Деари Мендух од село Мала Речица, Деари Јусуф од село Мала Речица, Деари Реџеп од село Мала Речица, Деари Шабан од село Мала Речица - Тетово дека го овластуваат лицето Енвер Беџети и ни кажуваат градежниот плац број 31, број 35, број 32 и број 36”.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Мавровски дали не мислите дека ова веќе станува невкусно навистина. Цитатот ви е толку долг што не знам дали може да се следи.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Мене госпоѓо потпретседателке да не е толку жално, ќе биде многу смешно. И во оваа ситуација која што тука ја гледаме четири господа од село Мала Речица обезбедуваат државен универзитет на Република Македонија и за вас тоа е смешно.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Мавровски немојте да полимизирате со мене. Ве молам. Јас ве молам само да се насочи дискусијата. Да личи на дискусија. Да не бидат цитати од таа книга од 200 страници. Мислам ова да има некои пристојни димензии.

(Со седницата продолжува да претседава Љупчо Јордановски претседател на Собранието).

СПИРО МАВРОВСКИ:

Добро господине претседателе, можеби не бевте во тек, но јас би продолжил.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжете.

СПИТО МАВРОВСКИ:

Мислам дека за мене е многу страшна оваа работа мислам и воопшто не е во ред, Република Македонија во моментот да основа државен универзитет и да сака да го основа врз имотот на четворица луѓе од село Мала Речица, кои отстапуваат некои плацови, а утре ако се формира тој можат да го дадат, а можат и да не го дадат. Значи, заверката е на нотар. Сега, како секоја држава која што формира државен универзитет, јас мислев дека државата во оваа ситуација ќе биде гарант за тие услови, за тие простори и просторно планирање, значи ова што сега се случува узурпацијата на тој простор во Тетово со командантот Баци и останатата дружина, го кажува токму ова. Значи тие простори се недоволни понатаму да продолжи да работи универзитетот и мора да се освојат и други простори. Значи овие три метра квадратни на секој студент, треба да се обезбедат наваков или поинаков начин. Сега одиме во ситуација кога ќе проговориме нешто за изворите на финансиските средства, што мислам дека исто така се многу битни за функционирањето на некој факултет. Тука има повеќе ставки, бидејќи гледам дека не се многу интересни за господата пратеници, јас ќе се насочам на нешто што е генерално и што значи бројки,

Значи вкупните средства за финансирање на универзитетот во Тетово за 4 учебни години се планирани во висина од 482 милиони и 807 илјади и 200 денари во чиј износ се пресметани плати, средства за материјални трошоци, горива, масла, учебници, списанија, алати, ситен инвентар. Сега, што тоа значи кога смекај платите. Нето платите и надоместоците за 2004 година се пресметани за 125 извршители  во редовен работен однос, во износ од 20 милиони 712 илјада денари. Сега поминуваме на 2005 година. Оваа бројка од 125 се зголемува на 203 извршители. Тие 203 извршители таа година ќе треба да потрошат 49 милиони 241 илјада и  600 денари. Значи преминуваме од 28 милиони, на 49 милиони. Од 125 луѓе на 203. Во 2006 година се пресметани 281 извршител, кој ќе потрошат 69 милиони 771 илјада и 200 денари и за 2007 година за 347 извршители 87 милиони 142 илјади и  400 денари. Вкупно за четирите години износот на потребните средства изнесува 234 милиони 867 илјади и 200 денари. Значи имаме два показатела.

Се започнува со 125 се завршува со 347, тоа се некаде 222 нови луѓе примени во тие 4 години. Значи два пати повеќе отколку што има луѓе во првата година. Тука продолжуваме со комуникации, транспорт, материјали за кои што се обезбедуваат многу помали средства, значи има средства на ставка 426, тоа е договори и услуги, во износ од 6 милиони 688 илјади денари, кои се пресметани за 26 извршители на ниво на доцент за 2004 година за 52 извршители се пресметани 13 милиони за 2005 година, за 78 извршители 20 милиони за 2005 година за 78 извршители 20 милиони 062 илјади за 2006 и стигнуваме до бројката од 100 извршители кои ќе потрошат 25 милиони и 720 илјади денари за 2007 година или вкупно 65 милиони и 845 илјади денари. Значи бројот на овие договорни услуги, каде што имаме на ниво на процент од 26 стигнуваат до бројката 100 или тоа е 4 пати повеќе, отколку првата година. Со секоја година имаме покачување за бројка од 26. Сега стигнуваме во прилогот број 4 каде што е финансиското работење и каде што се одделуваат средствата. Не би сакал да ве замарам многу.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам, должно внимание ве молам.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Точно така претседателе, благодарам. Сега имаме ова што го кажувавме значи плати наемнини и надоместоци. Тука влегуваат основните плати на работниците, нето основни плати и наемници 28 милиони, завршува со 87 милиони, основни плати на работниците од  24 милиони, завршува со 74 милиони, надомест за превоз од еден милион на 3,5 милиони надомест за храна од 3 милиони на 9 милиони придонеси од плати и персонален данок од 17 милиони на 52 милиони и се така по 3, по 4 неколку пати. За некои ставки каде што треба универзитетот како секој универзитет да работи, како што се ленти, касети итн, не е предвидено ниеден денар во сите 4 години. Работна облека нула, други административни материјали нула, списанија, весници и други изданија може и сами да ги носат студентите и таму има нула. Тековно одржување нула. Сервисирање

на опрема нула. Одржување на градежни објекти нула. Јас не знам како ова е планирано или градежните објекти сеуште ги нема, па затоа се нула, или ќе ги нема и наредните 4 години па ќе остане на нула, не знам. Велите формирате универзитет. Семинари и конференции нула. Не знам каков универзитет ќе биде без тие семинари, конференции и соработка со останатите универзитети тука нема предвидена никаква активност. Промотивна информативна активност, ако не сме ние во Парламентот 4 дена да говориме повторно нула, репрезентација нула, други оперативни расходи нула и се е на нула. Купување на капитални средства нула, купување на мебел и сега имаме еден проблем ова е по нула, значи според мене универзитетот не треба ни да биде. Се прави универзитет за да некој добива плати, колку се тие доценти, професори, службенички, хигиеничарки и како што кажавте многу стручни оспособени за разлика од овие што беа последните 4 години вработени, сега стигнуваме до тоа овој универзитет се да биде на нула. Како ќе работи, каде ќе работи и што ќе работи, повторно немаме ништо. Пред малку ми беше многу смешно, но четворица луѓе отстапуваат имот за во Република Македонија да се направи државен институт и сега некој го сваќа за многу несериозно затоа што е во 4,30 часот наутро. Тоа е многу сериозно за да биде сега кажано и за да некој да не го елаборира. Господине министре, ве повикуваме да ни објасните, да не се мачиме да ги читаме сите 200 страници. Сигурно знаете повеќе од нас што се овие бројки и за што се овие бројки. Или немате објаснето како што треба, или немате напишано како што треба, а имате некоја информација од некој одбор каде што е потпишан од некој Сталин Беличанец или Тито Беличанец, не знам ни јас, но во секој случај...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам бидете пристоен.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Се извинувам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ова не е прашање до извинување, ова е прашање до елементарна култура.

СПИРО МАВРОВСКИ:

И на крајот имам едни информации, напишани со пенкало и со рака, некој магистри, невработени од гимназии, не знам кој завршиле, како завршиле, ова не знам камерата дали ќе може да го покаже, меѓитоа, многу е далеку, како што вели Слободан Даневски бел лист ќе се гледа, но во секој случај се напишани на рака, многу несериозно и сите имаат дадено некоја изјава дека јас сум согласен да се јавам на конкурс и да засновам работен однос. Нормално е дека е согласен. На тој конкурс ќе биде примен, нема да биде примен а изгледа дека се сите примени, па даваат согласност, да не излезе дека не даваат согласност, па не може да биде примен. Значи во Македонија, некој да стане професор на некој универзитет, јас не знам кои услови се треба да ги исполни, тука вика давам изјава дека се согласувам да конкурирам. И тоа е начинот на кој што овие ќе бидат професори на универзитетот и тоа државен универзитет во Тетово. Јас мислам дека ова е тотално несериозно и дека очекував дека во овој Проект, бидејќи не го знаев и така ни беше презентиран од министерот, што вие треба да го знаете и да го имате во главата, јас веќе го вадам од главата, не видов ништо во него и за жал, со ништо не ме убедија дека ова може да биде државен универзитет, ни со местото, ни со просторот, ни со луѓето, ни со средствата што се одделени и што е основно за еден универзитет.

Господа пратеници,

Ако мислите да гласате за ова, вие или сте во заблуда, еве господинот Кондарко повторно замина, затоа не му е јасно излегува цело време и не може да свати и после четвртиот ден за што говориме. Мислам дека треба еднаш засекогаш тоа да го расчистиме. Затоа ќе бида срамот на сите нас ако прифатиме нешто вакво, за да биде донесено како државен универзитет. Јас не можам да си го дозволам тоа, затоа што имам деца кои после тоа ќе ме обвинуваат и неговите деца. Затоа господа размислете уште еднаш добро, ако е 5 часот наутро, би сакал да го слушнам повторно министерот го повикувам уште еден пат и да ни објасни за што се работи. Благодарам господине претседателе на трпеливоста.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Мавровски.

Збор има пратеникот Ѓорѓи Трендафилов, а нека се подготви Никола Ќуркчиев.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Благодарам господине Јордановски, ќе се обидам да бидам краток и концизен, простете, можеби ќе бидатм и малку конфузен во мислите, но разбирливо е.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Би сакал да се задржите само за темата, другото ќе го разбереме.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Секако дека ќе се држам на темата, затоа што како што и господинот Мавровски ни обрна овде внимание имаме повеќе од 200 страници за да бидеме во рамките на темата.

Јас би сакал да обрнам внимание на списокот на опреме и надгледни средства со кои располага универзитетот. Овој универзитет се разбира, цело време во овој текст е пишано со големи букви, како да е тоа завршена работа.

Имено, овој така наречен универзитет располага од опрема на пример со 8282 клупи и столчиња. Понатаму, од микроскопи 29 парчиња, електро форези 2 парчиња, спектофометар 5 парчиња, аналитичка вага 3, техничка вага 3 парчиња, рефактометри 2 диопроектор 3 парчиња, водено купатило 7 парчиња, вортекс 2 парчиња, центрифуги 5 парчиња, интогритцентрифуги 1 парче, стерелизатор 2 парчиња, инкубатор 1 парче, замрзнувач 4 парчиња, ова можеби ќе биде интересно и за министерот за земјоделство, решо 5 парчиња итн, недостасува уште да се напише дека располага и со креда и со сунгер за бришење на таблата. Не ми е јасно со кое лице се појавува Министерството за одбрана, се извинувам Министерството за образование, но и одбрана е таму, затоа што очекувам во иднина, бидејќи во текстот се спомнува дека ќе се отвараат други факултети кои ќе бидат лоцирани надвор од Тетово, можеби со оглед на идеолошката поставеност на оние кои сега се во раководството на Министерството за образование да се врати факултетот за ОНО и општествена самозаштита.

Имено, со ваков скромен, како што велат тие техничка опременост на надгледните средства со кои располага универзитетот, Министерството за образование во овој документ за кој сега зборуваме, вели дека не само што студенти студираат на тој така наречен универзитет, добар дел од нив веќе се стекнале не само со магистарски, туку и со докторски дипломи, значи одбраниле докторат на овој така наречен универзитет.

Исто така, сакам да обрнам внимание во делот во кој се објаснуваат потребите зошто би требало да пристапиме и зошто би требало да се отвори овој така наречен државен универзитет е затоа што она што го нудат постојните високо образовни институции во Република Македонија и во тие рамки се разбира, и Универзитетот за Југоисточна Европа не може како капацитет, не им овозможува и на припадниците на албанската заедница, а и на другите заедници да ги остварат своите права за високо студирање. Но јас не забележав во овој документ барем со еден збор некаде да се спомне на кој други заедници се мисли. Затоа што ние сме свесни дека она за што претходно зборуваше г. Балковски и тоа беше многу добро истакнато дека и Меѓународната заедница, не зборувам за симболична вредност, затоа што е висока сумата за Буџетот на Република Македонија во износ од 50 милиони евра. Тие пари не беа подарени ниту на ВМРО ниту на ДПА, тие пари беа подарени на Проект кој навистина го завзема своето место, на начин како што го зазема, а не го зазема со ова што го зборуваше господинот Мавровски. ќе отватаме универзитет кој не предвидел ниту семинари, ниту било какви сериозни надгледни средства. А истовремено, постојано во предлогот кој е пред нас се потенцира дека ова има големо значење бидејќи правата и степенот на студирање на постојната високо образовна заедница во Република Македонија не е адекватен на желбите на нашите сограѓани од албанска националност и другите заедници и повторно ќе кажам ниту еднаш во оваа неколку дневна расправа, ние не слушнавме на кој се заедници се мисли да им помогнеме, затоа што сме обврзани, како што впрочем и пред извесно време читав да ги почитуваме Уставот и законите на Република Македонија или би сакале да се среќаваме со изненадувања од типот како што досега се среќававме со изненадувања, а тоа е дека некој од постојните универзитети во било кој од овие три универзитети во Република Македонија кои

дирекно или индирекно се во рамките на државно спонзориранатa високо образовна заедница во Република Македонија ќе добие едноставно известување од стручните служби во Министерството за образование дека тие ќе треба да отстапат нешто од она што припаѓа на студентите кои се сега запишани таму. Многу е интересно на пример образложението во однос на оценка на состојбите во областа во која се предлага законот.

Имено, ќе бидам краток дефинирањето на идните општествени потреби и научните области што ќе се изучуваат во универзитетот е условено од постојните состојби со кадар во државата, гледано во поширок општествен контекст како и од потребите и интересите на граѓаните. Во принцип, ќе помислиме дека нема ништо спорно. Но, ако за момент се потсетиме, што се́ се обиде да направи оваа Влада со оној таинствено фамозен конкурс за прием на 600 припадници на малцинските етнички заедници во Република Македонија во рамките на државната администрација.

Бидејќи опозицијата нормално нема увид во начинот како тој конкурс воопшто беше спроведен, кој го правеше изборот, имаме прочитано некои имиња во “Службен весник” но бидејќи опозицијата и начинот на кој оваа владеачка гарнитура сега го спроведува невладеењето на правото, или селективната примена на правото во Република Македонија, ако не беше онаа шлаканица од ЕУ, од Комисијата на Европската Унија вие тоа ќе го завршевте господа така како што го планиравте. Тоа немаше да биде одраз на самата содржина за тој конкурс, тоа ќе беше пополнување едноставно со партиски војници. Мислам дека тоа воопшто не е одраз на потребите и интересите на граѓаните. Понатаму, развојот на терциерното образование во нашата земја, има за цел да ја подобри образовната структура на населението, да го подигне научно-технолошкото ниво и конечно да обезбеди севкупен развој на земјата. Овие цели целосно кореспондираат со императивот на државата за безусловна европска интеграција, пред се со создавање на услови за вработување на високостручен кадар. Би поверувал во ова кога Владата и на дело би покажала дека навистина сериозно се занимава. За што станува збор? За односот да ја земеме издавачката дејност, колку Република Македонија, или колку Владата преку Министерството за образовние и Министерството за култура на пример инвестира во преведувањето на капитални дела, би рекол целокупната творечка ризница на европскиот континент и западно европската цивилизација. Вие погледнете колку од капиталните дела на европската филозофска мисла се преведени на македонски јазик во овие 13 години немам сознание, но верувам дека ниту на албански, ниту на турски јазик барем во Република Македонија таа преведувачка активност на ваков вид човечка ризница во европски рамки дека е тука некаде. А истовремено се обидуваме да докажеме дека единствено со политички мерки, со промовирање на одредени декларативни принципи кои само декларативно нормално се прифаќаат дека ние се доближуваме. Во овие расправи ние слушнавме дека Република Македонија напротив и во прашањето на правата на малцинствата, во правата на изразување на културните посебности, идентитетот на малцинствата е далеку над европските стандарди. Јас очекувам Владата најверојатно преку вицепремиерот за европска интетреција да соопшти дека Република Македониа очекува Европската Унија да бара да се приклучи кон нас, или да не поканат

со сила како што се случи тоа да речеме со Шведска. Понатаму следењето на развојот на универзитетите во Европа со оној во Република Македонија преку спроведување на наведените индикатори укажува на следното. Сега внимавајте. Министерството за образование го следи развојот на универзитетите во Европа. Јас сега се обидувам да си замислам една слика каде што некој си командант Марк,влегува во Кембриџ и решава од денеска ова да биде универзитетот на ИТОН. И нормално добива сертификат од нејзиното височество и од Владата на нејзиното височество, дека ние, ете обединетото кралство Северна Ирска и северните острови ќе му излеземе во пресрет. Каде во Европа Министерството за образование кое овде тенденциозно и така арогантно ни тврди дека го следи развојот на универзитетот, најде ваков пример. Ако зборуваме за Европа како, значи институционалниот дел, значи мислам на земјите членки во ЕУ нешто кон кое сите политички партии декларативно тврдат дека се движиме, јас сум убеден и немам намера да прашувам дали ќе ни одговори претставникот на Владата. затоа што моите колеги упорно се обидуваат да дознаат многу работи врзани за овој проект, но едноставно некогаш како што велат старите: молчењето значи дека всушност тие се согласуваат со констатациите на опозицијата. Каде во Европа, бидејќи така ние го следиме развојот на универзитетите во Европа, се пронајде дека секој со сила, со оружје може да дојде да узурпира приватна сопственост и да ја прогласи за што тој сака. Јас не сум слушнал за таков пример. И можеби треба да размисли Министерството за образование да направи корекција во ова и да не тврди дека го следи развојот на универзитетите во Европа, затоа што едноставно не го следи развојот на универзитетите во Европа. И ако нешто следи, тоа не е врзано со било што што Република Македонија презема во насока на усвојување на принципите и националната легислатива во контекст на компаративност и компатибилност со земјите членки на ЕУ.

Просечниот број на студенти, бидејќи сега сеуште се држам на темата Министерството за образование врши анализи, го следи развојот на универзитетите во Европа, па така тие дошле до следниот заклучок. Просечниот број на студенти на 1000 жители во Европа изнесува околу 35, додека во Република Македонија се движи околу 22. Во една автоматизирана свест за која претпоставувам живее владиното мнозинство или барем поголем дел од владините приврзаници, ова ме потсетува некое време за кое не

би сакал многу да зборувам и кое пред 13 години решивме дека ќе го ставиме зад нас и дека ќе ги прифатиме принципите за кои 13 години зборуваме. И што сега да правиме, ако кај нас е 22, а таму е 35. Па нормално, ќе ги измислиме. Како ќе ги измислиме? Така како што зборуваше гсподинот Мавровски, ќе собереме неколкумина, тие ќе потпишат дека нешто предаваат  и Владата да не поштеди, очекувам наскоро да излезе со...

Нема претставник на Владата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Човекот седи. Веројатно има некоја потреба. Ќе го причекаме. Немојте да зборувате две-три минути додека дојде министерот.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Јас ќе бидам трпелив, ќе го почекам министерот.

Понатаму, зборувам за точка 3 во делот образложение, изнесените компаративни податоци покажуваат дека во претстојниот период треба да се создадат услови за зголемување на опфатот на средношколците во високото образовние и зголемување на бројот на студентите, како и да се подобри структурата на вработените во смисла на зголемување на процентот на високо стручниот кадар. Пред претставникот на Владата да ја напушти салата почнав да зборувам за автоматизираната свест барем кај поголемиот дел од приврзаниците на оваа влада, а станува збор за следното. Ќе ги измислиме ли тие луѓе ако едноставно Република Македонија нема капацитет. Не станува збор за желбите на разни политички претставници, не станува збор за желбите на социјални групи, на целни групи, станува збор за тоа колку македонското општество, колку македонската економија и македонската индустрија навистина може да ги апсорбира оние што на берзата на трудот, на пазарот на трудот би се појавиле со високошколски дипломи. Каде би оделе тие луѓе, каде би работеле? Едноставно Република Македонија има свој лимит во вакви исклучително ригидни економски услови, во една вака исклучително лоша финансиска политика која ја презема Владата на господинот Црвенковски за што впрочем и претходниот министер за финансии беше разрешен. Самата влада тврди дека од една страна нема да се прават капитални зафати, од друга страна едноставно мора Буџетот да оди во насока, затоа што најголем потрошувач се тие неколку институции за кои сите

знаеме. И понатаму се вели дека тоа е можно да се стори покрај другото и со развој на постојните и основање на нови високообразовни установи. Основна претпоставка за тоа е подигањето на нивото на финансирање на високото образование, издвојувањето од бруто општествениот производ за терциерно образование во развиените земји се движи 1,4, а во Република Македонија скромни 0,7. Средствата за високо образовние во Европа има тренд на постојан пораст од околу 5% годишно, додека во нашата земја за 2003 година се намалени за 1,2. Што правиме со постојната политика при уписот на македонски студенти без оглед дали припаѓаат на било која религиозна конфесија, атеисти, националност, раса, боја, тоа воопшто не ме интересира, што станува збор со постојните. Ние наши државјани поради односот и климата која владее во високообразовната заедница во Република Македонија ги правиме луѓето заради тие квоти да мора да ја напуштаат земјата, а од друга страна Министерството за образование тврди дека, правете, тоа е недоволно само за,како што се вели за припадниците на албанската етничка заедница и другите заедници кои ќе повторам во овие 200-300 страници никаде не се спомнуваат. Понатаму, се вели, кон остварување на пристапот за зголемување на бројот на студентите и на високостручен кадар е и основањето на државен универзитет во Тетово, со што ќе се создадат легални основи за зголемување на бројот на студентите на државните високообразовни установи и за продолжување на студиите на студентите кои образованието го започнале на универзитетот во Тетово, како форма на граѓанска иницијатива. Добро, барем во еден ваков документ кога испаѓате можете да кажете дека тоа не е граѓанска иницијатива, и не е универзитет во Тетово. На поголемиот дел македонски граѓани кога ќе им се спомне универзитет во Тетово тие мислат на универзитетот за Југоисточна Европа. Ова како граѓанска иницијатива во ниту еден момент неможе веќе да се прифати. Како иницијатива можевме да се расправаме се додека конечно тоа да се реши. Јас сега не сум виновен што тоа не се решило во времето кога постоечката политика гарнитура е на...барем се решило и треба да покажат барем малку полкитичко чувство на одговорност, затоа што и тогаш имаше демонстрации како што има и сега, само што тогаш сегашната власт не ги затвараше средношколците во гимназиите, не им праќаше полиција, а тоа сега се прави. Истовремено со тоа се создаваат услови за организирање на високо образование и на јазикот на албанската

заедница во Македонија и спроведување на една од основните интенции на Охридскиот рамковен договор, создавање услови за рамноправен пристап на припадниците на другите заедници во високото образование. Исто така, со тоа значајно ќе се зголеми контртибуцијата на заедниците во развојот на Република Македонија. Јас очекував барем овде да прочитам дека тоа е едно од основните интенции во Уставот на Република Македонија. Затоа што ние неможеме и понатаму постојано и постојано да зборуваме за некаков договор, застоа што одредбите од тој договор престанаа да бидат договор во моментот кога се усвоија во Собранието на Република Македонија. И тие се сега составен дел од Уставот на Република Македонија. Ние се допаѓало тоа нам или не, тие се дел од Уставот на Република Македонија.

И повторно заедниците во множина, и повторно се мисли само претпоставувам на албанската заедница на која се обидува постоечката политичка гарнитура да и наметне став дека, ете колку е таа храбра затоа што ќе го реши проблемот на оние, ај да ги наречеме студенти кои поминале низ малоречанскиот универзитет. А што всушност стои зад тоа, некој треба на семејствата и на тие млади луѓе да им објасни зошто и откако се отвори универзитетот Југоисточна Европа и понатаму одредени структури им правеа опструкции да при обидите да си ги остварат своите права во легално формирана високообразовна институција. Не станува збор за ништо друго, не станува збор за тоа дека сега ќе учат подобро. Затоа што истите, тоа се луѓето во кои во овие прилози ги гледаме се истите, од нив е составен наставниот кадар. Сите оние кои сакаа и кои навистина можеби верувале во ајде да речам како што се тврди во текстот граѓанската иницијатива во моменто кога се отвори Штуловиот универзитет се обидоа и оние кои ги исполнуваа условите и пропишаните критериуми, си го најдоа своето место таму и како студенти или како дел од наставно-научниот кадар. Но сега, јас сум убеден дека некој треба, кој во тоа време и сеуште ги прави тие опструкции треба да ги положи сметките. Затоа што не е едноставно кога колеги посетувале, таканаречените факултети, едниот ја искористил можноста се префрлил на Штуловиот универзитет и навистина добива квалитетно образование, навистина не е изолиран во гето, комуницира и контактира со претставници на други заедници во Република Македонија, вклучително и претставници од македонскиот народ, неговите наставници не се занимаваат со броење, како што е

овде кажано, реков недостасува уште табла, креда и сунѓер да се напише, додека другиот колега останал и понатаму. Во такво опкружување еден од пратениците вчера или завчера спомна еден термин нешто слично на колиби. Некој сега треба на тие што останале таму, што поверувале на таа политичка манипулација да ги бојкотираат условите и можностите кои се нудат во Штуловиот универзитет, доаѓа време да се плат сметката. Како ќе се плати сметката, преку еден ваков несмасен, проsирен обид, кој беше жестоко пречекан во јавноста и затоа дури и Владата мораше да вложи напори да се здружат силите во Министерството за внатрешни работи, во Министрерството за образование, да се спречи што е можно поголемо и помасовно изразување на незадоволството на средношколската и на студентската младина. И оние несреќници кои се појавуваа и ги гледавме во името на студентите да зборуваат, па тие, не ми е јасно како не успеале, повеќе од еден месец се зборува за предлог законот за легализација на малоречанскиот универзитет, тие сеуште не слушнале за никаква иницијатива, па допрва ќе се среќавале со претседатели, незнам, те на оваа институција, те на онаа институција.

Целта што сака да се постигне со законот. Замислете овој таканаречен закон има и цел.Законот го гледавме денеска, тоа беа пет точки, шестата не ја броевме и понатаму не слушнавме ние ништо во врска со финансиските средства кои се потребни и понатаму ние не слушнавме, макар ни еден збор да се каже во кои други места, во кои други градови, во кои други факултети, дел од постојната високошколска заедница во Република Македонија, ќе биде потребно да се отстапи простор, лабараториски услови, наставен кадар или слично.

Целта имено, што сакала да се постигне со законот е да се основа државен универзитет за задоволување на потребите од високостручни кадри во образованието и другите области. Особено за припадниците на албанската заедница. Конечно во еднина да пронајдам реченица која зборува за заедниците, сега зборува во еднина. Само за албанската заедница што ми дава уште повеќе за право да тврдам дека некој треба да ја положи сметката пред семејствата и пред децата кои биле залажувани, замајувани со разни ветувања што ќе се случи, што нема да се случи, се со цел да се бојкотира заради политички причини, интеграцијата на Штуловиот универзитет во нашата вишокошколска заедница. Интеграцијата на Штуловиот универзитет во нашата високошколска заедница.

Оттука се вели понатаму во текстот, заложбите се во насока на исполнување на досега нереализираните потреби во сферата на високото образование пред се на албанската заедница заради остварување на вкупниот општествен и економски развој на државата, мислам во овој текст и всушност во се она што се зборуваше од Министерството за образование треба да бидеме искрени и да кажеме дека образованието верувам не им било првата идеја кога ова е подготвувано. Затоа што од сета оваа иницијатива за која ние жестоко се расправаме овие неколку дена од образование нема ниту ова. Ние слушнавме дека ќе се враќаме во историјата, слушнавме дека можеме и со закани да работиме, слушнавме дека Собранието ако треба ќе работи три дена без прекин, сето тоа го слушнавме. Но, како што праша пред извесно време и господинот Балковски, ние неможеме да ја сватиме сета оваа намера и жестина со која владеачката коалиција излегува во поглед на овој закон. Имено, јас можам да кажам дека воглавно верувам и поголемиот дел од македонските граѓани  барем полнолетните граѓани не ја сваќаат намерата на оваа Влада. Единствено нешто што можеме да сватиме од неа, дека е максимално неспособна. Но, основната намера зошто по секоја цена без цела една лепеза, овој широк дијапазон на прашања кои беа исфрлени пред Министерството за образование, пред нашите колеги во овој законодавен дом, владиното мнозинство оние есенцијални прашања кои се наметнуваат само при бегло разгледување на одделни точки од оваа иницијатива за која пак ќе кажам се тврди дека не е ниту обемен закон, ниту се потребни дополнителни финансиски средства. Она што го зборува во образложеието од Комисијата можам да кажам дека за жал важи и за оваа голема книга на која пишува Влада на Република Македонија, Министерство за образовние и наука, проект: основање на универзитетот во Тетово. Апсолутно практично, исто она што само тие барем биле, господинот Беличанец бил поскромен, па тој не подготвил мислење кое би било барем половина од овој прокет. Практично тоа што го зборувавме за ова, за мислењето, можеме да го кажеме и за проектот, збирка на желби, треба, може, ќе има, ќе биде. Се е во минато време. Нема ниту еден логички изразен исказ кој почнува и завршува во минато или во сегашно време, дека нешто е реализирано, освен онаа збирка на она што се обидов да го прочитам за која  велам недостасува уште со таа педантност

со која ни се наброени и оние пет решенија, дека располагаат со сунгер и со школска креда.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Коце Трајановски, процедурално.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе, бидејќи работиме непрекинато од последната пауза повеќе од 10 часа, бидејќи има уште дискутанти кои што сакаат да говорат, гледајќи во екранот, а знаејќи ја нашата измореност, бараме пауза од 1 час за да може да се освежиме, или пак гледајќи ја апсурдноста на седницата, бараме да се прекине денеска со расправа на оваа седница и да закажете за следен ден.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Вие го искористивте правото на пауза за оваа седница. Така што пауза нема да дадам. Јас дадов еден предлог, вие не го прифативте и продолжуваме со работа.

Има збор господинот Ѓорѓи Оровчанец.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Веќе го дадов зборот откако вие ми побаравте.

Повелете г-дине Оровчанев.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Му давам предност, процедурално е. Јас не ни почнав.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Значи , се откажувате од зборот.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Не се откажувам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Па овде предност се дава  или ќе зборувате или нема да зборувате.

Повелете.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Па добро, можеме и да мувцаме ако треба.

После вакви исцрпувачки маратони што ги наметнувате, можеме и сите други физиолошки да ни се случуваат на погрешен начин. Може и да почнеме да размислуваме на погрешен начин.

Меѓутоа, мислам дека сме сеуште свесни, за разлика од некои пратеници кои овде почнаа да се закануваат и се закануваат дека ќе поведат одредени ретроградни постапки, односно ќе појдат повторно во акција за освојување на нови човекови права. Нормално, со оружје. Меѓутоа, ова е вон контекстот од дискусијата . Ќе се осврнам повторно на дискусијата.

Она што сакам да го кажам во мојата дискусија е практично еволутивниот процес на образованието на заедниците во нашата држава и континуираната игра што до ден денеска трае и ова што сега се случува е дел од тоа и со ова, повторно дека нема да застане и ќе продолжи понатаму. Тоа ми е основната поента.

И, да почнам од почеток.

Се се случуваше на тој начин што по расформирањето на поранешната заедница Југословенска дојде до одредени тектонски поместувања и во овој, таканаречен образоваен систем и наеднаш, во една ситуација одреден сегмент на професори, некои интелектуалци, некои дисиденти и практично една збирштина што е од секаков профил меѓу кои има луѓе кои знаат да работат, луѓе кои ја знаат професијата, меѓутоа има луѓе кои се дилетанти, има луѓе кои се самопрофитери. Доаѓа до формирање на една граѓанска иницијатива што во старт беше направена онака погрешно и вон законските норми.

Што се случи, притоа? Таа беше најавена со еден единствен идентитет дека тоа ќе биде правиот начин за реализација на основните национални идеи на заедницата, на албанската заедница во Република Македонија . После сите перипетии што се случуваа, апсолвирање на проблемот за образованието, сознанијата што постоеја, анимирањето на

проблемот и пред Меѓународната заедница дојде постепено до некоја фаза, еволутивна нормално, во која што многу активно учество зеде и Меѓународната заедница.

Како последица на таква една поширока активност , дојде и до иницијатва што во старт беше одбиена, во почеток, затоа што предлозите што беа за формирање на високо школска институција беа условуваи од Уставниот суд, околу Амандманот 8 кој беше поставен од гарнитурата на СДС во тој период, а од секогаш Уставниот суд бил гарнитура поставена од СДС и ден денеска, така што мораше  да се пријде во промена на законската регулатива. Таа промена на законската регулатива беше промена што можеме да кажеме беше ретко демократски издржана, со јавна расправа што траеше подолго, во која што јавна расправа учествуваа сите граѓани на Републиката, во која што учествуваа и универзитетите, во која што учествуваа и експерти од Меѓународната заедница посебно од САД и после сето тоа се дојде до една законска форма која што во својот член 95 овозможи практично легализација на една установа што денеска ја викаме Факултет на Југоисточна Европа , Универзитет на Југоисточна Европа.

Што подразбираме под ова? Ова зборува за еден многу широк консензус, не само внатрешен , во  Република Македонија  , не само консензус меѓу македонците и албанците, тоа беше општ консензус и на Меѓународната заедница. Како последица на тоа, како веќе дефинираната потреба и желба беше практично и формиран овој Универзитет со стартна инвестиција од преку 50 милиони долари.

Штоподразбираше сето ова? Подразбираше финансирање од страна на Меѓународната заедница, најмногу во форма на грантови, пред се од САД, од ЕУ и од поедини Европски земји, посебно од Германија и Холандија. Оваа инвестициона активност што е почната со формриањето и почетокот на работа на овој универзитет не е застаната. Во овој момент има најави за додатно инвестирање од страна и на Кинеската влада, так ашто вкупнит еинвестициони активности на овој унвиерзитет би биле околу 100 милиони долари.

Во тој период уште еден широк гест беше нарпавен. Во која смисла? Постоењето на парауниверзитетот, присутно во тој период, формирањето на Универзитетот на Југоисточна Европа се обиде и Владата и Меѓународната заедница во тој момент да ги хармонизира. На кој начин? Беше понудено да студенти кои беа во парауниверзитетот

односно во нелегитимната образовна институција, според проверени резултати, според одредени норми, бидат запишани и префрлени за студирање на факултетите што го чинат универзитетот на Југоисточна Европа.

Исто така , на голем дел од кадарот им беше понудена истата форма, со тоа што можеа да преминат, нормално, со релевантна акредитација и она што секој наставник мора да го исполнув акако базична норма. И, кога сето ова беше завршено, ние сваќаме дека почнал да функционира овој универзитет, меѓутоа не застана илегалната активност, на некој начин, на параунивезитетот.

Кои беа причините да не застане овој процес? Значи правата за образование, димензијата на образованието, изборот на факултетите, наставнит епланови и програми, стандардите на школувањето и т.н., со овој Штулов универзитет беа поставени на едно високо рамниште, на еден критериум што на некој начин беше и наметнат. Од друга страна и ден денеска е монитиран и следен од ЕУ. Така што квалитетот на наставата е континуирано задржан. Практично, имаме една дисоцијација во тој сегмент и во тој период на луѓе кои сакаат образование и на луѓе кои сакаат да дојдат до дипломи, меѓутоа да не се образуваат, односно да не работат.

И, што се случува? Секогаш, кога постои изразена волја на некого да дојде до диплома, а да не работи, секогаш постои оној или некој што ќе му ветува нешто, ќе му дава надеж, ќе му пружа можности и шанси за да го изманипулира и на тој начин да извлече некоја материјалн акорист. Така што јас лично сметам дека тој остаток што во тој преломен момент се случи е еден остаток што за мене има одредени, во себе и можеби криминогени елементи. Незнам колку антикорупциската Комисија би можела да интервенира тука, бидејки сепак се работи за една илегална организација.

И сега, после сето ова доаѓаме до ситуација да една ваква установа која што во меѓувреме се екипира со најразлични криминални, во континуитет елементи, со окупација на простор и т.н., ние легализираме како установа, со надеж, односно сите што дискутираа дека тоа ќе биде установа што ќе направи кадри што ќе овозможат напредок на ова општество во секоја смисла.

Прво, мислам дека се лажеме, а второ што останувам се помалку уверен е ситуацијата дека со ова овој процес на континуирани барања, притисок, наметнување на нечија волја, континуирано, не застанува.

Зошто го кажувам ова? Имам веќе две причини за тоа, една лична во која што се уверив, друга што денеска беше искажаноод пратеникот Рамадани, за потребата за медицински факултет во Тетово, потребата за фармецефтски факултет. Јас бев присутен на Медицинскиот факултет во Скопје ког адојде човек кој се претстави како декан на медицинскиот факултет во Тетово. Не можев да ја најдам , јас би ја донел, визит картата за да го идентификувам и да ви кажам кој е. Ќе се потрудам, можеби понатаму, меѓутоа прашањето или неелаборирањето дека таму нема факултети и т.н., беше кажано не да има, него веќе има студенти кои се на четврта година на студии по медицина. Прашуваме што тогаш разговараме? Па, потребна е соработка. Каква соработка? Одговорот е - не грижете се воопшто за никаква соработка, има кој да мисли за тоа, вие треба само да соработувате.

За што станува збор? Станува збор за уште една установа што на сличен начин, како што и овој Малоречански универзитет е формиран, можеби во негов склоп се формира и овој медицински факултет, за кој што овде беше поставено и пратеничко прашање, за кој штопишуваа и весниците, за што електронскит емедиуми отидоа на лице место, видоа и снимија што и како. На прашањето - Што се случува? Повторно бевме задоволени со одговорот дека е тоа само “приватна забава” на директорот на Медицинскиот центар во Тетово, додек аминистерот за здравство не се ни обиде да даде одговор дали е тоа приватна забава, дали треба да се менув аи т.н. Во секој случај континуитетот на притисокот продолжува и мислам дека со овој закон воопшто нема да дојде до крај со овие притисоци кои постоеја.

И, ако продолжиме понатаму, би се осврнал на она што овде го дискутиравме за свесните или несвесните студенти, оние кои протестирале или кои не протестирале, кој како ги гледа.

Мислам дека сите студенти во оваа земја се ставениво крајно подредена ситуација и треба да кажам повеќе не постојат студии во Република Македонија , на државните универзитети што се плашаат од државата, се финансираат од страна на државата.

Меѓутоа, студентие или се, еве ви пример на Медицинскиот факултет или се со кофинансирање или се со самофинансирање, Што значи плаќаат или еден дел, а тој дел е некаде околу 500 евра или плаќаат цела година преку илјада евра, па земаат луѓето кредити и т.н.. Значи, не постои бесплатно школување за нив. И сега треба да школуваме нешто што не знаеме што ќе биде. Јас лично би бил за, меѓутоа јас незнам што воопшто ние ќе школуваме таму.

И, ако јаземеме целата оваа ретроспектива и ако сакаме да бидеме убедливи во нашите намери  дека сакаме стварно образование, тогаш шансата треба да ја пружиме. На кој начин. Уште еднаш ќе повторам, бидејки програмот на овој универзитет што е понуден со закон  во преку 80% се поклопува со Програмот на Штуловито универзитет, ако интересот и потребите се такви, тогаш не гледам никаква причина да се прошират квотите, да се дофинансираат тие проекти. Доколку има потреба за нешто друго, да се отвори друг факултет. Меѓутоа, таа “приватна забава”, малоречански универзитет, мртвороденче што го дискутираме, очигледно не престана да делува, нема да престане, ќе поставува нови барања и мислам дкеа веќе сите сме доведени во една ситуација која што можеме да ја препознаеме како статус кво или  пат позиција за образованието воопшто во Макеоднија. Доколку постои волја кај оваа Влада, доколку постои волја кај овој министер, мислам дкеа треба да направи исчекор и да направи права разрешница на ситуацијата.

Ќе потсетам дека г-динот министер Азис Положани, кога беше формиран факултетот за Југоисточна Европа, зборуваШе дека е тоа перспективата на високото образование на албанците во  Република Македонија . Човекот не е ѕид, човекот се менува, овде сега гледаме дека нешто кажува и тврди, меѓутоа во својот анстап, во своите аргументи дефинитивно остана неубедлив.

И, уште еднаш повикувам и до минситерот и до Владата и воопшто до сите пратеници овде да, безразлика на ова доцно време размислат ..

(Дофрлање)

Па, за кого како. Не е прашање на апсолутна вредност.

Да размислат дали е потребно да направиме ова што се гледа како намера или треба да бидеме малку потрезвени, барем минимум потрезвени за да не направиме нови

погрешни чекори, да не направиме повторно од ситуации од кои што тешко можеме да се извлекуваме, а кои се лоши чекори во напредок на Република Македонија .

БЛагодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете имате право на реплика г-дине Мавровски, односно не реплика процедурално.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Господине претседателе,

Ние веќе работиме на седница 18 часа, тука има пратеници, кои што треба да патуваат со возила два и повеќе часа и во 10 часот треба да ги примиме нашите граѓани кои што не избрале да ја работиме работата пратеници. Затоа ќе ве молам да иматем предвид и наредниот пат кога ќе закажуваме дека седницата продолжи повторно да има некое ограничување затоа што обаа работа од 18 часот досега поминале како да сме оствариле уште две други седници во нормално времетраење. Затоа ќе ве замолам да го имате тоа предвид, јас посакувам се најдобро секој, среќно и пријатно да патува и да стсигне до местото од каде што доаѓаме. Мислам дека треба да ги имате предвид тие работи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се согласувам г-дине Мавровски, само пет ваши дискусии одзедоа пет сати. Затоа, сега бидејќи г-динот Блаже Стојановски не е тука ќе објавам пауза од 15 минути за да се одморите малку.

(Пауза од 5,20 часот).

(по пауза)

Седницата продолжи со работа во 5,35 часот)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжуваме со работа.

Г-динот Замир Дика не е тука.

Г-динот Ѓорѓи Трендафилов не е тука.

Г-динот Џевдет Насуфи не е тука.

Г-динот Никола Груевски не е тука.

Г-динот Сашко Кедев не е тука и госпоѓата Ганка Самоиловска - Цветанова не е тука.

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот. . .

(Госпоѓата пратеник Бонева се јавува за збор).

Не, не јас веќе завршив го заклучив претресот.

(Госпоѓата Бонева и понатаму бара збор).

Не, не, не. Јас реков кој бара збор , никој не се јави и сега кага го заклучив претресот вие се јавувате.

Го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Молам, сите пратеници да влезат во салата.

(Пратениците влегуваат во салата)

Повелете Ѓорчев, процедурално?

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Ова не е можно г-дине претседател.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Зошто не е можно?

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Не е можно затоа што ѕвончето сеуште не беше завршено со ѕвонење вие си дозволивте пред да заврши ѕвончето со ѕвонење да ги повикате пратениците, покрај тоа што заклучивте. . .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Добро, во ред вратете го назад списокот на пријавените пратеници,

Еве сега ѕвончето сопрело.

Ајде пријавете се за дискусија.

Госпоѓа Силвана  Бонева, повелете, вие сте пријавени.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Господинот Ѓорчев беше прд мене.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Сега се откажавте.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Не, не се откажувам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Па, пријавете се.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Јас сум пријавена.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Па, ве нема овде.

Господине Блаже Стојановски, повелете.

После нека се спреми г-динот Марјан Ѓорчев.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Освежени со 15-минутна пауза се вративме во Собранието и сакам да искажеме ставови кои што досега не успеавме да ги искажеме, затоа што навистина во ваква маратонска седница е многу тешко да се искажат сите ставови и да биде тоа на претцизен и јасен начин кој ќе биде разбирлив за граѓаните на РМ, за сите оние кои што ги претставуваме.

Јас навистина не можам да разберам колку долго треба да зборуваме. .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, зборувајте за законот. Ќе зборуваме толку додека јас не одлучам кога ќе завршиме. Тоа право го имам, а вие за законот да зборувате Ве молам.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Да, да. зборувам за законот. Јас незнам колку долго ќе треба да зборуваме за да можеме да ги искажеме сите наши гледања и сите наши аргументи кои што еве повеќепати ги спомнавме досега.

Јас би се задржал на какви импликации ќе има формирањето на овој универзитет и која е причината за итноста од донесувањето на ваков закон за основање на тетовски или легализација на малоречанскиот универзиет. Се надевам дека тие импликации предвреме се согледани, меѓутоа, факт е дека предвреме се согледани само од опозицијата, затоа што неслушнав ниеден аргумент кој што е во прилог на основањето на ваков универзитет, напротив, се изнаслушавме аргументи од типот на ова мора да се направи. Основната дилема која што треба да ја има секој од нас пратениците тука е зошто мора ова да се направи. Дали тоа е заради некаков услов кој што коалиционите партнери на Социјалдемократскиот сојуз во Владата партијата ДУИ му го има поставено на СДСМ со цел да се одржи Владата, или пак се работи за некои други условувања за кои што ние не може да претпоставиме, меѓутоа, факт е дека со ваквиот начин на донесување на овој закон тие условувања постојат.

Економските аспекти кои што беа повеќе пати искажани во однос на формирањето на овој универзитет треба да се согледуваат во однос не само на она што беше прочитано во предлогот и во образложението на тн., проект зза основа на овој универзитет, туку треба да се согледаат и од еден друг аспект.

Имено, ако слушнавме аргументи, односно искажувања кои што значај отворање на нови факултети на страна од овие кои што сега диво егзистираат, кои што беа формирани пред 8 години насилен пат и цело време егистираа на начин, кој што апсолутно немаше врска со почитувањето на законите и другите прописи во РМ, јас неможам да разберам за какво почитување на законот на целата територија на РМ зборуваме, ако тоа важи само во однос на оние работи кои што се однесуваат на интересите на граѓаните припадници на македонскиот народ и на другите етнички заедници, а кога треба да се применува правото, законот, во Тетово кога се узурпираат објекти, од страна на тн., команданти.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, за тишина малку. Повелете господине.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Благодрам претседателе,

Значи, кога се работи за почитувањето на законот на целата територија на РМ, сигурно треба да се има во предвид дека почитувањето на законот треба да биде присутна и во Тетово.

Ова го зборувам од причини што, она што незаконски диво спротивно на Уставот и на законите на РМ, егзистирало сега овде ни се нуди како еден проект кој што е многу значаен за иднината на РМ, за остварување на правата на албанците кои што навистина стандардите веќе ги имаме утврдено и со Рамковниот договор и се имплементирани со уставните амандмани, и тие стандарди се на повисоко ниво од стандардите кои што ги имаат наицоналните малцинства во многу Европски земји. Меѓутоа, ако ние ги имплементирано правата кои што можат да ги уживаат припадниците на етничките заендици, кои што се определени со квантитет односно над 20% од населението во РМ, што значи дека и по тој основ не можеме да зборуваме за квалитно почитување на правата и слободите на поединецот, на човекот, на граѓанинот на РМ, туку може да зборуваме само за почитување на правата на оние кои што го имаат тој број како граѓани на РМ од албанска етничка припадност. Тоа веднаш имплицира на потребата од изедначување на правата кои што се однесуваат на албанската етничка заедница и за другите етнички заендици во РМ, и секако и при формирањето на овој универзитет треба да се имаат во предвид тие аспекти.

Имено, не може да се зборува за формирање на државен универзитет кој што ќе биде финансиран од Буџетот на РМ, во услови кога за да може да се школуваат, да студираат на тој универзитет припадници на други етнички заедници, односно припадници на македонскиот народ, тогаш се зборува за некое идно време, за некое недефинирано идно време и за тоа дека ќе се создадат услови за такво нешто некогаш.

Ние, нема од што да тргнеме во овој момент како реален показател за да можеме децидно да ја утврдиме потребата од основање на ваков универзитет, кој што отвора многу дилеми. Една од тие дилеми е и прашањето дали со основањето на државен универзиет во Тетово ќе се оствари можност или веќе е дефиниран и направен некаков договор за основање на факултети и надвор од Тетово кои што ќе бидат дел од овој

универзитет и од тие причини називот на овој закон не гласи Закон за легализација за Тетовскиот универзиет туку закон за основање на државен тетовски универзитет. И, дали со тоа што со овој закон во ниедна смисла не се опфаќа постоечкиот универзитете на Југоисточна Европа, дали тоа значи дека со престанувањето на донациите кои што се основа за функционирањето на овој Штулов универзитет ќе престане и неговото функционирање, иако во него се вложени досега барем 60 милиони евра, или, тоа по истекот на времетраењето на овие . . .

(некои пратеници ја напуштаат салата, а на тоа реагираат пратениците од ДПА и ПДП)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се исвинувам дискусијата може да се води. Ве молам се е по Деловникот. Повелете.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе.

Јас сакам да продолжам во овој правец. Дали третирањето на Штуловиот универзитет како приватен универзитет и неговото игнорирање, при предлагањето на ваков закон ќе значи и целосно дистанцирање на државата од овој универзитет и дали тоа ќе значи дека државата нема никакви намери во иднина да го инкорпорира овој универзитет во рамките на сега веќе универзитетот кој што се предлага за основање на тетовски универзитет на државни јасли. Со ова, а со тоа не е дефинирано јасно се искажува дека на овој начин, со овој предлог на закон не може да се зборува за конечно, целосно затворање на прашањето на правата на високо образование на албанците во РМ, туку на против можеме да зборуваме само за продлабочување на проблемите кмои што постоеја и досега, меѓутоа, кои што со оснивањето на Штуловиот универзитет се тргна еден чекор напред во решавањето на овие прашања.

Штуловиот универзитет требаше да претставува појдовна основа за Владата при предлагањето на закон од каде што ќе требаше да тргне во решавањето на правата на прашањата на високо образование на албанците во РМ, со целосно дефинирање на проекции што тоа ќе значи. Зборувам за структурата, дисциплините кои би биле

застапени на овој универзитет кој што се предлага да се основа, зборувам за локацијата на факултетите кои што треба да функционираат во рамките на овој универзитет, зборувам за негоивот иден однос со Штуловиот универзитет, зборувам за градовите во кои што се има намера, ако воопшто има некаква проекција, а јас сум сигурен дека има, каде што се има намера да се основаат факултети со цел дислокација односно да не биде универзитетот со центар само во Тетово, со сите факултети, туку центарот да се наоѓа во Тетово а да има можност за основање на други факултети во другите градови на Република Македонија каде што живее албанската етничка заедница.

Значи, сите овие нерасчистени прашања при предлагањето на овој закон создаваат големи дилеми и кај нас, и кај јавноста и оставаат голем простор кој што се претвора во негативна енергија односно во целосен негативен однос кон оснивањето на овој универзитет односно предлагањето на еден ваков закон.

Значи овие два или три аспекти кои што се однесуваат на правото на можноста на други етнички заендици и на можноста македонците да учат на овој универзитет, на прашањето каде тој ќе биде лоциран и дали само седиштето ќе му биде во Тетово, или во Тетово ќе се наоѓаат и останатите факултети, начинот на кој што се решава прашањето на просторните можности по пат на насилие, со насилно влегување во објекти чија што сопственост е или на државата или на приватни субјекти навистина не може да се зборува за еден сериозен пристап кон решавањето на прашашањето на албанците за високо образование.

Тука, многу пати се манипулира со албанските, со граѓаните од албанска етничка припадност во однос на тоа дека им се сугерира дека на овој универзитет тие и ќе можат да учат на својот мајчин јазик. Тоа воопшто не е спорно. Тие веќе учат на својот мајчин јазик на Штуловиот универзитет. Меѓутоа, основното прашање е како тие ќе се образуваат, во какви услови ќе учат, на кој начин ќе можат целосно од секаков аспект да го остварат своето право на високообразование, со цел, кои што ќе излегуваат од овој универзитет да можат повратно во економијата на РМ да се вклучат со сите свои стручни квалитети кои што треба да ги стекнат на овој универзитет и кои што ќе бидат основа за решавањето на многу проблеми на економијата пред се, со кои што се соочува РМ.

Самата структура на факултетите доволно кажува дека се оди многу избрзано за да се оснива овој универзитет. Многу работи не се искажани од политички побуди затоа што веројатно се сака прашањето на високото образование на албанците постојано да биде предмет на политички манипулации или политичка тема која што ќе биде третирана од енди до други избори и преку која ќе може да се добиваат гласовите на албанците или пак да се губат гласовите на албанците. Значи, на овој начин кога се поставуваат работите не може да се зборува за тргнување од почитување на квалитет на образованието, не може да се зборува за образовни стандарди затоа што ова е нешто што е многу набрзина направено, а како што кажав во претходните дискусии се работи за една политичка потреба на моментот која што ја имаат сега владеачките партии, СДСМ и ДУИ, а која што е директно поврзана со претседателските избори наредната година и со локалните избори кои што треба да се случат наредната година.

Ние како граѓани на РМ, не можеме да си дозволиме да ги плаќаме цеховите или политичките пирови кои што ги прави актуелната Влада заради остварување на цели, на поединци на политички елити кои што не само што не го решаваат прашањето на правата на албанците, туку напротив го комплицираат тоа право и создаваат можности за дополнително нарушување на реалното остварување на правата на албанците на високо образование.

Ова се потврдува и со фактот што ние наместо да добиеме тука како парламент закон за решавање на прашањето за правото на високо образование на албанците во РМ кое што ќе биде поддржано од сите политички субјекти на албанците и од политичките партии ДПА и од сегашниот учесник во власта ДУИ, и од потписникот на Рамковниот договор ПДП навистина ние со тоа што добиваме предлог кој што е поддржан само од една политичка партија, а на тој предлог остро му се спротивставува другата политичка партија на албанците, која за жал на онаа од власта има повисок рејтинг од неа навистина значи дека на овој начин само се оди во однос на зголемување на причините за да немаме доверба во целите што треба да се постигнат со овој закон.

Исто така, прашањето на високото образование на албанците неможе да се третира изолирано од Рамковниот договор што значи дека Рамковниот договор апсолутно никаде нема предвидено на овој начин да се реши прашањето на високо

образование на албанците. Напротив тој предвидува дека како основа за решавањето на правото на високо образование на албанците може да биде и мора да биде само универзитетот на Југоисточна Европа каде што се применети сите стандарди и каде што во една долгорочна процедура со анализа, со реално изготвен проект кој што ги содржи сите параметри за основање на Универзитет тој се основа и како потврда на тоа сигурно може да служи учеството на меѓународната заедница во финансирањето на овој универзитет каде што 50% од средствата беа донирани директно од Влдата на САД, 30% од тие средства кои што вкупно изнесуваа 50 милиони евра беа донирани од страна на Европската комисија и остатокот беа донирани од страна на другите членки на ЕУ. Ова е најеклатантната потврда на тоа дека не може да се пренабегне Штуловиот унвиерзитет при целосното затворање на прашањето на високо образование на албанците во РМ.

Јас тука го поставувам и ова прашање. Ние односно вие како позиција и да го изгласате овој предлог закон со кој што се основа државен универзитет во Тетово што постигнуваме со тоа.

Ако не го решавате во целина прашањето на албанците, што решавате? Зошто да не се направи една целосна анализа, од која ќе произлезе еден целосен проект кој ќе ги опфаќа сите аспекти на потребите за студирање за Република Македонија и за албанците кои навистина имаат потреба да студираат, меѓутоа, имаат потреба да студираат во области каде што навистина нивните кадри се дефицитарни и каде ќе можат да придонесат и за развојот на албанската етничка заедница во Република Македонија во однос на обезбедувањето поголема застапеност на нивни стручни кадри во овие институции и во однос на потребите на Република Македонија како држава и на потребите на локалната самоуправа, која еве до крајот на оваа година веќе ќе биде понудена тука на ова Собрание на разгледување.

Значи, сериозноста на ова прашање не произлегува од политичките потреби на некого, туку произлегува од реалната потреба на Република Македонија целосно да го затвори прашањето на високото образование на албанците.

Јас би ве прашал, што ако и после донесувањето на овој закон, албанците, а тоа ќе биде така, бидете сигурни во тоа, пак ќе кажат дека прашањето на високото

образование на албанците не е затворено. Има уште многу прашања кои ќе треба да бидат решени. Ќе дојде на дневен ред прашањето на Штуловиот универзитет, ќе дојде на дневен ред прашањето за основање на нови факултети, ќе дојде прашањето на дневен ред за сите оние процедури за регистрација на факултетите на овој универзитет сега што се предлага да се основа и на тој начин ќе имаме постојано јавување на тензии кои директно ќе се одразуваат на меѓунационалните односи во Република Македонија.

Јас мислам дека целта треба да ни биде релаксација на меѓуетничките односи во Република Македонија, особено и со оглед на чувствителноста на ситуацијата која е резултат на кризата од 2001 година.

Значи, сите овие работи за кои зборувам, а кои воопшто не беа допрени од страна на оној кој треба да ни ги образложи овие работи кој што треба навистина да не убеди дека ова претставува само некакво времено решение, после кое ќе има свој факултет ДУИ, односно универзитет кој еве сега се основа, а веќе за оној претходниот кој што е универзитет и на меѓународната заедница, затоа што таа донираше средства и на Република Македонија, затоа што таа преку Законот за високо образование успеа да создаде услови за формирање на Штуловиот универзитет, значи сите, и едниот и другиот, за овој вториот велат дека бил од ДПА, што не е точно, а за овој сега што се основа цело време овде слушаме прокламации дека бил од ДУИ. На овој начин, со ваква политизација на овие прашања кои засегаат во најсуптилните односи кои се однесуваат на образованието на албанците во Република Македонија, кои се однесуваат на една сфера од која навистина во многу зависи и самата иднина образовна во ефективна општествена, образовна, културна и секаква друга смисла која треба да вади профили од сите овие области, навистина не треба да се доведува до таква ситуација да се третира на ваков начин.

Ова прашање за кое зборувам, навистина не можам а да не бидам разочаран затоа што не е третирано на соодветен начин, не е третирано со сериозност која ја заслужува и навистина сметам дека треба  да се седне сериозно да се разгледа потребата и начинот на решавање на правото на високо образование на албанците и сите заедно, и Владата на Република Македонија и позицијата и опозицијата, зборувам за албанските политички партии, меѓутоа тука се и македонските политички партии кои се

потписници на Охридскиот рамковен договор и кои ги направија измените во Уставот на Република Македонија, со цел да се остварат некаква стандарди во однос на правата на етничките заедници во Република Македонија, сите тие треба да бидат заедно со целосно отворени партии, да ги поставаат работите и да го решат еднаш за секогаш прашањето на високото образование на албанците, а сето тоа не значи дека нема простор за да се догради, опрема да се набави, да се направат нови објекти, да се решат просторни потреби на тој универзитет кој би постоел, меѓутоа, кој би ги опфатил сите овие аспекти и кој што би се формирал после извршената комплетна анализа и со сето должно внимание кое треба да се посвети на едно вакво прашање.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор господинот Зоран Томиќ, реплика.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Почитуван колега Стојановски, почитувани колеги,

Ако првите две, три или четири, а можеби и пет обраќања ви беа толку чисти, јасни и кристални, со ова ваше обраќање јас незнам за што сте, за законот или против него. Тоа е едната работа.

А втора работа, не се секирајте за претседателските избори, она што ВМРО-ДПМНЕ со својот коалиционен партнер го направи пред четири години и постигна самиот да се срами од својата капитална инвестиција, Претседател на Република Македонија, СДСМ нема да го направи тоа .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Стојановски, една минута.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Јас ве уверувам дека СДСМ нема да биде во можност да се срами, затоа што ќе нема свој претседател, со оглед на сета работа на Владата и на сето она што го виде народот на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор господинот Марјан Ѓорчев, но пред тоа процедурално, повелете господине Замир Дика.

ЗАМИР ДИКА:

Господине претседател, не можам да останам мирен за нешто што го имаме и гледаме на сеансата, полека, полека се претвора во еден срамен театар. Пред неколку минути генералниот секретар на СДСМ - незнам за што се договоривте, но половина или повеќе од парламентарното мнозинство кое што треба да го поддржи и да го гласа овој закон ги земаат ташните и заминаа да одморат.

Доколку сте свесни за ова и правите режија во времето тие да се одморат, а опозицијата да се замори, а во меѓувреме дозволувате во овој момент Парламентот да дејствува без парламентарно мнозинство, доколку сега се гласа ќе се гласа против овој закон, а станува збор за судбина на луѓе. Доколку вие сте свесни, вие сте информирани и продолжувате да водите инает за прашања кои се толку круцијални, мислам дека ќе сносите голема одговорност. Ние ги гледаме работите и навистина не треба да останеме слепи на сето ова.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Замир Дика, ако некој води инает во ова Собрание, незнам кој е. Јас работам по Деловникот. Право е на пратеникот да се јави за збор. Јас работам по Деловникот и кога јас ќе ја прекинам седницата, тогаш е завршена седницата. Во Деловникот пишува дека Парламентот работи континуирано додека претседателот не ја заврши седницата. Ние гласавме.

Повелете господине Марјан Ѓорчев, а нека се подготви госпоѓа Ганка Самоиловска-Цветанова.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Почитуван господине претседателе, почитувани дами и господа пратеници, почитуван господин министре,

Ние навистина имаме проблем овие четири дена. Мислам дека тој проблем веќе преминува во една состојба каде што, иако господинот претседател вели дека Деловникот му дава право, и навистина му дава право, точката 8 од дневниот ред или незнам која беше по ред за отворање на државен универзитет во Тетово, да ја премести како точка 2, во цели кои и не треба да ги објаснува, сигурно дека позицијата се договорила, партиите од позицијата се договориле зошто треба да се помести. Ако исто така претседателот донел одлука да се работи согласно Деловникот непрекинато во континуитет, сепак има една етична димензија, има една човечка димензија. Тука не се работи ниту за инает, ниту за докажување. Зошто ние во една нормална работна процедура од 1, 2, 3, 4 работни дена не му овозможиме на мнозинството, изнесувајќи ги своите аргументи во нормално работно време да си го изгласа законот, а при тоа да и овозможиме на опозицијата да ги искаже своите аргументи, кои можеби ќе му помогнат на предлагачот, на министерот нешто да инкорпорира, дали во вид на амандман на самата седница да го прифати или во вид на нов предлог, оти тука за што се работи? Тука секој од нас докажува сопствена вистина. Која е вистината на господинот Рамадани? Убаво кажа тука е вистината, меѓутоа, вистината не се докажува, таа сама излегува на виделина тогаш кога е тоа потребно, можеби нема да го доживееме тоа ние во дадениот момент. Се работи за следново.

Моралната димензија не обврзува ние да ги изнесеме аргументите. Тие аргументи го кажуваат следното. Јас лично како претставник на ВМРО-ДПМНЕ сметам дека упоришната точка заради која позицијата стои на ова е Рамковниот договор. Кога е во прашање високото образование, не говорам само за албанците, високото образование кое се потврди со Рамковниот договор дека тој закон за високо образование е добар и членовите кои го опфаќаа во Рамковниот договор високото образование на албанците.

Како сега од ова да излеземе? Рамковниот договор е таа форма која сеуште ја сочува Република Македонија ваква каква што ја имаме денес, каде што сме сите ние заедно. Можеше и да не бидеме заедно, во услови какви што беа, некои беа на една страна, некои беа на друга страна од нас како граѓани на Република Македонија, меѓутоа, овозможи да бидеме заедно.

Кое решение ние  како опозиција, јас како претставник на опозицијата не сакав да го изнесам, мислев дека не е место, сигурно дека експертите работеле, но сега ќе го кажам. Ќе го кажам затоа што мислам дека е потребно да го кажеме, оти тоа е аргумент, морален аргумент. Решението е дека ако Владата на Република Македонија - барем јас лично ќе го подржам тој предлог - ако Владата излезе со конкретен предлог, како што кажав за она што го направивме со Штуловиот универзитет. Сегашната Влада, министерот, Владата во целина излезе, се експроприра толку и толку земјиште, се откупуваат толку и толку хектари земјоделско земјиште, се пренаменува во градежно. За тоа државата издвојува толку пари. При тоа, реновирање на објектите на тие четворица господа кои ги издале своите куќи чини толку пари, за професорите кои треба да се имплементираат односно да водат настава во тој заедничкиот инкорпориран корпус би рекол на факултети во доменот на постојниот, веќе легитимен универзитет, тогаш кога државата ќе ги даде тие пари, ќе биде и државен. Фактички, тоа што е? Духот на Рамковниот договор беше тоа дека Макс Вандер  Штуловиот универзитет постепено, со се поголемо учесто на државата со донации ќе прерасне во државен универзитет. Тоа е формулата на успехот. Зошто ние сега се измачуваме кога во крајна, некоја тополошка пресечна точка постепено со се поголемо учество на државата со донации ќе прерасне во државен универзитет. Тоа е формулата на успехот. Зошто ние сега се измачуваме кога во крајна, некоја тополошка пресечна точка, пак ќе се најдеме таму. Ние пак ќе треба таа равенка со три непознати - малоречански универзитет, државен и Макс Вандер Штулов универзитет да ги споиме во едно, а веќе имаме легитимен облик. Тоа беше нашиот предлог.Тоа го направивме на начин кој што ќе значи респектирање на духот на Рамковниот договор, респектирање на уставните измени и тука не е битно што позицијата во даден момент ќе го повлече предлогот за еден месец, па ќе го врати можеби со мерки кои нема да бидат три милиони евра, можеби ќе бидат и 15 милиони евра, но тоа ќе значи

потврда, пак ќе кажам на кревкото примирје што настана во интеретничката рамнотежа во Република Македонија и може да се одржи. Јас барем верувам дека може да ја одржиме. А вака ако продолжиме, вие ќе не скршите нас, ние сме помалку како опозиција, ќе го изгласате. Дали во девет наутро или во десет, ќе престане моторната сила, ќе биде тоа, ќе го излагасате. Што ќе постигнете со тоа? Ќе постигнете со тоа да се решат проблемите? Нема да се решат.

Ова што ние го нудиме сега, му нудиме на министерот - јас го почитувам министерот, се знаеме многу години, му нудиме на министерот елегантно излегување од ситуација каде што може да понуди предлог - јас не ги знам целите зошто брзате толку многу како позиција да го донесете тој закн. Незнам зошто тоа ви е толку потребно. Вие можете да го донесете и во вторник, во среда, четврток, без овие сите состојби на морална исцрпеност на пратениците во Македонскиот парламент. Крајната тополошка точка е јасна, ние ќе мора да се најдеме таму каде што целиот корпус на факултети кои ќе го обединуваат тој дел во Тетово ќе биде во легитимниот универзитет, и не заради друго, но ако сака позицијата повторно да си го добие рејтингот кој по истражувањето на ИРИ им паѓа, ќе мора да ја респекртира, пак ќе кажам меѓународната заедница, бидејќи таа е факторот која го регулира тој би рекол интерпартиски однос во Република Македонија.

Токму затоа ви велам, ние не се инаетиме тука. Ние нудиме решение за нешто кога бевме во позиција, пострадавме, имавме непреродни услови 1999 и 2001 година и заради тоа бевме принудени да влечеме изнудени потези. Сите заедно дојдовме до тука. Сега како да излеземе од тука назад? Повторно да излеземе со добро, со добрина, со скриена добрина да го чекориме просторот, не со кавги, не со расправии, а можеме тоа да го направиме. Зошто некој да се прави попаматен, друг да се прави поинаетлив или незнам зошто, кога проблемот е тука и ние мораме околу тоа да се согласиме, сакале или не сакале. И пак ќе кажам, не ја докажуваме вистината тука, на парламентарната говорница, ја докажуваме суетата. Кога се оди во два метри кубни земја се кажува се е суета во животот. Нема што сега тука повеќе за тоа да дебатираме. Едноставно, секој од нас што ќе каже понатаму ќе биде на таа теза, таа е тезата. Сите ние што бевме во тоа време и ја практикувавме извршната власт дишеме со духот на Рамковниот договор и ние нема како од тоа да излеземе. Тоа е тој дух кој што нас не

одржува и не тера да кажеме дека го бараме решението во тој корпус на заеднички решенија, во тој универзитет што треба да ги обедини сите три прашања и да го решиме тоа прашање. И тоа е елегантно решение, тоа никому не штети, може само да помогне. А ако имаме пауза од еден - два дена, што ќе попречи да се направи уште една дебата, бидејќи султанот имал јок советник, па го слушал, а камоли еден демократски парламент кој што треба опозицијата, а посебно ако 25, 26 пратеника дискутираат и образложуваат една теза која мора да се респектира, па имавте теза од професор на Универзитетот на Југоисточна Европа, господинот Замир Дика, човек кој што работел во образовн а институција, кој што е албанец. Имате луѓе кои исто така се професори на Универзитетот "Св.Кирил и Методиј" во Скопје. Тоа се тези, тука ние немаме намера нешто да повредиме или нешто да уназадиме како процес. Да го надградиме тој вредносен систем кој што е постигнат. Со ова што вие го нудите, почитувани колеги пратеници, почитуван господине министер, ние не го надоградуваме образовниот систем во Република Македонија. Ова ќе предизвика, верувајтеми, по мое длабоко уверување, повторно нарушување на таа кревка воспоставена интер етничка рамнотежа во Република Македонија. И пак ќе се најдеме на почетокот, пак ќе мораме да бараме некои палијативни решенија и верувајтеми, пак ќе мораме да го бараме решението таму каде што го најдовме со помош на меѓународната заедница.

Мојот апел е ние ова измачување да го прекинеме. Ние можеме да продолжиме во понеделник повторно во нормално работно време, кога ќе се исцрпи дискусијата ако веќе се изгласа законот, ќе се изгласа, тоа е демократска процедура, ние мора да ја почитуваме демократијата. Вие ќе го изгласате како мнозинство, ние ќе гласаме против или како ќе гласаат пратениците од опозицијата од другите политички партии незнам,  но битно е тука да востановиме кодекс, морален кодекс дека ние немаме сега намера тука некого во нешто да убедуваме, зашто сме ние доволно убедени. Ние нашата вистина ја касжавме. Не велиме дека таа е конечната вистина. Може после пет години ќе не демантира и ќе се покаже дека сме грешеле многу. Ќе не демантира времето како што за други работи се покажало дека сме згрешиле. Или пак вас ќе ве демантира времето и ќе покаже дека вие сте погрешиле. Тоа е реалтивностса воопшто на живеењето и ако така ги бараме одговорите, тогаш ќе дојдеме до некаде, пак ќе кажам во

крајна инстанца не се работи само за албанците или за македонците, мене тоа ме повредува. Ние го решаваме проблемот на граѓаните на Република Македонија. Го решаваме проблемот на одреден дел на територија на Република Македонија која успеавме да ја сочуваме унитарна и како таква треба да зачекори во европските интегративни процеси. Ако вака дебатираме, нема да зачекори унитарна, нема да зачекори интегративна и со целиот суверенитет, ќе зачекори регионално, а тогаш веќе сите граѓани на Република Македонија, независно од кое етничко потекло ќе бидат повредени, ќе бидат сигурен сум како што се случувало во многу други поцеси во историјата, ќе бидеме во други простори, во други вредносни системи кои можеби ќе бидат поназадни од овој систем кој заедно сега го изградивме, како граѓани на Република Македонија и со почит еден спрема друг, оти сеуште се почитуваме, сеуште имаме верба дека можеме заедно да излеземе од ова каде што сме застанале денес.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Реплика за господинот Зоран Томиќ, три минути.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Господине Марјан Ѓорчев, со огромен дел од она што го кажавте во целина се согласувам. Меѓутоа, јас бев еден од ретките што со внимание слушав многу и би сакале до крај некои работи да ги разјасниме. Слушаме навистина многу убави пофални зборови за Штуловиот универзитет или универзитет на Југоисточна Европа, мислам дека е в ред таа работа, меѓутоа, за волја на вистината мора да кажеме само еден податок кој мора сите нас да не загрижи. Имено, за што станува збор? И претходната Влада, брзајќи да го реши проблемот на високото образование на албанците на еден современ начин, како што велите и со помош на меѓународната заедница, превиде односно заборави еден многу битен детал, а тоа е одземањето на земјиштето од Средното земјоделско училиште во Тетово. Веројатно и господинот Груевски е запознат, до ден денес не се исплатени средства во висина од околу 8 милиони денари. Правејќи една убава работа, ркоја не велам дека не е убава, оштетуваме еднас друга, исто така, образовна институција и

верувајте дека тој проблем е отворен. Мислам дека постои начин, средства и методи и таа работа да се затвори. Само како корекција во делот на излагањето, благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Сега е на ред госпоѓа Ганка Самоиловска-Цветанова, повелете.

Процедурално, повелете господине Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседателе, ќе се обидам согласно член 76 од Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија за следното.

Предлагам, согласно овој член, како пратеничка група, Парламентот со гласање да одлучи законот да го упати до надлежната матична комисија или до Владата на Република Македонија, за да можат да го разгледаат и на Собранието да му поднесат извештај, мислење и предлози по основ на овој закон, бидејќи ние како опозиција дадовме доволен број аргументи, ние така сметаме, со кои Владата на Република Македонија и ресорното Министерството ќе може да предложат еден нов предлог, кој што сметам дека ќе биде предложен од сите пратенички групи и од сите партии.

Затоа, согласно овој член барам со гласање да одлучиме, а тоа деловничко право го имаме согласно член 76, дали ќе го упатиме или не на Владата ил и на матичната комисија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете, госпоѓо Цветана Иванова.

ЦВЕТАНКА ИВАНОВА:

Јас мислам дека предлогот на пратеникот Коце Трајановски не може да биде прифатен, бидејќи согласно член 76 од Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија и матичното тело и Законодавно правната комисија го имамат

разгледувано овој закон и имаат сопствен извештај, имаат дадено сопствен извештај и мислење од Владата е самиот предлог за донесување на овој закон.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Процедурално, повелете господине Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Би ја замолил колешката уште еднаш да го прочита, тука се всушност и стручните тела, во кои ако го цитирам членот 76 се вели: “Во текот и до завршување на претресот Собранието може да одлучи”, нормално, со гласање, “прашањето што се претресува да го одложи и да го упати на надлежното работно тело, односно Владата дополнително”, значи, еднаш веќе било разгледувано, “да го разгледаат и на Собранието да му поднесат извештај за мислење и предлози”. Значи, не се работи за онаа процедура која веќе ја поминал овој закон, значи бил во Владата, Владата има мислење, бил на Одборот за акредитација, бил на матичната комисија и на сите собраниски комисии кои требало да го разгледуваат. Се работи за тек на претресот, бидејќи има дополнителни сознанија, а сметаме дека ние ги дадовме тие, за да може надлежното Министерство од Владата или матичната комисија, така вели овде членот 76 и затоа барам, согласно него, да се изјасниме како Собрание дали ќе го упатиме на Владата и на матичната комисија или не. Мислам дека, господине претседателе, ова право не можете да ни ускратите. Инаку, во спротивно, ќе го кршиме Деловникот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не, не ви го ускратувам тоа право право.

Процедурално, повелете господине Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Во прилог на ова што го зборуваше господинот Трајановски, а да ја потсетам ценетата колешка која велеше дека процедурата не е в ред, известителот на Комисијата која го третираше ова прашање, во своето вчерашно излагање кажа дека со осум гласови

за и два воздржани, на што имаше реакција од господинот Оровчанец, кој јасно кажа дека тој на гласањето се произнел против, а тоа во известувањето од известителот на матичната комисија беше кажано, за жал, многу погрешно. Тоа е во прилог само на она што го кажа господинот Коце Трајановски.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали вашиот предлог го подржуваат 10 пратеници?

Добро.

Службите нека утврдат колкав е бројот и сите пратеници што се надвор од салата нека влезата, за да пристапиме кон гласање. Нека влезат, ќе почекаме две - три минути.

Процедурално, има збор господинот Хисни Шаќири.

ХИСНИ ШАЌИРИ:

Почитувани пратеници, со самиот факт дека до сега од страна на опозицијата се играше оваа игра, не се почитуваше Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија, не се почитуваше Уставот и сега некои кои го прекршија Деловникот и Уставот на оваа држава на најдрастичен начин, да се повикува на Деловникот е доста смешно.

(Се слушаат зборовите “се е по Деловникот”)

Јас имам право да побарам пауза како претставник на пратеничката група и да се консултираме со пратеничката група за да видиме што понатаму.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има право на пауза, за да се договорат како ќе гласаат.

(Реакции)

Објавувам пауза од пола час,  после ќе пристапиме кон гласање.

(Пауза од 6,30  до 7,15 часот)

Да продолжиме со работа.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

(По пребројувањето од страна на службите)

Во салата се присутни 50 пратеници, што значи немаме доволен број пратеници да гласаме и според член 79 морам да ја прекинам оваа седница, а ќе ја продолжиме во понеделник во 10,оо часот.

(Седницата прекина во 7,20 минути)